ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

10-11

10-11 / 2023

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Главен и одговорен уредник

Ана Витанова-Рингачева

(Македонија)

Уредувачки одбор:

Сузана Мицева*(Македонија)*

Далибор Плечиќ*(Македонија)*

Никола Шимиќ-Тонин *(Хрватска)*

Марија Павловиќ *(Србија)*

Урсула Келер *(Австрија)*

Олга Лалиќ-Кровицка *(Полска)*

Васил Дрвошанов *(Македонија)*

Лектура

Васка Кирова

Дизајн на корица

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

СОДРЖИНА

СЛИКА ПРВА
ДУБРАВКА УГРЕШИЌ

ДУБРАВКА УГРЕШИЌ. ЕСЕЈОТ ШТО ПАТУВА ЦЕЛИ 23 ГОДИНИ…….....
ДУБРАВКА УГРЕШИЌ: *НЕ САКАМ „ЧИТАЊА“ ОД НЕКАКОВ АГОЛ: ФЕМИНИСТИЧКИ, НАЦИОНАЛЕН, КАКОВ БИЛО. ТАКВИТЕ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ГО СКРАТУВААТ И РЕДУЦИРААТ КНИЖЕВНИОТ ТЕКСТ*.....
СИНИША УГРЕШИЌ: *НЕ ПОЗНАВАВ НИКОЈ ШТО ЖИВОТОТ ГО ЗАВРШИЛ СО ЕВТАНАЗИЈА. СЕГА ЗНАМ: МОЈАТА СЕСТРА, ДУБРАВКА УГРЕШИЌ. БЕВМЕ ВО НЕЈЗИНАТА СОБА*.....

СЛИКА ВТОРА
ЈУ-ХУ-ХУ!

САКАМ ДА ВЕРУВАМ ДЕКА СЕКОГАШ СУМ ОБЈЕКТИВНА (Интервју со Дуња Илиќ).....
Дуња ИЛИЌ *(Србија)*. ПРВАТА КРИТИКА НА ДУЊА ИЛИЌ. (Лана Басташиќ, *Фати го зајакот*, Контраст, Белград 2018).....
УХ, САМО ДА МОЖЕВ ДА ОЧЕКУВАМ НЕШТО И ДА СЕ ПОДГОТВАМ ЗА ПРОМЕНИ! Интервју со Ивана Дражиќ.....
Лука ОСТОЈИЌ *(Загреб, Хрватска)*. ПРОФЕСИОНАЛНА ЧИТАТЕЛКА.....
Бојан БАБИЌ. *(Србија)*. Делови од романот во создавање со работен наслов: *ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДОСТОЈОТ*.....
Лука КОЗИНА. *(Сплит, Хрватска)*. ДОЛГОТО ВРАЌАЊЕ ДОМА.....
Раденко КЕЛА. *(Пискавица, Бања Лука*). НЕБЕСНИ МОСТОВИ *(осврт кон студијата „Бранков мост“ од Никола Шимиќ-Тонин)*.....
Бојан БАБИЌ *(Србија)*.....
Витомирка ТРЕБОВАЦ *(Србија)*.....
Милица МИЛЕНКОВИЌ*(Србија)*.....

СЛИКА ТРЕТА

ПОТРАГА ВО ДВА НОСА.....

„ЕВЕ ГО МОЈОТ ТРЕПЕТ, МОЈОТ ПРИНОС, ЕВЕ ГО МОЈОТ ЖИВОТ. ТОА СУМ ЈАС!“ Интервју со уметницата Славица Милева.....
„КНИЖЕВНОСТА МЕ СОЗДАДЕ МЕНЕ ИЛИ ЈАС НЕА? ПА, БИ РЕКЛА ДЕКА СЕГА ЗАЕДНО СЕ СОЗДАВАМЕ“. Виолета Танчева-Златева.....

ГУНА

Мики ДЕЛЕВ.....
Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ.....
Милена СИЉАНОСКА.....

Васил ДРВОШАНОВ.....
Емилија КАРАФИЛОСКА.....
Дејан КРСТЕСКИ.....
Ице БЕЛИЧЕВ.....
Ивана АТАНАСОВА.....
Славица МИЛЕВА.....
Горан ТРЕНЧОВСКИ. *КАЛАУЗ*.....
Далибор ПЛЕЧИЌ. *ШПИГЕЛ*.....
Игор ПОП ТРАЈКОВ. ТРАНСАТЛАНСКИ.....
Трајче КАЦАРОВ. *НЕМОЈ ДА КАЖЕШ, НАВИСТИНА НЕМОЈ ДА КАЖЕШ. КАЕЊЕ ЗА ЦИЈАБЕ*.....
Нина НАСЕСКА. *КОМШИСКО ОКО*.....
Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА. *УЗНАВАЊЕ*.....
Трајче КАЦАРОВ. *ПОШТАРОТ*.....

ПРУГА

Руди АЛФОНСО ГОМЕЗ РИВАС *(Гватемала)*.....
Кристофер ЛОРД *(Финска)*.....
Назим ХИКМЕТ *(Турција)*.....
Лали МИХАЕЛИ *(Израел)*.....

П(Р)ОГЛЕДИ

Венко АНДОНОВСКИ. ЗАПОМНЕТЕ ГО ОВА ПОЕТСКО ИМЕ.....
Ирена ПАВЛОВА ДЕ ОДОРИКО. КОН „УТРОТО ПО КРАЈОТ НА СВЕТОТ“.....
Владо ЕФТИМОВ. КОГА ПУСТЕЛИЈАТА ЈА ПОНИШТУВА ЛИЧНОСТА, преку анализа на ликот Никос Авра(а)м од романот „Единствен матичен број“ на Лидија Димковска
Елизабета БАКОВСКА.*ЗАСОЛНИШТЕ ОД БУРИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ (Осврт за „Раскази од минатиот век“ на Виолета Танчева-Златева)*.....
Васил ДРВОШАНОВ. ФОНЕТСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИЗМИ ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ *ВРАЌАЈЌИ СЕ ВО БОРИЕВО* ОД ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА…….

АРТитектура

Никола ПИЈАНМАНОВ. *НЕДОВРШЕНА СОВРШЕНОСТ*…….
Коста МИЛКОВ. *НОКТУРНО: НОТИТЕ НА СЛИКАРОТ*……

ГАЛЕРИЈА ОД ДЕЛАТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНИЦА СЛАВИЦА МИЛЕВА.....

СЛИКА ПРВА

ДУБРАВКА УГРЕШИЌ



Местата што ги напуштивме, не остануваат исти. Југославија во која сум родена, не остана иста, се промени и се менува со секој нов ден. Со самото тоа што не постои, ја дисквалификува реалноста на носталгијата. Можеби не треба да се оди на места кои нешто ни значеле, бидејќи конфронтацијата со новата реалност на некој начин го уништува сеќавањето. Некои земји, некои предели, некои луѓе, одат наназад. Доаѓате во минато кое не е ваше, но и иднина која не е ваша.[1]

Дубравка Угрешиќ

[1] Дубравка Угрешиќ. *Разговор за вредноста на правото на припадност*. Интервју на Ана Чушкова. https://www.diva.mk/post/dubravka-ugresic-pravo-na-nepripadnost

ЕСЕЈОТ ШТО ПАТУВА ЦЕЛИ 23 ГОДИНИ

Дубравка Угрешиќ за „Песочник“, 29.5.2015 година

Немојте да бидете опседнати со историска итност и не верувајте во метафората за возовите на историјата. Затоа, не скокајте по „возовите на историјата“ бидејќи тоа е само глупава метафора.

Данило Киш

1. За стилската постапка (1997г.)

Кога би ја читале страшната реалност на војната на бившите југословенски простори како литературен текст, би можеле да составиме цел репертоар наративни стратегии, цел лексикон стилски постапки, тропи и фигури. Во исто време, методот на анализа на реалноста на војната како литературен текст ќе биде точен (и неточен) како и секој друг: политички, економски, воено-стратешки или психоаналитички. Имено, сè започна со зборови и сè ќе заврши со зборови. А во меѓувреме реалноста, илјадници загинати, бегалци, ранети и раселени граѓани, уништени куќи, села и градови, еден ден ќе ја премине валјакот на зборовите и ќе ја бетонира вистинската трагедија со толкување: историско, политичко, воено-стратешко, културно, литературно.

Цитатот на Данило Киш е преземен од неговите совети до младите писатели. И покрај тоа што ги предупредува писателите да не ги земаат метафорите како реалност, Киш исто така изразува загриженост дека такво нешто е можно. Денешната културна практика покажува дека за само две-три години војна, литературата била уништена (како и сите други форми, да речеме на стариот јазик, „уметничко транспонирање на реалноста“) затоа што првата претпоставка едноставно била укината: границата меѓу зборовите и животот, помеѓу нереалното и реалното. Претворајќи ги зборовите во дело, југословенските народи преминаа во нова димензија, во „митско време“ во кое беа избришани границите меѓу постоечките и непостоечките светови.

Во рускиот фолклор постои форма на баење, чертихане, кое би можело да го преведеме како повикување на ѓаволот. Најкреативниот репертоар на уметничката употреба на фолклорното ѓаволување може да се најде во романот на Булгаков „Мајсторот и Маргарита“. Доволно е јунаците на Булгаков да го кажат зборот ѓавол и, упс, ѓаволот веќе е пред нив во природна големина и со целото негово весело друштво. Суеверните луѓе честопати се претпазливи кога користат одредени зборови: се плашат кажаното да не се обвистини. Писателите често имаат ист тип суеверие. Тие најдобро знаат дека самото занимавање со зборови е ѓаволска работа!

Зборот војна долго одекнуваше во медиумите. Со него многумина упорно удираа како со кремен дури не изби првата искра. Веќе не беше тешко да се подигне голем оган. Измачени од медиумската војна, меѓусебните обвинувања и омраза, граѓаните на

државата којашто веќе не постои, честопати во очај велеа: Нека пукне веќе еднаш, само сето ова да престане! И наскоро навистина пукна. И притоа ништо не престана.

Еден српски поет на некое читање пред неколку години еуфорично изјави: „Се случи, народ! А народот, кој почна да постои благодарение на „поетскиот збор“ на Слободан Милошевиќ, поетски порача: „Ако не знаеме да работиме, барем знаеме да се бориме“. Во одбранбен занес хрватскиот „татко на нацијата“, Туѓман, рече: „Секоја држава се раѓа во крв“. „Од дамнешни времиња досега во крв те натопувавме“ – тврди за истото српската „народна“...

Српската национал-социјалистичка програма (зборови, тогаш) што се појави во политичко-писарните работилници беше сумирана во „полесните“ литературни жанрови на „новокомпонираната“ народна литература. „Каде се коските на прадедото, границите се српски“, тоа е најкратката фолк верзија на великосрпската програма.

Лингвистот и етнолог Иван Чоловиќ ја дели оваа нова народна литература на љубовен говор (кој го утврдува српскиот етнички идентитет) и говор на омраза (кој го поддржува националниот етнички идентитет, благодарение на оние што му се „загрозуваат“). Љубовниот говор во новите народни песни ги покажува „истите одлики на етничката заедница кои станаа речиси задолжителни вообичаени места на денешниот јавен говор за етничката припадност и идентитетот: колективна меморија, вера, јазик, традиција, територија“. Со овој репертоар на стереотипи (идентични може да се најдат и на хрватската страна), „имиџот на српскиот етнички идентитет беше усогласен со потребите на новата националистичка и популистичка идеологија и воена пропаганда“. Говорот на омраза е, судејќи според примерите, покреативен. Така, Чоловиќ во новата фолк-книжевност наоѓа неколку меѓусебно поврзани „регистри на говор на омраза“ во новата народна литература. Тоа се обвинувања и осуди (на сите „предавници“, „чудовишта“ од Мурат, Турци, Хитлер, Геншер, Америка, титовисти, комунисти до „муповци“, „усташи“, странци и србомрзачи); закани (со кои на непријателите им се кажува што ги чека: „Оj, усташи, нека, нека/длабока јама ве чека,/ широка е еден метар/ а длабока-километар“); клетви (со кои се проколнуваат непријателите од Америка до Туѓман); пцуење („Вечерва е наша вечер,/ вечерва се Туѓман (Слоба) пече./ Нека се превртува, нека се пече,/ Кој го ебе, кога немал среќа“); и на крај потсмев (на сметка на Хрватите, Словенците, Албанците и други). Со вака подготвен текстуален пакет (истовремено не ги спомнавме текстовите на таканаречената уметничка литература), можеше, но не мораше да започне војната. Ѓаволскиот трик е што многу работи претходно кажани или напишани, почнаа да се случуваат во реалноста.

И ако се вратиме на почетната теза дека војната може да се чита како литературен текст, тогаш една од доминантните стилски постапки е метаморфозата. Роман Јакобсон ја дефинира суштината на метаморфозата како реализација на тропа, како „проекција на книжевна постапка во уметничка реалност, трансформација на поетската тропа во поетски факт, тематска конструкција“. Така, метафората, сличноста, симболот може да станат генератори на заплетот во текстот. За разлика од книжевниот текст, каде што почетната метафора (на пр. „оган во срцето“) е дополнително развиена во текстот како приказна според логиката на неговите составни делови (така што можеме да очекуваме

- пожарникари!), во текстот за војната почетната (изговорена или напишана) метафора, по истата логика, понатаму се развива во реланост!

Воената топографија на теророт се одвива врз силна симболичка основа. Така, многу згради ќе бидат уништени поради нивната симболична вредност; многу датуми на најжестоките воени удари ќе бидат поврзани со датуми кои имаат симболична вредност во т.н. колективна меморија. Така, според едно сведоштво, српските војници ги принудувале заробените хрватски војници да голтаат крстови (католички крстови, кои хрватските војници ги носат околу вратот поради истата симболична вредност!).

Во една телевизиска емисија прикажаа ранети хрватски војници. На болничкиот кревет лежеше млад човек во гипс. До него, на празниот дел од креветот беше распослано хрватското знаме. Војникот лежеше во кревет со својата симболична невеста, хрватското знаме. Тоа е сè што имам, изјави младиот човек пред камерата, нежно со раката го погали знамето и додаде: „Штом оздравам, пак ќе се борам“. Патем, во погребните ритуали, ковчезите на војниците се покриени со знамиња. И симболичните невести одат во гроб со своите младоженци.

Авторите на една новокомпонирана четничка песна Хрватска ја доживуваат како девојка (во песната девојката е наречена Туѓманка) која оставила млад човек (Србин), заради друг (Запад, Германија пред сè). Песната вели дека таму, на Запад, никој нема да се ожени со неа, туку таа ќе стане „западна курва“. Затоа, српските воени силувања може да се читаат како реализација на метафората вградена во четничката песна, како (вистинска) одмазда на (метафоричното) младо момче.

Јас сум страстен читател на огласи во весници. Во летото 1991 година, моето внимание го привлекоа мистериозните реклами кои рекламираа продажба на „квачки“ и „пилиња“. Се распрашав и дознав дека „квачка“ е назив за револвер, а „пилињата“ логично се назив за куршумите. По една година во сите светски весници беше објавена една од најстрашните воени фотографии. На фотографијата се гледаше преполовен череп на анонимен војник и кокошка која мирно колва во мозокот на војникот.

Слична зооморфна метафора е поврзана со друго, многу поразорно оружје: воздушните бомби, кои во воениот сленг се нарекуваат „маторици“. Кружи приказна дека свињи (маторици) јаделе човечки трупови во уништените славонски села.

Сè на сè, водачите, политичките манипулатори, генералите, убијците, криминалците, а потоа и самите народи кои ги избраа, играа на Божјата карта („Во почетокот беше Словото, а Словото беше во Бога - и Словото беше Бог. .. Сè стана преку Него и ништо, што стана, не стана без Него“), и доживеа законска, ѓаволска казна. Зборот стана ѓаволска реалност. А таа страшна реалност глобалната медиумска индустрија (ах, ѓаволска работа!), ја врати на почеток претворајќи ја во збор и слика, во нереалност, во маркетиншки производ, во „книжевност“!

Се зборува дека автентичните силувања за време на војната во Босна, снимени на видеокасети, сега се продаваат во европските и американските порно-продавници. Кругот така се затвора. Ако продолжиме да ја следиме ѓаволската логика, тогаш

народите од поранешна Југославија се најдоа во круг од кој, се чини, нема излез: преминаа во некоја друга реалност, во виртуелна реалност, во виртуелност...

Ваквата (можна) перспектива ја потврдува неодамнешниот напис на српски писател. Обвинувајќи ја Европа дека „овој наш свет го фрлила во очај на просјачки стап“ (авторот овде се осврнува на санкциите против Србија, т.е. скратената Југославија), српскиот писател утеха наоѓа во тоа што „во страдањето и само физичкото преживување, остануваат зборовите, раскажувањето од колено на колено, каде од прашина, крв и ропство се склопува возвишена епопеја што премостува сè, така што приказните остануваат слушнати со слухот што го носиме уште од нашите древни пагански богови“.

2.Чист хрватски воздух (август 1992)

Во времето кога хрватските граѓани еуфорично гласаа за независност на државата, на штандовите за сувенири во Загреб се појавија необични лименки. Конзервите беа слични на оние на кока-кола, со хрватскиот грб и напишана порака: Чист хрватски воздух. Таа порака се совпадна со (во тоа време) популарниот телевизиски рекламен слоган за бронхијални бонбони: Полесно се дише. Така, двете пораки семантички се поддржаа: Со чист хрватски воздух, полесно се дише!

Денес повеќе не може да се најдат тие „политичко-еколошки“ лименки, во овој момент во продажба е друг сувенир, бонбониера дизајнирана како хрватски пасош. Малата кич индустрија внимателно го следеше развојот на политичките настани и премина од „чист хрватски воздух“ (или прогласувањето независност) на „сладок хрватски пасош“ (или суверена, меѓународно призната држава).

А што се случи со чистиот воздух? Една наивна јазична порака напишана на празна лименка оживеа како џин ослободен од шише и на овој или на оној начин почна да се случува во реалноста. Една мала фраза - чист хрватски воздух - се заплетка во хрватскиот јазик како трн, се вкорени во весниците, на телевизија, во политиката, во мислењето, во секојдневниот говор и секојдневниот живот. Денес речиси и не постои весник или телевизиска емисија без зборот чист, што го подразбира неговиот спротивен пандан, зборот валкано. А во нововоспоставениот вредносен систем, заснован на опозицијата чисто/валкано, животот наеднаш се претставува многу едноставен.

Освен надворешните непријатели (Србите, значи, кои водат и за кои се води оваа валкана војна), во Хрватска овие месеци многу работи, чисти духот од конзерва, како вредниот Mr. Clean или Meister Proper.

Така, бројни (платени и доброволни) полицајци на крвните групи ревносно ги проверуваат примероците од крвта на хрватските граѓани. Хрватските граѓани и сами панично копаат по сопствената и туѓата биографија, барајќи несоодветни места. Јавното изјаснување на сопствената националност стана ново правило во хрватскиот бонтон и затоа изјавата на јавна личност („Сите знаат дека во моето семејство нема византиска крв триста години“), што на друго место би звучело чудно во најмала рака, тука припаѓа на нормалното однесување на редот. Ново правило во хрватскиот бонтон стана јавното декларирање на националната припадност и затоа изјавата на една јавна личност („На

сите им е познато дека во моето семејство веќе 300 години нема византиска крв“), која на друго место во најмала рака би звучела чудно, овде е дел од нормалното однесување. Новиот манир на однесување хрватските политичари го воведоа во јавен оптек. Прв започна лично хрватскиот претседател изјавувајќи дека е среќен што неговата сопруга не е ниту Србинка, ниту Еврејка, туку Хрватка. Веднаш потоа, по примерот на претседателот, еден кутар пратеник изјави дека е среќен што неговата сопруга е Хрватка, а не Србинка, Еврејка или не дај Боже црнкиња! Она што до пред само две години беше лош виц недостоен за повторување или минлив националистички вирус недостоен за внимание, се етаблира како непишано правило на општо прифатено однесување.

Во новиот вредносен систем чисто/валкано, византиската крв е најопасниот загадувач. Византиски е едноставно уште еден (пофин) збор за српски, православен, кој во истиот јазично-идеолошки систем значи: лукав, валкан, измамник, сосема поинаков од нас. Или како што неодамна изјави авторот на еден напис во весник: „Хрватското население не е исто со српското население, кое е агресивно и колективно фрустрирано од српско-византиската филозофија на животот - убиј, киднапирај, кради, па владеј“.

Магичната спреј-формула го чисти хрватскиот воздух и хрватскиот простор не само од „Византијците“ кои се разликуваат по крв, туку и од внатрешните непријатели кои се разликуваат од владејачкото мнозинство. На оваа листа на загадувачи се наоѓаат недоволно добри Хрвати, саботерите, предавниците, антитуѓманските командоси, комуњарите, југоносталгичарите, неистомислениците. Така, сите партиски кандидати во неодамнешната изборна кампања, вклучително и самиот претседател, ветија „големо чистење“ од горенаведените загадувачи.

Духот од конзервата, господинот Чист Хрватски Воздух, го чисти хрватскиот простор не само од живите, туку и од неживите непријатели, од „симболот на власта на ненародниот режим“, како што го објасни авторот на новинарскиот напис во кој, тој го оправдува рушењето на споменикот на жртвите на фашизмот.

Духот од конзервата ги инспирираше и самонаречените чистачи, „динамитери“, кои ја презедоа задачата со динамит да ги чистат хрватските градови од куќите во сопственост на Срби, но и на недоволно добри Хрвати. Во жарот на чистењето, чистачите понекогаш користат валкани методи. Еден од нив е мачкањето на куќата со гомна. Овој оригинален метод на чистење наводно го користеле жителите на едно мало островско место на Јадранот. Стануваше збор за куќата на еден непопуларен југословенски министер, Хрват. Локалната полиција не направи ништо за да покаже дека методите на чистење се неприфатливи. На крајот на краиштата, таа самата е длабоко проткаена со духот на новиот слоган за прочистување.

Духот од конзервата навлезе во институциите, особено во Министерството за култура, каде што функционерите предводени од новиот министер се покажаа како највредни чистачи. Ги исчистија училишните програми од сè што е несоодветно, а за да се зачува чистиот хрватски воздух, министерот јавно препорача наставниците по хрватски јазик во училиштата да бидат „чисти Хрвати“. Истовремено, хрватската јавност премолчено ги одобри инструкциите на министерот. Ниту една институција, дури ни

хрватските филозофски факултети, кои школуваат наставници по хрватски јазик и литература, не поднесоа јавен протест.

Г. ЧХВ исто така се инфилтрираше во библиотеките. Следејќи ги нејасните упатства на хрватското Министерство за култура, патриотските библиотекари тивко ги симнуваат книгите на српските писатели во подрумите, ги чистат полиците од непријателската кирилица, но и од латинските текстови проникнати со „југословенскиот дух“. Прекрасна дизајнирана лента, хрватски плетер, се појави на книгите на хрватските писатели. Овој мал знак во иднина јасно ќе ги одвои хрватските од сите нехрватски писатели.

Г. ЧХВ ги исчисти старите имиња на улиците, училиштата, институциите и плоштадите. Тој самопрегорен мал дух влезе и во фабриките и веќе две години го чисти просторот од „неистомислениците“. Сите овие тивки, невидливи и занемарливи чистки на позадината на големите воени ужаси само потврдуваат дека малата спреј-синтагма ја виде својата голема реализација.

Пламенот на чистотата што ги зафати хрватските простори не бега од гротескните форми (конечно сме сами, зошто да се срамиме од силните чувства!). Така, некогаш популарната југословенска комичарка (која се појави во ликот на припроста, брблива чистачка, а не е неважно што токму како „чистачка“ го забавуваше „диктаторот“ Тито на новогодишните прослави) во едно неодамнешно интервју изјави дека по нејзината смрт сакала да биде завиткана во хрватското знаме и да биде погребана во хрватската почва. Тогаш, вели, ќе биде среќна, бидејќи нејзиниот труп ќе го изедат хрватските црви!

Зборовите чисто и воздух влегоа во речникот на најпознатите хрватски умови, па познатиот хрватски интелектуалец Владо Готовац во едно од своите телевизиски гостувања, на глупото новинарско прашање - какви жени сака - одговори со подеднакво краток и глупав одговор: "Чиста!" Неколку месеци подоцна, интелектуалецот ќе ги повика тие чисти Хрватки да ги дадат животите на своите синови за одбрана на слободата, а малку подоцна во погребниот говор пред загинатите хрватски војници ќе каже дека не смееме да ја извалкаме нашата слобода со што било, т.е. дека и „нашата смрт мора да биде чиста“.

Друг хрватски интелектуалец, еуфорично поддржувајќи ја идејата за „духовна обнова“ на хрватската нација, поетски заклучи: „Тоа е патот на духовната обнова, убава и чиста генерација, пат до народот, до нас, со светла и чиста совест“.

Третиот хрватски интелектуалец повеќе ќе се задржи на „духовноста“ на метафората, па објаснувајќи го поимот „духовна обнова“ ќе напише: „Затоа кога зборуваме за духовна обнова, мора да тргнеме од значењето на поимот дух (. ..) Содржината на хрватскиот збор воздух, во себе го има здивот, односно душата“.

Малата спреј-синтагма што се вкорени во хрватското секојдневие очигледно не се грижи многу за правилата на добриот вкус, туку продолжува да чисти сè пред себе. Хрватските весници се преполни со заканувачки текстови, а една од најчестите закани повторно е поврзана со - воздухот! „Ако сè уште мисли да дише хрватски воздух и да се

однесува како што се однесува...“ – вообичаено пишуваат гневните режимски новинари. И тие се длабоко во право, затоа што дишењето на хрватскиот воздух е единственото нешто што му останува на хрватскиот државјанин. Имено, наскоро нема да има доволно пари ниту да купи хрватски леб.

И така. Да додадеме уште дека е август 1992 година, хрватскиот воздушен простор е чист, небото над Загреб е сино, а воздухот секој ден е сè почист и поредок. Дише како на Андите, со жабри. Од друга страна, лекарите уверуваат дека ваквиот воздух придонесува за формирање црвени крвни зрнца. А познато е дека црвената е бојата на патриотизмот.

3.Post scriptum пет години подоцна (1997г.)

Анализата на еден мал текст најпрвин беше објавена под наслов *Чист хрватски воздух* во германскиот неделник „Die Zeit“ (Der Saubere Kroatische Luft, 23.10.1992) а малку подоцна на англиски во „Независен во недела“ (Валкана тиранија на г. Чист, 6 декември 1992 година). Иако текстот не беше објавен во локалниот печат, сите одеднаш знаеја што пишува и авторката одеднаш се најде во улога на осамена мета на бесните напади на нејзините сонародници: новата политичка елита, весниците, телевизијата, радиото, колегите писатели, колегите на работното место, Филозофскиот факултет во Загреб, пријателите, анонимните испраќачи на заканувачки писма, анонимни телефонски „праведници“... Разбеснетите сонародници – прогласувајќи ја авторката за лажливка, за предавничка на татковината, за народна непријателка и вештерка - запалија оган и авторката горејќи во сопствената татковина продолжи да живее во егзил.

За време на кратката божиќна посета на Загреб во 1996 година, авторката добила анонимна порака на телефонската секретарка: Стаорци, се скривте! Сè уште сте тука?! Уште ли дишете под ова прекрасно хрватско небо?! Надвор од Хрватска! Пораката може да се смета за задоцнета шега од анонимен хрватски патриот доколку не се вклопи во цврстата и тврдоглава политика на истребување на хрватската влада, која мнозинството хрватски граѓани сè уште тивко или активно ја поддржуваат.

Во меѓувреме, досието на политиката за чистење стана застрашувачки дебело: во него се среќаваат бројни примери на отпуштања на граѓани од српска националност, закани, протерувања, експлозии на српски куќи, малтретирање и заплашување, легализирано присвојување куќи во сопственост на Срби, ускратување на правото на хрватско државјанство на многумина коишто цел живот живееле во Хрватска: Срби, Албанци, Цигани, муслимани, анационални...

Најжестокиот истребувачки напад се случи во август 1995 година, кога десетици и десетици илјади хрватски државјани од српска националност беа протерани од Хрватска. Конечното етничко чистење беше наречено ослободителна акција, а на истребувачите им беа доделени ордени за патриотизам и херојство. Возот на слободата триумфално помина низ ослободените региони и во него еуфоричната, полупијана политичка елита со хрватскиот претседател, кој на секоја провинциска станица држеше триумфални говори на своите нималку засрамени слушатели.

Познатиот хрватски писател Слободан Новак ја објасни хрватската хигиенистичка еуфорија со следниве зборови: „Хрватска се чисти од јужноунитарното и големосрпското ѓубре со кое се натрупуваше еден цел век. Хрватска само го враќа првобитниот лик и се враќа на сопствениот идентитет. Ако денес таа мора болно да посегне по нејзиниот јазик, историја, наука, па дури и именување на места и улици, тоа само покажува до кој степен била контаминирана и колку биле загадени сите облици на нејзиниот живот и сите сегменти од нејзиното битие.“

Од денешна перспектива, приказната на хрватскиот г.Чистко изгледа како приказна за деца. Особено ако се спореди со исповедта на Миро Бајрамовиќ, која на 1 септември 1997 година ја објави хрватскиот опозициски неделник „Ферал трибјун“. Миро Бајрамовиќ, припадник на озлогласената хрватска воена единица поетски наречена „Есенски дожд“, ја опишува крвавата серија на мачења и убиства што тој (лично убил осумдесет и шест лица) и други ги извршил врз српските цивили во Хрватска. По јавното признание, Бајрамовиќ стана мета на разбеснетата хрватска јавност. Но, не поради тоа што, како што признава, го направил, туку затоа што лаже (!) дека го направил.

„Тој лаже дека убивал луѓе. Криминална фантазија, детали... Претпоставувам дека човекот гледал филмови или нешто слично, па фантазијата му проработи...“, вака го коментираше ова прво јавно признание поранешниот министер на полицијата, претпоставениот на Бајрамовиќ.

„Се работи за индивидуален случај чијашто автентичност допрва треба да се потврди. По шест години ваквите случаи создаваат слика за Хрватска како агресор, а не како жртва“, изјави лидерот на опозициската партија и пратеник во хрватскиот парламент.

4.Повторно лименка (мај, 2014г.)

Дваесет и две години откако го напишав есејот *Чист хрватски воздух*, повторно ја сретнав несреќната конзерва. Имено, во весникот „24 часа“ на 9 мај 2014 година беше објавена вест за Русинка и нејзината бизнис идеја. Еве го вестичето:

Продаваат јадрански воздух во лименка за „само“ 15 куни

Петок, 9 мај 2014. Пишува: Дијана Мариќ

Улијана Билиќ (34), Русинка со адреса на Водњан, дошла на идеја да продава јадрански воздух.

„*Во Русија веќе се продава, на пример воздухот од Москва или оној на Санкт Петербург, па сакав да понудам такво нешто во Истра, и да го продавам во туристичката агенција и продавницата. Дизајнот е целосно мој, а лименките се изработени од компанија од Риека. Работам со Анита Марас од туристичката агенција во Валбандон*“, изјави Билиќ.

Таа вели дека производот го заштитила со заштитен знак во Загреб, а целата процедура траела околу една година. Анита Марас потврди дека производот станал вистински хит.

„Сè повеќе се бара, бидејќи идејата е оригинална. Тоа е всушност воздух земен од морето. Мојата агенција потпиша договор со Улијана и туристите едноставно сакаат да ја напуштат Истра со оригинален воздух од Истра. Засега во продажба е лименка од најдобрите истарски дестинации Пула, Ровињ и Пореч, која наликува на лименка туна“, изјави Анита.

Таа на Фејсбук покажа и лименка јадрански воздух, што доби позитивни коментари. Чини 15 куни. Додаваат дека наскоро ќе се продава воздух од цела Хрватска.

„На крајот на 80-тите, на загрепските пазари се продаваше „чист хрватски воздух“, но тоа не беше комерцијален производ, туку повеќе политичка шега во време кога се купуваше сè хрватско“.

Иако е тривијална, веста го разбуди и продлабочи во мене чувството на тотален професионален и човечки пораз, делумно затоа што во коментарите на читателите, ниту еден од 193-те коментатори не се сети на мојот есеј Чист хрватски воздух, ниту на скандалот што го предизвика тој мал есеј. Новинарката - како и мнозинството хрватски граѓани - продолжува да живее во лековитата амнестичка магла и блажено незнаење, што најдобро го покажува реченицата дека лименката чист хрватски воздух во доцните 80-ти години „повеќе беше политичка шега во време кога се купуваше сè хрватско“. А што се однесува до содржината на 193-те коментари на цитираниот напис, тие речиси сите можат да се сумираат во еден кој гласи: Срамота е Русинка да стави патент на нашиот воздух. Сè на сè, дали се вика јадрански, сплитски или ровињски - „чистиот хрватски воздух“ сè уште се бара, всушност, „сè повеќе се бара, затоа што идејата е оригинална“, како што убаво објаснува Анита, хрватската бизнисменка.

5. Повторно роза (мај 2015г.)

Пред војната 1991-1995 година - татковинската или родољубната, што не ми е важно, со оглед на тоа што ниту една од тие татковини не беше моја, ниту можеше да биде моја, ниту можев да ја наречам војната моја, бидејќи таа војна, да се потсетиме, се водеше против мене, граѓанка на Југославија и многу мои сограѓани - имав издавач во Загреб. Издавачот не мораше нужно да биде писмен, како што и денес не мора да биде писмен, но самата негова работа, производството на книги, автоматски го сместува во поблагороден тип луѓе. Подемот на српскиот и хрватскиот национализам, падот на Југославија и војната беа настани кои не само што ги уништија животите на луѓето, туку и радикално ги промениј а. Во оваа смисла, фашизмот (и хрватскиот и српскиот) е еманципаторско движење, бидејќи многу луѓе, токму благодарение на фашизмот, како да биле на некоја извонредна психотерапија, ја ослободија својата скриена, потисната природа, „излегоа од плакарот“, ги скинаа синџирите на репресијата и конечно го направија она што никогаш порано не се осмелиле да го направат: крадеа без никој да ги осудува поради тоа, пееја без никој да забележи дека немаат слух, убиваа и тероризираа други без да одговараат пред законот, станаа политичари, без да им требаат

квалификации, ги мачеа Србите и истовремено се чувствуваа херојски, објавија книга, а дотогаш сите им велеа дека се полуписмени, убиваа муслимани, не еден по еден, туку фино и масовно, станаа ТВ-водители, станаа сопственици на вили на Јадранското Море без да потрошат ниту една куна (и пиштолот под врат беше доволен)... Фашизмот, хрватскиот и српскиот, отвори невидени еманципаторски можности за многу луѓе, и токму тоа, еманципацијата на човечкиот потенцијал, ја објаснува неискоренливоста и сеопфатната популарност на фашизмот. Критиката на фашистичкиот наратив фашистите ја доживуваат како тешка неправда, како кога им кажувате на храбрите луѓе кои штотуку се еманципирале дека мора да се вратат во плакарот, во затворот, во оковите.

Така и мојот загрепски издавач беше меѓу првите Хрвати коишто ја вкусија сладоста на еманципацијата. Се зборуваше дека мојот издавач почнал да носи револвер, па од обичен мал загрепски издавач, стана шеф на хрватската полиција, што е лесно да се провери. Каде е денес, дали е воопшто жив, не знам, ниту некогаш сум знаела, нашиот однос беше строго формален. Сепак, се сеќавам и на една поинтимна епизода, една ноќ (можеше да биде 1992 година), во време кога моето омразено име одекнуваше во хрватските медиуми, тој пијан удираше по вратата од мојот стан, наредувајќи ми да ја отворам, а јас се плашев да отворам, како што се плашев да повикам полиција, бидејќи самиот началник на полицијата ми тропаше на врата. Можам само да го замислам опојното чувство на слобода што го обзеде кога, со пиштол во џебот, началникот на полицијата (што отсекогаш сакал да биде, но не се осмелил да признае), тропаше на вратата од станот на авторката која во претходниот живот, на присилната издавачка работа, всушност длабоко ја мразел.

Ружа Томашиќ, за разлика од мојот издавач, кариерата ја започна како полицајка (канадска), но хрватскиот фашизам ѝ донесе целосна човечка еманципација. Таа не стана издавач, што би очекувал наивниот читател, затоа што никогаш и не сакала, туку стана пратеничка во Европскиот парламент, член на Комисијата за човекови права (таа област човечки најмногу ја загрижувала) и политичкиот глас на добар дел од хрватскиот народ (очигледно глас и очигледно добар, бидејќи Хрватите не се претргаа да го оспорат).

„Нека се молат на Бога да не почнеме да си го чистиме дворот, затоа што ако почнеме да си го чистиме дворот, ќе има уште многу Срби кои ќе треба да одат во Србија. Тие што ја сметаат оваа држава како благајна, тие што ја сметаат оваа држава за самопослуга и што не ѝ даваат ништо на оваа држава, нека внимаваат што зборуваат“, рече Ружа Томашиќ.

Зборот *чисто* е еден од омилените хрватски зборови. Иако јазиците се различни, зборот *чисто* е еден од омилените српски зборови. Некои психијатри тврдат дека опсесијата со чистењето и чистотата е карактеристична за сериските убијци, а со тоа, всушност, ја стигматизираат и патологизираат една од големите и потенцијално еманципаторска човечка потреба. Хрватските и српските чистачи веќе ги тестираа овие потенцијали. Затоа, да се вратиме на самиот почеток на приказната, лименката со чист хрватски воздух е оригинален хрватски (што значи српски) сувенир. Затоа, да се вратиме на почетокот на приказната, лименката со чист хрватски воздух, оригинален хрватски

(што значи и српски) е сувенир. Лименката со ликот на хрватската Роза (Томашиќ) за жал сè уште не е во продажба.[2]

Превод од хрватски на македонски јазик: Сузана Мицева

[2]Објавено на www.peščanik.net на 29.5.2015.

ДУБРАВКА УГРЕШИЌ:

НЕ САКАМ „ЧИТАЊА“ ОД НЕКАКОВ АГОЛ: ФЕМИНИСТИЧКИ, НАЦИОНАЛЕН, КАКОВ БИЛО. ТАКВИТЕ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ГО СКРАТУВААТ И РЕДУЦИРААТ КНИЖЕВНИОТ ТЕКСТ

Новинарката: Се наоѓаме на Дубравкин пат, местото каде што во 18 век за последен пат е спалена во Загреб последната жена којашто е осудена како вештица.

Дубравка: Не го знаев тоа. Не ми е драго за она што ѝ се случило на жената, туку затоа што се наоѓаме токму на тој пат.

Новинарката: Податокот е од книгата на Барбара Бласин и Игор Марковиќ „Женски водич низ Загреб“, чисто да спомнам. Зошто ја почнувам приказната за вештиците, односно последната спалена вештица во Загреб. Јасно е дека алудирам на случајот „Вештиците од Рио[3]“. Во 1993 година се случи медиумски прогон, еден од најсрамните моменти во хрватското новинарство. Можете ли кратко да ни го раскажете, искуството од тие мигови кога почна хајката?

*Дубравка:*Пред сè, ова е изгледа според вас најсрамниот настан во хрватското новинарство, инаку не сум слушнала така да го спомнуваат, како најсрамен настан.

Новинарката: Еден од најсрамните

Дубравка: Да, да. Мислам дека секоја од тие жени кои сосема случајно беа ставени во една група, бидејќи повеќето од нив јас не ги ни познавав приватно. Така што немав ништо со нив, освен Весна Кесиќ и Рада Ивековиќ. Малку ја познавав и Славенка, но никоја од нас нешто посебно не се дружеше. Така, претпоставувам дека секоја од нас веќе беше трн во око на медиумите, јавноста, политичката јавност итн., а мојот случај почна во 1992 година кога го објавив есејот „Чист хрватски воздух“ кој излезе во „Die Zeit“. Таа статија се однесуваше на културата на кичот, а приказната се вртеше околу лименка-сувенир што наликува на тие од кока-кола, мислам дека го има хрватскиот грб со шаховска табла на која пишуваше „Чистиот хрватски воздух полесно се дише“. Но, во целиот тој контекст на дивјачкиот национализам од сите страни, таа порака „Чистиот хрватски воздух полесно се дише“ звучеше фашистички, одвратно. За тоа пишував јас и веднаш по објавувањето на есејот почнаа нападите по медиумите, а потоа се претвори во медиумска хајка што траеше со години. А потоа, веројатно требаше да се спојат пет

[3] „Вештиците од Рио“ е колквијален наслов за анонимната статија која под насловот Хрватските феминистки ја силуваат Хрватска, објавен на 11 декември 1992 година во загребскиот неделник *Глобус*. Во него, пет хрватски книжевнички, новинарки и публицистки- Јелена Ловриќ, Рада Ивековиќ, Славенка Дракулиќ, Весна Кесиќ и Дубравка Угрешиќ - се обвинети дека за време на Конгресот на ПЕН-центарот во Рио де Жанеиро, наводно лобирале против одржување на следниот конгрес во Дубровник. Некои од нив биле изложени на јавни критики, но и закани како „издајнички“, а една од нив, Дубравка Угрешиќ, една година по објавувањето на статијата ја напушти Хрватска. Подоцна се констатира дека автор на анонимната статија е угледниот хрватски публицист Славен Летица. Статијата подоцна стана предмет на судски тужби во Хрватска.

жени во една група, па така се измисли тој случај за „Хрватските вештици“ со статија објавена во „Глобус“, за кој знаете и еве тврдите дека е најсрамниот пример на хрватското новинарство. Еве, тоа е накратко, сè што се однесува на тој случај.

Новинарката: Од моментот кога си отидовте, ниту еден од моите колеги-новинари не се извини јавно.

Дубравка: Не, апсолутно никој не се извини. Морам да кажам дека не е вистина дека немаше реакции на таа медиумска харанга во која сите учествуваа и која влијаеше и на граѓаните за тие да започнат своја што никаде не е забележана, но, јас можам да кажам неколку примери.

Новинарката: Забележана е во вашта книга „Култура на лажење“

Дубарвка: Па, обичните граѓани, како соседите, поттикнати од тоа што подоцна и мојот телефонски број беше објавен во медиумите, почнаа да ми се јавуваат. Ми ѕвонеа долго. Јас, на пример, во 1996 година тркнав до Загреб и на својата телефонска секретарка најдов многу валкана порака. А баш во тоа време, 1992/93 година, телефонот постојано ѕвонеше и ми се јавуваа анонимни праведници кои ми порачуваа дека треба да си одам од Хрватска, кои му се закануваа на моето семејство. До правење сцени на улиците. Во една прилика, сосетката во куќата во која престојував ми рече: „Госпоѓо Угрешиќ, кога ќе одиме надвор?“ Јас ја прашувам: „зошто би требала да си одам?“ А, таа ми вели: „Па, кога ги пишувате тие лаги за нас“. Па јас ѝ одговарам: „А вие, госпоѓо, се разбира ги прочитавте тие лаги, коишто сум ги пишувала за вас“. Таа ми вели: „Па, зошто да ги читам? Сакате да кажете дека сите други лажат?“

Но, морам да признам дека ги имаше и такви статии што застануваа во моја одбрана. Прв се одважи Виктор Иванчиќ во Ферал и навистина не може да се каже дека не беше на наша страна. Всушност, таму имав и неколку интервјуа. Единствените интервјуа што ги давав беа за Ферал. Исто така се јави и филмскиот критичар Хрвоје Турковиќ, професор на Филмската академија. И уште еден новинар чиешто име, за жал, го заборавив од *Слободна Далмација* или некој друг медиум, мислам дека беше објава во подлисток со име Профил.

Новинарката: Ме интересира институционалната поддршка, цело време зборуваме за медиумите, како противтежа на новинарите, дали ви се јави некој од тогашните власти? На кој било начин? Ја знаеме приказната за факултетот, ќе зборуваме и за тоа, да им ја приближиме на младите генерации вашата приказна, бидејќи верувам дека немаат поим за таа ситуација од деведесеттите.

Дубравка: Немаат поим затоа што сето тоа звучи како неверојатна приказна. Една млада девојка, ќерка на моја пријателка, ме праша зошто сум заминала од Хрватска. И кога сакав во кратки црти да ѝ објаснам, не ми веруваше. Рече: „Ма, дај!“

Новинарката: Ах, еве ќе прочитам тука, за да не зборувам напамет. Значи, во тој спорен текст за којшто зборувавме , во еден дел се наведени вашиот брачен статус, вашето образование, каде работите, каде живеете итн, за сите пет вештици. Пишува ставови за Хрватска, за војната, за агресијата. И сега што толку лошо напишавте во тој

момент за Хрватска? Прво: масовно се рушат споменици на жртвите на фашизмот, 2. Динамиташи ги креваат во воздух српските куќи, а трето: книгите на српските автори напишани на непрјателската кирилица и делата на хрватските автори со антифашистичка тематика се тргнуваат од полиците на библиотеките и се носат во подрумите. Денес зборот антифашизам не им излегува од уста на луѓето од политичкиот естабилишмент. Смешно е, рековме дека е смешно. Па, пак да прашам некој од властите дали ви се јави?

Дубравка: Не, апсолутно не. Тогаш властите се плашеа да кажат што било критички против Хрватска. Државата е мала и сè се гледа. И политичарите исто така веројатно го влечеа моето име како и имињата на останатите „вештици“. Се сеќавам еднаш во Парламентот, некој пратеник рече: „Слушам таму дека некоја книжевничка пишува...“ Значи тој не чита, слуша. А верувам дека пратениците и не читаат, туку само слушаат. Но, на младите луѓе не можете да им ги објасните ваквите случаи. А да имаше, овој веројатно беше најзвучен. Претпоставувам дека ги имаше по провинциите, насекаде, само што за тоа никогаш не се пишуваше. Мислам, се пишуваше за војната, за национализмот, за сè, но еден цел синџир на приватни, лични случаи, едноставно остана така. Никогаш никаде не се забележа. Анонимни луѓе си заминаа без да зборуваат за своите случаи, немаа кому. Освен тоа, веројатно никој не би ги ни слушал, сите ќе кажеа: Ма ајде, тоа е невозможно! Тоа беше време на апсолутна колективна параноја, време во кое моравте да мислите исто како сите Хрвати или Срби. Оние што се осмелиле се исклучени, останууваа без работа, без стан, без куќа. Тоа беа тивки методи на елиминација што ги спроведуваа поединци кои за тоа никогаш не одговараа. Кога се вратив од Америка, од сосема непознати причини отидов на Сљеме. Седев таму, беше прекрасен сончев ден, тревата беше зелена, птиците пееја. Пиев кафе, додека зад мене го слушав разговорот на тројца непознати луѓе на кои не им го видов лицето. Таа 1992 година, едниот од тие тројца луѓе зборуваше како се пресметал со својот сосед, Србин. Го претепал, а кога жената повикала полиција, дури полицајците биле таму, му го уништил и автомобилот. Тогаш жената рекла: Така треба! Такво беше тоа време, медиумите ги напумпуваа работите, нештата беа толку брутално жестоки, евидентни. Во тоа има две нешта што се важни: први настрадаа жените. Во вакви случаи жените се секогаш тие што се први на удар, се нарекуваат вештици. Така било некогаш, така е и денес. А, обичните луѓе, тие го носат кибритот за да се запали кладата. Второто нешто што е апсолутно фасцинантно е како од антрополошка, психолошка страна реагира мнозинството. Односно, како општеството реагира. Тоа има речиси животнински импулс. Инстинкт за преживување. Што и да се случува, тоа ќе направи сè да ја преживее таа ситуација. Ако од него се бара да биде жесток Хрват кој пуши „Марлборо“, тој тоа ќе го направи. Или, ако се бара да не пуши „Марлборо“ тој повторно тоа ќе го направи. Не можете да кажете дека не ви се верува дека тоа се случило во 1992 година, а истовремено во училиштата се учи за холокаустот и да речете: Ооо, тоа ми изгледа многу чудно! Значи, тоа беше ситуација на елиминација на „другиот“. Како и да го наречете тој „друг“. Србин, недоволно лојален Хрват, црн ѓавол, вештица, непријател, внатрешен непријател. Хрватското друштво се втрча да се брани од тие внатрешни непријатели затоа што тоа е најслатко. Најслатко од сè е да се изеде својот, што исто така е

животински принцип. Тоа е принципот на толпата, на стадото. Таква одбрана, структура на власта има и во едно мајмунско племе. Ова го набљудував од таа страна. Значи, јас бев таа единка што не се вклопуваше. Тој случај може да биде вовед во она што се случуваше тие години во хрватското општество, а и до денес, бидејќи едвај нешто и да се променило. Да, променет е јазикот, променет е дискурсот, но, нештата и понатаму се во рамките на тие ригидни структури коишто ја контролираат својата власт и својата територија. Луѓето дојдоа на различни начини на власт во 1991 година, преку ноќ и без сопствени заслуги и посебни квалификации. Секој што викаше „Да живее Хрватска, да живее Фрањо Туѓман“ можеше да дојде на власт. Многумина тоа го знаеа, се заканууваа и извикуваа: „Да живее Хрватска, да живее Фрањо Туѓман“ и за тоа си добија свои мали територии: некој доби часовник, некој телевизор, некој фабрика, некој милиони, некој хотел.

Новинарката: Зошто им требаше толку време на луѓето од тогашната власт да проговорат за некои настани од војната?

Дубравка: За да се добие вистинската слика, потребно е да се направи едно сметководство. Да се пресмета, да се види кој профитираше од таа војна. Кој што доби, кој колку заработи? Кој и за колку ги зголеми своите недвижности? Кои криминалци се нарекуваат бизнисмени?Кој остана на своето место во текот на целото време? Да речеме во медиумите. Дали некому во медиумите му се случи нешто? Кои луѓе денес седат таму? Кои се на факултетите, кои се во културата? Едноставно кому што му се случи? Кој ја зајакна својата позиција, кој ја ослабна, првенствено благодарејќи на политичкото определување? Тогаш ќе се види каде си остварил директен профит. А ќе се види дека исклучиво дискурсот е променет и речиси ништо друго. Неодамна бев во Србија. Се возев во такси, ме возеше таксист, обичен човек и загледав Цигани и едно момче во многу лоша состојба. Веројатно нешто коментирав, на што тој рече: „Ах, да, тоа се Ромите. Нашите Роми..“ и, само да посакав тој да продолжи да зборува, ќе го употребуваше истиот политички коректен речник за шовинистичка тирада против сега Ромите, а претходно Циганите. Тоа е она што се промени и тука. Сега никој не кажува Цигани, сите велат Роми, а стварноста на таа структура на власта која е добиена 1991/2 е горе-долу иста.

Новинарката: Вашата книга „Култура на лагата“ многумина ја прочитаа како одговор. Некои дури и се налутија. Но, вие официјално никогаш не одговоривте. Зошто?

Дубравка: Мојата книга „Култура на лагата“ не е пресметка. Едноставно тоа се есеите што јас ги пишував. Таа е прилично конзистентна и се занимава со една тема. Не е одговор, бидејќи одговорот е напишан уште во првиот есеј „Чист хрватски воздух“. После таа медиумска харанга, јас не се повлеков, туку спротивно. Продолжив да ги пишувам своите есеи, бидејќи чувствував дека сум во право. И, искрено да кажам, верувам дека сум и не би се откажала од ниту еден збор, сето тоа држи. Ништо не излажав. Ако некој некогаш ги чита весниците, ги чита моите книги, и проучува што се случувало, ќе види дека е точно сè што сум кажала.

Новинарката: Случајот „Вештиците од Рио“ сè уште е во суд

Дубравка: Да, некаде од 1993. Мене не ми ни текна на случајот, тоа беше адвокатот кој рече дека треба да се види со законот за навреда и слично. Некои поединечно го добија случајот, како Весна Кесиќ. Е, сега не знам дали и парично е обештетена. Но, мојот случај до денес се влече во суд и не е решен. Размислував дали е паметно да се опише сè што се случуваше и сфатив дека не. Затоа што секогаш кога пишувам дури и есеи, повеќе ме интересира литературата, книжевноста, не ме интересира публицистиката. Моите есеи се високо книжевни есеи, ретко кога тие се новинарски и тогаш се присетив ……..

Новинарката: Како е денес? Сега сме во Загреб, дали чувствувате некоја помирна ситуација? Без разлика дали станува збор за вашите колеги, бившите соработници?

Дубравка: Вака ќе кажам, со оглед дека никој никогаш не ме контактирал, никој никогаш не ми се јави, не се сеќавам ниту еден уредник во издавачка куќа да ми се јави кај него да објавам книга, вистина е дека комплет од осум мои книги се објавени, но тоа е покрај мојот уредник во Белград, тоа беше Б92, бидејќи инсистирав да се најде и издавачки линк во Хрватска и така се случи. Така што, јас никогаш не добив поттик од оваа средина, или да речеме од уредникот, од луѓето од факултетот. Со години не сум сретнала никој од нив. И не се случи ништо што би ми потврдило дека во оваа средина сум добредојдена. На почетокот, секако дека ме болеше, но повеќе не. Сега, апсолутно ми е сеедно. Сеедно ми е затоа што најверојатно сето ова би било значително потешко ако останев тука и да зависев исклучиво од оваа средина. Најверојатно немаше ниту да постојам. Така, тргнав во светот, таму имам свои книги, своја публика, постојат луѓе што го сакаат она што го пишувам. И има многу луѓе што го разбираат она што го пишувам. Тоа што го работам не е порака во шише, тоа е една голема сатисфакција и во голема мера го намалува и го брише тоа што на почетокот беше непријателство, а сега рамнодушност што ја чувствувам во оваа средина. Не знам колку е таа вистинска, а колку е лажна, но длабоко верувам дека овде имам свои читатели.

Новинарката: Од лично искуство знам колку е тешко да се набави ваша книга во Загреб, со исклучок на Баба Јага која на некој начин е и повод за овој разговор.

Дубарвка: Со Баба Јага е поинаку.

Новинарката: Така е. Вие сте читана авторка во Хрватска, но, сте премолчена. Дали имате желба и потреба за повторна валоризација и реевалуација на вашиот книжевен опус овде во Хрватска?

Дубравка: Тоа може исклучиво ако се пронајдат некои нови млади луѓе кои ќе го читаат тоа на нов начин, само како книжевност на која нема да ѝ стават политички предзнак, ваков или онаков. Верувам дека постои таа нова генерација. Но, засега моќта, зборувам за малата моќна културата, таа е во рацете на професорите на факултетите. Се разбира, мала средина, мала моќ, мали факултети. Или во новинарите кои работат во медиумите, какви и да се тие, Министерството за култура и сето она што спаѓа во културниот живот.

Новинарката: Во собраните дела коишто излегоа овде, пишувавте поговор на секоја поединечна книга. Дали денес би напишале нешто друго, поинакво?

Дубравка: Не, веројатно би додала уште нешто. Еден ден, ако одлучам или ако се создаде таква можност да ги реобјавам книгите, можеби и ќе ги тргнам предговорите.

Новинарката: Ги спомнавме младите читатели, таа нова генерација што доаѓа. Која е разликата во начинот на кој Ве читаат во Америка и да речеме Полска, каде што вашите книги исто така одлично се прифатени.

Дубравка: Ова не се однесува само на САД и Полска. Следам како живеат моите книги и во другите места каде што се објавуваат: Германија, Холандија, Англија. Книгите ми се преведени на повеќе од 20 јазици и она што е поврзано со нив, јас можам го следам. Да речеме, во неколку наврати предавав на универзитети во САД, имам доста контакти со моите студенти и добро сум упатена во одзивот на мојата книжевност таму. Дел од мене сè уште е историчар на книжевноста, помалку теоретичар. И следам што се случува со книгите. А, кога станува збор за моите книги, тогаш е уште полесно. Чудесно е да се гледа како еден книжевен текст патува и како функционира во различни средини, во различно време-како е читан и разбран. Доаѓа до целосно парадоксални ситуации. Сите мои книги се напишани на хрватски јазик. И книгата наоѓа на целосно неразбирање тука, но, затоа живее и има интерес за неа помеѓу американските млади читатели. Тоа се нешта кои се апсолутно фантастични.

Новинарката: Што ги интересира, некоја посебна тема, што им е блиску?

Дубравка: Она што им е блиску на младите читатели од Источна Европа, е тоа што тие ја препознаваат својата заедничка неодамнешна историја. Ги препознаваат механизмите за коишто јас пишувам. Тука се случува тоа препознавање кое е поизразено кај младите, а послабо кај постарите читатели и читателите од мојата генерација. Еднаш прашав една млада новинарка и таа ми рече: Вие го напишавте она што ни го премолчаа нашите родители.

Новинарката: Неодамна бевте и во Белград. По подолг период настапувавте пред тамошната публика. Како беше, како реагираа?

Дубравка: Беше мошне посебно. Настапив во Центарот за културна деконтаминација, и тоа и не беше којзнае како најавуван настан, затоа што бев некако на минување низ Белград. Се собра страшно многу народ, не броев, но рекоа дека има околу триста луѓе. Беше многу впечатливо затоа што имаше долги колони читатели кои чекаа за потпишување книга. Тоа потпишување траеше еден, два часа. Беше импресивно со оглед на економската криза и куповната моќ на денешните читатели. Посебно трогателно беше присуството на еден старец кој купи две книги. Му ги потпишав, а потоа повторно застана во редот со уште две книги. Немаше ниту да забележам ако не почена да се бунат луѓето што чекаа да се врати на крајот од редицата. Го прашав зошто повторно чека на потпишување, рече дека е бегалец од Лика. Потоа дознав дека сè уште живее како бегалец во бегалски камп или не знам што. А имаше близу 80 години. Тој момент беше потресен за мене. Знаев дека нема пари за книги, а сепак купил четири.

Беше многу убаво, имав чувство дека публиката е заштитнички настроена кон мене, како да сака да ме заштити од нешто. Сретнав голем број луѓе кои не сум ги видела со години, од театарџии до уметници.

Новинарката: Во потесен круг сте за наградата „Букер Интернационал“. Зборувавме за вашата интернационална кариера, а сега сте номинирана и за голем број книжевни награди овде во Хрватска.

Дубравка: Морам да признам дека ова беше големо изненадување не само за мене, туку и за оние што го следат „Букер Интернационал“. Покрај моето, се најдоа и неколку други имиња кои беа изненадување. Не се тоа писатели кои секој очекува да ги сретне како номинирани за една ваква награда. Имаше апсолутно непознати имиња за широката јавност. Тука ќе видите дека тој културен колонијализам е апсолутно нормална работа. На некои сајтови читав реакции на читатели од англиското говорно подрачје, од Австралија, Британија, Америка. Беа малку лути, коментираа: каква е таа листа кога на неа се имиња за кои никогаш не сме слушнале? Со други зборови, ако ние од англиското говорно подрачје не сме слушнале, тие имиња не постојат. А штом не сме слушнале и не вредат. Тоа е тој автоматизам. Прекрасно е тоа што го направи жирито, без разлика на резултатите. Го раздрма тој моќен англо-американски читателски пазар кој ги зема здраво за готово вредностите што му се понудени. Не зборувам дали нешто е подобро или полошо, само за тој автоматизам. Културен империјализам или колонијализам.

Новинарката: Дали уште се доживувате како писателка во емиграција, како личност во емиграција?

Дубравка: Не. Никогаш не сум се чувствувала како личност во емиграција. Тоа е приказна што ве следи. Приказна за егзилот. Никогаш не сум го имала чувството на помала вредност. Да се перципирам себеси како личност во егзил. Можеби затоа што никогаш немав време да мислам на тоа. Сите некако ги толкуваат моите книги како книги за егзилот. Како што се „Министерство за болка“ или „Музеј на безусловното предавство“. Ги повзруваат со мене и со моето искуство. Мислам дека тоа е неделиво. Не би можела да кажам дека ќе ги напишев тие книги ако го немав тоа искуство. Многу сум против романтизирање на тој егзил, читање нешто што не постои. Погрешни интерпретации кои можат да бидат од морална или емоционална природа. Навистина, за себе не мислам како за писател во емиграција, немам никакви фрустрации. Сè се сведува на тоа како другите гледаат.

Новинарката: Разговорот ќе го заокружиме, враќајќи се на првото прашање. Никогаш не сте биле дел од некоја формална феминистичка организација.

Дубравка: Не сум, веројатно сум некаков аутсајдер. Не ги сакам тие организирани пријателства, не сум член на групи, бордови, секции, не сум член на друштва за заштита на ова или она, едноставно, таков тип сум. Но, според некое мое чувство за правда, јас сум феминистка. Секој од нас дејствува како што знае: некој во група, некој вака, некој онака. Мислам дека она што го пишувам може да се чита и од тој агол, иако јас не сакам читање од агли. Не сакам читање од агол на национална книжевност, не сакам читање

од агол на книжевен егзил, ниту од исклучиво феминистички агол. Затоа што сите тие читања, сите интерпретации се свртени против книжевноста, против книгите, против книжевниците.Тие се тесни, дискриминирачки и во суштина се лоши, бидејќи не го збогатуваат, туку го скратуваат и редуцираат книжевниот текст.[4]

Превод од хрватски на македонски јазик: Сузана Мицева

[4] https://www.youtube.com/watch?v=Iyyt0Ecp_RE&ab_channel=PatchworkCasopis
https://www.youtube.com/watch?v=ug2hAAKig10&t=367s&ab_channel=PatchworkCasopis
https://www.youtube.com/watch?v=oacpXWJj9ao&ab_channel=PatchworkCasopis
https://www.youtube.com/watch?v=wNaRg3JUG8s&ab_channel=PatchworkCasopis

СИНИША УГРЕШИЌ:

НЕ ПОЗНАВАВ НИКОЈ ШТО ЖИВОТОТ ГО ЗАВРШИЛ СО ЕВТАНАЗИЈА. СЕГА ЗНАМ: МОЈАТА СЕСТРА, ДУБРАВКА УГРЕШИЌ. БЕВМЕ ВО НЕЈЗИНАТА СОБА.....

Познатиот филолог, преведувач и колумнист Синан Гуџевиќ напиша текст за „Новости“ за крајот на животот и смртта на познатата писателка Дубравка Угрешиќ.

Гледај вака, Синане! Имам неколку фотографии со Дубравка, но повеќето останаа кај неа. Вистинско чудо е колку таа беше посветена на фотографиите. Сега сите се во Амстердам, ќе бидат таму додека не ја решиме целата работа со станот, со книгите. Видете ја оваа каде што сме сосем млади, со мама на Црното Море, во Варна.

Дубравка беше лекувана на Институтот за тумори на Националната болница Антони ван Леувенхук во Амстердам. Тука беше лекувана, одеше на терапии, гама ножеви и таму почина. Повеќепати одев кај Дубравка во Амстердам и таму останував по месец, два. Бев со неа лани на 16 декември, кога имаше епилептичен напад. Туморите на мозокот предизвикуваат епилептични напади. Тој тогаш беше силен и добро е што бев покрај неа. Се случи во нејзиниот стан, само јас бев до неа. Иако не сум лекар, знам како да постапам кога тоа некому ќе му се случи. Знам, затоа што имам искуство. Мојата сопруга почина од глиобластом, па научив. И мајка ми почина кога туморот се прошири на нејзиниот мозок. Генерално, во нашето потесно семејство многумина починаа од карцином: татко ми почина многу млад, на 49-годишна возраст, од рак на дебелото црево, мајка ми од рак на дојка, а мојата сопруга од тумор на мозокот. Мама и Дубравка починаа од истата болест, само Дубравка беше десет години помлада. Мојата сопруга беше најмлада, почина на само 45 години.

Кон крајот на летото 2017 година во Загреб, на Институтот за тумори, на Дубаравка ѝ беше дијагностициран рак на дојка. Следуваше радикална операција и сè на сè, на почетокот изгледаше дека е излечена. Во летото 2018 година, при редовен преглед во Амстердам, беше откриено дека болеста се проширила на коските. Сепак, под контрола со орални цитостатици, сè изгледаше во ред и Дубравка функционираше релативно добро.

Имаше невидена енергија за работа. Работеше дури и во деновите кога туморот се прошири на мозокот. Ќе спиеше малку, половина час или еден час, а потоа се враќаше на работната маса. Погледни ја оваа слика, лани за нејзиниот роденден, ние сме во Амстердам, во нејзиниот стан. Ова што го држи преку устата, ќе кажеш, муцка на вештерка, јас и Маја Водопивец и направивме натпис „Среќен роденден, Дубравка“. Можеш да видиш дека таа изгледа многу добро и ништо не го навестува она што ќе дојде единаесет месеци подоцна. Од сликата не се гледа, но, ние знаевме дека болеста напредува. И таа знаеше, се разбира. Но, таа не сакаше да се знае за тоа. Не сакаше луѓето

поради тоа да се променат кон неа. Таа дури и не сакаше моите деца да се грижат. Знаевме само ние тројцата.

Види ја оваа слика, од 16 март годинава. Ден пред смртта. Мојата ќерка Корина ја помина ноќта со неа во нејзината болничка соба. Сакаше вечерта да ја помине со нејзината тетка. Следниот ден, тетка ѝ го напушти овој свет.

Оваа мала видеоснимка е направена околу пладне во петок на 17 март. Момчето што свири на гитара е Есмир Мајданац од Бања Лука. Него го поканила пријателката на Дубравка, Лидија Желовиќ. Пеевме, прво беше песната на Леонард Коен „Dance Me to the End of Love“, потоа беше „Moscow Evenings“, потоа беше „My Rose Bloomed This Morning“ и уште неколку, а последната песна беше „Bella ciao " . Цело време тука беа двете најдобри пријателки на Дубравка, Маја Водопивец и Ангела Декер. Имаше и шампањ, Дубравка никогаш не сакаше алкохол, но сакаше малку шампањ.

Евтаназијата е чудна работа. Првата идеја за ова Дубравка ја имаше уште во 2013 година. Таа рече: “ Слушај, ако се разболам безнадежно, не сакам никому да сум му товар.” Сакаше двајца да сме сведоци на тоа: новинарката и писателка Ангела Декер и јас. По три години сакаше сведоци на нејзиното барање (желба) да бидат Ангела Декер и Маја Водопивец. Всушност, идејата за доброволна смрт ѝ беше прифатлива. Не самоубиство, никако, но кога ќе се стигне до таа медицински терминална фаза, да се замине достоинствено кога продолжувањето на животот веќе нема смисла. Ова, како да кажам, го олесни фактот што таа има холандско државјанство од 2004 година, а само холандските државјани можат да подлежат на евтаназија. Инаку, Дубравка беше крајно дисциплинирана пациентка и ги следеше апслоутно сите упатства и совети на своите лекари. Стоички ги издржа сите терапии низ кои помина и никогаш не се пожали.

Дубравка имаше блиски пријатели во Амстердам. Првата личност е секако Маја Водопивец, нашата колумнистка и професорка по азиска историја на Универзитетот Лајден во Хаг. Маја е сараевчанка, се запознале кога книгата на Дубравка била објавена во Јапонија. Потоа режисерката Лидија Зеловиќ, Босанка во секој поглед, авторка на документарниот филм „Моите пријатели“, кој Дубравка многу го сакаше. Сите останати се Холанѓани: овде на сликата е Дора Летинга, мајката на издавачот на Дубравка за Холандија, Елик.

Последниот ден од животот на Дубравка, се собравме во нејзината соба помеѓу десет и единаесет и пол претпладне. Најблиските пријатели на Дубравка, јас и моите деца Корина и Никола, потоа Лидија, Маја, Ангела, нејзиниот сопруг Томас, Дора, Мариет и Јап. Во еден момент некој спомна дека Сара Чалфант, директорка на агенцијата „Вајли“ неодамна објави дека осум од книгите на Дубравка ќе бидат објавени во Кина! Се шегувавме, дури се насмеавме кога некој рече дека кинескиот тираж ќе ги проголта сите досегашни.

А Дубравка претходната вечер, со кинеската вечера што ја нарачавме во болница, извика: „Да живеат Кинезите!“ Последниот ден Арнон Грунберг, денес можеби најголемата книжевна ѕвезда на Холандија, повторно ја посети за да се прости од Дубравка. Таа наздравуваше и со него. Маја нарача две шишиња шампањ, торта и суши.

Сѐ беше уникатно, достоинствено и тажно. Уникатно и затоа што не познавав никого чијшто живот заврши со евтаназија. Сега знам: сестра ми Дубравка Угрешиќ.

Во дванаесет и триесет дојде Ника Булер, онкологот на Дубравка. Последниве години таа ја лечеше Дубравка. Ги сакаше нејзините книги и беше блиска со неа. Таа медицински сведочеше дека Дубравка доброволно и своерачно, со целосна свесност побарала да биде подложена на евтаназија. Медицинската сестра ѝ даде инфузија околу 12.30, уште кога сите бевме со неа и пеевме заедно со Есмир. Инфузијата течеше низ канилата во раката, траеше околу четириесет минути. Нешто пред 14 часот, д-р Булер влезе во собата на Дубравка, ги замоли сите освен тројца да ја напуштат просторијата. Тие тројца бевме сведоците: Маја Водопивец, Ангела Декер и јас. Ја праша дали сѐ уште е сигурна во својата одлука. Дубравка потврди и докторката ѝ рече дека многу зборувале со неа за ова, и дека се согласува со Дубравка дека дошол тој момент. После тоа, во 13 часот и 55 минути, во истата канила следуваше инјектирање средство за длабоко заспивање. Длабокиот сон доаѓа во рок од две минути и пациентите често умираат од таа инјекција. Потоа следува инјекција за опуштање на сите мускули, како и на срцевиот мускул. Дубравка почина од инјекцијата за длабок сон. Сето тоа беше во болничката соба во националната болница, која е еден од најдобрите центри во светот за лекување онколошки заболувања, особено рак на дојка. Дубравка таму беше сместена една недела претходно. Нејзината состојба се влошувала, го изгубила видот на едното, па на другото око и морала да биде хоспитализирана. Инаку, добрата докторка Булер неколку пати ѝ рекла: „Дубравка, најдобро е да си сместена во некој хоспис, таму за тебе ќе се грижи стручен персонал, ќе може да те посетуваат роднини и пријатели“. Дубравка не сакаше ни да слуша. Таа вели дека во животот ќе напише уште два романи, а за 74. роденден ќе пиеме шампањ. Така, нејзините верни пријатели формираа група којашто ѝ помагаше: Маја, Лидија, Ангела, Елик, Дора и една Грузијка Лејла.

Во тоа време не бев во Амстердам, пријателите што ги спомнав се грижеа за неа. Дубравка имаше право на домашна посета и целодневна домашна нега. Но, тоа не ѝ одговараше. Повеќе ја вознемируваше, отколку што ѝ помагаше. Речиси до самиот крај, Дубравка живееше и работеше сама. Кон средината на февруари нејзината состојба се влоши и преку нејзината издавачка куќа ја сместија во ексклузивен хоспис во строгиот центар на Амстердам. Тој хоспис беше одличен, Дубравка доби огромна соба со градина. Таму вообичаено примаат само четворица пациенти, а ги опслужуваат шеесетмина волонтери, се разбира не сите во исто време. Дубравка беше таму нешто подолго од две недели и се врати во својот дом. “Тоа е затвор, не сакам да бидам во затвор!”- рече. Не можеше да се навикне на животот во хоспис и реши да умре или во нејзиниот дом или во болница. Тогаш за неа почнаа да се грижат нејзините драги пријатели. Се менуваа. Маја доаѓаше од Хаг, па Ангела, Лидија, ќе останеа по половина ден, или ден, зависно кога како. Понекогаш преспиваа кај неа. Тоа траеше петнаесетина дена, отприлика до 10 март, до вториот епилептичен напад. Тогаш мораше да биде хоспитализирана и во болницата остана до самиот крај. Инаку, таа претходно договорила да биде примена во болница на 13 март, а потоа да чека евтаназија.

На 17 март во два и пол часот му кажавме на Петар Милат да ја пренесе веста. Петар не можеше да дојде. Тие денови мораше да биде со својата болна мајка во Корчула, но Маја му се јави на ватс ап и тој беше малку со нас преку камерата.

Во тестаментот сестра ми ја запишала желбата да биде кремирана, а пепелта да се развее низ каналите на Амстердам. Тестаментот е депониран кај нотарот Мејер. Таму било напишано сè што побарала и сето тоа ќе биде исполнето. Урната сè уште не е готова, за тоа е потребно повеќе од еден месец во Холандија. Во понеделник ќе одам во Самобор, за нашата прекрасна каменорежачка Јелена Лучиќ да ми направи плоча од црн гранит што ќе ја поставам на нашата гробница на Мирогој. На него ќе има само букви и бројки: Дубравка Угрешиќ 1949 – 2023 година.

Синан Гуџевиќ во разговор со братот на Дубравка, Синиша Угрешиќ, објаевно на порталот Новости, на 2.5.2023 година [5]

Превод од хрватски на македонски јазик: Сузана Мицева

[5] https://www.portalnovosti.com/dubravkina-bolest-i-smrt

СЛИКА ВТОРА

ЈУ – ХУ- ХУ!

САКАМ ДА ВЕРУВАМ ДЕКА СЕКОГАШ СУМ ОБЈЕКТИВНА

Интервју со Дуња Илиќ



Дуња ИЛИЌ е уредничка и критичарка од Кикинда. Основните студии по општа книжевност и теорија на литературата ги завршила во Белград, како и магистерски студии по критичка теорија на Карловиот универзитет во Прага. Била член на жирито за регионалната награда „Улазница“ и наградата „Душан Васиљев“ за најдобро дело објавено во Србија. Уредила неколку романи и збирки раскази за *Партизанска књига* и за Издавачката куќа *Јесенски и Турк*. Нејзиниот есеј за автофикција беше објавен во збирката “Помеѓу отпорот и трендот: тенденции во современата регионална литература“ (Културтрегер и Курзив, 2023). Таа е член на Уредничкиот одбор на списанието *Тема* и редовен критичар на порталите *Booksa* и *Kritika HDP*, како и на месечниот литературен додаток *Best Book* на *Express*

Д.П. Како тебе те привлече книжевнста? Дали е твојата природа анахрона, ги сакаш маргините на општеството или си егзибиционистка?

Д.И. Не сум ништо од тоа, макар така мислам. Кога бев мала, книжевноста ја сакав веројатно бидејќи ме одвојуваше од некои други светови, а денес ме привлекува бидејќи во добрата книжевност, особено во онаа што мене ми се допаѓа, може многу да се дознае за луѓето.

Д.П. Можеш ли да го опишеш процесот на твоето пишување критика?

Д.И. Додека читам книга, пишувам белешки и означувам места во текстот што се важни и репрезентативни, а до крајот на читањето, мојата слика за книгата главно се сложува. Сега е потребна вербализација, да се пренесе на другите.

Д.П. Како го ускладуваш пишувањето објективна критика со односот кон авторките/авторите?

Д.И. Само неколкупати имам пишувано текст за книги на автор и авторки коишто ги познавам оддалеку или се „пријатели на пријатели“, па пишувањето на тие текстови секогаш ми беше непријатно и напнато. А, кога пишувам за книгите на авторите коишто не ги знам, што е најчест случај, тогаш се трудам да не мислам на нивната реакција. Секако, избегнувам какви било *ad hominem* примедби – можеби по некоја безобразна забелешка ќе ми се протне, но она негативното што го кажувам за книгата, секогаш е поткрепено со примери од самата книга.

Д.П. Колку насловната страница и маркетингот на книга влијаат врз твојата рецензија?

Д.И. Често ми се случува blurb-от или корицата да ми направат очекувања што подоцна книгата ги изневерува, најчесто со квалитет, но во последно време, ми се случува дејството опишано во blurb-от да се благо поместени во однос на вистинското дејство на книгата. Се плашам дека во тој случај разочарувањето е неизбежно, исто како што е неизбежно да гледам сомнително на книгата чијшто автор е многу присутен во медиумите. Ако некоја рекламирана или многу популарна книга е лоша, тогаш ми изгледа уште полоша од она што навистина е. А, ако откријам некоја добра книга, но потполно запоставена, можеби ќе ми се причини дека е подобра одошто е навистина. Но, прашање е што „навистина“ овде значи. Книгата е добра или лоша, мислам дека таа разлика може сè уште да се направи, но нијансите сепак се малку и индивидуални.

Д. П. Што мора да поседува добар роман, збирка раскази или книга воопшто?

Д.И. Текстот (да не речам - авторот) треба да биде зрел, самосвесен и луциден, иако зборува за себе, иако зборува за луѓе коишто немаат ниту еден од тие атрибути. Реалистична веродостојност или доследност кон светот на делото, добар стил, контрола на идеолошките импликации, сè почнува оттаму.

Д.П. Дали пишувањето книжевна критика е креативна работа?

Д.И. Во еден момент од историјата на книжевната теорија, со постструктурализмот, а најмногу со Ролан Барт, критиката почна да се смета за креативна активност, критичките текстови намерно се поигруваа со книгата за која зборуваа, а резултатот беше жанровски хибрид. Мислам дека критиката е креативна работа онолку колку што

е неопходно мојот текст да биде допадлив, не досаден, а воедно и убедлив, но да покажам што ја прави книгата добра или не, е прашање на аналитичко размислување.

Д.П. Дали си секогаш објективна во критиките или понекогаш правиш компромиси со твоите преференции?

Д.И. Сакам да верувам дека секогаш сум објективена и навистина, често пофалувам книга што лично не би ја прочитала да не морам, ниту би ја препорачала на моите пријатели. Но, исто така, мислам дека моите читатели можат да видат кога сум искрено воодушевена од некоја книга, кога сум емотивна, а кога мојата пофалба е само тоа - објективна.

Д.П. Каква е литературата на овие простори во споредба со светската и дали постои единствен книжевен простор на заедничкиот јазик или јазици?

Д.И. Не можам да кажам дека нашите книжевности се подобри или полоши од онаа напишана на кое било друго место, на пример од онаа на англофонското говорно подрачје; поголемите јазици имаат повеќе добри книги, исто како што имаат лоши, само што таквите не доаѓаат до нас често. А, единствен книжевен простор кај нас и постои и не постои – постои поради тоа што тоа се јазици коишто се меѓусебно разбирливи, но не постои поради тоа што повеќето книги од една држава не се достапни во друга. Мислам дека мојот сопствен пример го покажува и едното и другото: јас сум Србинка којашто живее во Белград, но пишувам критики за хрватски книги на хрватски медиуми, од неодамна и за печатени, меѓутоа, јас самата каде што живеам не можам да го купам списанието во кое излегол мојот текст, ниту книгите за кои пишувам. Истовремено, во позиција сум да забележам колку луѓе од културата коишто тврдат дека тоа е „една сцена“, всушност малку знаат конкретно за хрватската книжевност. Тие мислат дека „сцената“ се оние малку автори чиишто дела се реиздадени во Србија. Се плашам дека веќе не сме една држава, па со самото тоа не сме ни една книжевност, а и да го отвориме пазарот сега, се плашам дека ни тогаш не би биле, бидејќи годините на конфликт и годините на некомуникација нè имаат раздвоено, а младите генерации, во кои спаѓам и јас, ја разбираат таа раздвоеност како нешто што се подразбира. Хрватската книжевност во Србија одвај да се чувствува нешто малку поблиска, а со тоа и порелевантна и попривлечна, да кажеме од чешката, а во случај со македонската книжевност, препрека е и јазикот. Тука веќе се гледа дека тој заеднички простор во пракса постои, за жал, само како некаква утописка идеја.

Д.П. Ја познаваш ли македонската книжевност?

Д.И. Освен Румена Бужаровска и Лидија Димковска, значи, генерално поафирмирани авторки, за жал, не. Како што кажав, и јас сум дел од помладата генерација за која едвај може да постои заеднички литературен простор.

Д.П. Дали литературата може да постигне конструктивен дијалог со ВИ (вештачката интелигенција)?

Д.И. Можеби да, а можеби не. Пред ова треба да се одговорат неколку прашања, на прво место, што е воопшто литература, дали е тоа креативна човечка активност или е само тој постструктуралистички „текст“, финален производ без разлика кој го создал.

Интервјуирал: Далибор Плечиќ

Дуња ИЛИЌ

(Србија)

ПРВАТА КРИТИКА НА ДУЊА ИЛИЌ

(Лана Басташиќ, *Фати го зајакот*, Контраст, Белград 2018)

Романот „Фати го зајакот“ на Лана Басташиќ беше најавен како текст што го тематизира женското пријателство на досега невиден начин, развиен во позадината на комплицираните балкански односи. Жените, војната и (пост) транзицијата веќе на големо се теми и на општеството и на литературата. Ова не ги прави помалку актуелни, туку создава императив да се најдат секогаш нови начини на говор, на оние коишто ќе ги проблематизираат традиционалните претстави и ќе го разнишаат поедноставениот поглед на реалноста, прикажувајќи ја во сета нејзина сложеност.

Дејството во романот започнува кога нараторката Сара добива повик од Лејла, пријателка од детството, со која не била во контакт дванаесет години. Сара живее во Даблин, но Лејла бара од неа да дојде во Мостар и да ја одвезе до Виена. Наводно таму е нејзиниот брат Армин, кој исчезнал за време на војната во Босна. Сара била вљубена во Армин, а неговото исчезнување индиректно доведува до прекин на контактот меѓу двете пријателки. Раскажувањето на Сара за нејзиното патување до Виена ќе биде забавувано со сеќавањата на нејзиното детство и младост во Босна.

Првите пасуси од романот се напишани на интригантен, речиси лирски јазик, а нараторот метафикционално се колеба меѓу *таа* и *ти* кога зборува за Лејла. Со воведување на читателот во интензивната врска меѓу двете жени, тие истовремено го прикажуваат повторното појавување на Лејла во животот на Сара како судбоносно. Сепак, тонот на *граничната ситуација* погоден за почеток на дејството е задржан во остатокот на текстот, тој продира низ јазикот во содржината и влијае на неговото обликување. На пример, кога Сара и Лејла ќе пристигнат кај госпоѓа Кнежевиќ, каде што ќе поминат една ноќ од своето патување, Лејла од каприц вели дека Сара зборува само англиски. Сара за тоа коментира: „Но, јас не се побунив, прифатив да бидам Сара од Даблин, таа вечер во куќата на госпоѓа Кнежевиќ“ (стр. 91). Оваа форма на реченицата треба да предвидува нешто, да имплицира дека нешто значајно се случило *таа ноќ во куќата на госпоѓа Кнежевиќ*, како *таму на островот* (повторено неколкупати), каде што конечно заврши пријателството на Сара и Лејла. Но, ништо значајно навистина не се случува. Епизодата нема структурно значење во романот за да го оправда фаталистичкиот тон со кој е раскажана, ниту пак утврдува некакво значење во разликата помеѓу *Сара од Даблин* од *таа ноќ* и Сара инаку. Тоа само уште еднаш го нагласува она што постојано се истакнува во романот: неконвенционалноста на Лејла, но и Босна како негативно место. Партикуларните сеќавања често се третираат како да имаат универзално значење, а разни настани од минатото се обидуваат да функционираат како структурен центар на романот. Така, нараторот со еднаков фатализам зборува за закопување на зајак со Лејла, сопственото закопување на желките, за убиство на врапче

или за тоа како Армин ја фатил за рака на роденденот на Лејла или како во друга прилика ѝ ја одврзал косата врзана во опавче. Иако животот на поединецот е исполнет со настани што имаат интимно, па дури и судбоносно значење за него/неа, тие настани треба да се селектираат со цел да се вклопат во една кохерентна целина чиешто значење би можело да го препознаат другите. Можно е да се замисли роман што намерно ќе воспостави разлика помеѓу крајно субјективниот поглед на нараторот и фикционалната реалност, но ништо во романот „Да се фати зајак“ не сугерира дека имплицитната авторка ја контролира *неверодостојноста* на нејзината нараторка.

Со проблемот на голем број епизоди и детали што се претставени како формативни и судбоносни е поврзано и опредметнувањето на личности и идеи, што парадоксално и контрапродуктивно е последица на нешто што условно би можело да се нарече *вишок на карактеризација*. Едноставно кажано: од почетокот на романот, Лејла постојано се карактеризира како посебна, па наместо текстот да ни ја направи привлечна и мистична, како што ја опишува и како што очигледно *треба* да ја доживееме, Лејла всушност станува внатрешно скаменета личност, постојано еднаква сама на себе. Во одредени моменти се чини дека Лејла треба да се сфати како некој што малку се преправа, а дека вистинската тема можеби е идеализирањето на пријателката од страна на Сара. Но, дури и ако дозволиме потенцијално искривување на сеќавањата на Сара, за кои има навестувања во романот, *објективните настани*, како на пример кога Сара не успева да стопира помош на патот, но на Лејла ѝ успева (148), укажуваат на тоа дека текстот всушност ја користи секоја можност да покаже колку Лејла е поразлична. Натрупувањето детали, од кои секој укажува на практично истото или повторно го нагласува она што е во голема мера очигледно, е присутно и на ниво на сцената, на пример, во сцената на губењето на невиноста во шумата. Она што навистина се случило во реалноста не изгледа секогаш убедливо кога се пренесува во литературата. Треба да се избере она што е импресивно и парадигматично за одредена ситуација. Наместо да *креира* уверлива сцена на будење по изгубената невиност, текстот го наведува читателот да се запраша дали земјата околу двајцата пријатели е навистина видливо набиена од стапки, дали сега стојат таму каде што синоќа беа фрлени кондомите, дали крвта нужно доспеа до кошулата на Сара итн.

Заднината на романот е (по)воена Босна, претставена како крајно темно место. Тоа е во извесна смисла реализирана метафора, бидејќи сцената во автомобилот, кога Сара мисли дека часовникот не е точен, има за цел да го оправда фактот дека за време на патувањето на двете пријателки речиси секогаш е мрак. Сепак, оваа необична околност не го вади романот од реалистични рамки, бидејќи соноликиот квалитет кон кој, се чини, се стреми описот на нивниот престој во Бања Лука го поткопуваат коментарите на нараторката. Таа често наметливо, иако индиректно, толкува многу јасни метафори. Пред граница, кога ги гледа исушените полиња со пченка, Сара вели: „Тие беа мртви, сите тие пченки, сите. Топлината им ја исуши сета сушгина, ги осакати витките лисја. Темнината им ја одзеде бојата. Бевме среде гробишта од пченка што некој ги заборавил таму, оставени да умрат во темнината покрај патот“ (142). Наместо самата слика на сушена пченка да зборува за Босна како застрашувачко место - затоа и присутна во романот - нараторката тенденциозно ја нарекува пченката „мртва“, поткопувајќи го

ефектот одвнатре. И негативната перцепција на нараторката би можела да биде прифатлива доколку романот ја проблематизира. Но, се чини дека текстот не сака ни да ја прикаже нараторката како неверодостојна. Бројни детали постојат само за да се *објективизира* целосната негативност на Босна: куќата на семејството Бегиќ ја дели оградата со професор по биологија кој мириса на алкохол и сака да си игра со плетенките на Лејла (50); Мажот на Лејла е „човек џин“ (61), а таа има модринки на кожата (62); Мајката на Сара „само тивко ги полни“ влошките што се „каде што тато не гледа“ (68); при крајот на романот, Лејла неочекувано ѝ соопштува на Сара како наставникот по математика се обидел да ја злоставува во средно училиште (146). Романот претендира на теоретска освестеност, па така можеме да прочитаме: „Она за што зборуваат тие момчиња [зборуваат за патлаци] - ние го немаме тоа, тоа е нешто друго, само нивно“. Во таа разлика се состојат сите срамови и стравови на нашиот свет“ (169). Иако е атрактивен, овој коментар не е оправдан со текстот, кој всушност воопшто не ја тематизира *другоста* на жената во однос на мажите, освен пасивно како речиси секое друго дело, па дури и на места кои нудат можност за тоа. Модринките на Лејла добиваат практично исто онолку простор во романот колку и дополнувањето на залихите на влошки и притоа се подеднакво структурално нефункционални. Многу сериозна и сложена тема овде - во роман кој говори за односот меѓу две жени - е само клишеизиран детаљ што треба да ја комплетира сликата за Босна како место на злото и ужасот.

На сличен начин текстот ги третира и родителите на Сара. Кога Бегиќи стануваат Бериќи (а тој детаљ е ефектен и *парадигматски*), а Армин го обвинуваат дека ти отрул комшиските кучиња, таткото на Сара, инаку началник на полицијата, додека „со гадење„ го изговара новото име на Армин „Марко Бериќ“, зема „уште еден мрсен батак од чинијата. Го глодаше, и понатаму намуртен [...]“ (52). Во друга прилика, откако Армин веќе исчезнал, таткото изјавува дека тоа не го чуди, бидејќи бил проблематичен, а мајката проверува дали сопругот мисли на „Бериќ“ глодајќи го батакот. Мрсното се залепи на ситните влакна над нејзината усна“ (69). Родителите на Сара се претставени како националисти, или подобро кажано, опортунисти и малограѓани кои, наместо сочувство за семејството на најдобрата пријателка на нивната ќерка, покажуваат самозадоволство и супериорност поради фактот што некое друго семејство моментално е во малцинство и во немилост. Секако, не е проблем да се прикаже национализам и опортунизам. Но, родителите на Сара, постојано одново и одново се прикажуваат како категорично негативни (на пример, додека го избирала својот прв градник со својата ќерка, мајката гордо ги фаќа своите „тешки гради“ и коментира дека Сара изгледа „исто и тоа го има наследено од тато“ [31]). , особено одбивните (постарата мајка го малтретира чуварот и се „прејадува“ [129]), воопшто не се *свести* во Бахтинова смисла, субјекти за кои читателот би формирал мислење низ целиот роман. Како Лејла, тие се предметни, исти од првиот момент до последниот и во секоја ситуација, без нијанси кои би ги хуманизирале. Речиси и самите претставуваат единствено реквизит во еднозначното видување за Босна - можеби може да се каже, за Балканот - видување што романот го поддржува наместо да го проблематизира.

Највпечатлив пример за тенденциозност е настанот во кој Сара се присетува кога по пристигнувањето во Бања Лука го здогледала Кривиот часовник:

Таму еднаш, враќајќи се по блуткавата Ноќ на музеи, видов некој човек како ја шутира жена му. Сите само стоевме и гледавме, чекајќи некој друг да стори нешто. Кога заврши и го снема од плоштадот, таа жалната се крена и тргна во правец на пазарот. Пред тоа си го измазни фустанот со извалканите дланки. Часовникот и понатаму молчеше. Како и луѓето. (125)

Иако спомнувањето на *блуткавата* Ноќ на музеи ѝ штети на уверливоста и логички е проблематично, тоа покажува намера опишаниот случај да се вкотви во реалноста и да се лоцира во времето, па очигледно не треба да биде сфатено како кошмарно привидување на раскажувачката. Тој нема никаква функција во текстот, ниту е мотивиран со што било, освен намерата уште еднаш да му се нагласи на читателот каква е таа Босна во која, нараторката нема веќе никогаш да се враќа (159). Човекот (sic!) кој ја шутира својата жена и срамот на жената, како и модринките на Лејла, претставуваат само дел од декорот со кој овој роман му се додворува на читателскиот хоризонт на очекувања. Очигледно, *другоста* за која претендира да зборува текстот, не ја подрива (поткопува), туку ја зацрвстува на, понекогаш, крајно банални начини: Босна/Балканот категорично се означени како црна дупка, каде што мажите на улица шутираат жени, додека Австрија/Западна Европа се олицетворување на стерилен ред и строгост (176); врз основа на изгледот на мажот на Лејла, Сара претпоставува дека тој „е можеби осудуван, не му дозволуваат да патува, на пробна работа е бидејќи ограбил нечиј киоск“ (140); Лејла го контрастира сопственото однесување, по, меѓу другото, исфрлување на користениот тампон низ прозорецот на автомобилот, со однесувањето на „културна мала Европјанка“ (144), што не се проблематизира; итн.

Во годината 2018, не е доволно да потече менструална крв, па некој текст да се смета за ремек-дело на женската или која било книжевност. Амбивалентните односи помеѓу жените, нивната интима, па и меѓусебните бакнежи, присутни се и кај, на пример, Билјана Јовановиќ, која своите два најзначајни романи ги има објавено во 1978 и 1980, во време кога (теориската) освестеност сè уште не се подразбирала. Иако сака да зборува за актуелните и атрактивни теми, романот „Фати го зајакот“ не коригира ниту предизвикува читателски хоризонт на очекувања, туку ги комбинира неговите елементи за наполно да се вклопи, покажувајќи им на читателите дека е сè токму така, како што и самите мислеле дека навистина е.

Превод од српски на македонски јазик: Далибор Плечиќ

„УХ, САМО ДА МОЖЕВ ДА ОЧЕКУВАМ НЕШТО И ДА СЕ ПОДГОТВАМ ЗА ПРОМЕНИ!“

Интервју со Ивана Дражиќ



Ивана ДРАЖИЌ е главен и одговорен уредник на порталот *Booksa.hr*, новинар, критичар, член на Регионалниот колектив на женски книжевни критичари *Побуњене читатељке (Побунети читателки*) и културен работник.

Д.П. Како пристапуваш кон изборот на содржина за порталот *Booksa*? Кои фактори влијаат на твојот избор на статии или критики?

И.Д. Порталот има неколку категории авторски содржини што се постојани и помалку или повеќе фиксни - литературни критики, препораки, колумни, интервјуа, есеи и тематски текстови - чиишто општи содржини генерално ги планирам на месечно ниво, а поконкретни на дневна основа за да биде што е можно поактуелно и во чекор со времето. Целата таа содржина веќе има фиксни денови во неделата: со години објавуваме прегледи во вторник, препораки во среда, колумни во четврток и петок. Ова им овозможува на нашите читатели да знаат што и кога можат да очекуваат (да не речам исчекуваат :)) на порталот, а и мене тоа ми го олеснува животот. Што се однесува до поединечните текстови - важно ми е тие да се актуелни, критички, читливи, ми се допаѓа кога гледам дека нашите автори, новинари, критичари развиваат свој стил, дозволуваат сопствената личност да проникне во текстовите. Само што нема услов за „објективност“ на текстовите на авторот, зашто тоа ме згрозува.

Д.П. Кои критериуми ги користите кога одлучувате кои автори или книги да ги истакнете на порталот и како одржувате рамнотежа помеѓу промовирањето на веќе воспоставени имиња и откривање нови?

И.Д. Немам впечаток дека некого истакнуваме на порталот, ниту така пристапувам кон содржината или изборот на текстови, ниту дека некого промовираме на порталот. Генерално, важно ми е да остварам баланс на пишување за афирмирани и нови имиња. Важни ми се книгите, нивните идеи, и ставовоите на авторите и авторките. Ако некоја книга ми е интересна и нашите новинари и новинарки се согласат со тоа и сакаат да пишуваат за книгата, не калкулирам премногу во смисла на следење на популарноста, реакциите, кликовите и др. Настојувам да не подлегнувам на хајпот, да работам без императив на подлегнување под моменталната популарност и верувам дека долгорочното е најдобро. Booksa е потполно независен портал. Се финансираме со јавни средства, што значи дека финансиите ни се прилично ограничени, но и да можеме да останеме верни на себе и на своите вредности.

Д.П. Како вашиот уреднички тим соработува со дописниците и какви насоки или повратни информации давате за да се обезбеди конзистентност и висок квалитет?

И.Д. Секогаш ми е важно да им давам повратни информации на нашите колеги, особено на помладите, на кои често им е прво искуство како новинар и критичар, многу работам на нивните текстови и уживам. Насоките зависат од типот на текстот и се движат од воведни, пред да се напише самиот текст: на што да се обрне внимание, што друго да се прочита, каде да се истражува и сл., до детална работа на текстот - пред сè, аргументација, но и содржина, стил, до општ коментар за текстот, неговите силни и слаби страни.Се разбира, обично има многу помалку работа и повратни информации за текстовите на долгогодишните соработници, но тие секогаш постојат и тоа ми е важно. Претежно се согласуваме околу предлозите, но сосема е во ред кога тоа не се случува.

Д.П. Како Booksa обезбедува разновидност и инклузивност во содржината презентирана на порталот, како авторски, така и тематски?

И.Д. Преку барање автори, авторки, феномени, книги, иницијативи, теми што не мора да ни се „пред нос“, кои инаку би поминале под радарот, преку отворање простор за соработка со помлади луѓе - новинари, критичари, долгогодишни соработки и односи, отвореност за предлози, објавување содржини кои се критички и опуштени, а ангажирани и духовити.

Д.П. Можеш ли да го опишеш уредувачкиот процес од поднесувањето ракопис до објавување на порталот? Кои чекори се вклучени и како ја одржуваш ефикасноста?

И.Д. Би сакала да има конкретни чекори и скала за мерење на сопствената ефикасност, но уредувањето портал е многу динамична работа, вклучува многу невидлива работа (од собирање средства, известување до одржување врски, читање, кореспонденција итн.), уредување на порталот Booksa.hr, во моето здружение *Kulturtreger*, издавач на порталот, се занимавам и со други работи, па речиси е

невозможно да се бројат чекорите и да се следи хронологијата, но се трудам. :) Мислам дека веќе делумно одговорив на ова прашање во третото прашање, чекорите се од првичен договор за темата и по потреба првични инструкции, до работа на текстот, враќање на текстот онолку пати колку што е потребно во верзијата дека и авторот и јас сме задоволни. Ја одржувам „ефикасноста“ давајќи 100% од себе во работата со авторот, што не значи дека финалниот текст е секогаш совршен, но барем знам дека дадовме сè од себе.

Д.П. Како постапуваш во ситуации на несогласување или различни мислења меѓу дописниците во врска со литературните дела или критичките перспективи?

И.Д. Никако. :) Немам никаков проблем да не се согласувам со моите соработници за нивното мислење за книгата, сè додека нивниот став е добро аргументиран, можам да ја критикувам мојата омилена книга, веројатно нема ни да трепнам. Се случуваше со ентузијазам да испратам неколку одлични книги до нашите критичари, а ако критиката беше негативна, ништо не се случуваше. Се разбира, имало и обратни ситуации. Малку „кринџам“ кога објавувам таков текст, ама тоа е тоа.

Д.П. Како книжевниот портал се приспособува на новите трендови во книжевниот свет, како што се промените во читачките навики, подемот на новите жанрови или влијанието на технологијата врз литературата?

И.Д. Не се прилагодува, но критички зборува за тоа. Сите овие теми ги разгледавме критички во различни видови текстови - есеи, колумни, интервјуа, истражувачки текстови. Но, не чувствувам притисок слепо да ги следам новите трендови или да ги применам ако не сакаме. Секако, ни се допаѓаат некои нови трендови, промени и жанрови, како што се подкастите, зголеменото присуство на литература на социјалните мрежи итн.

Д.П. Кои стратегии ги користите за да ја вклучите публиката на порталот и колку е важна повратната информација од читателот во обликувањето на стратегијата за содржина?

И.Д. Покрај постојаните новодојденци, порталот има и постојана и стабилна читателска публика, што во никој случај не е (само) моја заслуга. Порталот постои од 2007 година, го основаа моите генијални претходници Вања Бијелиќ-Павловиќ и Лука Остојиќ, го стабилизираа, дизајнираа рубрики и секако, ја донесоа публиката и читателите кои сè уште нè следат. Со јавноста комуницираме на социјалните мрежи, во билтенот, преку е-пошта, често во клубот Booksa и тој однос ни е важен. Без разлика дали тој фидбек е позитивен или негативен, ни е важен и секогаш го поттикнуваме.

Д.П. На кој начин ги поддржувате и промовирате младите писатели и како порталот придонесува за создавање заедница на љубители на литературата?

И.Д. Мислам дека веќе го допрев ова за поддршка на млади автори во претходните одговори - ако некоја книга ми дојде во раце и ми изгледа интересна, не гледам дали авторот е етаблиран, познат, стар или млад, не калкулирам според популарноста и бројот на кликови што ќе ги донесе некој автор/авторка или книга. Ако има одредени калкулации, тие попрво одат во насока на тоа дека нема да објавам текст за книга за која веќе прочитав 5 критики, 6 интервјуа со авторот и видов 7 јавни гостувања, туку би објавила една, прва рецензија за книгата, мислам на која вреди да се обрне внимание. Секако, би било идеално кога би можеле да објавуваме текстови за сите книги, но ние сме ограничени пред сè од финансиите и времето.

Мислам дека читателите, како што велите вие, „љубители на литературата“, го препознаваат овој искрен, некалкулаторски пристап и дека тоа е една од причините поради којашто нè следат.

Д.П. Како ја гледате иднината на книжевните портали и какви иновации или случувања очекувате на полето на книжевното новинарство?

И.Д. Ух, само да можев да очекувам нешто и да се подготвам за промени! Тешко е да се каже, технологијата се менува од ден на ден, исто како и медиумите и социјалните мрежи. Но, сакам да верувам дека квалитетот на содржината секогаш ќе биде на прво место. За мене секако е.

Д.П. Дали има нешто што те нервира кај книжевните критичари и критичарки и што би било тоа?

И.Д. Ништо не ме нервира, но да речеме дека не сум љубител на стремежот кон некаква „објективност“, објективниот пристап што го спомнав претходно, во кој не верувам. Јас дури и не сум љубител на обидот да ја опфатам целата книга и сите нејзини аспекти во еден текст од околу 5 страници, бидејќи тоа е главно невозможно и неуспешно.

Интервјуирал: Далибор Плечиќ

Лука ОСТОЈИЌ
(Загреб, Хрватска)

ПРОФЕСИОНАЛНА ЧИТАТЕЛКА

1. Умешноста на губење на времето

Ги затворивме очите. Вдишуваме преку уста, издишуваме преку нос. Се опуштивме. Седиме во удобна фотеља. Во нашиот скут е книга од Марсел Пруст со темнозелена корица. Полека одиме по страницата, збор по збор, ред по ред. Уживаме во тоа.

На полицата го гледаме целиот Прустов циклус. Во потрага по изгубеното време... Патуваме со поглед на полицата, волумен по волумен. Си кажуваме. Патот до Сван. Оммм...! Во сенка на зрели девојки. Оммм...! Војвотката де Германтес. Ооммм...! Содома и Гомора. Оммм...! Притвореник. Оммм...! Бегалка. Оммм...! Пронајдено е време. Ооммм!

Дишеме преку нос, издишуваме преку уста. Ооммм...!

- РЕЗ!

Магдалена ги отвори очите, се намурти и се почешка по бутот. Луѓето почнаа да трчаат околу сетот, да се превртуваат по каблите, да носат камери и стативи, да зборуваат и мавтаат. Стоев настрана и го чекав вистинскиот момент да си појдам дома. Магдалена дојде до мене, извади кафена цигара од својата димија и ја запали. Димот мирисаше слатко, што ме иритираше повеќе од вообичаената смрдеа на тутун.

- Добро ли беше?
- Претпоставувам, не се разбирам од телевизија.
- Мислам, дали сè беше во ред што се однесува до Пруст? Дали правилно ги изговарав имињата?
- Да, ги погоди сите наслови!
- Не ги погодив, ги знаев!

Таа се насмевна, зеде дим и театрално го издува.

- Сакаш да пробаш?
- Не, знаеш дека не пушам.
- Ова се посебни цигари, имаат вкус на бисквити и речиси не се отровни. Тоа е како цигари за непушачи.
- Непушачите не пушат ништо. Кој има потреба од цигари без чад?

Јас ги превртев очите, а и таа. Таа кашлаше.

- Сакам да поразговараме за твоите белешки за романите на Пруст.
- Што е со нив?
- Треба да ги скратиш.
- Да ги скратам?
- Да. За секое дело треба да направам видеоснимка од две минути. Не ми требаат опширни белешки.

- Да, но тешко е да се сумира целиот роман во неколку белешки.
- За име на Бога, тоа е Пруст...!
- Не разбирам!
- Зарем не е познат по тоа што ништо не се случува во неговите романи?
- Тоа го кажуваат само оние што не го прочитале.
- Во суштина, ми требаат многу пократки белешки. Само три или четири белешки по роман што потоа можам да ги користам за медитација. Во ред? И тоа ми треба до утре наутро.
- Добро. Може ли да одам сега?
- Можеш.

Се упатив кон излезот од студиото. Магдалена почна да вика по мене.

- Дијана!
- Што бидна?
- Добра работа правиш. Добро читаш романи. Го ценам твојот придонес.

Половина од сетот стоеше таму и зјапаше во мене. Се свртев и го забрзав чекорот.

*

Повикав од вратата на станот:

- Се надевам дека си зготвил нешто, гладна сум и лута!

Од кујната се појави брат ми, свежо избричан, во поткошула со престилка околу појасот. Во раката ја стегаше црпалката небаре ќе ми ја забие во главата.

- Шуе, кој курац!
- Шо, шуе!
- Направив граф.
- Добар ли е?
- Маме ебаа!
- Така ми кажи! Стави ли колбас?
- Ставив, зошто? Да не си пак вегетаријанка?
- Ма, од утре ќе бидам. Ајде да јадеме!

Ги помрднав своите хартии и книги од масата за да собере две чинии и чаши. Брат ми ни стави од гравот. Ја пробав првата лажица и за миг помислив дека Бог постои.

- Стварно си научил да готвиш.
- Него шо!
- То би требало да ти е твојата работа. Стварно би требало.
- Што знам... Сакаш пивце?
- Не, не можам да пијам, морам после да работам.
- Уште треба да работиш? Ебате, таа Анда би требало со злато да те плаќа.
- Коза!
- Кој своето дете го крстува Анда?
- Ти реков дека то ѝ е уметничко име. Вистинското име ѝ е Магдалена.
- Да ѝ се посерам на постелката.
- Да. Морам денес да ги преправам белешките за Пруст и да продолжам да го читам Кнаусгард за следната недела.
- Зошто не најдеш друга работа?

- Зошто ти не најдеш прва работа?

- Еве го, тргнува...

- Или, за почеток, зошто не најдеш друг клуб за кого ќе навиваш?

- Измиј си ја устата со сапун пред да го спомнеш *Динамо*!

- Не го сакаш клубот поради Мамиќ. Не одиш на стадион оти ги бојкотирате натпреварите. Не излегуваш никаде. Каква смисла има тоа?

- Кога сакаш, сакаш, иако нема смисла!

- Зар не би ти било подобро да навиваш, да кажеме, за *Хајдук*?

Брат ми зеде зрно грав и со сета сила ме погоди во глава.

- Тоа боли!

- Мене повеќе ме боли.

- Добро, сори! Фала на ручекот!

- Еби се!

- И ти!

- Измиј ги садовите!

- Ок!

*

Седнав и го зедов четвртиот дел од *Мојата борба*. Бев при крај, но за среќа имаше уште две книги. Влегов во ритамот на речениците, се смирив и го изгубив чувството на дисконтинуитет што ме следеше цел ден. Откако ќе ги завршам сите шест книги, ќе почнам повторно.

Текот на читањето траеше десет минути. Во собата влета брат ми, ме погледна грдо и рече дека имам повик.

- Кога ќе набавиш мобилен веќе еднаш? Малите по градинки имаат iPhone, само ти глумиш некој кур.

- Се бавам со читање, ми треба мир во континуитет, мобилен само би ми пречел.

- Зошто макар не споиш телефон во својата соба?

- Тоа би ми било исто како да имам мобилен, зар не?

- Да, само што вака јас морам да ти изигравам секретарка!

- Што им фали на секретарките?

- ...

- Добро, кој се јавува?

- Кој друг? Анда.

- Што сака сега?

- Кажа да ти пренесам порака дека вечерва по некоја промоција мораш да дојдеш во *Лимб* на дружење.

- *Лимб*? Вечерва? По промоцијата? Која промоција? Нема да стигнам, морам да работам, и тоа морам да работам *за неа*. Како мисли таа?

- Мене ме прашуваш? Ти личам јас на твојата шефица?

- Малку. Леле, како не ми се оди! Сакаш со мене?

- На дружење со писатели? Попрво би да ме ебе носорог во газ.

- Добро, можеше само да кажеш *не*. Уф...!

*

Седев со Магдалена и старите поднапиени писатели во шарено сепаре. Тие зборуваа за себе и книгите што ги пишуваа, за своите *проекти*. Морав да бидам таму исклучиво за Магдалена да им покаже на останатите дека има асистентка. Притоа, не смеев да привлекувам внимание на себе, што беше лесно – ниту го сакав нивното внимание, ниту би ми го дале тие. Сепак, додека се натпреварувааи си ласкаа меѓу себе, ме забавуваше тоа што сум единствената личност на масата којашто ги има читано. Додуша, можеби затоа е подобро ништо да не ме прашуваат.

- А ти, Дијана, пишуваш ли нешто?

Прашањето го постави еден малку мрзлив автор на неколку просечни романи. Сите замолчеа и ме погледнаа. Знаев дека ако кажам дека не пишувам, туку само читам, ќе ме убедуваат до крајот на вечерта дека не треба да се срамам од моето пишување и дека треба да го изразам она што ми е на душа. „Секоја студентка на Филозофски чува барем еден од нејзините романи во својата фиока“, ми рече еднаш академик, кој потоа се обиде да ме бакне.

- Да, пишувам.

- А што?

- Поезија. Концептуална.

- Убаво!

Магдалена ме погледна зачудено, а останатите се вратија на зборувањето за себе. Успеав. Станав потполно невидлива и непобедлива. Самоуверено станав и отидов до шанкот без збор. Нарачав пелин и го погледнав типот покрај мене, средновечен лик со каубојски шешир на веројатно проќелавата глава. Гласно се насмевнав. Тој се сврте. Се насмевна. Тибам!

- Карла, стави го тој пелин на моја сметка.

- Не, стварно не треба!

- Молам, не е убаво на постар господин да му скратиш чест да ти плати пијалак.

- Не, сакам да си го платам својот пелин.

- Дозволи! Не мораш да ми се претставуваш. Не мора да разговараме. Ништо не мора. Само дозволи ми да те честам со пијалак!

- Навистина...

- Карла, го решивме тоа. Госпоѓице, на здравје!

Ги подигнав рамениците, го зедов пелинот и пивнав. Се свртев. Магдалена возбудено зборуваше и гестикулираше. Не смеам да одам дома, али можам уште да се задржам тука. Каубоецот не ми делуваше опасно.

- Ја сум Дијана.

Типот го симна шеширот (проќелав е) и го подаде на келнерката која без гледање го одложи на полицата над шанкот.

- Јас сум Марко. Драго ми е! Гледам дека седиш во избрано друштво. И се занимаваш со пишување?

- Ех...!

- Слободно, кажи!

- Па, воопшто не пишувам, туку се бавам со читање. Читам книги и правам белешки за разни литературни блогови, влогови и такви глупости. Сега сум ангажирана

на пишување на сценариото за книжевна медитација предводена од Анда. Сте слушнале за неа?

- Како не! Значи, професионална читателка. Ја ценам таа работа, малку се оние кои читаат интелигентно и посветено.

- Фала, веројатно!

- Што читаш сега?

- Само што завршив со читањето на циклусот на Пруст, а сега ја читам *Мојата борба* на Кнаугард.

- И не се занимаваш со пишување? Тоа ми е баш интересно. Се дружам со луѓе кои пишуваат и со помош на пишувањето се обидуваат да се разберат себеси. А ти, всушност со читањето на некој Пруст се обидуваш да се разбереш себе.

- Не, од каде сега тоа? Не се обидувам да се разберам себе.

- Туку?

- Се обидувам да го разберам Марсел.

- Марсел? Би прочитала толку страници за да разбереш некојси Французин?

- Се разбира, Марсел е многу интересен.

- Толку интересен?

- Поинтересен од сите луѓе кои се сега тука, вклучувајќи ве и вас.

- Охо!

- Без навреда, но Марсел е уникатен лик, а вие сте само тип кој глуми каубој.

Тој се насмеа гласно. Ја подаде раката кон шанкот, а келнерката му ја подаде капата.

- Ми се допаѓа твојата директност! Те молам, земи ја мојата визит-картичка.

Ми подаде убаво парче хартија на кое пишуваше „Марко Краљевиќ, Краљевиќ ДОО“.

- Краљевиќ Марко? Се заебавате.

- Хаха! Ако некогаш ти пропадне бизнисот со госпоѓа Анда или ти е здодевно, јави ми се! Секогаш имаме простор за такви.

Ја стави капата, го потапка колегата што спиеше на шипката по рамо, лежерно ми замавна со рака и си замина. Ја погледнав визит-картата и ја ставив во паричникот. Почувствував ненадејна возбуда. Се вратив во сепарето. Магдалена сè уште зборуваше, беше на друго ниво на свест. Можам да почекам уште пет минути и потоа да си одам дома.

2. Борба секој ден

Застанавме. Избравме точка на која потоа се фокусиравме. Не гледаме наоколу. Не слушаме надворешни звуци. Го слушаме нашето тело. Нашето срце чука, крвта тече низ нашите вени. Чувствуваме немир. Во нас се одвива тешка и безмилосна борба, борба за живот и смрт, борба меѓу двајца вечни и непомирливи непријатели – меѓу мене и мене. Тоа е твоја борба. Ова е нашата борба. Тоа е Мојата борба.

Немирот се засилува. Температурата е во пораст. Јасно го гледаме страдањето на Карл Ове. Раскинување со Тоња. Слободен живот во Стокхолм. Семејни тензии. Писателска блокада. Ние сме во тесен клинч, но наоѓаме сила. Кажуваме имиња и пееме. Хајди. Ооооооммммм... Вања. Ооооооммммм... Ана. Ооомммммм... Џон. Ооооохмм...

- РЕЗ!

Во таксито се чувствував возбудено и виновна, како да го изневерувам мојот непостоечки сопруг со невидлив љубовник. Таксистот ми раскажа за реалното шоу што го гледал синоќа. Се прашував што ќе се случи ако почнам да му кажувам за Кнаусгард. Веројатно ќе заспие среде возење, а нашето такси ќе излета од патот, ќе се сруши од карпа и ќе експлодира.

- Еве сме госпоѓице! - ме разбуди од моето мечтаење.

Возбудата стивна штом влегов во стаклените дворци на Краљевиќ Марко на ул. „Радничка цеста“. Низ собата се шири сладок мирис како корпоративен темјан. Мртвата сериозна рецепционерка ме фиксираше со очите и рече: „Осми кат“. Лифтот беше куќа од огледала што лета во вселената. Наскоро се најдов во огромна, светло осветлена канцеларија пред г. Лимбо. Стана, вкочанет поради тесниот костум и полека се приближи да ми подаде рака. Магијата ја нема. Неговите шеги прегласно одекнуваа во акустичниот простор. Во аголот имаше фикус дрво кое изгледаше вештачко. Дневната светлина неблагодарно паѓаше врз неговата глава и, иако мислев дека тоа нема да го кажам за некого, тој изгледаше подобро со каубојска капа отколку без неа. Неговиот поглед беше малку тажен. Тој ми објасни што работи неговата компанија и што може да ми понуди. Само чекав да замолчи и да ми подаде рака за да знам дека можам да побегнам. Кога тоа се случи, му реков дека ќе размислам за тоа и ќе се јавам.

*

- Брат ми, денес бев на разговор за работа.

- Јачина! Ќе прифатиш и ќе ѝ кажеш на Анди да оди во три лепе?

- Не. Не ми се допадна. Целата атмосфера е чудна, а ни работата не е некое лудило. Би требало да пишувам семинарски за некои мрзливи дечишта.

- Па?

- Не читав во школо лектира за дваесет години подоцна да пишувам на дечиштата лектири.

- А зошто читаше лектира?

- Бидејќи сакам книги.

- Ха, јебига сега.

Брат ми делуваше чудно. Се дереше помалку од вообичаеното, не пиеше пиво и не чепкаше со виљушката по помфритот. Што е со фраерите денес?

- А, ти што си? Во ред си?

- Нормално. Јас сум секогаш во ред. Зошто не би бил?

- Не знам. Зошто?

- Да, зошто?

Со виљушката набоде пет компири и долго ги набљудуваше како му е жал за нив.

- Знаеш ли кој ме бараше? Пајсер.

- Пајсер? Оној што се зближи со Мамиќ?

- Да, оној што не дојде со нас во бојкот.

- Зошто те бараше?

- Па, бевме најдобри пријатели. Се јави да види како сум и дали би се нашол со него на пијалак.

- Знам дека бевте пријатели, но зошто сега ти се јавува? Колку време помина откако се немавте слушнато?

- Пет години. Не знам зошто се јавува сега.

- Го праша?

- Не. Му реков да оди во три пички мајчини и затворив.

- Леле, брат...

- Тој е за мене мртов.

- Добро, но можат да ти недостасуваат мртвите. Можеш да си тажен. А ако се претпостави дека мртвите всушност не се мртви, можеш да се најдеш со нив и да го прославиш тоа што се сепак живи.

- Сестро, кога ќе кажам дека за мене е мртов, знаеш на што мислам. Немој да ме ебеш со своето филозофирање!

- Ок, во ред. Одам во библиотека. Морам да го позајмам Данијел Драгојевиќ додека некој не ми го украде.

- Братот на Оливер?

- Не, ама меѓу читателите е популарен како да е Оливер. А бидејќи типот не дава да се печати повеќе од еден тираж од неговите книги, цело време сите се бориме кој ќе стигне до Драгојевиќ.

- Не контам. Луѓето бараат книги, а тој не дозволува да се печатат нови? Зошто, ебате? - Писатели.

- Сите сте вие луди у курац.

*

Влегов во библиотеката непосредно пред да почне дождот. Стоев на вратата, го гледав невремето и размислував како ќе го поминам следниот половина час на топло и суво место каде што ќе пребарувам по книгите.

Ѝ покажав на библиотекарката со прст дека се качувам на катот горе. Немаше никој во делот за позајмување. Тип со мозолчиња се двоумеше пред романите на Стивен Кинг. Дечкото во долгиот црн капут нервозно копаше по стриповите. Две девојки гласно шепотеа за Рита Ора, но јас успешно ги игнорирав. Минував низ полиците на странската литература за да видам што е ново и да одолговлекувам со стигање до целта.

Во одделението влезе тип во капут, застана до мене и почна да ги гледа книгите. Зошто би бил заинтересиран за полската и унгарската литература? Зеде роман од Ласло Краснахоркаи, го отвори и со див поглед се загледа во книгата. Додуша, тоа беше нормална реакција. Се прекорив себеси поради моите предрасуди за морничави мажи, а тој ми пријде и ми шепна.

- Простете, морам да ви покажам нешто важно!

- Молам?

- Ситуацијата е итна и битна! Хм, простете, римата не е намерна!

- Кој сте вие?

- Кога ќе ви го покажам тоа, сè ќе ви биде јасно.

- Зошто шепотите?

- Бидејќи сме во библиотека.

Сè уште не можев да се одлучам што да мислам за него. Изгледаше многу сериозно и напнато, а кој се однесува така во библиотека? Но, можеби тој има добра причина. Кимнав со главата. Го рашири капутот. Очекував дека ќе ми покаже некој предмет, бец или прстен, нешто неочекувано. Ништо од тоа. Апсолутно ништо. Имаше бели влакна на стомакот и градите. Црвеникавиот патлак му висеше незаинтересирано. Рацете што го држеа капутот благо се тресеа. Сето тоа многу ме растажи.

- Добро ли е? - ме праша.

- Што сакате од мене?

- Па, ништо, апсолутно ништо.

- Зошто го правиш ова?

- Не знам.

- Дали ова те возбудува? Колку што можам да видам, не баш.

- Не.

- Тогаш зошто?

- Не можам да се воздржам.

Потиштено почна полека да го закопчува палтото. Видов солзи во неговите очи. Се плашев дека ќе почне да липа. Се свртев и брзо погледнав во полицата. Ја зграпчив книгата на Слотердајк *Својот живот мораш да го промениш*.

- Еве, позајми го ова и прочитај го!

Ја прими книгата, малку ја прелиста и се намурти.

- Филозофија?

- Ама само насловот е битен. И внатре има една песна на Рилке со тој стих, мислам дека вреди да се прочита. Останатото не ти треба.

- Звучи добро. Ви благодарам!

- Соберете се, човеку, не можете вака да се однесувате!

- Ти благодарам многу!

- Да. Сега ве молам да се мрднете, морам по моите книги!

- Во ред.

Внимавав случајно да не се допрам со него на поминување. Додека стигнав до хрватската поезија, Драгојевиќ веќе го немаше. Кој ми го зеде? Стигнав до младата библиотекарка која го читаше Сали Руни. Чукнав на пултот, а таа одвај го подигна погледот.

- Простете, дали некој пред малку го позајми Дранијел Драгојевиќ?

- Да.

- Кој беше тоа?

- Некоја женска. Да не сте вие од полицијата?

- Не, само ме интересираше.

Ми беше доста од сè, но сепак малку се расположив кога видов дека дождот се има смирено и дека излегло предвечерното сонце.

- Макар дождот престана - ѝ дофрлив на библиотекарката. Таа погледна низ прозорецот, ги подигна рамениците и продолжи да чита.

3. Скалинада

Доцното летно сонце нежно ни удира во тилот. Ги затворивме очите и отпловивме во вселената. Ја набљудуваме околината со затворени капаци. Се наоѓаме на Цвјетни трг. Седнуваме на тераса, ја гледаме шолјата и со палецот оставаме трага во талогот од кафето. Одеднаш сме во опсерваторијата. Сите наши сетила работат. Секаде молчиме, ѕвездената небо над нас и тивкото ширење на далечната вселена во нас. Конечно одиме по пругата и пристигнуваме дома, уморни. Гледаме низ прозорецот. Потоа гледаме во прозорецот. Стануваме прозорец. Каде и да сме, секогаш сме некаде. Ооомммм...!

- РЕЗ!

- Драгојевиќ те инспирира, никогаш не си пишувала досега вака продуховено - рече Магдалена.

- Да, си дадов малку слобода - признав. Ми се приближи возбудено, како тинејџерка којашто се фали на другарка ѝ дека го ѝ го завела симпатијата.

- Дијана, наскоро со овој Данијел Драгојевиќ ќе бидеме полни ко брод.

- Со Данијел Драгојевиќ?

- Па, не со него, всушност без него. Не смее ништо да знае. Не кажувај никому за ова!

- Немам кому.

- Одлично! Во основа, почнуваме сами да ги печатиме неговите книги што ќе ги продаваме преку "Душкало".

- Зар не е тоа забрането?

- Луѓето сакаат да му ги читаат книгите, но поради неговиот хир не дозволува да се печатат нови изданија. Зошто да не им дадеме на луѓето поезија?

- Не знам дали смееме.

- А луѓето смеат да ги објавуваат неговите песни на Интернет?

- Добро, да, тоа е иритантно...

- Гледаш? Подобро е да се печати во оригинален облик и да се шири наоколу. Ќе му ги пуштиме песните на слобода. Патем добро ќе заработиме, неговите книги за "Душкало" чинат како да се насликани од Пикасо.

- Знаеш што, Магдалена? Во право си! Само напред!

- Дијана, многу ми е мило што ти се допаѓа идејата! - Магдалена ме гушна. Ја душкав нејзината марама (мирисаше на мирисливи свеќи и тутун) и чекав да ме пушти.

*

Кога стигнав дома, брат ми беше на излегување. Изгледаше сосема поинаку, како некој да го има убаво нашминкано.

- Брат ми, со кого одиш да се ебеш?

- Ти се занимаваш со некоја култура, а вулгарна си у пизду материну.

- Што е со ручекот?

- Ене ти го во рерната, не мораш да го грееш, или можеш малку.

- Лазањи?

- Да.

- То, брат, те сакам! Каде одиш?

- Да се најдам со Пајсер.

- Со Пајсер! Што? Се смиривте?

- Вели дека се променил и дека излегол од сите срања, па одам да проверам. Треба да им се даде на луѓето нова шанса, сфаќаш, сигурно го имаш тоа прочитано негде, а?

- Што си се средил така? Гледај го, ова нова виетнамка ли ти е?

- Не е, туку ја исправ.

- Си ги изгланцал и мартинките.

- Морав, улиците се полни со кучешки гомна, да им ебам матер и на доселениците и на пургерите!

- Си се избричал и добричал.

- Види, не можам да изгледам како клошар како ти.

- Да не си ти заљубен у Пајсер?

- Немој Пајсер да ти дојде на погреб. А ти, како беше со Анда?

- Супер.

- Супер? Ебате, сега одеднаш ти е супер... Ѝ го кажа ли тоа?

- Не.

- Не ѝ кажа? Која пичка си ти... А кога ти е состанокот?

- Вечерва, во Универзитетска библиотека.

- Како се вика таа организација во која си?

- Да ти кажам, Пајсер би дошол на твој погреб.

*

Според договорот, облеков сива маица и дојдов во библиотеката. Се качив во читалната во студиото каде што немаше жива душа. Еден стар и намрдан чувар дојде до мене, ги преврте очите и се накашла.

- Госпоѓице, доста е читање за денес, затвораме!

- Се извинувам, возот ми задоцни.

- Твојот воз доцни?

- Да, на станицата Каптол имаше гужва.

Чуварот кимна со главата и ми даде знак да го следам. Дојдовме до една полица покрај ѕидот. Го зеде Фокнеровиот *Бука и бес*, а полицата почна да се тресе и да се движи. Во ѕидот се отвори премин. Влегов внатре и наидов на идентична студиска читална, само што овде седеа дваесетина жени во сиво кои читаа книги. Накратко го подигнаа погледот и се вратија на читањето. Само една постара жена носеше портокалов капут. Со својот став ме потсети на Ени Ленокс. Ми се насмевна.

- Еве, ни стигна Дијана. Ќе почнеме ли со состанокот?

Се слушна џагор.

- Може ли да почекаме уште пет минути? Само да завршам со циклусот на песнице! - кажа една млада жена.

- Таман ја уловив нишката на реченицата на Џудит Батлер, ќе ја изгубам ако сега престанам - тивко додаде другата.

- Сега ќе го открие убиецот! - викна третата.

- Тишина! - вресна Ани, а тогаш тивко додаде: - Во ред, уште пет минути.

Чекавме и молчевме. Една по една ги спуштаа книгите на масата. Кога последната го заврши читањето, почнавме со состанокот. Само Ани зборуваше.

- Дијана, со години и со задоволство ја следиме твојата работа. Многу сме среќни со твоето предадено и ненаметливо читање.

- Ви благодарам!

- Со тага гледавме како работиш во услови во кои твојата работа не се цени, каде што мораш не само да читаш, туку и да *пишуваш*, и тоа грди текстови што ги читавме со грутка во грлото.

- Да, не беше лесно.

- Затоа сме спремни да ти помогнеме да го напуштиш тоа, се извинувам на грубата референца, *калиште* и да влезеш во ново поле, во нов свет. Но, мораш веднаш да знаеш дека тоа нема да биде лесно.

- Свесна сум за тоа.

- Пред да те примиме под свое, треба да одговориш на неколку прашања. Во ред?

- Да.

- Дали си спремна да посветиш време кое инаку би го поминала во дружење со фамилијата, пријателите, љубовниците?

- Веќе го посветувам, значи сум.

- Дали си спремна, буквална и во преносно значење, да ги потрошиш сите нерви на работа со текст, со луѓето и проблемите неврзани за текстот?

- Да, ако морам, да!

- Дали си спремна да изгубиш контакт со реалитетот, односно со дневната политика и секојдневната рутина што луѓето ја нарекуваат реалитет?

- Апсолутно!

- Имаш ли издавачки план?

- Па, немам, впрочем. Има многу што треба да се објави, доста битни романи од Јужна Америка, па од САД има неколку одлични поетеси кои не се преведени, а има многу и занемарени писатели од нашиот регион...

- Добро, доста, тоа е доволно. На крај, имаш ли доволно голем складиштен простор за вишок на изданија?

- Имам место во подрумот, да.

- Одлично. Спремни сме да ти доделиме почетен капитал, работна соба, Сузана која ќе ти врши администрација и Весна за прелом.

Две жени станаа и се запознаа со мене. Срцето почна да ми чука кога сфатив дека наскоро овие две, кои беа толку слични со сите на масата, ќе ми станат посебни и битни. Ани ми пружи старо и дотраено издание на *Франкештајн* од Мери Шели. Ја ставив десната дланка на книгата.

- Дијана, се заколнуваш ли дека со својата работа ќе ги затрупаш полиците на библиотеките и книжарниците и дека нема никому да кажеш за оваа организација?

- Се заколнувам!

- Добро ни дојде! Среќно со работата! Доколку немаш прашања, може да продолжиме со читањето.

Превод: Далибор Плечиќ

Бојан БАБИЌ
(Србија)

Делови од романот во создавање со работен наслов:

ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДОСТОЈОТ

1.

Триесет години. Толку поминаа.

Се најдов пред пространата жолта двокатница.

Досега се немав појавувано на јубилејните собирања на бившите ученици. Колку и да сакав да ги подгреам спомените од доцното детство, да се видам со драги луѓе, да се уверам дека нешто што било, не може да исчезне, туку само се скрива, животот тоа не ми го дозволуваше. Каков суд за тој живот има овој економски, културно и инфраструктурно запустен кат од светот во вид на мојата родна паланка? Во разгледувањата на малограѓанската порота секако ќе се најде место и за завист. Не ми е гајле!

Играта на случајот ми помогна да се појавам, и ако се има среќа и добра волја, да ги развеам евентуалните предрасуди за себе.

Претстојната есен агресивно ми се нафрлуваше со лисјата од платаните додека се обидував да заземам лежерна поза. Чувствував блага трема. Моите стапала дремаа во мирните океани на омилените ми летни кондури – нешто што потсеќа на еспадрили. Кога сум во нив, сè е во ред. Можат да ме одведат и некаде другаде, но и овде не е толку лошо како што на некое момче загледано во другоста на светот, младич каков и самиот бев, би можело да му се пристори. Денес мојот окулар дава објективна слика со помалку страст, со повеќе надеж.

Се колебав.

Од неодредена далечина се слушна радиото. Извештај за водостојот.

1.а

Река Дунав, Линц – четри, нула, два. Четиристотини и два сантиметри.

Корнојбург – четири, два, седум. Четиристотини дваесет и седум.

Братислава – четири, пет, еден. Четиристотини педесет и еден.

Од соседството допира лаење. Итерацијата (повторувањето) е мрзлива и немилосрдна. Се меша во фреквенцијата. Зуењето на зунзарата (мува) заробена во завесата ја збогатува саботната хармонија на ритмичките фигури: секстолите, септолите, немирните синкопи.

„Што рекоа за Братислава? Четири, пет. Што уште?“

„Еден.“

„Четири, пет, еден. Четиристотини педесет и еден.“

Комарно – два, четири, три. Двесте четириесет и три.

2.

Наследив куќа.

Наследство, духовно и материјално, тег кој нè држи врзани за затворската ќелија на патријархатот и капитализмот, ќе каже Ида со морничав тон кога следниот пат ќе се собереме на нашата традиционална тримесечна вечера. Одвај чекам да ни дојде. За разлика од неа, веста за смртта на вујко Адам и оставината што ни ја намени, кај мене не пробудија идеолошка вообразба, туку само чувство на срам, бидејќи не можам да се присетам на неговиот лик.

Искосената двособна колиба нема особена вредност сама по себе, но питорескниот поглед на езерото и шумовитите ридови ми шепнаа: „Оливер, овде ќе ги поминуваш летните вечери кога ќе дојде време за пензија“. Да се очекува од Максо (Како го неривра тоа кога го викам така. „Макс. Јас сум Макс!“) и од Ида да ја разберат мојата новородена љубов кон родниот крај и плановите за преуредување на идниот летниковец, тоа би било премногу. Можеби еден ден како навистина пораснат. За нив секој имот е, пред сè, општествена неправда и привилегија, потоа и главоболка, данок, сметки за комуналии, редовни поправки, чистење, трева што мора да се коси и покрив што прокиснува, тег од другата страна на клацкалката на слободата. Да, за нив животот е игралиште, отворено поле на можности. На крајот на краиштата, заради тоа цел живот изгорувам. Не се каам.

Не би останал во М повеќе од неколку дена. Тромавата провинциска администрација е виновна за мојот дводневен престој кај мајка ми. Се искомплицира. Дел од земјиштето сè уште се водеше на име на таткото на Адам. Требаше да се влезе во оставинска расправа. Тогаш исплива тестаментот. Референтот го прифати, но не го обработи. Тоа му беше последниот работен ден. Веројатно прв и единствен човек во историјата на општинската управа кој бил отпуштен поради неажурност. „Сè ќе биде во ред“, ме уверуваше правничката од Катастарот, зјапајќи во мене како да проси. Сè мора да биде заведено и тоа оди преку централата. Компликацијата не беше неочекувана, бидејќи знам каде сум, но не е пријатна. Јас сум човек полн со обврски.

Бев принуден да го продолжам одморот. На клиниката не се бунеа.

2.а

Естергом – еден, четири, три. Сто четириесет и три.

Будимпешта – еден, девет, нула. Сто и деведесет.

Движењата на секундарката се погласни од големиот праскот (крцкање). Шират клевета дека живата и неживата природа се обичен декор без интерес за судбината на смртникот. Тоа е завера на никогаш откриените злосторници коишто ги кријат своите емоции од светот: тешка воздишка на sидот пред погледот на мажот кој се одзива на презимето Раковац; пеколен врисок на прозорското окно подотворено од раката на старицата – неговата мајка; безгласен плач на бродскиот под под стапалата на непостоечките патници, со стапки отежнати од пријатна самотија...

Неколку стотинки на шуштење.

Тогаш дури и појасно од порано.

Дунавфелдвар – минус четири, шест. Минус четириесет и шест.

Баја – Два, нула, седум. Двесте и седум.

3.

Веднаш по доаѓањето во М, ми се јави Раковац. Заедно со другарите (го користеше тој, некому можеби симпатичен, а јас би рекол инфантилен термин) организира собирање на генерацијата. Ова се случува секоја петта година. Неговиот глас прво ме радува, а потоа полека го полни бескрајниот простор меѓу нас со трогнат, губитнички ентузијазам кој секогаш успева во мене да го пресуши и најупорниот извор на животен елан.

Досега го одбивав повеќе од оправдани причини. Првите два јубилеја ги пропуштив, бидејќи сум безрезервно посветен на учењето и работата. Потоа добив повик да преминам во АКХ клиниката. Во Виена требаше да се направи кариера, па и живот за Лена и Ида, па потоа и за Максо. Не тврдам дека брилирав во тоа, но, со гордост можам да кажам дека не ни разочарав.

По инерција сакав да одговорам негативно. Смислував оправдувања што вклучуваа невозможност да земам слободни денови како што се итните случаи, лесни болести на моите деца, дури и францускиот булдог кому за таа прилика му дадов име Мома, по името на нашето училиште. Всушност, училиштето го носеше името на народниот херој Момчило Живојиновиќ – најнезграпните осум слогови што човек може да ги изговори, па му дадовме прекар Мома. Во меѓувреме е преименувано во чест на една од истакнатите религиозно–историски фигури.

Тогаш сфатив колку изговорите се глупи и препотентни. Јас немам домашно миленичe. На сето тоа, веројатно е дека некој ме има видено во М можеби како влегувам во општинската управа, како купувам во супермаркетот или кубам трева од гробот на татко ми. Тој очевидец би можел да биде и самиот Раковац.

Се согласив, бидејќи сум присутен, заради љубопитност, или заради банално тежнеење да се споредам со средовечните ќелавци и бланшираните тетки, да видам колку добро се држам. На сето тоа, чувствував потреба да поминам малку време без

мајка ми. Неизмерно ја сакам и жал ми е што не сме повеќе заедно, особено сега кога годините не одат во прилог на нејзиното здравје и подвижност. Но, кога сум со неа, нејзиното присуство се зголемува од час во час, станува инвазивно, сеопфатно. Несоницата на нејзиното око и на нејзиниот дух полека ме гушат и веќе го замислувам своето враќање дома, кон австрискиот појадок кајзершман и трчањето покрај Донауканал (каналот на Дунав).

На пациентите по интервенција им препорачувам умереност во сè, па и кога се во прашање позитивни емоции. Секој доктор ќе го потврди тоа.

3.а

Мохач – два, два, четри. Двесте дваесет и четири.

Валкан танц, Истерувачи на духови; Враќање во иднината; Индијана Џоунс; Гремлини; Полицаецот од Беверли Хилс; Топ Ган. Филмските постери го прекриваат ѕидот над креветот-самец. Главните глумци и глумици го спуштаат погледот пред себе за да видам под себе како габаритно машко тело удобно се мешка во душекот од мелено месо.

Мелено месо. Излегува од процепите на паркетот, од плакарот, фиоката, отворите за вентилација, од куќиштето на десктоп компјутерот.

Мелено месо. Шлиба. Ја цвака химната на вечното детство на триесет и три и половина свртувања.

Мелено месо. Сака. Го гушка високиот склопчен човек. Ги обзема сите сетила.

Ја зазема и димензијата на времето.

Може и да се дише.

Бездна – седум, седум. Седумдесет и седум.

Превод од српски на македонски јазик: Далибор Плечиќ

Лука КОЗИНА

(Сплит, Хрватска)

ДОЛГО ВРАЌАЊЕ ДОМА

- Толку си грда што ни Циганите не би те украле - ми рече Ана. Сања ја исчешла косата на Барбика и жестоко кимна со главата. Се смееја. Прво тивко, а потоа погласно.

- Престанете! – им подвикнав, а тие се смееја уште повеќе. Како да го кажав најсмешниот виц на светот.

Ана ми се искриви. Јас им се искривив на двете и измарширав кон дома.

Ете, тоа беа моите пријателки. Се знаевме од раѓање и живеевме во ист кварт. Тоа беше единствената работа што нè спојуваше. Кога и да не можеа да си играат со мене, сенешто ми зборуваа. Неочекувано, еднаш ми рекоа дека веќе не ми се пријателки.

- Не сме ти веќе друшки!

Јас се насмевнав и отидов дома, растурајќи си ја главата со прашања што направив и зошто веќе не го заслужувам нивното пријателство.

Со текот на времето се навикнав на нивните испади, но тој ден ми беше доста. Никогаш така не беа ме увредиле.

Решив да одам дома по подолгиот пат. Сакав да побегнам што подалеку од нив. Наместо да свртам лево кај потокот, продолжив право. Долго се качував по нагорнината опкружена со напуштени, полуизградени и ‘рѓосани згради. Бев сама и можев да размислувам за она што се случи.

Одев долго. Попладневното сонце ми удираше во тилот, а јас наглас се прашував дали некогаш ќе имам вистински пријателки. Тогаш го видов.

Ми доаѓаше во пресрет од спротивната страна. Прво ми се прикажа горниот дел од главата, потоа трупот и на крајот нозете. Целиот беше облечен во бело. Имаше брада, а на нозете сандали, поради што ме потсетуваше на Исус. Кога стигна пред мене, ми рече:

- Поздрав, девојченце!

- Добар ден! – одговорив.

- Сакаш ли да дознаеш нешто интересно?

- Може! - реков.

Мама ме учеше да не разговарам со непознати, ама исто така ме научи да бидам пристојна кон возрасните.

- Сакаш ли да направиш бесплатен ДНК тест?

- ДНК? Што е тоа?

- Овој тест може да ја промени твојата иднина – рече тој игнорирајќи го моето прашање. Иднината? Дотогаш никогаш не размислував за тоа. Но, првото нешто што ми падна на памет беше дали во иднина ќе имам пријателки. Тој човек не изгледаше како да ги има одговорите на тоа прашање.

- Не, благодарам! - конечно одговорив, горда што реков **не** на возрасен човек.

Во неговиот глас можеше да се почувствуваат трошки нервоза.

- Сигурна си? Знаеш, ова ти е единствена прилика.

- Никогаш не сум била така сигурна во нешто.

- Добро… ова е твоја загуба, знаеш. Други девојчиња на твоја возраст одвај би дочекале…

- Довидување! - реков и истрчав. Не ми се допадна како ги стисна очите и се приближи до мене. *Пази се од сомнителни типови!...* - се сетив на зборовите на мајка ми.

Дури кога го поминав, се сетив дека пред неколку години исчезнаа три девојки на моја возраст, во овој јужен дел на градот. Единственото нешто што остана од нив беа нивните велосипеди, потпрени на sид или врзани за столб. Сè уште се сеќавам на паниката во гласовите на возрасните, на лудите, неверојатни гласини меѓу децата кои некако ќе го најдат патот до весниците, sидовите и столбовите излепени со плакати од типот: *Дали сте ја виделе оваа девојка?* Којзнае, можеби Исус бил тој што ги киднапирал девојчињата - прво ќе ги убеди да одат со него за да ја откријат нивната иднина, а потоа, кога ќе бидат сами во бараката, ќе им стави шамиче во уста и ќе им направи медицински експерименти. Исто како што им правеа нацистите на Евреите, како што научивме од лекциите по историја.

Долго време никого не сум видела. Покрај мене само повремено поминуваше по некој автомобил или мачка што би ми го препречела патот. Поминав покрај напуштените згради и влегов во кружниот тек. Го поминав патот и се симнав по скалите до фризерскиот салон. Пред мене и до мене имаше повеќе скали. Ги избрав оние од десната страна и повторно излегов на патот. Оваа населба беше сосема поинаква од мојата. Зградите беа толку ниски и одвоени една од друга што можев да го видам небото. Наместо бетон, тие беа опколени со наредени дрвја и игралишта за деца. Влегов во едно од нив и седнав на една клупа.

Се прашував што прави сега мама, дали воопшто забележа дека ме нема. Погледнав во часовникот. Три и петнаесет. Веќе беше време за ручек. Но, нејзе секако не ѝ беше гајле. Знаев дека пие две чаши вино пред ручек. И навистина е неподнослива кога пие. Поубаво ми е тука надвор на сонце, како што би рекла таа. Често ме тераше надвор од собата. Излези надвор на сонце! Не биди вампир!

Заплеткана во мислите за мајка ми, за малку ќе го одминав плакатот на ѕидот. Се приближив. Циркусот е во градот! - пишуваше погоре на фотографијата од тигар како стои на слон, кој стои на желка. Под фотографијата пишуваше 500 метри и стрелка што покажуваше надесно. Ги следев упатствата и набрзо се најдов среде една циганска населба. Околу мене имаше куќи со лимени покриви, полураспаднати автомобили и делови од жичени огради. Којзнае, можеби Циганите ги киднапирале тие девојки и сега им се робови. Им раѓаат деца и секојдневно ги перат постелнините на изворот.

- Еј, што правиш тука? - викна длабок машки глас и ми го прекина мечтаењето. А, да му пријдам на овој човек и да му кажам да ме грабне, и дека е подобро да живееш како Циганка отколку со оние двете и онаква мама? Но, таа мисла траеше само миг. Во следната веќе трчав низ населбата, убедена дека ме грабат Циганите. Кога конечно стигнав до падината, се свртев. Немаше никој зад мене. Само лимени покриви осветлени од попладневното сонце.

Под мене се распосла голем шарен шатор. Истрчав удолу по падината. Луѓето влегуваа и излегуваа од шаторот. Го видов и Исус. Со уморни движења го демонтираше штандот на кој, со маркер пишуваше: *Прорекување на иднината*. Ѕирнав во шаторот. Таму немаше никого, само расфрлена опрема - балони, столчиња, јажиња и топки.

Излегов. Вртелешката со коњите уште се вртеше. Седнав на клупата и ја гледав. Одеднаш ми се стори дека видов три девојки на него. Ги протрив очите. Немаше никого, само ми се причинило.

- Ти треба нешто? – рече нечиј длабок глас.

Се свртев. Гледав очи во очи со кловнот. Кадрава црвена коса, огромни чевли и кошула со точки. Се исплашив. Не затоа што беше кловн, туку затоа што не беше среќен. Под густата насмевка се гледаа свенатите усни.

- Ту-тука ли е циркусот?

- Циркусот? Да, беше - рече и се насмевна. Лицето му беше со длабнатинки како палачинка.

- Очигледно не залепив доловно постери. Никој не дојде.

- Баш ми е жал! - реков.

- Ма, не знам да се рекламирам! - запали цигара и седна на еден од столовите. Ја потапка онаа покрај себе. Седи тука! Кажи ми, што те доведе во овој дел на градот? – се сврте кон мене.

- Ма... - почнав, не сум сигурна дали ќе му раскажам сè за Ани, Сања, Исус и мама. Но, молчев.

- Мислам дека сум престар за ова срање! - рече по подолг молк.

- Колку долго го работите ова?

- Предолго - одговори и повлече дим. И знаеш што ќе ти кажам? Животот е навистина прекраток за да работиш работи кои не те интересираат.

- Мене училиштето не ме интересира.

- Е, па гледаш, да одев на училиште, немаше да бидам кловн. Веројатно ќе бев автомеханичар.

- Јас уште не знам што сакам. Само знам дека не сакам да сум сама.

Се сврте кон мене и се насмевна.

- Не грижи се, сè ќе биде во ред! - рече така сигурно што му поверував. А, ако случајно не биде во ред и тоа е ок.

-Како?

- Шиме! – некој го викна. Ние сега одиме! Кловнот ги подигна рацете во воздух за да отпоздрави.

- Па, не можеме многу да влијаеме на животот – продолжи тој. Еве, мене никој не ми се појави во циркусот, и тоа е ок. И онака би разбрале сите дека сум лажго.

- Оти? - прашав и ништо не ми беше јасно.

- Ама, ништо! – рече и нервозно одмавна со раката. Туку, ти треба ли превоз до дома. Тука ми е колата.

- Може - одговорив. И онака бев уморна од одење цело попладне, а и не знаев како да се вратам дома.

Со раката ми покажа да седнам на совозачкото седиште. Никогаш не сум седела тука. Застанав.

- Се плашиш? – праша кловнот.

Одмавнав со главата и ја отворив вратата од автомобилот. Пред да го сврти клучот, ме погали по ногата. Се правев дека не го гледам тоа.

- Ти си убава девојка!

- Фала! - одговорив, а во себе се каев што се согласив да влезам во автомобилот. Кој ѓавол ме натера?

Уште немаше тргнато, можев да побегнам. Беше така лесно. Само требаше да ја отворам вратата и да истрчам. Но, не го направив тоа. Кловнот го сврте клучот и стави во прва брзина. Додека се возевме, гледав низ прозорецот и чекав кога ќе ги здогледам своите облакодери, непрегледниот бетон и смрдливиот поток.

- Еве, можете тука да ме оставите! – реков кога сфатив дека се наоѓам на свој терен. Погледнав кон клловнот во потрага по некој знак. Ќе ме остави тука или ќе се наведне кон мене затворајќи ми ја устата со марамче?

Кимна со главата и застана на автобуската станица.

- Среќно, девојко! – рече и тргна со раката кон мојата врата. Го почувствував неговиот топол здив на образот. Ја отвори вратата. Излегов без поздрав. Долго потоа имав чувство дека тој кловн ме следи. Но, кога и да се свртев, зад мене немаше никој.

Превод: Далибор Плечиќ

Раденко КЕЛА
(Пискавица, Бања Лука)

НЕБЕСНИ МОСТОВИ

(осврт кон студијата „Бранков мост“ од Никола Шимиќ-Тонин)

1.

По завршувањето на Втората светска војна, додека другите береа ловорики, грабаа чинови, почести, станови и титули, даровитиот и славен партизански писател, преку сатирата, добронамерно проговори за аномалиите на општеството. Ја жртвуваше удобноста заради неподобноста, трпеше прогони, одрекување од најдобрите пријатели, живот во неизвесност под сенката на следењето и сомничавоста, со Каиновиот знак на непријател на поредокот, тој кој искрено веруваше во таа идеја, ги изгуби братот и таткото во борбата, ги изгуби роднините и пријателите...Таа црна сенка го стигна кај кобниот мост во Белград, којшто сега го носи неговото име....Многумина пишуваа за него и неговото големо книжевно дело без кое, детството на повеќемина од нас, некогашни деца, би било сиромашно. Но, сигурен сум дека никој не пишувал вака како Никола Шимиќ-Тонин. Прво и најважно - од чисти побуди, не за да се афирмира себеси (доволно е афирмиран и познат), не од каква било корист, туку од чиста љубов кон Ќопиќ и неговото дело, од света љубов кон вистината. Тоа и не нè изненадува, бидејќи се работи за слични духови, чисти и храбри души. Само луѓето со чиста душа можат да пишуваат за деца и да создаваат уметнички дела со трајни вредности.

Благородна е неговата намера да нè врати кон делото на Ќопиќ и делото на Ќопиќ да ни го врати нам, за така да се вратиме кон себе, кон човечноста, убавината, онаа исконската, којашто не признава никакви временски ни национални пречки и граници. Сигурен сум дека оваа студија ќе изгради мостови до Ќопиќ и неговиот свет, а со тоа и мостови меѓу нашата генерација за која тој беше некој кој е наш и генерацијата којашто што дојде по нас и оние коишто допрва доаѓаат. Важно е да се нагласи и да се пофали стилот којшто е концизен и овозможува да нема ништо што е премногу, а сепак е кажано доста. Оние кои ништо не знаат за Ќопиќ ќе научат многу, ќе се заинтересираат за него и неговото дело. Оние коишто нешто знаат, по читањето на оваа студија ќе дознаат многу повеќе. Видливо е дека заради објективноста и самата природа на книгата, авторот се трудел овој текст на некој начин да го заштити од себе, од својата чувствителност и лиричност. Постои исклучок што го потврдува ова правило кога авторот дава опис на средбата со легендарниот писател кој дошол во основното училиште во Добој. Инаку, со не така големи поромени, оваа студија може да се претвори во добар модерен роман. Авторот допушта на своите знаменити современици да им говори за Ќопиќ не судејќи за нив и нивните ставови, идеологии, морални вредности оставајќи, читателите сами да донесат заклучоци и Бог да го донесе својот конечен суд. Истовремено, иако како зрел човек и интелектуалец има изградено свои ставови и поглед на свет, тој е непристрасен, не ја гледа низ нив тогашната стварност. Посебен куриозитет, како награда за читањето на претходниот текст е извештајот на полициските доушници коишто го следеле Ќопиќ, а особено анегдотите за него. Сè на

сè - една чесна, убава и честита студија којашто инспирира, поттикнува на размислување и широки промислувања, подлабоки и универзилна многу повеќе од тоа што е една цела биографија на писателот и фактографијата на неговите дела. Благодарен сум на господинот Никола Шимиќ-Тонин за оваа тажна, величествена и убава прикзна за Бранчило. Приказна што трае и понатаму...

2.

Легендарниот партизански митралезец, Раде Кевиќ, кој му беше инспирација на Ќопиќ за ликот на Николетина Бурсаќ, почина на крајот на март 2017 година. Почива во родната Пискавица, во подножјето на Козара во која некогаш тргна да војува. Во селската црква понекогаш се загледувам во необичната икона на Мајката Божја којашто тој некогаш ја закачил. Нашиот заеднички пријател Драгољуб Миљевиќ одамна ме запозна со него. Скромен, ненаметлив, а динамичен и енергичен човек во зрели години. Рано се повлекол од политиката, но често во својата викендичка на Фрушка Гора ги собирал политичарите од највисок ранг на поранешната држава, со бокал, печено месо, дунавска риба и вино....И не само политичарите, туку и обичните луѓе. На ниту еден начин не ги делеше луѓето....Живко Радишиќ, поранешен член на Претседателството на Босна и Херецеговина, во говорот на погребот спомна како го посетил Раде, еден месец пред смртта. Го прашал, дали нешто му треба, да му донесе кога повторно ќе дојде во Нови Сад.

- Донеси ми само парче земја или камен од мојата Пискавица!

Разговор со Ќопиќ

Во кафеаната „Лондон" седевме заедно
Бранко Ќопиќ и јас, па донесоа супа.

Седевме долго во кафеаната таму
пијалак по кафето, но со сок само.

Како што листот ѝ е најсладок на козата
разговараме најмногу за прозата.

И помалку почна да ни смета
што се најдовме на нишан на светот.

Седевме таму, средбата е во тек
пиејќи црно кафе, со уште поцрн сок.

Жолтолисна есен, мора да им е фино
на оние што сега го пијат нашето вино.

Насред разговор (се користи; кој ќе...)

дама доаѓа на масата - автограм бара.

Ја погледнавме дамата и во тој час
разговорот за прозата некаде исчезна.

И тука, на масата, среде чиниите празни
Бранков потпис треба, но хартија нема!

Дамата, гледајќи ја салфетката, тажно рече:
„Зарем баш сега да снема хартија во светот?“

Снаодливоста човечка завладеа сегде
за миг хартија донесоа од негде.

И преку чиниите, на чистината на листот
помалку треперливо потписот се ваја.

Пладне веќе одамна во часовникот се клати
ручавме, ете, есента ручекот го плати.

Ѓуро Дамјановиќ, октомври, 1983

Недоволно е напишано и кажано за Ѓуро Дамјановиќ, најголемиот поет на Босанска Краина од Втората светска војна, па досега и неговото познанство со Бранко Ќопиќ. Накратко, Ѓуро беше млад и надарен поет, со блескава книжевна перспектива. Сè додека не ја напиша збирката раскази „Голо место“, на автентичен раскошен змиски јазик. Тогаш започна неговиот пад: судења, игнорирања. Причина: Еден расказ во кој ја критикува локалната власт и зборот „гол“ во насловот на книгата, без разлика што писателот тврдел дека се работи за неговото родно село Голеши. Никој ниту сакаше, ниту смееше да застане во негова одбрана. Освен Бранко Ќопиќ и Младен Ољача кој, како што велеа, подоцна се повлекол. Актерот Милан Штрљиќ го удри автомобил (злите јазици велат - неслучајно). Никогаш не закрепна и почна да пие.

Кога ја доби книжевната награда „Петар Кочиќ“, по повод Кочиќевиот збор се одржа церемонија. Сите се тука, само наградениот го нема! Се растрчале да го бараат. Го нашле во Господската улица, каде им делел пари на децата и викал: НЕ САКАМ ДА БИДАМ ПОЕТ, САКАМ ДА БИДАМ ПЕРДУВ!

Таа година како и секоја друга, победничкиот бик освои повеќе пари од наградениот поет....

Улицата што води од Бања Лука кон неговото село и неговиот гроб, денес го носи неговото име....

Превод: Ана Витанова-Рингачева

Бојан БАБИЌ
(Србија)

Тело

моето тело е колектив
сака да организира пленуми
одлучува со акламација
замолкнува дисонантни тонови
кои потоа се групираат во тројки
и коваат планови
како да направат
контролиран хаос
а тоа секогаш тргнува наопаку
само понекогаш
кога е фрлено
во *night-out* литургија
опиено од триење
и топлиот јаглерод-диоксид
ги дели сопствените органи на соплемениците
како дарови пред пат
животот е невидлива екстаза
скриена во урна-педеруша
мамурлакот е оддалечено копно
на голиот остров

НАМЕСТО ОДБРАНА СО МОЛЧЕЊЕ

бегаа низ шумата
таму вршеа масовни убиства
ги наоѓаа обесени на дабови и брези
висеа на гранките надуени бледи како дудинки
некои сечеа вени па потоците беа рујни
децата се подбиваа густ сок од вишна
што знаат децата
тие наоружани пукале на себе во глава
имало скриени под земја
да ми е да знам само од што
копале тунели и земунки
но невешти какви се ископале сами за себе гробови
доверливи извори велат

дека повеќе илјади од нив
така завршиле
уште ги наоѓаат
тие кои избрале да останат
организирале саботажи
планирале терористички напади
сакале да создадат хаос
неуспешно
стануваат хистерични
имало ножеви бричеви жилети
стотина страдале
некои биле тешко болни
не внесувале доволно течност
слабо се движеле
се хранеле нередовно
бели дробови никакви
срце глувчешко
бубрези пропаднати
крвоток затнат
црева врзани
пред сѐ лоши гени
нудена им е адекватна помош
но волја божја
уште илјада така отишле
и повеќе и повеќе
тие последни решиле да излезат
не ни прашале
убаво да прашале
ни би
но не се
цела ноќ скокале низ прозорци од четвртиот кат
паѓале како коњски јаболка
на сувата јулска земја
правеле упорни звуци
туп
туп
туп
и понатаму ги слушаме
од нив ни ние
ни нашите внуци
не можеме да спиеме
како луѓе

ТОА

тоа е таму
кога стигнавме
смрдело
убиј боже
го имало тоа
на сите страни
не знам
не броевме
довезовме либерки булдожери гасеничари тамчиња кипери багери
колку се можеше
слабо се стоеше со гориво
требаше да се ископа
да се собере што има
па во јама
тогаш тоа да се
загрне
да не биде
ако ме разбирате
напнавме машки
покривме што има да се покрие
сторено е што е сторено
но и ден денес
кога поминам
би рекол човек
земјата некако се
слуша
ете
тоа е тоа
што имав да кажам
за тоа

ЗАПИСНИЧАРИ

обично доаѓаат пред зора
не ѕвонат
гласно чукаат
со години не спијам исчекувајќи ги
околу четири и пол седнувам на работ на креветот
сосила ги забавувам дишењето и отчукувањата на срцето

станувам
тресејќи се одам до тоалетот
го отворам празниот фрижидер
испивам голтка вода
ослушнувам
главата ми се наведнува
кога еве ги
љубезни се и ефикасни
почитуваат процедура
ми дозволуваат да се облечам и да ги измијам забите
пред да ме одведат
и тука почнува
крајот

Препев: Далибор Плечиќ

Витомирка ТРЕБОВАЦ
(Србија)

Од збирката
Sve drveće sva deca i svi bicikli u meni (LOM, 2017)

ЗА СТАРОСТА

можеби и не треба да се пишува
за староста и за тоа
како те миев
и како ти се срамеше
дека ти го допирам
пропаднатото тело и пегавата кожа
со срушен поглед
немоќна
ненадејно
зборуваше како стапалата
ти биле мали и слатки
а гледај сега
треба да се умре
ама ни тоа не е така лесно
и додека ми зборуваше
ме изненади мирис
на режан молив
некогаш од детството
се гледам себеси, одеднаш
седам во клупа
режам, но срцето испаѓа
потоа ми текнува
дека денес и моите стапала
се мали и слатки
тоа ми е од тебе
си помислувам
ја запирам водата
и го гушнувам
твоето ковчесто
кревко тело
мојата баба девојче
можеби ова и не е
песна за староста.

МОЖЕБИ

понекогаш се чини дека најтешко е да се почне песна
или да се остави некого што се сака
во спарно утро на пример да се стане
и да рече – сѐ е во ред
иако не е и стои во стомакот во вратот
во зглобовите па и во главата
на крајот најтешко од сѐ е секој ден
по малку
тоа тивкото умирање
додека остатокот од светот брза на автобус
осаменост во себе
осаменост во другите
островите шетаат и климаат со главите
облаците одминуваат без сочувство
понекогаш се чини дека најтешко е да се почне песна
и тогаш ненадејно ѕвони телефонот
бидејќи секогаш ѕвони ненадејно
и таа вели тато има рак
можеби нешто можев а не сторив
можеби ќе преживее а сепак нема
можеби и знае но нема да му кажам
можеби чувствував но не смеев
можеби сум јака а можеби и сум
можеби животот е срање а не е
понекогаш се чини дека нема песни
можеби и боли за да помине.

…….

Од збирката
Dovoljno je malo sunca (LOM, 2023)

исправено

мириса на пролет
само никако да дојде
зимата се влече
во креветот во коските
ја сонував прабаба ми
јава коњ
и осум деца одат зад неа

нема леб нема маж
ама јава исправена
оти таа знае дека сѐ ќе дојде
ја сонував
јава и од ништо не се плаши
дедо еднаш рече
во бачилото меѓу овците
сите наши живеа исправено
а ти гледај што ќе направиш
многу помина оттогаш
и мене многу ми требаше да видам
дека најтешко е во животот
да се живее исправено
затоа сите се наведнуваат
пред мугрите
ме разбуди кучката
лаеше цела ноќ
ѝ ги однеле децата
и сега талка низ дворот

доказ

доволно е само малку сонце
и ме фаќа тоа
дека морам да бидам добра
на сите да им бидам добра
на болниот да му кажам ќе оздравиш
на слабиот ќе зајакнеш
на лутиот ќе ти помине
на повредениот ќе залечи
ме фаќа тоа до солзи
да им кажам на сите
не е важно
има нешто над сѐ
крени ја главата уморен свету
сонцето повторно засвети
а тоа значи
сѐ секогаш може од почеток
зашто ако може сонцето
повторно низ мракот
можеме и ние
тоа е доказ.

Препев: Звонко Димоски

Витомирка ТРЕБОВАЦ родена е 1980 година во Нови Сад. Ги има објавено збирките поезија: ***Plavo u Boji*** (*š*kart, Beograd, 2012), ***Sve drveće sva deca i svi bicikli u meni*** (LOM, Beograd, 2017), ***Dani punog meseca*** (LOM, Beograd, 2020) и ***Dovoljno je malo sunca*** (LOM, Beograd, 2023)

Денови со полна месечина (ЛАГ Агро Лидер, Прилеп, 2022) е првата објавена збирка на македонски јазик.

Милица МИЛЕНКОВИЌ
(Србија)

МУЧНИК*

Нашиот воденичар ‘рчи
крај празниот мучник.
Тој знае,
за мучникот треба многу

маки
од земјоделецот
од неговата жена
од нивните слабички деца

ковчези од починатите дедовци,
исполнети со гнилеж,
непрежалени меѓи,
неродени синови,

треба многу облаци,
боси девици,
баби со секири.
Живеалиштето на давеникот.

Многу жртвен леб
мирислив темјан
црвени букви.

Нашиот воденичар воздивнува
крај празниот мучник.
Никој не влегува во воденицата.

Знае тој,
За мучникот треба многу.

*Сад под воденичкиот камен во кој паѓа брашното откако каменот ќе ги сомеле зрната.

СРЕДБА

Прејдовме илјадници километри
Додека не се сретнавме
Во овој свет

Сѐ се препознало
Очите, устата, ушите, рацете
Две тела
Два мелема
За сите рани од минатите сраженија

Но стравот беше преголем
Заборавени начините на сакање
Незацелени раните на срцето

На патот долг илјадници светлосни години
Пред да успееме
Да си помогнеме еден на друг

Искрваривме
Во прегратката на историјата

ВИНО

Во очи Свети Трифун сонувам:
блудот е смеа,
пламен во окото – оган ил’ вино,
покана за грев?

Се влевам во крвта Христова
ко никогаш да не сум вкусила Љубов
(обрежаното стебленце винова лоза во далнината зрее
плодот под нозете боси мрее.)

Треперам сама, треперам од страв,
наметка немам, немам ни сон.

Маскенбал е ова ил танц на танчари уиграни?

Смеата се кине од зариданиот плач:
февруарско утро в лозје, голем студ.
Пехарот го целивам,
со вино се причестувам
за љубов
за блуд.

ИКОНИ

Бесовите да ги изгонат
проплакале шумите и иконите!

Крвавите дланки на дрвосечачот
го носат евангелието сраснато со годовите.

Минијатурно сликарство
со слово непишано
предупредување за идните столетија.

Херувимите и серафимите
во ореолот од концентрични кругови
притаената светлост ја будат.

„Покајте се,
се приближи Царството небесно“,
ѕвонат ѕвоната од светителскиот пантеон.

АГОЛ, МЕРИ

На тој ѕид му недостасува женско тело
Ќелиите на кожата во кои самувала
Со молитвите кадејќи се себе

Нејзините раширени нозе
Ќе го заменат стативот на геометарот
Шестарот за одмерување на
Човечки меѓи, ѕидови и имоти

Навек вѕидана да сведочи
Колку е добро да се излезе
Понекогаш од ќелијата на самување
Од огледалото свое внатрешно

Надвор

Надвор од заканувачките ѕидови

ОСТРОГ

Со длетото на Создателот на земните и небесните твари
со каменот одамна отфрлен од ѕидари,
и кој стана камен-темелник,
исклесана си, голубице од Јордан долетана,
во Острог-карпата.

Со смерност те просветлија искушениците,
со молитва кон небото те воздигнаа верниците,
но со крикот на несреќата на смртникот вознемирена
со скалите остануваш за тлото врзана ко со конец.

Твоето срце повторно заигрува
кога покајник со вера и мака го целива.
Навистина, тогаш со миомиро од чудотворецот се помазуваат челата.

О, милосрдна, трпелива, птицо бела!

Помири народи, вери и луѓе,
според Словото на Книгата да биде:
многу векови по Вавилон
во јазикот Христов многумина ќе се соберат.
Со верниците, мила, на небесата ќе се вознесеш!

ВО SИДОТ БЕЗ SВЕЗДИ

Празно име наде и прелепа жртва
у зиду без звезда праведно се срећу.

Б. Миљковић

Ме одведоа,
ме одведоа во бескрај, во празнина.
Ме одведоа,
двете очи ми ги споија со небото.
А рекоа те водиме да видиш
како се прави историјата.

Избавете ме одовде, лаѓари чии лаѓи
в зори пловат по моето небо.

Чекорете побрзо кон мене, срушете го овој sид.
Осквернете го овој обесчестен гроб.
Врзете му ги рацете на неимарот.

Ве повикувам со неми усни
додека со векови минувате одовде.
Ги подавам рацете без раце
името ставено во песна, ко во гроб.

Рекоа: ти ги оставивме очите да се оплакуваш
себеси и рекоа: И дојките да подоиш дете,
а детето никаде го нема.
Само небото ги стиска брадавиците со огромни
усти и беззабите робови и слуги и жени
и пијани султани...

Слушате ли, лаѓари, како со срцето ви чукам
на sидот?
Донесете бели едра,
покријте ги дојките со бело платно
ставитите кули во празнината.

Брзајте, лаѓари, кон градот.
Се обзнани: bsидана сум во темелот на сопствената
тврдина.
Избришете ги солзите од очите кои вечно го оплакуваат
својот sид.

Препев од српски на македонски јазик:Аџо Гогов

(Песните се дел од книгата „Божиќен колач“, која годинава како избор од поезијата на Милица Миленковиќ од Србија, ќе се појави на македонски јазик во препев на Аџо Гогов, Славе Ѓорѓо Димоски и Борче Панов)

СЛИКА ТРЕТА

ПОТРАГА ВО ДВА НОСА

„ЕВЕ ГО МОЈОТ ТРЕПЕТ, МОЈОТ ПРИНОС, ЕВЕ ГО МОЈОТ ЖИВОТ. ТОА СУМ ЈАС!“

Интервју со уметницата Славица Милева



АВР: Уметноста е медиум преку кој се допираат световите, но и се отвораат нови и неоткриени пространства на мислата и духот. Колку уметноста Ви помогна да се откријте себеси и како човек и како уметник?

СМ: Многу. Би започнала од крајот за да се вратам на почетокот од прашањето, иако сето е едност. Верувам, барем еднаш секој човек и секој творец посакал, сака, ќе посака кога ќе погледне на трудот и делата на своите раце, кога ќе се наврати на деновите од својот живот - поединечно и во целост, на падовите и благословите, во таа милисекунда од секундата, при тој увид да изусти: „Сè што создадов беше и е „добро“, оти е искрено и со многу љубов, и оти е едно големо Ништо - ни од што, а сепак за мене е Сè. Па ќе си рече: „Еве го мојот трепет, мојот принос, еве го мојот живот. Тоа сум јас“.

Од друга страна како архетип мене ми е многу поблиско детето. Детето кое си игра, се вчудоневидува, се радува, плаче, се восхитува, експериментира, руши и создава, пресоздава. Детето кое непрестајно трага и остава трага, по кое трагам. Детето кое патува и разоткрива, пробива. Детето кое го бара детето, задолжително и во другиот. Еден познат поет и патеписец многу одамна ќе запише:„ Само варварски ум може да не го види цвеќето, само животински ум може да не сонува за месечината“. Првата задача

за секој уметник е да го надмине варварското или животинското срце со ум, за да стане едно со природата.

АВР: Дали платното е онаа волшебна порта за влез во некој друг свет и дали креативниот чин е чин на пресоздавање или чин на ново раѓање?

СМ: Чинот за мене е просто алхемија. Нашиот великан Петар Мазев во една прилика ќе посведочи: „На голото бело платно сум го втиснувал своето време“. Навистина има нешто волшебно и прекрасно богато во тоа разголување. Пред голото, за голите сè е допир. Наместо платното, мојата волшебна порта како во цртежот и сликата, така и во поезијата е хартијата. Целосно се согласувам со Тони Попов кој во освртот кон својата трета самостојна изложба „Барајќи се себеси“ ќе запише: „Хартија, затоа што таа е осетлива и ранлива, слична на нас луѓето: ако се присили малку повеќе, лесно може да се скине и да се уништи; ако се обезбеди добра подлога и ако се третира со внимание, може да го покаже својот потенцијал и својата убавина“.



Славица Милева „Посегнав“

(акрилик на хартија 21x29.7)

АВР: Пишувате хаику поезија, тоа е поезија на мигот. Дали преку зборот се обидувате да ги скамените сликите што ги црта мислата или тоа е само миговен запис на окото?

СМ: Периодов имав среќа да запознам неколкумина наши извонредни писатели и писателки на хаику поезија и во искрен разговор со нив забележав дека поттикот за запишување и пристапот се различни, што никако не смета на крајниот резултат. Кај едните зборот е најпрва иницијација и јадро околу кое се гради песната; кај другите пак доминанта е сликата. Визуелното го породува словото кое потем сведочи за мигот. Јас пак тргнувам од моментот и чувството. Чувството кое се буди го разголува мигот, потоа ги прегрнува и им прави место на останатите. Има и комбинации и варијации, но најбитно и најважно за мене е: срцето кое sирка. Големиот Мацуо Башо уште пред неколку века ќе рече: „Доброто хаику не се пишува со зборови, туку со срцето“, а многу пред него Ки Но Цурајуки: „Никулецот на песната е во човековото срце, од каде што се развива во листови од безброј зборови“. Нашиот пак поет Мики Делев во една мисла која е и краток предговор на мојата хаику книга „Замижи сега“, истакна: „Хаикуто е песна што нема време да се пишува долго, кратка е како пулсот на Вечноста“.

АВР: Вашите слики имаат специфичен говор. Осаменоста, тишината и спокојството што ги пренесувате на платно додека интимно општите со бојата и четката, стануваат видливи. Колку Вашите слики се одраз на Вашиот поглед на свет?

СМ: Најверојатно се, сакам и ценам искреност во секој однос. Тоа ми е многу битно, исто колку и чесноста. Се радувам што сте забележале специфичен говор. Тукушто се вратив во Скопје, во оваа таканаречена пустина во вертикала, можеби е прикладно и пренаселена пустелија, кога Вашите прашања ме пречекаа како топло добредојде дома. Душата ми е полна со впечатоци од посетата на групната изложба слики и скулптури „Несовршен простор број 6“, овој пат на тема „Пукнатини“, која се одржа во Струмица, како и прекрасната и топла дружба со старите и нови пријатели во родниот град на мојата мајка, на нејзините и нивните родители. Кога сме кај осаменоста, тишината и спокојството не можам да не помислам на ателјето на Никола Пијанманов во Раборци, Струмица. Кораб на уметноста, пристаниште на сите добронамерни вљубеници во неа. Искрено би сакала да го живеам „луксузот“ на еден таков простор - дишењето на природата, незагаденоста на воздухот, чистотата на водата, играта на ветрот во дворот, стаменоста на скулптурите, монументалноста на архитектурата, мекоста на мачињата, раскошот на билките... Но, јас живеам среде главниот град, на бучен крак од раскрсница што никогаш не спие, па често се фаќам како мечтаам за Дојран на пример, гледам во единственото парче небо низ прозорецот, го барам изгревот меѓу зградите, зајдисонцето во одблесокот на комшиските стакла наспроти мене и месечината, па си ја потпевнувам песната од Хаустор:

Uvijek sam, a nikad do kraja
Večer u gradu ti donese neki lijek
U nekom kutu gdje samoća se zbraja...

Секогаш сама, но никогаш до крај осамена.

АВР: Што значи слободата за еден уметник? Дали во неа е изворот на тајната, како да се доживее убавото и како да му се даде форма?

СМ: Кога ќе се спомене слободата, често помислувам на големиот поет и уште поголем борец за слобода Федерико Гарсија Лорка кој трајно го зароби вечниот копнеж и борбата за слобода во баладниот стих, всушност буквално го положи своето тело на олтарот на слободата:

Што е човек без слобода, о Маријана?
Како да те сакам кога не сум слободен?
Како да ти го дадам своето срце,
кога не е мое?

Јас не сум слободна, но тајната секојдневно ја одгатнувам, навраќајќи се на изворот [скапо сте платени, не станувајте робови]. Но што, но како? Робовскиот менталитет некако се зацементирал за нашиот лик. Среќа тука е уметноста и уметниците во најширока смисла, тука е природата, тука е и пеперутката на Лорка, слободата:

Јас одам по својот пат
не знаејќи дека те љубам...
но на челото сè уште ми гори
преубав бакнеж од пеперутка.

АВР: Живееме во време во кое духовното се девастира за сметка на материјалното. Колку уметноста може да ѝ се спротивстави на површноста и да го преуми човекот кој страда фрлен во мракот на сребролубието, властолубието и страстите.

СМ: Лично јас силно верувам дека сè дури детето во нас е живо и здраво, не треба да стравуваме. Напротив, да се радуваме. Ете, Ви кажав едно такво најпросто справување. Посебно да ги сакаме и да се грижиме за децата, сите деца - затоа што како што ќе каже Лао Це: „Кревкото е силно, цврстото умира“. Времињата се секогаш на свој начин тешки и предизвикувачки, а ние во нашево време ептен го заљубивме комфортот, се опкруживме со удопства, се ослонивме претерано на технологијата и следствено го изгубивме и тлото и небото пред очи, а најстрашно го загинавме човекот, ближниот до нас. Би сакала за крај да споделам со Вас и една размисла на мој пријател писател кој љуби да твори во анонимност [се надевам нема да ми замери], едно негово согледување кое е и мое видување, како и да Ви заблагодарам за поканата и честа што сум дел од овој број на „Зенит“:

„Кога ја чувствувам Љубовта во чиста форма - тогаш Бог е Сè. Кога ја истражувам материјата, нештото, светот низ наука, уметност, филозофија - тогаш Убавината е Сè. Кога просто сакам да сум ништо, сум ништо, Сè“.

Интервјуирала:
Ана Витанова-Рингачева



Славица Милева „Замрзнато езеро“

(акрилик на хартија 21x29.7)

„КНИЖЕВНОСТА МЕ СОЗДАДЕ МЕНЕ ИЛИ ЈАС НЕА? ПА, БИ РЕКЛА ДЕКА СЕГА ЗАЕДНО СЕ СОЗДАВАМЕ“.

(Разговор со Виолета Танчева-Златева по повод промоцијата на книгата „Раскази од минатиот век“, Струмица 22 јули, пеколно лето 2023г.)



Зар ти пишуваш за да им се допаднеш на другите? Нејзините зборови ме фраснаа како камшик. Го погодија жаришето на дилемите што отсекогаш ме мачеле. Колку треба да се премолчи, а сепак да се каже потребното? Колку треба да се открие, а да не биде премногу? Треба ли сè да се каже, и по цена на недопаѓање, па дури и отфрлање? Дали раскажувањето во трето лице те заштитува од себеразобличување? Ти нуди ли азил од прогонството – повеќе од сопственото отколку од туѓото? Зар ти пишуваш за да им се допаднеш на другите?

Зошто? Како? Кому? Ме порази едноставноста на нејзините зборови. Зошто пишувам, се прашав, дали за да им се допаднам на другите? Дали да добијам одобрување од нив? Смешно! Па, за мене пишувањето отсекогаш било начин на живот, едноставно како дишењето! И токму оттука произлегува како, а не од некакви однадвор наметнати правила, норми или принципи! А кому? Па, повторно мене самата, мене некогашната, идната... И така се затвора кругот. Тргнува од зошто, струи како воздухот што ми поминува низ градите и повторно се заокружува со мене на крајот, таму некаде, во идното време... („Гостинка“)

АВР: Со нескриен восхит ќе кажам дека расказот „Гостинка“ ме воодушеви, ме фасцинира твојата умешност за премостување на јавето до сонот и враќањето назад, соочувањето со бесмислата. Во одломката од расказот гласот на нараторот поставува суштински прашања од орвеловски тип, би рекла. Тоа се дилемите на Орвел во есејот „Зошто пишувам“? Уметникот, во суштина, е постојано „вознемирен“ од бурите во и надвор од себе. Тој постојано се крши во обидот да ја одживее реалноста, да се соочи со неа легнат на каучот на Фројд, одново да ја преживее и да се разбуди во некаква друга, поинаква, можеби поубава, пресоздадена реалност. Книжевноста те создаде тебе или ти неа?

Вики: Отсекогаш ме восхитувал тој простор меѓу сонот и јавето, таа паралелна реалност. Таму се случуваат многу заумни работи, ако сме доволно отворени за нив, можат да ни се појават одговори на многу дилеми и да ни се разјаснат некои нешта. Сите седум раскази сместени во циклусот „Меѓу сонот и јавето“ во книгава зборуваат токму за ликови што лебдат во тој меѓупростор, надевајќи се дека ќе ги надвладеат мрачните сили во себе и околу себе и дека ќе се разбудат во една поубава реалност. Ми се чини дека границата меѓу сонот и јавето му е потребна на уметникот за да може да ги согледа работите од двете страни, како е и како би можело да биде во една поинаква, можеби и поубава реалност. Тој простор не е туѓ за него, туку му е како дома.

Секој уметник мора постојано да биде во состојба на блага вознемиреност за да може да создава. Ако ја нема таа нишка на вознемиреност од надворешните случувања, и од нивното сопствено доживување и промислување, тогаш тие само протекуваат низ него не будејќи му поттик или потреба за нивно „запишување“ и преосмислување. Пресоздавајќи ја реалноста, уметникот одново ја доживува и се обидува да ја (пре)осмисли, да ја најде оправданоста и целта на постоењето, да одговори на прашањата што човекот отсекогаш си ги поставува. Низ тој процес на преобликување на реалноста, уметникот неминовно се создава и се пресоздава самиот себеси, расте и се развива како човечко суштество.

Книжевноста ме создаде мене или јас неа? Па, би рекла дека сега заедно се создаваме. Но, навраќајќи се на моите рани детски години, кога жедно ги читав сите книги што ќе ми дојдеа до рака, би била нечесна кон нив, а и кон себе, ако не признаам дека книгите ме создадоа мене, ме направија она што сум денес. Секако, заедно со местото и со луѓето, со начинот на живот во моето родно Бориево. Да сум пораснала во друго опкружување, и да не сум читала, неоспорно ќе сум била многу поинаква од денешната јас, ќе сум пишувала за сосема други работи и во друг стил, а можеби дури и нема да сум пишувала.

Долго одевме со детето среде утрото што се издолжуваше кон својот зенит. Го извревме широкиот булевар на чијашто претпоследна автобуска постојка слеговме, поминавме низ првата асфалтирана улица лево од него, завлеговме низ едно тесно сокаче, свртивме десно... Одамна останаа зад нас сите градски белези. Куќите ги заменија зградите, алеите се претворија во грмушести напрашени дрвца покрај патчето, замре бучавата на возилата. Ме фати страв дека не ќе знам да се вратам на

главната улица. Но, брзо се прекорив погледнувајќи во детето. Тоа со спокојна радост ездеше низ младиот ден, со широки очи впивајќи го светот со своето битие.

Застана на крајот од улицата, пред една стара, висока куќа со дрвени балкони. Дворот беше обраснат со високи треви и непоткастрени грмушки меѓу јазлестите стебла на дрвјата.

– Тука живееш? – го прашав. Тоа само молкум ме погледна со сините очи и ме повлече кон старите надворешни скалила од дебели штици. Ги искачивме и застанавме под широк трем, полуотворено претсобје со голем светларник од потемнето стакло од едната страна. („Време на реформи“)

СМ: Иван Цанкар вели: „Човекот сонува толку сјајна светлост, колку што е мрачна ноќта во него и во неговото срце“. Во овој расказ се разгазува меѓата меѓу сонот и јавето, возрасниот е збунет, а детето го носи пред соочување со своите стравови. Малку се кажува, а многу се насетува и по една линија се оцртува целата вистина во која денешниот човек блада: небаре и сенките нè демнат, небаре подмолни води ќе нè понесат. Молчеливото дете е изгубениот човек, совеста којашто понекогаш се одделува од нас за да ни покаже колку сме залутале, или токму привид налик на сон, во кој ни се разјаснуваат токму оние нешта за кои не сме имале време да си помислиме на јаве? Ако судиме според Шилер дека најубавите сништа за слобода се раѓаат во темница, можеме ли да сметаме дека потребата за бегство од темницата во конкретниот расказ е токму обид да се ослободиме од овој современ апсурд?

Потребна ли ти е да постигнеш понекогаш таква состојба на левитација за да се пронајде животниот баланс?

Вики: Неоспорно е дека денешниот човек е заталкан и „изгубен“ – заедно со губењето на вредностите и патот на човекувањето, се изгуби и самиот себе. Показ за тоа е зголемениот број психички нарушувања, убиства и самоубиства насекаде низ светот. Ние повозрасните пораснати на оваа почва паметиме едни поинакви времиња, кога се живееше во заедништво – не само во повеќечлени семејства, туку и во чести средби со соседите, со пријателите, проникнати со симпатија и сочувство кон другите луѓе, отворени кон нивните потреби и проблеми. Денес секој е затворен во својата черупка, само случајно нè сплотува некоја голема работа што излегува од рамките на сивото секојдневие. Како човештво веќе го имаме досегнато дното и нема каде подолу од ова, мораме конечно да почнеме да се искачуваме нагоре, кон светлината, кон добрината и слободата, кон љубовта за ближниот – ближниот во христијанска смисла, како секој човек кој живее на оваа планета. Но, никако да почнеме да се искачуваме нагоре, да излеземе од мракот во кој нè демнат сенки и привиди на страв, на омраза. И само некако нејасно понекогаш го насетуваме невиното дете со чиста душа кое исплашено се крие во нас. За мене тоа заборавено и потулено дете е метафора за добрината, за чистата совест, за невиноста и љубовта. И конечно треба да му дозволиме да нè поведе, да ја прифатиме топлата детска рака подадена кон нас.

Над градот се разлеа звукот на старата камбанарија од блискиот храм. Во потоци ми надојде нејзината мелодија. Ме преплавија звучните, лелеави бранови. Како да ја слушав старата камбана од бориевското црквиче, која шириле чудесна медовина низ неделниот воздух во моето детство. Навеваше спокој и ги креваше прстите кон челото. Со пресни букети од бавчите, се стекувавме сретсело. Знаевме, дедо Јосе рано сабајле го поминал црковното дворче со метлата самоник, ги собрал сувите лисја од цвеќињата и од стариот јоргован. А младото попче нè чека меѓу иконите за да ни го каже Словото и да ни го покаже Патот. А сега чекорам кон државната зграда со изземнато срце. Кој ќе ме пречека таму? Дали ќе ми го покаже патот?

АВР: Родното Бориево е неодминлив топос во поезијата на Виолета Танчева-Златева, тоа место е нејзината Итака кон која таа патува од денот кога физички го напуштила. Верна на домот и на споменот за него, поетесата го оживува во стихот давајќи му статус на митско место, чудесен предел во кој извираат приказните за еден живот, што паралелно се случува со оној во големиот и задушлив град. *Се задушувам / во плодовиот меур на неродените песни* („Ѓолјот на песните“), дистих што ја враќа мислата на изворот на нејзиното прво раѓање. Таму, меѓу рогозните трски, ветрот сè уште раскажува приказна за едно далечно детство, коешто години подоцна станува гранка, која чиниш накалемена излегува од пукнатината на бетонот на големиот град.

Вики: Не само темите за кои пишува, туку и карактерот на еден писател е во голема мера одреден од местото во кое го проживеал детството, многу повеќе отколку од времето. Зашто како што убаво забележал Орвел во својот есеј „Зошто пишувам“, времето и неговите случувања ги толкуваме според начинот на емотивно реагирање што сме го развиле благодарение на родното место и на луѓето со коишто сме растеле.

Иако по 30 години живот во големиот град врската со родното Бориево е малку разлабавена, таму сè уште е мојот корен, сè уште се враќам во него за да го напојам тој корен. Тоа е навистина неодминлив топос во мојата поезија, го има многу често, го има и таму каде што директно не се споменува, зашто токму Бориево ме одредило мене денешната, да бидам таква каква што сум и таа што сум. И уште не можам да избегам од сликата за себе што ја имам и во многу свои стихови, дека и на градскиот бетон сум некогашното жилаво селско дете кое наивно верува дека работата го одредува човекот, дека сè што е навистина вредно човек го постигнува со своите две раце, и со испотено чело.

АВР: Родното место ни ја дава стварноста на нашата живејачка, а ние треба да му ја вратиме непотрошена, вели Митко Мацунков. Колку Бориево како минатата стварност и Скопје како сегашност ја осмислиле живејачката на поетесата и прозаист Виолета Танчева-Златева? Имам чувство дека во овие раскази од минатиот век се распретуваат остатоците од напуштениот дом во Бориево можеби, во твојата душа или некаде на друго место. И тука ми се наметнуваат дилемите: Има ли место каде човековата душа може спокојно да се вдоми, не плашејќи се дека некаде во близина некој поставил заседа?! Денес човекот како да се напушти

самиот себе и сопствените идеали за подобар свет, како да заборави дека токму тој свет е неговото дома. Ако домот не може да ни го всади чувството на сигурност, спокојство и мир, тогаш дали зборот има моќ да го исече густиот честак за да направи патека којашто ќе нè однесе до домата?!

Вики: Некои од приказните се случуваат во градска средина, но мислам дека дури и таму постои едно сопоставување меѓу урбаното и руралното, дека едното е тука само за да го одреди другото. Кога ги препрочитував и правев избор што да влезе во книгата, а што да отпадне, согледав колку сите тие приказни, ликови, размислувања, колку целата атмосфера произлегува од Бориево, или од моето растење во Бориево. Најстарите раскази што се објавени во книгава се пишувани во времето кога веќе сум се откинувала од родното село, кога сум била во големиот град на студии, а подоцна и како негова жителка. Тоа е времето кога првобитниот дом се заменува со нов, кога се формира свое сопствено семејство со влегување, всушност, во друг дом, кој е веќе нечиј и сега треба да стане и твој. Во поетската книга „Нашата приказна“ од 2013 година имам една „женска“ песна што е многу показателна во овој поглед. Се вика „Каде?“ и почнува со стиховите „Да, мила, жената навистина нема / каде да се врати кога еден ден / ќе го напушти домот на детството“. Денес работите во тој поглед се сменети, младите сакаат да живеат сами и во свој дом. Малку е апсурдно кога ќе помислиш дека луѓето кои те одгледале и кои дале сè за тебе треба да ти се најават за да ти дојдат на гости – како гости! Лека-полека, затворајќи се во своите кутијки од едночлени или двочлени домови, се отуѓивме дури и од најблиските, и потоа се чудиме што светот е толку студено и самотно место. Светот е само одраз на она што се случува во нас. Современиот човек е постојано на некаков неразумен штрек, во некаков страв и неспокојство, никаде не го собира, постојано е во потрага по нешто поголемо, подобро, поубаво, постојано во трка по материјални работи... И сето тоа само за да не остане сам со себе, за да не погледне во својата осамена, несреќна душа која копнее по многу едноставни работи – блискост со луѓето и со природата, љубов кон секое битие на планетата, и љубов кон неа како кон единствен дом што го имаме. А моќта на зборот, на книжевноста, можеби е во тоа да нè освести за овие работи, да нè натера да размислиме за нив и да го расчисти густиот честак што ни ја крие смислата на животот.

Одеднаш, како да се размрдува нешто меѓу нив, како да ги одвојува. Трајче ја одлепува својата топла рака од нејзиниот стомак, промрморува нешто и насмеан во сонот, се свртува на другата страна. Бисера се оџагарува, се поткрева на лактите и не може да им поверува на очите. Од постелата, од меѓу нив, излегува момченце, ќе да има три-четири години, лично како распупено цвеќе, со руса косичка зачешлана над челото и со очи сини како небо пролетно. Од што се појави, од каде ли излезе? Туку слезе од креветот, ја отвори вратата и отиде накај големата соба. Остана по него целото одајче замирисано на зумбули. И таа, Бисера, како дамлосана, да гледа по него. Кога се созеде, срипа по детенцето. Но, не го најде во собата. Само јадрата глава на месечината ѝ се насмевнуваше низ отворениот прозорец. Ѕвездите што го беа преплавиле пролетното небо како да ѝ намигнуваа сојузнички. – Господи, зар сонив? Како јаве да беше – си шепотеше Бисера вѕирајќи се во ноќта. И се врткаше лево-десно,

надевајќи се дека момченцето ќе ѝ се јави од некаде. – Каде отиде, детенце, каде ли ми избега? – си шепотеше.

СМ: Детето-гласник е мотив, или детето-знак е мотив што го сретнав во твоите раскази и тоа ми беше колку мистично толку и привлечно, затоа што детето со целата своја невиност и бесценетост, сепак, е и патоказ за човекот. Кога имате дете, кога сте одговорни за некое дете, макар за некое залутано како во расказот „Време на реформи“, вашиот живот добива друг тек. Сечиј пат може да се промени ако на него наиде дете. Во расказите на Вики детето дури ја диктира нарацијата – статист што внесува набој, емоции, невиност, но и страв. Во толковниците за соништа сонот на жената со дете не е реткост. Напротив, еден од највообичаените сонови е и се поврзува со различни аспекти од животот на жената. И во расказот „Министерот“, во приказната за Бисера и Трајче, го гледаме длабокиот копнеж на жената за дете, толку силен што приказот на дете се привикува дури и во сон, сè дури не се отелотвори. Во другиот расказ, „Најбогатата жена на светот“, Марија има дециниски копнеж по дете. Јас би сакала да позборуваме за еден интересен феномен: социјалниот живот и социјалниот успех или неуспех и нивната неповрзаност со желбата за дете кај жената, или кај најголемиот број жени. Може ли прашањето за потомството, таа вечна желба да се остави трага во вечноста, да стане излитена тема?

Вики: Да, детето е голем поттик за вистинска, па дури и пресвртна промена во животот, тоа добро го знаат сите родители, особено мајките. Кога ќе дојде на свет дете, тој нов и мал човек го менува целокупниот живот не само на родителите, туку и на сите луѓе кои живеат во неговото опкружување. Сите се обземени од тоа прекрасно искуство, од чудото на новиот и млад живот кој расте и се развива пред нивните очи. Иако денес многу млади жени одлучуваат да немаат деца, мајчинството ни е иманентно, верувам дека секоја жена некогаш во животот го почувствувала тој исконски порив. Во современиот начин на живот таквиот копнеж често се заменува со една друга желба – за лично професионално остварување, за напредување во кариерата и за живот необременет од грижите за потомството. Но, причините за тоа се и малку пошироки и малку подлабоки, а на крајот на краиштата, секоја жена има право на свој избор.

Привикувањето на детето во сон е интересна тема. Тоа мене лично ми се случи, токму како што ја опишувам сцената со Бисера. Нејзиниот сон беше, всушност, мој сон, сон во кој го видов својот син, кој дојде на свет по една година. Тоа ми беше едно длабоко, мистично искуство што му бега на здравиот разум, зашто детенцето кое го видов во сонот беше токму такво како што навистина изгледаше подоцна на 3-4 години. Отсекогаш ми било фасцинантно тоа што се случува на границата меѓу сонот и јавето, како нешто што трепери таму и чека да биде повикано од нашиот копнеж за да се отелотвори, да стане јаве. Човекот како смртно суштество сака да остави знак за своето постоење. И токму затоа темата за потомството и оставањето трага по себе никогаш нема да биде излитена или застарена.

Зад портите буеше животот. Се накреваа детски викотници во занесот на играта. Жените расправаа што да готват. Старци се довикуваа на утринско кафе и

чашка ракија... Само да се подотвореше некоја од тие порти, кроце да крцнеше и да ми откриеше едно мало делче од нечиј двор, од нечија секојдневна среќа! Само да доловев нечија срамежлива насмевка... Толку ќе ми беше доволно да зачекорам по набиената земја на дворот како во одамна напуштена дома. Да заборавам на времето седната на старо триножниче, со мало дете врз колената и со безгрижни зборови на насмеаните усни. Но, портите останаа залостени. Тропотот на моите чевли се одбиваше од нивните дебели штици. Го изодив сокакот и со жалење стапнав на широката асфалтирана улица. Не застанувајќи, се свртив. Неколку главчиња наредени на чардаците, како жолти тикви оставени да се печат на сонце за зимата, мигум клекнаа скривајќи ми се од погледот. Им се насмевнав на затекнатите лиценца што ме sиркаа од меѓу пармаците. Којзнае, можеби некогаш пак ќе поминам оттука? Би сакала тогаш да ми ја вратат насмевката. („Во дослух со лаежот“)

АВР: Вики, читајќи те, имам чувство дека твоето око и твоето срце го набљудуваат светот низ клучалката на зборот. Ми се наметна онаа позната мисла на ликот на Маркес во „Сто години самотија“ кој вели: „*Овие предмети си имаат свој сопствен живот. Работата е во тоа да им ја разбудиш душата*“. Во расказот „Во дослух со лаежот“ кафето, чашката ракија, чевлите, дрвените штици, портата оживуваат заедно со ликовите на децата и старците низ чии раце животот тече како вода од чешмурка. Во некои од расказите, нараторот што ти како автор го создаваш, влегува во животите на другите луѓе, sирнува зад портите во туѓите дворови. Колку приказните на другите стануваат наши, колку се испреплетуваат, колку сите ние луѓето во нашите стравови, болки, очекувања, немири, радости и таги приличиме едни на други?

Вики: И покрај сиот технолошки и секаков друг напредок, човекот во својата суштина не е многу сменет. И денес како и пред векови ги има истите стравови и очекувања, истите таги и радости што отсекогаш го обземале. А она што им се случува на другите, ми се случува и мене, токму затоа нивните приказни се и мои приказни. Зашто сите ние сме во суштина исти, испреплетени еден со друг, но истовремено и со сите живи и неживи нешта што постојат на овој свет. Сметајќи се за врвни Господови творби, за најсовршени суштества на планетата, ние често заборавме дека и малите работи, па дури и оние што ги сметаме за „неживи“, имаат своја душа и свој живот. Како човек со око и смисла за деталите, писателот има задача да им повети внимание и на најситните нешта. Опишувајќи ги, сликајќи ги, тој ја прикажува нивната душа, тоа нивно постоење паралелно со нашето на кое сметаме дека му служат, кажано егоцентрично и капиталистички, во духот на денешното време.

Сè беше како сон. Сон кој траеше прекратки седум години. Господ сè ни даде набрзина – син, наша фирма со сопствени раце спечалена, нова куќа, ќерка... Оти за кај него сме биле ветени, само не сакаше порано да ни открие. Сè до она рано августовско утро кога нè најде заспани на патот кон Германија, во нашиот нов автомобил. И нè прибра кај себе. Ме боли душата кога ги гледам нашите колку тагуваат. Опустеа. Не знам како да ги утешам. Нема начин да им кажам дека ни е убаво и овде. Дека и овде

сме заедно, дека и овде сме среќни. Можеби и затоа почнав да раскажувам, преку твоите прсти. Но, дечињата веќе ме викаат. Отидоа утрово да играат на ливадата крај реката, веќе се изморише. А приказната... ете, некако самата се заврши.

СМ: Сите раскази од оваа збирка се како раскажани низ некој превез. Како да треба само малку да дувне ветрот и завесата ќе се заниша, ќе ги дофатиме сликите од нашата глава, од оваа книга. Така некако се прелева и овој расказ „Недовршена приказна“. Час погледнуваме низ времето, час тоа станува неважно затоа што настапува вечноста, а таа нема ниту почеток ниту крај. Нè мами умот, смртта е премин во кој ништо не е променето, дури и приказната се раскажува отаде. Незавршена е само за оние кои немаат ветер во главата, завесата за нив е sид што не се поминува. Ама и за оние кои ги следат струењата и за другите, раскажувачката има некоја мера. Приказната се заокружува, но не раскажува за смртта, туку само се обидува да ја припитоми, да ја направи приемчива за читателот. Дали човекот, или подобро писателот, може да биде „Скротувач на смртта“ за другите?

Вики: Кога пишуваме за болни работи, можеме низ тој процес да најдеме некоја смисла во случувањата. Пишувањето, а секако и читањето, ни помага на еден подлабок начин да ја проживееме болката, загубата, смртта, и да се помириме со нив, или барем да ги прифатиме како составен дел на животот. Сепак, болката на најблиските останува како потсетник дека тие се сè уште живи и дека треба да продолжат без саканите што ги изгубиле. Токму таа болка од загубата на едно младо четиричлено семејство од мојата поширока фамилија беше поттик за овој расказ. Долго го носев во себе, не знаев од која страна да го раскажам, дали од овдешната, јас како писателка, или отаде, од името на нараторката која е веќе во вечноста. На крај избраната форма некако сама се наметна, како да сакав да ѝ дадам глас на младата жена што го изгуби овдешниот живот, но најде живот во вечноста. И да, можеби сакав пишувајќи го да си дадам утеха, да најдам некаква смисла во смртта и на некој начин да ја припитомам во себе, по којзнае кој пат помирувајќи се со нашата кршливост и минливост. Зашто сите ние сме само привремени гости на земјава и секако многу наши приказни ќе останат недовршени.

Разговорот го водеа:
Ана Витанова-Рингачева и Сузана Мицева

ГУНА

Дури и најчистото, најавтентичното појавување на нашата личност е маска на некоја друга маска. Маска на маската.

Значи, секогаш има простор, празнина, бездна, за човек да се учи, да се создава. Да открива, откривајќи...

Здив. Сме.

Мики Делев

Мики ДЕЛЕВ

Еден ден.
Еден миг.
Една вечност.

Еден рај.
Една љубов.
Едно царство.

Еден пат.
Една вистина.
Еден живот.

ИЗБРАНОСТ

Еден благ човек ми рече:
Книгите лага се -
само Животот е Вистина.
Значи... секогаш може
подлабоко и подлабоко.
А простото слово,
ако се живее, е
неискажливо таинство.
Е, сега... секој говор,
текст тежи на место.
Ама меѓу писанијата
философски, духовни,..
како миг - прибежиште
да избереме (С)тихување:

***

Признание,
смирение,
мачение,
молчание,
тихование,
радование.

АКО СИ МИСЛИ

Човек не ќе молкне,
не ќе е свесна тишина,
ако си мисли дека има
уште нешто да каже,
уште нешто да направи,
да открие, да сподели.

Вистината една
предвечна
непостоечка
споделена
несподеленост.

Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ

МОЛБА

Господи,
избирам да го одам патов и сама ако морам;
Те молам избави ме од оние на кои и здивот
им смрди од душите кои им се распаѓаат
додека посниот Твој леб го јадат
и виното Твое пречисто го пијат.
Амин.

ПОПИС НА ЖИВОТОТ

Мудрост е да знаеме да го измериме и премериме благото кое го поседуваме:
да знаеме до кај сме стасале,
кај сме згрешиле
и каде итаме;
да видиме колку сме изарчиле и уште колку имаме;
да се потсетиме и запаметиме,
да повториме и продолжиме.
Ама,
тргнавме ли попис на сакањето да правиме
тогаш знам дека
некаде
непоправливо сме погрешиле!

ПУСТОШ

Ни патека напред,
ни пат назад,
Некакви сиви грмушки налик канџи
ми ги фаќа крајниот агол од окото.
Омарнината ја чувствуваат дури и најмалите капилари
пулсирајќи во оклопот од човечко месо.
Мислата дека има уште за траење
пред да ја фатиме единствената сигурна насока,
или ќе нè згордее или ќе нè свие.
Ќе чекаме...ќе мора секако да дочекаме...

Милена СИЉАНОСКА

ЗНАЕШ ЛИ КАДЕ ПРАВАТ РЕСТАВРАЦИЈА НА ДУШАТА

Пуштив барање до епископот
во чија катедрала
долго време висам
во ќошот заборавена

Ехото на тишината
ми го оштети слухот
и не можам да ја чујам
мисата на реалноста

Се нишам на провевот
и си ги гушкам колената
а тие крцкаат –
за'рѓале од мермерниот студ
што ми влезе в коски
и ми ги искриви

Темнината ми ги изгрицка
боите како глушец
и погледот ми е излитен

Ми се излушти кожата
па се назираат
и пропаднатите столбови

Веќе не ми се восхитуваш
ниту препознаваш
па кога ќе ме видиш
устата ти се искривува
во болна гримаса
со благо сожалување

Те молам,
пушти веќе малку светлина
во храмот на твоето срце.

ЕДНАШ ЈОВ МИ КАЖА

Дека Тој ставил
печат врз раката
на секој човек

Па ја раширив дланката
за да прочитам
што ми напишал

А Тој само
ни оставил
аманет

Раката да ни биде
Носач
на судбината

И Творец на
сѐ што ќе ни
извирне од душата

Прстите
ѝ се корито
Ноктите – болопад

Зашто не може
да создава
Оној што не почувствувал болка

Отвори го срцето за тагата
Ти, маченику
Творецу со раката.

БАБА И АЛТАНКАТА

Го симна ѓерданот
и ги соголи
нацицаните гради.

Заѕвечкаа алтаните
како камбани
се растресоа.

Од рибините лушпи
останаа само
малите коски.

Ги кладе на очите
и од дупките
проблесна небното око.

Уморно,
не од домаќинскиот живот
туку од што ѝ тежеше носијата.

Ѝ го влечеше телото нанапред
и од година во година,
сѐ поподвиткан ѝ беше грбот.

Не ѝ текна да ја симне
генерациската тага
за да го одмори.

„За тоа е жената“,
ја растресе главата
и цунцуле ѝ падна од сивата коса.

„Алтанот
на алтанката се држи“,
ги скина од клучната коска.

Го собра телото навнатре
чиниш ја здоболи
што си скина од себе.

Ми го кладе паричето
ја поклопи дланката
ја стисна и двапати ја потчукна.

Како да тропна
по вратата
на мојата душа.

„Нека те чува,
алтанка
на баба.“

СТИСОКОТ

Ми ја стегна раката
и на неа
краткотрајно
остави стисок.

Ме касна на дланката
но кожата
брзо си се врати
во старото засолниште.

Само една педа
цапна во мене
и калта на душата
бргу ти се засуши на босите нозе.

Никакви поројни
дождови не ја мијат.

Биди поиздржлив
и од Јаков
и никаков ангел
нека не те премислува.

Искапи се во неа
зашто таа не е стисок
што ќе се избрише
како никогаш да не бил

ниту е време
за да измине

Ти талкач
Таа патник

Ти мермер
Таа скулптор.

ЛЕДА И ЛИПАТА

Извиткана сум
околу тебе како лозје

Соковите ти се гроздови,
Кисели

Узревајќи од себе лачиш
медови мириси
и лепливи течности ми течат
зад увото

Со секретите
ми ја омекнуваш душата
и од триењето на гранките
ми пееш песна

Прицветниците
ти се како лебедови крилја
што ја извалкале
својата белина со крв

Цветаме и јас и ти
додека не ти заврши
милоста

Тогаш ќе се претвориш
во стариот громовник
каков што те знаеме

И од дрвото

ќе остане само една длабока дупка
голема колку мојата празнина

И никој
не ќе може
да ја пополни

Крај неа
место стебло
ти се лелее наметката

Не земај ја сега одејќи си –
за да имаш причина
да се вратиш напролет.

Васил ДРВОШАНОВ

ИСКРИ 3

Лудост

Ја газам земјата
и уживам што сум жив и здрав.

Никој не се вратил од оној свет,
па да каже како е таму.

Човек треба да биде луд
да ја напушти оваа бела виделина
и да замине во непознатост.

Своеглавост

Брат ми мисли дека знае сè,
ама не знае баш сè,
не знае дури ни да слуша.
Што ќе науми, тоа го прави.

Штом оди само по својот ум
не знам до каде ќе стаса,
но далеку нема да стаса.

Граница

Љубовта е оган со волшебна моќ.
Тој те привлекува и ти му се предаваш,
ама не знаеш дека има невидлива граница
меѓу тебе и огнот.
Ако ја преминеш границата –
ќе се сториш прав и пепел.

Слога

Ја барам цело време,
ама тешко се доаѓа до неа.

Ту ја има ту ја нема.
Сакам да ја фатам
и никогаш да не ја пуштам,
но таа ми бега.

Не очајувам.
Ќе ја барам слогата
под дрво и под камен.

Пресвртница

Ја преболев жената што ја сакав.
Веќе ја гледам со други очи.
Не ја сакам, ама не ја ни мразам.

Ај види сега!
Таа ме напаѓа,
затоа што не ја сакам.

Да се чудиш и да се крстиш!?

Сила

Злобниците
ќе те напилесуваат,
ќе ти вреват сè,
ќе ти прават што ли не.

Ама сите ќе си легнат на брашното.
Никој не ти може ништо.
Човек кога не е виновен,
тогаш тој е најсилен.

Дар

Некој да ми кажуваше
дека на стари години
ќе живеам живот со неа
немаше да му верувам.

Ама вистина е.
Да не ме чуе ѓаволот
многу ми е добро.
Си го живеам животот.

Ми ги чита мислите.
Ме разбира со погледот.
Си ги става рацете в оган.
Што ти не прави за мене!?

Доцна ми дојде среќата,
но, сепак, ми дојде.
Сум бил благословен
да добијам дар од небесата.

Нечовечност

Лошо можеш да му направиш секому.
Работата е: добро да му направиш некому.
Но, сите луѓе не сме исти,
па дури ниту близнаците.
Има луѓе и нелуѓе.
Ако сме сите луѓе,
ќе има мир и љубов меѓу нас.

Нечовечноста, за жал,
често го допира дното.

Грло

Ненаситно си.
Цела бочва да ти дадам,
нема да ти стаса.

Имам вино
цел век да те појам
и да се радувам на тебе,
грло мое.

Кладенец

Водата подлизуваше по каменот.
Момите и невестите
со мака ги полнеа стомните.

Ги здогледав и ми стана жал,
па со невештите раце
издлабив корито во буково дрво.

Шурна водата,
па лесно се полнеа стомните.

Ги гледав убавите жени,
наведнати над коритото на кладенцот
како се брцкаат во бистрата вода
и се насладував
на нивните голи раце и боси нозе.

Емилија КАРАФИЛОСКА

НОСТАЛГИЈА

Ко лице нурнато во нечии коси се криеш од заборав,
бидуваш линија на животот
на која само завршеток ѝ недостасува,
ко сусам на дно на амбалажа стоиш, ама не застануваш,
тело негибнато од земја си, па без допир болно допираш,
молк научен во утроба стануваш,
но и од тишината погласно целиваш,
ти си плоча неизгребана од игла на грамофон,
ама оштетена од времето,
ти си сѐ што треба да се нема за тоа имање љубов,
ко опиум во луле заведуваш, та исчезнуваш без трага,
знаеш, блузот е најтажен во паузата меѓу два удара,
та ко тон кој го нема ѝ недостасуваш на мојата мелодија,
ти си носталгија претворена во звук кој потсетува на живот,
та остави нека ѕвони животот и кога го нема.

ЗА ТЕБЕ НАЈДОБРО МОЛЧАМ

За тебе најдобро молчам и кога заодуваш,
или заидуваш во мене ко сонце заспано во оџак,
чунки во време во кое има доволно време за чмаење,
пребирливо избирам еден наш канонизиран муабет,
за тебе најдобро молчам со сласт од ѕерселија
која си навлекла мов од месечината по која ти талкаш
заталкан по прав пат без правец на љубење,

заталкан по линијата на животот
при грото грлежи од мојата угниена снага,
за тебе најдобро молчам и при оваа кнедла во грлово
на која цел свет ѝ завидува, завива, вива ла вида.

ЉУБИШ КО БОГ

Со кал на лицето и пресна татлија
ќе ти дојдам на посета ко тазе проодено детенце
кое се пијани од мајчиното си млеко,
со хронична базорексија и апоплексија од машки погледи
ќе ти дојдам на посета ко нецеливана девојка
со дехидрирани манири на љубење,
та немој, не ме лечи со мевлеми, скапани билки од екими,
со амајлии од бајачки, со крстена вода од празници,
сетики со седа голотија и крвна слика на емоции
ќе ти дојдам ко стара љубов
во вид на свиткан весник под пазуви,
среде божја недела со поглед за преглед
кога само ангелите се на дежурство,
чунки секогаш е недела кога ти доаѓам,
кога ми доаѓаш за да ја слушнеш мојата анамнеза,
та со нишан на нишан,
со противотров на отров,
со јас на ти,
да ми речеш:
„Знам, кашлаш како куче,
ама ме љубиш ко бог!“

Дејан КРСТЕСКИ

ЕВОЛУЦИЈА

Ливади превртени наопаку,
поленот на нашите глави паѓа,
светот пред огледалото се поднаместува
со полудетско озарено лице,
во едната рака со шише вотка,
со другата кошулата во гаќи си ја пика,
ние на него како акни,
како гомца од коза се тркаламе,
сакаме трага зад себе да оставиме,
со тоа да го надживееме денот последен,
зад нашите сенки ѓаволот си игра,
ние сме деца од епрувета,
издигнатинки кои на облаците им пречат,
тела кои облаците ги сечат.

Никој не ни е крив,
еволуиравме во погрешен правец.

ДУША

Ја пуштив низ воздух душата,
секој дел од неа на различни страни
ветрот го однесе.

Раштркани димензии,
стуткани во стисната дланка.

Како трошки леб.

Како овој ден.

Како првата буква од твоето име.

Ќе ми треба време
по сите улици да поминам,
сите чекори да ги изодам,
под сите отворени прозорци да застанам
во надеж дека некој таму има.

Мене не ме распнаа на столб,
распнат сум на самиот себе.

Кој рече дека душата си ја барам...

Утрото, по крајот на светот.

ПРОДАВАЧ НА СОНИШТА

Еднаш одамна ми рекоа,
многу си млад,
целиот живот е пред тебе,
ти имаш време за сè...
па јас буквално ги разбрав.

Минувам низ изградени градови
во кои живеат разрушени луѓе и
борци за поголемата половина од светот
кој не им припаѓа,
не, јас никаде не припаѓам.

Мојот прв дом е мојата мајка,
само таму навистина припаѓав,
а тие неправедно над мене се извишуваат
како да се стогодишни дрвја,
нивните заслуги се колективни – сами не можат.

Зошто би се штедел и би внимавал на себе,
јас нема крајот на светот да го дочекам,
јас пишувам, од зборови облаци создавам,
па по небото ги пуштам да талкаат,
понекогаш плачат, понекогаш оган пуштаат.

Сите соништа за малку пари ќе им ги продадам,
и така се закржлавени и без боја,
јас нема повеќе да сонувам,
тие нека ги измијат рацете во вода,
како што Пилат го изми гревот од своите.

СРЕЌА

Ако среќата е чек-листа,
тогаш да штиклирам сè.

Имам сè.

Па тогаш зошто сè уште
толку погрешно се чувствувам?

ПРВО ЛИЦЕ ЕДНИНА

Јас сум некој човек,
некој што никогаш нема да бидам,
некој што во очите крие сенка,
не – јас сум сенката,
во една кутија ја ставам тагата.
себеси се ставам во другата.

Јас – дете на спомените,
Јас – убицот на своите соништа,
Јас – потрошувач на кислород,
Јас – прво лице еднина.

Ме нарекуваа со различни имиња,
како да сум ничиј син,
она што од мене извира,
тоа сум јас – нерафиниран,
тоа што јас го создавам
никогаш уметност не го нарекоа.

Девет пара чорапи,
седум пара гаќи,
шест маици и два пара панталони,
живеам на безбедно растојание од својата пропаст.

Се вртам во круг како куче
што сака опашот да си го гризне,
каде и да тргнам,
никаде не стигнувам,
проголтав премногу од плодовата вода,
тешко дека жив ќе излезам.

ЉУБОВНИЦИТЕ УМИРААТ САМИ

Останавме до доцна
затоа што не можев да ти кажам
што друго освен времето посакав да вратам назад,
коњакот без мраз од вчера
ме ебе денес,
дишам на уста

воздух со дланкиве во себе тискам.

Од твоите мани сакам кула да издигнам,
висока, Вавилонска,
па од врвот да извикам:
Љубовниците треба да умрат сами,
зошто се родиле сами.

Ќе проговорам,
со пишување нема да нè убијам,
песните со рима се прекратки
или безобразно долги и развлечени,
а ти го љубиш творецот во мене,
јас на столб би го распнал
ме бакна – сè препозна.

Како на мачка прегазена на улица,
мувите за мене се лепат,
сите погледот од мене го тргаат,
додека предупредувам:
Љубовниците заслужуваат да умрат сами!

Иде БЕЛИЧЕВ

БЕСМРТИЕ

Не колни ми ги песните
оти за секој стих си вруток,
а јас ненаквасено грло.

Не колни ми ги песните
оти за секоја страфа си семка,
а јас сејач низ ровките бразди.

Не колни ми ги песните
оти за секое слово си жар,
а јас тланик до огништето.

Не колни ми ги песните
оти си многузборлива слика
со уморна рака насликана.

Не колни ми ги песните
оти мирисаат на гревови,
моја ми се исповед
и вино, со темјан зачинето.

Не колни ми ги песните
оти се куќарка изѕидана од спомени
и одар за починка на разумот.

Не колни ми ги песните
за да ме предадеш на херувимите
и серафимите,
да ме потиснеш под мраморот,
оти се мое воскресение.

Не колни ми ги песните,
оти уште се недопишани
за да ти бидат задгрбна сенка
и живот, на животта ни!

МОЈА

Моја е ноќта со се вечерта,
ама не и ѕвездите,
уткината песна на испуканите ќерамиди
ама не и мелодијата.
И месечината во гинежот е моја,
без блесокот,
утрото без зората.
Мое е сонцето,
ама не и зраците,
денот е прескокнат
оти само квечерината е моја
Мајската пролет
без цветните ливади е моја
и постелата,
ама не и сонот.
И болката се презива моја,
а лекот, не!
Во долапот има храна за мене,
за другите, ситост,
за мене огнот,
за вас нека биде топлината.
Мене ми е доволна душата
да ми ги крепи зборовите
за да ви ги оставам песните.

ЗАРОБЕНИ ВЕТРИШТА

Оглушувачки свиреж
иташе кон врвот
за да ја распука планината,
да го разнесе сонцето,
оништожи небото.
Столетни дрвја се поклонуваа,

оголени гранки превиваа,
матни потоци надојдоа
кога ветрот и дождот
здивот го измешаа.
Бледа, восочна светлина
исцртуваше патека
за да се изгуби
штом пламенот се потроши.
Непрооден е сега патот,
врвот – невидлив,
ветрот лут и нескротлив,
ама доволно слаб
да не застане на врвот,
да остане заробен зад планината,
зачепен меѓу жилите
на подгрбавените дрвја.

Ивана АТАНАСОВА

ДЕСЕРТИ

Каква десертна сладост
може да се подготви
по рецептите
од лепливите тетратки на мајките
кои нѐ заблажуваа со пити со јаболки
и нѐ залажуваа со ознаки „лесно“
за животите на триесетгодишните жени
кои освен зашеќерени пориви
сега имаат и свој длабок сад.

Во него се сипнува од сѐ
колку што прима
и претекува од сѐ
колку што фали
за да успее
колачот,
чоколадните креми,
штрудлите,
нашите животи.

Тоа и воопшто не било лесно
кога нашите состојки
се приближна замена
за мерната строгост
во нивните ракописи.

И тоа и не е толку важно
кога она што е напишано
станува наша лекција
за одделување на чувствата од мислите,
топењето на илузиите
во вжештената стварност
и чекањето да се излади
претераната присутност
за да се продолжи кон следниот чекор
за кој вообичаено се потребни
неколку часа трпение

кои ќе нè спасат од минутна пропаст
во која секојдневно налеваме во грамови.

Славица МИЛЕВА

ХАИКУ

Замижи сега.
Тишината е тука -
преполна со нас.

*

В езеро облак
се огледува. Рибар
лови впечаток.

*

Те имам кога
те немам, како сенка
на рендген снимка.

*

Колку пати во
збогум кажувајќи ми -
ти умре, сонце?

*

Бегај од градот!
Птица небесница е
ноќва луната.

*

Вдишав утрински
смог и чад. На асфалтот,
гробна тишина.

*

Автобуска в мрак.
Две ели гушнати сред
густа тишина.

*

Дождовна ода.
Песнописот не го знам -
сепак, разбирам.

*

Фучи ветер и
оркани урликаат.
Ноќва е амбис.

*

Љуботек. Меѓу
мене и тебе, мека
е светлината.

*

Кратка е ноќта.
Знам - отвори. Приоѓаш
в стоичка самост.

*

Огнена пркос од
срцето на земјата си -
џунџуле силно.

*

Длабока ноќ во
Скопје. Мразулец виси
на бандера, сам.

Горан ТРЕНЧОВСКИ

КАЛАУЗ

Во семирниот крајезерски Полин, на сокакот под Саат-кулата, едно хромо, малендаво момче, незабележливо се движи - нарамено со лимена бутилка за млеко – застанувајќи пред лист хартија закачен на тараба, на којшто ракописно пишува:

1 кило перкии = 5 јајца
сабајле на скелето
15 авг.

Се слуша тркалеж на запрежна кола што надоаѓа низ маглината, да, тоа се вредни полинчани взори појдени на гроздобер. „Ооооо!“, застанува коњот со колата. Момчето им го налева преостанатото млеко во неколкуте шварц-шишиња што sиркаат од ленената корпа. Постариот човек што ја води колата му плаќа на момчето. Го боднува сивогривестиот вранец, ги потегнува дизгините и групата пополека се одвезува низ муграта. Момчето задоволно ги пребројува монетите, ги истура во џебот, а остава една во раката. Продолжува да оди спокојно, упатувајќи се накај некогашното Еврејско Маало. Застанува пред дворот карши црквичето, каде понадвор друго ранобудно дете во врбова кошничка продава благи смоли, гурабии, вафли, сушени и прелиени плодови. Со едната рака го подава парето, а со другата зема шеќерно јаболко. Стрвливо гризнува, вкусувајќи го слаткоцрвеното овошје.

Овде има риба за сите. Природата им подарила сè на тукашните жители – со малку работна сила може да се добие многу храна. Почвата важи за благоприносна, а родот им е рајски сладосен. Оти нели: Radices acerbae, suaves fructus.[6] А над полињата посеани со жито стојат ридиштата натопени со бол.

Првите полински петли горделиво се огласуваат. Поднебјето околу Саат-кулата заруменило. Веќе отчукува шест.

*

Низ овие случки под Саат-кулата може да се исчита Силевата последна исповед за одлетувањето од неговата Езерска Земја. Тоа беше исчезнување на една чиста душа, но и нејзино нурнување во атарот на длабокоумните тајни. Тајни во мракосјајот со детинести радувања и притаени жалувања.

Васил Андонов, попознат како Силе, родум од Полин, сè уште живееше тука, исполнет со единствената желба: да го заврши својот живот во местото каде што се родил, без да отпатува никаде другаде. Овој беќар, кој го раситнил петтото десетлетие, дури и коледарските слави ги празнува сам, со сопственото поимање на езерото како око

[6] Горки корења, слатки плодови.

на светот.

Облечен е во модросини sвонарки и ветва антерија, а на главата има сламен шешир и темни sрнцала. Додека оди, левата страна од телото си ја потпомага со дрвен, изрезбан стап, на едниот крај што завршува со шилец. На дршката може да се види елипсовидно сонце со четири гравирани букви внатре: TAUR. Збор што го потсетува на праградот на неговите предци.

Силе деновите ги брои во живописниот полински крај, во котлината во којашто се родил и израснал и каде што вели дека би сакал да му гнијат коските. Со саати би да си полафи пред правоаглестото огледало, сам со себе, додека лека-полека се бричи, прашувајќи се и смислувајќи одговори.

Колку долго да се живее во самотија, заслепен од бојата на дворската овошка и заглушен од лаењето на песот скитник? Зошто да се слуша цвилежот на тажните корморани? До кога да се гази босоног по плажата од илјадници изумрени школки? Како да се весла коработ кој сè почесто е налик на оаза среде пуста вода? Дали вреди да се проба модерниот вкус на „риба-на-колиба“?

Силе патува низ времето со одлуката да биде и да остане во родниот кат, израснат од млекарче во туристички водич, талкајќи низ време-животот, без оглед колку тоа е неправедно, опасно и неизвесно.

Сенките на познатите и незнајните роднокрајци, привремените жители на овој некогаш свет град, баталјоните загинати војници и понекоја млада мома, се постојани гости во сонот на Силе, за кого Полин значи сè: и среќа, и задоволство, и утешение. Но тој, сепак, не е наполно сам. Не е сам и поради драгата вистина дека на десет минути возење, во новата населба, се наоѓа куќарката во која сама живее мајка му Нонча, вредна шнајдерка од старата Багат-школа. Е, треба малку да се потстегнат гумите, но и така, ненапумпан, би уживал да го вози Адлер-велосипедот што чичко му го има запленето од еден карабинер на самиот крај од Втората светска војна.

Силе на туристите им прикажуваше за трските и алгите, за дрвеното бротче, за мрестењето на перкиите, за ќофтињата од икра, за маслинките и калинките, за кастрењето на семејното лозје, за угарењето на нивите со тикви и за еколошката катастрофа. Таков беше нашиот јунак, растен како акцијаш по блатата, со цртанките за Супер-Шиљо подрака, залажуван со песничката *Тапшин тапшин танана, у свилена марама, у марами шеќера, за Силето вечера…*

*

Силе напати оди во големиот град да го посети постариот брат, Војо, иако повеќе би сакал тој самиот да му биде домаќин тука, во нивната семејна колепка. Си личат како јајце на јајце, само што Силе има голобрадо, чисто лице, а брат му е мустаклија. Едниот е зборлив, другиот ќутлив, освен кога ќе си полафат заедно, брат со брат.

„Аj, за многу години!“, Војо вади ореоводрвна табакера и започнува да витка тутун.

„За арно нека е, бате!“, отпоздравува Силе. „Како сте дома?“

„Е ми не сме лоши.“

„Калинка што прави?“

„Супер, уште малку дипломска.“

„Да ми ја гушнеш.“

„Тука лиски има ли веќе?“, Војо зборува со цигара на дудакот.

„А бе колку сакаш.“

„А гаровци, ачковци?“

„Сè има, и диви патки дури.“

„Свешти за тато, купи ли?“

„Ќе земеме утре.“

„Мама како е?“

„Одиме, сега ќе ја видиш!“

Звукот на возовите, кои Силе редовно ги надгледува, сега доаѓа отаде границата, каде за време на војните сообраќала железничката станица „Астреа“. Тоа ритмично забревтување на машините станува рефрен на цела полинска околија: *Фук-так, фук-так. фук-так…*

*

На осумстотини и кусур милји оттука, во александрискиот Музеј на егзотиката беа изложени многу реткости кои патувале низ времето и по разни канали и патеки се нашле овде. Во ориенталната збирка недостигаше еден артефакт за кој се претполагаше дека сè уште постои некаде. Тоа беше стар клуч – калауз – од времето на османлиската династија Евренозоглу, единствената копија сочувана од оригиналот исчезнат во погромот на старите полинчани. Калаузот беше рачно изработен во една хазарска ковачница на Кавказ и важеше за еден од најбараните предмети на старинарската берза. Во Книгата на Папосилен Ѕвездочатецот пишува дека тој бил врската помеѓу Источната и Западната цивилизација. Археолозите му ја губат трагата некаде по ослободувањето, а дивите копачи имаа сознанија дека скапоцениот калауз уште се наоѓа на тлото на Балканот…

*

Да, Силчо. Убав си денес. Личен-бричен. Е па, вака…

Се викам Васил Тирков Андонов. Роден сум првиот четврток од септември во Полин и тука мислам да го поминам цел мој живот. Од мал ме викаат Силе. Да, тоа сум јас. Силе Андонов не е случајна личност. Војката мене ми е брат. Тој е прекрасен брат, подобар брат не знам. Ние сме толку различни, што само братството нè врзува. Мама уште е жива и таа е една прекрасна мајка. И татко ми Тирко беше еден добар човек. Тој имаше многу, мнооогу пријатели. Еден од нив беше и човекот што ја создал нашата азбука. Бог ја направи оваа пустелија, нели, и Бог ќе го поправи сето тоа. Мислам оти клучот за обновата овде лежи токму во езерото. Знам јас што да правам и како да направам, и ќе го сторам тоа. Сигурно, ветувам.

Исус со една риба нахранил илјадници луѓе. Јас илјадапати му ја нахранив душата на татко ми, кога му реков оти рибата е од Полинското Езеро. Така во своите тефтери запишал еден некогашен земјак, рибољубец. А тоа да ти биде убава и вкусна

перкија уловена од сред езеро, таму каде што се вкрстуваат двата домашарски ветра, калишникот и добровенот.

Јас сум добриот човек од Добер. Прибирач на животинки, разни. Има една поговорка која вели: *Ако сакате да купите љубов за пари, купете куче* – тоа ќе ве сака до крајот на својот живот. Имам сто и нешто гулаби, многу мачки, две кози и куче, едно ама вредно. Тоа е мое куче и јас би направил сè заради него. Пирамида сигурно нема да му градам. И така.

Јас, колку што знам, секој за себе си е убав, нели? И кога не би бил Нарцис, јас би се вљубил во самиот себе. Тоа е затоа што си го сакам градот, ги сакам луѓето, и газди и јабанџии, го сакам езерото, но најмногу што сакам е да живеам и да си умрам – тука.

Јас и не мислам оти живеам некоја посебна животна драма. Силе – апсолутно сум јас. Силе е е-дин-ствен.

„Убав си, Силчо!“

До-бро. Уште да се качам на точакот и… одиме денес во нови победи!

*

Мирис на риба што се пече во шпоретчето на дрва. Се блажат со слатко од зелени смокви и налеваат по една чаша вода од белушката, утрото црпната од изворите на езерото.

„Во животот сè мине и низ него сè треба да знаеш.“

„Знам, мајче. Што прават комшиите?“

„Пак ќе ти кажам, со нив јас ич си немам работа. Ти се гледаш ли со Војко?“

„Се чувме по телефон. Денес треба да дојде.“

„Е арно. Ќе ручаш ли сега?“

„Да, ајде...“

Тепсијата со печени перкии во кромидарник е истината и сааните се веќе поставени, и покрај тоа што ручекот доцни, без некоја причина.

*

Уште од дете, Силе уживаше да оди сабајлечки на Скелето каде рибарите ги празнеа мрежите и тогаш уловот се продаваше или трампаше за други намирници: млеко, мед, јајца… А перкии имаше за сите, и за млади и за стари.

Беше убеден дека спасот на Езерото е во грижливоста и однесувањето кон наследството, и затоа со голема љубов им прикажуваше на туристите.

„Дедо ми се знаел со човекот што ги сакаше калинките. Куќата на прадедо ми била тука, до езерото, а и јаворите исто така. Гранките нивни паѓале во водите на Полинското Езеро. Биле стари колку и ѕидот на Дедо Варадин, така се зборува за нив. Тука било како забавно катче. Еееe, таму, била куќата на Нанови, потаму на Брзицови, па на Абаџиеви, на Граматикови, на Меерови, а онаму – на Кулишеви. А тука, веднаш до нашата стара куќа, тука еднододруго биле куќите на Мирната и Ќелешот, братучеди на татко ми. Обајцата, уште не сум бил ни роден, глуво време, го препливале езерото, а после, низ многу сончоглед и афион, илегално пребегале преку границата. Баш тука, на

ова место, е меѓникот на Езерска Земја, еве го – салијата – најстариот јавор, платан, вечен паметник, уште е здрав и цел.

Господи, чувај го ова дрво за спомен на куќата на дедо ми Васил!

На времето, ова беше најживото место во Полин, во оваа точка векуваат и водата и копното. Тука јас ги насетувам прашинките од луѓето и објектите што веќе ги нема.

Најсвежа памет имам за Саат-кулата. И тато, и дедо, Бог да им душа прости, ми имаат муабетено за неа. Големиот саат го покажувал времето и биел на секој час, за да знаат луѓето колку е часот сега, и што треба наредно да прават. Таа убава кула од 1372-та безброј тајни крие, со многу убиства и преврати што се случиле во нејзините тесни одаи и катови. Прадедо ми бил клучар на затворот кој се наоѓал во подрумите од кулата. Заптиите и питомците имале голема почит кон прадедо ми. Едниот клуч бил секогаш со него кога бил на смена. Другиот клуч, калаузот, го чувал дома, под перница. Главната порта од кулскиот затвор стои и ден-денес затворена и прекриена од трње и пајажини. Никогаш никој не дозна што се крие под темелите на кулата. А мистериите велат дека подрумите на кулата биле поврзани со тесни подземни ходници кои излегуваат од другата страна на Ѓољот.

Од турско време нема уште многу такви белези. Има само една чешма, оваа кула, и тоа е сè што останало.

Јас не мислам оти живеам некоја трагична судбина, ниту пак животна комедија. Јас си живеам еден реален живот. Баш каков што сум посакувал, таков ми е и животот. Се гледам со секакви луѓе, од секаде. Со луѓе кои се високо школувани, но и со такви за кои можам да кажам дека немаат ни два грама школо. Јас секоја моја идеја ја реализирам. Но мислам дека не треба толку да се мечтае, туку треба да се работи. Како жените што работат.

Жените се двигатели за постоењето на човекот. Се знае, жената е таа што раѓа, што одгледува. Господ за џабе не ја создал жената. Кога видел оти Адам не може сам да опстане, му создал другарка, жена. Нормално, ги ценам жените, ги сакам, та нели сум ерген. Би сакал жена што ќе ми биде верна. Можеби премногу избирам, но таков сум.

Кажи Рајне, кажи душо, кој ти нишан стори на белото лице…

Јас спокојно си легнувам, си заспивам, и спокојно се будам, затоа што немам ама ни трошка грешка во мојот живот. Мислам оти мојата душа е чиста. Силе не се плаши од никој, а најмалку од себеси. Секој жив човек мора да сонува. Сонот е – чиста илузија. Затоа и напишав една драмска сатира, за која, јас сум сигурен, ќе биде перфектна. Драмата се вика ‘На ачикот’. Звучи крлежијански, и ќе биде цела, уште малку, има сите да ми честитаат.“

*

Силе, застанат сред напуштената стара црква, каде сенешто чита наглас или зборува напамет од Светото писмо. Овој пат препрочитува нова сцена од неговата драма.

СТАВРЕ: Овие петокраки не се наше обележје. Ние сакаме да носиме наши симболи.

КАТЕРИНА: Добро, а каква е нашата боја?

ДУШКО: Што, полинчанка, а да не знае која е нашата боја?

СТАВРЕ: Малку по малку, сè се заборавило што било старо и народно. А најпосле, ќе ги изгубевме и родот, и имотот, и името. Па и нашата единствена ѕвезда што свети како огин на небото.

(Драмскиот текст на Силе, отчукан на стара машина за пишување, останува недовршен.)

*

Огнот е нешто вечно, библиско. Прометеј го украл огнот од боговите и им го подарил на луѓето. И јас сум табиетлија како Прометеј, но можеби на некој друг начин.

На ридот, горе, се наоѓаат бункерите од времето кога градот е разурнат до темел. Тука бил, фактички, Македонскиот фронт. По крвавата епопеја, многумина не се вратија назад дома. Меѓу нив имаше најголем број Британци, жртви во војната. На 18 септември 1918 г. овде се случила балканската касапница на Првата светска војна. Камен на камен нема останато во градот. Тоа е огромна загуба за човештвото. Е, мој Полине, разурнат под овие бункери! Крокодилите, кога ги јадат своите пленови, велат оти ронат солзи. За мојот град, кога го изеле завојувачките сили, никој ниедна солза не пролеал. Човечката глупост нема граници. Кажете ми, зошто е измислена атомската бомба? Тоа е апсурд, голем. Која ли е цената на војната, не знам. Знам само дека Господ го создал светот за да постои, а не за да не постои.

Луѓе, бидете добри! И Бог тоа го сака. Тоа ви го порачува Силе...

Древности имам многу и ги собирам со љубов. Сакам сè што се однесува токму за Полин. Не купувам весници, ама редовно слушам радио. И еднаш во годината во август одам во месната заедница да гледам телевизија. Досега ниту еднаш немам пропуштено пренос на Синьската алка.

Алкарите, убаво дуздисани и качени на коњ, со мамузи и со долги копја, имаат цел да го погодат центарот на алката. Просто ме маѓепсува таа далечна, витешка игра. Потсеќа на одбраната на тврдините на градот.

Кога праведниците благословуваат, градот напредува, а преку устата на нечестивиот се разрушува. Малоумниот искажува презир кон ближниот свој, а разумниот човек молчи. Кој оди да зборува, издава тајна, но неверникот ја чува тајната.

И денес, на Св. Илија, по осумдесет и кусур години, со благослов на Полјанскиот владика и со дарение на „Чабул“ од Прага, пак започна да бие црковното ѕвоно. Тоа е знак дека разурнатата црква ќе се обнови и ќе изградат покрив, како што доликува. Ах, колку празнично едно време минуваме ние сега… Од денес, пак има утринска црква со пеење.

Долги лета тука меѓу ѕидовите на црквата пуштаа филмови. Еднашка го гледав „Најкраткиот ден“ и еден глумец од филмот седеше во публиката. Утредента со жена му и детето го видоа на Предарската плажа. Цел ден гледал преку езерото, со очите кон другата страна. Можеби додека гледал ги наслушнувал рибините звуци? Или, пак, му се причинил некој глас, како на невидлив тулјан...

Не сум сигурен, ама вечер може ќе одам со Арончо на брегот и ќе отсвирам некоја песна на гитарата, за душа, што се вели. Обожавам музика, нема што. *Бог да бие, Тино мори…*

Сонот е еден вид надеж. Да, надеж. Оти, човек кој не сонува, нема надеж. Сонот мој е денес да има дел од животот што се одвивал во Полин некогаш.

Секој човек сонува. Јас, на пример, често сонувам калушари. Веат црвен бајрак, облечени се во бела руба со китки. Сите држат по една јаворова тојага. Ме опколуваат, вртат околу мене. Еден од нив удира тапан. Звукот станува гласен и страшен. Играат, тупаат, душа ми вадат. На крајот, кожата на тапанот се раскинува, а јас се будам и што да видам – слон и замок!

Такви, знам, биле соништа и на татко ми Тирко, многупати ми ги има толкувано.

*

Татко немам одамна, чичко ми исто е умрен, јас сум им трн во окото на завидливи полинчани. Само мама е тука, но и бате помага кога треба. Догодина сигурно ќе си најдам жена, ако не, се надевам и сам ќе доживеам длабока старост… Додека сум жив, сакам да си прикажувам со рибите. Само тие ги разбираат моите молитви.

Езерото е бисерот на Полин. Водата е живот и езерото значи живот, токму така. Времето никојпат не се менува, но Силе во новиот милениум ќе остари.

Исус со една риба нахранил илјадници луѓе... А вас ве има многу. И да ве има повеќе, што повеќе... Вие сте, риби, нашата живејачка, вие сте нашето богатство. Да.

Во мојава Езерска Земја нема пари. Но, затоа те имам тебе, водо. Нели?

*

Сѐ до мигот кога Силе, вратен од автобуската, од каде што мајка му тој ден отиде на бит-пазарот да продава свежо скроени невестински фустани, не налета на лице со качулка скриено зад стеблото пред домашната куќа. Подмолниот удар беше тап и краткотраен. Силе се струполи во дворот...

И додека Арон закрвено лаеше и вртеше небаре ќе си го спаси стопанот, натрапникот, како веќе да го познава имотот, трчешкум ги искачи скалите, стигна до страничната врата што водеше кон единствената Силева соба во која тој се чувствуваше наполно свој. Неканетиот гостин ги собра сите древности чувани во стариот орман: библија на староцрковно писмо, статер со ликот на Александар Велики, неколку златни лири, свеќник дуплир, гитара седмострунка, нишко радио „Орфеј“, А4 машинопис од близу 50 страници, и едно ’рѓосано сидро. Претураше насекаде: под душекот, низ шартарите, по ќошињата – сакаше уште нешто да најде. Но тоа што го бараше – го немаше.

Додека Силе лежеше онесвестен и туфенееше, Арончо и плачеше и беснееше, а во меѓувреме заврна врел дождец кој леееше, лиеше и пополека ги дополнуваше сите мали и големи дупки во полинската природа. А потем во исто време и грееше и врнеше, чиниш волк и лисица денуваат во свадбено положение, како во онаа не многу веројатна

стара заткарпатска легенда.

Непознатиот, нагрбен со пљачките, ја спрашти кон граничниот премин, каде што го чекаше ортак. Силевото благо експресно летна за странство, од каде на една аукција близу Сена предметите беа продадени за големи евра.

…И луѓето поминуваа покрај паднатиот Силе. Имаше меѓу нив разни матикаши, комарџии и чпиони, но најмалку од сè имаше добри домаќини. Некои застануваа и потсмешливо, со упреци, го гледаа така спружен, а најлошите го плукаа и го клоцаа на дождот.

„Така му требаше, кучето смрдливо. Остајте го да цркне, мамичето негово. Изветреан. Копиле сакато. Удри, нека му е! Пијано магаре. Пу, лејко небањата! Толку од стариот ерген...“

Најсетне го тепаа со излитениот дрвен стап што катаден го носеше со себе. Беше тоа ден кога на учениците им ги даваа книшките и по сокаците одзвонуваше *Ej ти школо, дрвена барако*... Дождот не престануваше, сончко си поигруваше, кривецот фуреше, и ниеден не се наведна да му помогне на Силе. А татко Тирко на сите имаше помагано. Беше мерач во Рибната задруга. Господ му даде голема и дарежлива душа. Покрај него, сите рибари изградија нови и големи куќи, а секоја година печеа по сто септемвриски казани ракија од задружното лозје.

Каде ли отидоа сега добрите полински луѓе? Каде? Па и мама Нонча не беше тука да им рече „Доста!“ и да го утеши со „Силчо, сине!“ Така во калта лежеше синот на Нонча и Тирко, на оној Тирко когошто еден месец пред пензија го собра марица и така стар и невин лежеше три години затвор „за нелегално поседување артефакти“.

А тој, помалиот син Силе, роден со лева покуса нога, не беше ништо поневреден од своите чесни родители, стари дојранчани.

*

Сред сегашното, Дојранско Езеро.

Водостојот е пак зголемен, како во летото 1918-то.

Силе ја наведнува главата и се огледува во водата. Тука е заради една единствена работа: да го пронајде стариот клуч потонат на дното од езерото.

Каде ли може да се крие калаузот? Прашање долго и тешко еден незавршен живот. Има ли одговор, нема ли…

Сега ли е или не часот кога Силе ќе се збогува од својот остен со кој беше неразделен другар од престапулка. Тој му беше и потпора, и весло, и крило. Со него порасна и со него предвреме остаре.

Најпрвин го бакнува стапот небаре е свето жезло. Потем одлучно го фрла во езерото, низ водата. Тука каде меурчињата ги покажуваат изворите тауријански и од кај што водата лековито се пие…

Силевиот лик чудесно се разлева врз водата, небото над неа се отвора и заруменува, а многукраките ѕвезди го довикуваат да им се придружи, не би ли се упокоил.

Од тој миг, како преподобна, вистинита илузија, Силе не е повеќе во Езерска Земја.

Неговото тело се разложи во ѕвездена прашина, се претвори во капка роса, стана Божја честичка. И неговиот дух остана безвременски за да лебди со неприметни, но продорни зраци во рајот што го живееја езероземјани.

Силе изгуби сè. Можеше да има многу, но остана без ништо. Исто како и неговите предци коишто биле богати со многубројни и најубави езера, а по заслуга на кловновите надвиснати над светските мапи, останале само со три, сега поделени надве-натри.

Тука некаде привршува повеста за неговото ненадејно одлетување од Езерска Земја…

*

На истото место, во езерото, на околу две илјади лакти од земјата, како во маѓепсан вртлог, една година пред да дојде на овој свет Силе. Во заднината извишени Орбело и Дисор. Во рибарски кораб кој стои среде езерската вода, три момчиња полуисправени кон брегот од другата страна. Едниот гледа низ двоглед, другиот весла, а третиот со ранец на грбот како да чека некој пален знак. Во еден момент, во далечината, на парчето *ничија земја*, забележуваат маслинест камион марка *Бредфорд* од кој излегува краток шмајзерски рафал во воздухот. Ги обзема немир, при што коработ се разнишува. Мирната и Ќелешот скокнуваат во водата и се нурнуваат кон длабокото. Имаат една единствена цел: илегално да го препливаат езерото и отаде границата, со брод да заминат на Дивиот Запад. Третиот, веслачот, е Тирко, и околу вратот носи клуч. Тоа е клучот-калауз наследен од татко му, кој го носи обесен околу вратот. Во тие неколку панични секунди, додека брзо завеслува назад кон полинскиот брег, пловејќи наспроти енгумите, клучот ненадејно испаѓа во водата, и така судбински потонува во вечноста.

*

Калаузот и ден-денес стои сохранет меѓу подводниот свет на Дојранското Езеро. Во вечните ловишта под тињата и талогот од перја на сурлиња, ачка, калуѓерици и саракинки, и од скелети на црвеноперки, платици и белвици. Чуван од живи сомови, видри и пијавици. Потиснат од неиспукани гранати. Него не би можеле да го пронајдат ниту подводните авантуристи Кусто и Лени, освен можеби Австриецот Ото, кој еднаш го има филмувано ловењето на перкиите.

Домашни и странски нуркачи пет дена се обидуваа да го најдат телото на Силе. Дронови летаа и кучиња трагачи пребаруваа долж крајбрежјето. Шестиот ден на сите им стана јасно дека така му било пишано: да исчезне без трага. Верно ли е дното од езерото да го крие до денес? И земјата и водата да не го даваат, да го отмат, да го држат со себе? Заедно со калаузот од приказната. Можеби и има вистина во тоа дека на тој начин го имаат и чуваат. Како златно руно насобрано од сиот Божји Медитеран. Оти, пак, никој во Езерска Земја и не го заслужуваше Силевото пришествие.

*

Силе си замина од овој свет шест недели порано од мајка му. Осамен, мувосан и обраснат со брада. Кучето Арон беше сведок на маките низ кои минуваше.

Во беспримерното лице на Силе малку се препознаваше ликот на поштарот од еден филм за Пабло Неруда. Дури и глумецот што го играше тој поштар си замина толку рано како и нашиот Силе.

А целта му беше една и само една: да го пронајде стариот клуч, калаузот, што беше семејно наследство на лозата на Андонови. Беше убеден дека со него еден ден ќе успее да ја отвори закатанчената порта на Саат-кулата. Кула што крие сѐ што е ново, а ништо што е познато. Чиниш уште неотворено клобо, во топка смотано, со алови неодмрсени кончиња. Заклучено и запечатено. Како еден мал неславен живот.

*

Додека најмилата на чичо фриволно ја гледаше завршната вечер на Песна на Евровизија, нејзиниот млад свршеник се тушираше. Од двата порцелански филџана на масата испаруваше планински чај засладен со јаворов сируп. А на романсата само што ѝ претходеше самослик со Galaxy A52.

Клучалката во хотелската соба зјаеше празна. На плазма екранот грмеше музиката на „Калуш оркестра“. Во утробата на Калина пливаше новооформен ембрион…

Во исто време, нешто многу чудно се случуваше во воздухот над Полин. Езерска Земја беше ширум расцепена, а небото жаросано. Започна страотна бура, каква што немаат опишано ниту Хомер ниту Шекспир, ниту други белосветски раскажувачи. Таму некаде горе како да се водеше смртна битка меѓу Истокот и Западот. Тоа беа солзите на Силе претворени во тажни облаци што се движат со брзина на ламјен оган. Вековите се споија, годовите на столетните јавори се избришаа, воздухот крвавеше од смачканите дворски калинки, стрелките на часовниците во метрополите се порамнија, а подземните ходници од Саат-кулата се отворија правејќи широк крстопат – кон новиот светски поредок.

Саможртвата беше чиста реалност, спасението неопходна потреба, а откровението свршен чин. Тоа како да беа најпоследните маки на Силе наш. Apocalipsis cum figuris.[7] Засекогаш или, пак, за кратко. Сеедно.

Од тој суден миг, водената прегратка го држеше и чуваше човекот заклучен во езерото уште посилно и уште долго, а поменот за неговото архангелско постоење стануваше мит што не угаснува, ни при најбурните плими, ни за најмирните осеки.

(Овој расказ се објавува за првпат и ќе биде дел од книгата „Чиста илузија“.)

[7] Апокалипса со слики.

Далибор ПЛЕЧИЌ

Шпигел

Во улицата *Josefstädter Strasse*, во осмиот бицирк од некогашниот главен град на Австроунгарија, а сега само на Австрија, Виена, тоа утро Штефани Цингл се разбуди со силна болка врз очните капаци, со главоболка што како моторна пила го сечеше предниот дел од нејзиниот череп и со насмевка што никако рационално не можеше да биде објаснета. Во нејзиниот видеокруг се наоѓаа: високиот плафон, старомодниот лустер од ковано железо, сенката на ѕидот од веќе распеаното и високо подигнато сонце и еден недефиниран инсект кој влегуваше и излегуваше од нејзиното видно поле како рекламно клатно... или можеби како потсетник на една бурна и чудна ноќ.

Да, таква беше ноќта зад неа, како овој инсект, на моменти здодевна, на моменти интригантна и на мигови отсутна. Штефани Цингл, дипломирана режисерка по филмска режија, никогаш во животот не беше напишала ниту една песна. Да бидеме искрени, таа не обожуваше поезија, а и поезијата се трудеше да ја заобиколи кога беше во можност. Сепак, на масичето покрај нејзиниот удобен, висок кревет полн со тајни, тоа утро со свој ракопис и во свој нотес таа пронајде песна. Да, вистинско уметничко дело, синоним за лирика, со стихови, стилски фигури, лирски субјект и суштина на светот. Имаше мали проблеми да го прочита тоа што очигледно самата го напишала, што заради своите уморни и мамурливи очи, што заради нејзиниот никогаш исправен ракопис, но на крајот сепак успеа наглас да ги процеди низ нејзините совршено бели заби и меки и румени, полни со секаков вид воздишки усни, следните стихови:

Мои драги момци, носители на елементи од

Висечките делови на мебелот,

Меури мои набрекнати од тестостеронскиот синтетизиран набој во

Семениците на секој тротоар, секој праг, секоја веце школка,

Предраги мои мамини синови, длабоки гласови, бради необраснати, големи мои растови,

Мускулни маси, рамења широки, черепи испакнати, структури коскени,

Адамови јаболка без пестициди, и со пестициди...

XY хромозоми мои, простати неопеани!

Не можам повеќе да заспивам со вас, а да се будам со себе,

Не можам повеќе да мислам на вас, а да живеам со себе,

Не можам повеќе да клечам пред вас, а да газам врз себе...

Во тој миг Штефани Цингл го подигна погледот од хартијата и под својот кревет забележа тело, за кое не можеше никако да утврди дали е живо или мртво, дали е машко или женско, дали е туѓо или нејзино. Низ улиците на Виена се слушаше радио водителот кој повторуваше дека „истрагата е во тек!“

Игор ПОП-ТРАЈКОВ

ТРАНСАТЛАНТСКИ

Не сум од оние кои постојано се жалат. Напротив постојано настојувам да ги согледам нештата онакви какви навистина се, а од она што ми е понудено да го извлечам најдоброто. Сите велат тука сме живееле со лажна сигурност, со лажни пријатели – не се согласувам со ова. Мислам дека Балканот е најголемиот извор на напредок, на благосостојба, дури и на инспирација. Нема други како Балканците. Ние бевме оние кои најтешкиот дел од поновата историја го изнесовме сами на нашите плеќи и затоа сме заслужиле да ги уживаме благодетите на животот. Бонвиван сум. Сите ми велат дека сум сакал сѐ да се случува како во филмовите, дека таквата реалност не постои, но најдов и многу мои истомисленици, а кои се тие, почитувани читатели, верувам ќе разберете не можам да ви издадам. Да скратам - мислам дека е многу важно каква кола некој вози, како си облечен. Лажат сите оние кои велат дека облеката не го чини човекот. Да не беше важен изгледот (скапиот изглед) немаше да постои онаа високобуџетна дизајнерска индустрија. За жал, навистина на Балканот живеат многу глупаци. Не можат они да сфатат некои најпрости нешта, како на пр. дека човековата среќа едноставно не може да се досегне без пари.

Бидејќи живееме во екот на развојот, сега во 67-мата јас решив да се запишам на правен факултет. Не сум како оние женчиња кои одат по уметнички академии и чекаат сѐ мама и тато да им платат. Јас знам дека со упорност и со чесен труд можам самиот да се издигнам и да засветлам со својот вистински, мажествен сјај. Не сум со којзнае какво потекло. Моите едвај крпат крај со крај, иако сум им син единец. Имав сестра, ама она умре од шарлах. Немавме пари за недржавни лекови. Си реков сѐ ќе направам за ова да не им се случи на моите деца. Супер напредувам на факултет, имам супер просек, што ми овозможува да си ја продолжувам стипендијата. Да немав стипендија сигурно немаше да можам да си дозволам високо образование. Моите се постојано шворц и се со шантраво здравје. Само што бидејќи не сум од Скопје, мора да бидам во студентски дом. Да признаам не ми се допаѓа како е во домот. Сите некако зазираат едни од други. Не сакаат навистина да се зближат. Хигиената е на сомнително ниво, а не е дека нема лоши услови. Постојано сите одат на лекции со валкани кошули, зашто им рекле дека треба да штедат во име на социјалистичката економија; они всушност ѝ штеделе на хемиската индустрија зашто немало доволно прашоци за перење. Како и сите правници следам лекции и од економија. Можам да проценам дека зад директивата за прашоците се крие всушност нечија идеја за опресија, мачење и сл. Зашто репроматеријалите ги добиваат од Русија, која веројатно преку прашоците врши извесен политички притисок оти нешто не ѝ е по ќеф. Долж лекциите реков дека не треба многу да се тргува со Русија бидејќи има податоци дека сите кои тргуваат со неа постојано се изложени на вакви ризици. „Едноставно Русите не умеат да го користат бизнисот чисто. Го користат за други работи...“- ете така се занесов и одолговлеков со коментар за време на предавањето. Потоа се зачудив дека сите стаписано зјапаат во мене и некако студено молчат. Погледнав кон стариот, проќелав, зацрвенет професор, кому евтините, дебели оквири од очилата му беа паднати на половина нос. „Ќе биде добро колега.“- безлично додаде тој.

Сите во аулата како да се опуштија. Еден скубен, ужасно евтино облечен студент додаде: „Немаме бизнис, имаме стопанство“. Потоа професорот му се обрати ноншалантно: „Да, колега ама некои кои се најдобри од вас, не можат да ги сфатат најпростите работи.“ Сите со крајна омраза зјапаат во мене. Нешто студено ми се тркала по челото, коешто е капка студена пот.

Одам кон собата на третиот кат од студентскиот дом. Забележувам дека дури да дојдам од факултетот тука, никој не сакаше да зборува со мене. Всушност ова беше вака од првиот ден кога дојдов тука. Ме нарекуваат „закопчаниот“, зашто многу уредно сум се облекувал и зашто не сум сакал да бидам како останатите. Дали треба да им се извинам? Јас вака сум научен од дома, да бидам педантен. Се изненадив кога видов каква смрдеа била прифатлива меѓу младите.

Ви кажувам значи за студентските стандарди. Да не заборавам- храната во мензата е навистина ужасна. Најчесто добиваме грав (во кој понекогаш има некаков приварен колбас) или зелка без месо, но со кромид, како и со морков. Прислужничките во мензата велат: „На јади! Земи уште една порција. Од ова се расте.“ Но јас се сушам. Гледам како нагло слабеам, можам да си ги пипнам ребрата, во лицето сум постојано блед. А сето време ги гледам оние смрдежите како се дебелеат. Сигурно имаат супер црева кои подобро ја цицаат храната од моите бидејќи се селани- си реков. И навистина се чудев како они стануваа сè посилни и позаруменети во образите од мене. Моите ме прашаа дали да ми пратат нешто за јадење. Ги излажав, им реков дека имам повеќе одошто ми треба.

На влезот пред рецепцијата крај портата на домот забележувам плакат, направен онака по западни, модерни критериуми со полугола цуракуша со црвено знаме. Тој е за демонстрации за лошите студентски услови на кои нè повикува сојузот на црвената младина. Има закажано место во една библиотека каде што може секој да се пријави како знаменосец. Ќе се пријавам! Барем ќе сретнам и месести цуракуши, за да се осетам најадено по долго време. Ги запишувам податоците и се качувам горе за да се средам за излегување. Пак нема топла вода! Се туширам со мраз студена. Сам сум во купатилото. Овие смрдежите и со неизмиено ќе оделе на корзо! Ме боли глава, ама сè си мислам бргу ќе ми мине зашто сум млад. Се симнувам долу и гледам едни двајца крупни, со темни очила како го корнат плакатот. Ме прашуваат: „Да не знаеш кој го залепил ова?“ Јас одмавнувам со глава без да одговорам зашто брзам да стигнам кај пичките. Но, некој ме зграпчува за лакт! „Еј те прашав нешто!“- процеди низ заби. „Ама не значи дека ќе ти одговорам!“- и зачекорувам брзо да си одам, но се најдов наземи со носот во земја. Оној високиот ме сопна. „Еј види педеров како се направил со прашина!“- вели тој, а и двајцата се смеат френетично и палат цигари. Ја тресам прашината од себе и безволно, како и за сè друго одам таму каде одам. А мислев дека барем вечерва ќе се забавувам...

Ја мразам средината која ме опкружува. Едвај чекам да одам на демонстрации, каде од сите најмногу јас сум оној кој најстрасно го размавтува знамето. Одржав и говор на разгласот, но кој на мистериозен начин честопати пискаше, при што студентите си ги затнуваа ушите, но ниту еден не си замина. Се чувствувам многу добро кога по ова се залегнувам во креветот, спијам длабоко и целосно како мало дете. Следните дни се чувствувам многу остварено, со вратена самодоверба сум. Не ми пречи веќе дека сите ме одбегнуваат. Они не знаеле со кого си имаат работа, дека јас сум најдобриотм - си

велам. Единствено малку она пискање на разгласот ми создава несигурност, па и паранoја. Тоа ми личеше како диверзија. Ми се враќа довербата во светот кој ме опкружува. Живеам во модерна демократија. Се буниме и ќе имаме поголеми права.

Но, по два дена има натпис кај мензата дека поради технички причини денес немало да има ручек. Следниот ден се случи истото. И следниот... Веќе сиот се тресам од изгладнетост. Пијам големи количини вода од чешмата во клозетот, а истовремено ми се гади од смрдеата од веце шолјите. Ми се чини секоја секунда ќе се онесвестам. Ако поарчам само динар повеќе, ќе немам пари за автобуската карта за назад. Ја пуштам чешмата, главата ја вовирам под студената вода. Така се надевам дека нема да се онесвестам. Оној од мојата соба ја исклучува чешмата и ми вели дека знаел некое место каде сме можеле да одиме и да се зезаме без да платиме ништо. Јас веднаш помислувам дека таму ќе има и храна, затоа сега за сега неговата гнила смрдеа не ми смета. Верувам дека ќе ме однесе којзнае каде, кога глеј тоа место да ти било во оној паркот до наредниот блок од домот кој јас мислев е користен само за мочање од страна на пијаниците. И порано имав забележано дека има некаква бетонска грдост среде сето тоа ѓубре и папрати, ама сега се симнувам по скалите кои како да не се никогаш измиени. Влегувам во една голема и квалитетно уредена просторија, којашто личи на поголем ресторан. На едниот крај има шанк со кујна зад него. На краевите до горе по ѕидовите има рафтови со книги, а пред нив мали масички на кои има домашни и странски весници и списанија. Кога влегувам сите оние кои читаа на изветвените, но скапи фотелји, а со нозете на масичките, го соборија погледот надолу. Исто и оние кои јадеа, како што веднаш инстинктивно забележав, претежно месни продукти. Тука моментално има околу 30 фаци на мои години, од кои повеќето се мажи. Многу пушат, се почудив како ова функционира со оглед на тоа што се наоѓаме во подрум. Имаат пари за еркондишн? Оној кој ме донесе бамбори со некого, јас божем ги разгледувам книгите кои се претежно со црвена политичка обоеност, но цело време фантазирам за обилна храна, бидејќи предосетувам дека ќе ја добијам бесплатно. Оној кој ме донесе тука ме завлекува кон масата; ми се чини од гладувањето сум станал лесен како пердув. „Сега ти ќе јадеш!“- ми рече. Откако му свирна на келнерот, му наредува „на овој постојано да му носи од кременадлите и шницлите“. Храната просто ја снемува во мене. „Земи и од салатата, да какаш асално!“- ми рече нечиј познат глас. Не му обрнувам внимание, префокусиран сум на храната. Се шлогирам кога сфаќам кој е тој. „Ти си оној од... од онаа радиоемисијата?- го прашувам. Оној кој ме донесе ми вели во татковски, заштитнички манир: „Гледаш ли кој ти дојде? Само ќе те замолам, во иднина на другарот ќе му се обраќаш со Вие! Не сме дошле тука да ширите невоспитаност.“ Потоа ја исчезнувам и салатата во себе. Да не заборавам да ви кажам- тука до мене се и некои од оние кои смрдат, а за кои се чудев како се ухранети.

Не се заморувам да мислам кои се овие кои ми даваат храна секој ден. Сигурно се некои добри луѓе. Кога си трудољубив нештата сами си доаѓаат на свое место- размислувам како што ме учеа тато и мама. Сега можам полесно да ги запомнам уроците со оглед на тоа што се хранам со месни протеини. Гарант ќе добијам сè највисоки оцени. Но, кога ги видов резултатите, се шлогирав. На половина од испитите имав паднато, а на останатите бев со само преодна оцена. Веднаш побарав ревизија, но ми беше речено дека сум задоцнил, они веќе ги уништиле писмените тестови. Сум требало да реагирам

во рок од 24 часа. „Тоа е невозможно, ве молам проверете. Наредниот ден е недела. И да сум знаел дека е така немаше да може ништо да направам.“ Но, стакленцето од шалтерот се затвори, а нечија рака стави натпис: *На пауза сме*. Побарав прием кај деканот, но добив од секретарката. Таа ми кажува дека „тоа значело 24 часа во работен ден, па тогаш зошто не сум се пожалил во понеделникот.“ Јас кажувам дека ова би требало да им биде сомнително само по себе, бидејќи досега бев најдобриот студент. Секретарката како да се плаши од мојот коментар, ми кажува со циничен тон дека штом е така ќе сум можел да се видам со некого. Ми ја покажува вратата на деканот. Жив радосен со брз чекор се упатувам кон неа, но во кабинетот на кожната фотеља седи еден тип, а нозете му се на катедрата. Сламената шапка му е натакната на половина чело, не можам да му ги видам очите. Плус чита весник. Прашувам: „Каде е деканот?“ Тој ми вели: „Што ќе ти е? Сакаш да му го држиш?“ Јас: „Не на него, а на тебе. Ми треба деканот. Да ти кажам се брзам. Направиле некоја грешка со тестовите. Досега требаше да сум дома.“ Типот: „Аха! Е, сега ти ќе причекаш! Треба да ја завршам статијава. После ќе ти објаснам! Оди малку надвор прошетај се, раскомоти се, запали цигара.“ Јас: „Не пушам!“ Тој сега се дере: „Иди бре таму крши глаа, да не ти ја скршам јас!“ Студено како Арктик чита. Јас храбро додавам: „Се враќам за пола саат!“

Кога излегувам во дворот на универзитетот имам што да видам. Има претежно студенти (не студентки), сите носат темни очила, никој не сака да ми прозбори. Сакам да ги распрашам каде е планот за новата сесија, лани ова време веќе беше истакнат. Но, они сите велат: Не знаеме ништо за тоа, прашај некој друг. Кога се враќам во кабинетот на деканот, на масичката гледам бел чаршаф на кој има стаклени садови со чоколадни десерти, шишиња со газирани пијалаци, вина и кристални чаши. Типот седи на катедрата, сега има црни очила. „Ти, бе, знаеш ли колку пари си изел таму? Ако ти ги бараме, доживотно ќе треба да лежиш в затвор!“- крикнува тој. „Што не си ги извадиш цвикерите? Мислам дека е доволно стемнето“- иронично презентирам што мислам јас. Тој удира силно со раката по катедрата: „Ако не се поправиш ќе леташ одовде како партал!“ „Што сум згрешил? Што не пијам, не пушам, не се дрогирам, а многу учам?“ „Што си правел минатата сабота? На корзо не се оди со разглас.“ Дури сега сфаќам за што ми зборува: „Па сите големи универзитети, како овој, кој сме горди да го имаме, имаат екстра-курикулум активности, коишто многу се вреднуваат. Тие се добри за општествениот развој, за економијата, за сите нас. Може ли?“- покажувам кон слатките. Тој: „Ајде! Голем да растеш. Ние се горедееме со студенти како тебе!“ Јас веќе ги исчезнувам во себе слатките и ги отварам шишињата со пијалаци. Тој продолжува, откако го прекинав со гласното џвакање: „Ти си уште млад, неискусен. Не знаеш дека тие ги плаќаат оние кои сакаат да нè експлоатираат, да ни ги крадат природните ресурси. Они сакале да ни демонстрираат, не да учат, не да работат. Мора бе да се стави крај на тоа!“ Силно удира со раката по катедрата. „Ќе ни кажеш кои се сите тие, мамичето ќе им го расплачеме. Кои се бе они да ни го валкаат лицето пред сиот свет? Ќе ти дадеме супер облека, по западни критериуми. Ќе им бидеш светски фраер, сите они да сакаат да ти се доближат. Ќе им кажеш дека си трансатлански - тоа им е кодот, да знаеш. Ќе дознаеш како сепак успеваат да преживеат, иако студирањето им е паузирано. Кој им прави достава на материјали, скрипти, пари, храна, облека, сè? Ние ќе ти ги средиме

забошотените документи. Ни е чест да си со нас супер студент. Немој да ти е гадно поради ова, и татко ти е да знаеш со нас. Го знаеме.“

Последново не им го верувам, но веднаш прифаќам, бидејќи веднаш почнаа да ми се јавуваат визии како би било кога моите би дознале дека ме избркале од факултет. Тие сиромашки, чесни луѓе – би морале да страдаат многу за нивниот кутар син. Затоа се решив да слушам за сè што ќе ми наредат. Наскоро добивме и преместување, онака како што тоа се прави при вакви случаи, заедно со оној од мојата соба. Добивме едни бунгалови-бараки на убаво, зазеленето место надвор од градот, еден спроти друг. За он да гледа што правам, ама и јас него да го проверувам. „На работа“ ми оди супер. Им се претставувам како некој чиешто богато семејство е од Америка, поради што сум со напредни сфаќања. Кога немаат пари за пијачки, јас им плаќам, или изнајмувам локации за забави. Честопати сè што зборуваме снимам со едно минијатурно магнетофонче кое ми е скриено во ташната. Арно ама еден студент кој работеше на студентски прашања и ги имаше моите податоци се јавил кај мене дома, зашто не ме нашол на скопскиот телефон, но некој му рекол дека таа локација сега се изнајмува. Бестрага! Јас знам дека татко ми и мајка ми се сè уште таму, зашто им се јавив. Значи било вистина дека татко ми им соработувал исто така, затоа се осмелиле да ме врбуваат. Оваа мисла ме исполнува со ужас. Ми се чини дека го губам менталното здравје. Со ноќи не можам да заспијам. Но како и да е мора да се продолжи. Се стегнав, сега одам кај шефот на работа по 2 часот по полноќ. Имало нешто многу итно да се заврши.

Тој ми кажува дека постојат некои неподобни кај нас на факултет или на целиот универзитет кои морале да се стават на вистински колосек. Околу нив ќе се воспостави квалитетна и интензивна мрежа од кодоши која сосем ќе им го заокружи животот. Во секоја трафика, во секоја самопослуга, на секој шалтер ќе треба да ги пречекува некој од нашите и да им даде до знаење дека ништо од животот нема да им преостане доколку не се со нас. Како ова функционира? Едноставно кажано, почитувани читатели, со влевање страв. Да речеме кога некој ќе оди да си купи шише млеко, тогаш продавачот ќе рече: „Само што си купив весник. Не оти го читам, жена ми за да лупи компири в него.“ А сите ние знаеме дека е навистина така оти им снимаме сè и по дома. Верувајте сите ги полнат гаќите од вакви работи и многу бргу ни пристапуваат.

Во мензата кај мочкарникот доаѓаат и униформирани лица, од војската и од полицијата. Така постепено сфаќам дека нема бегање од нив и дека морам да бидам послушен. Единствен друг излез ми се чини е да се бега оттука. Пустото сакам да сум оттука. Не ми се остава родното огниште. Штом е и татко ми еден од нив, тоа не е важно. Честопати sврцкам кон дома и моите ми се чинат сосема нормални. Сигурно ова е патот кој го минуваат сите успешни- еден ден ќе сфатам, и сите сегашни недоумици ќе ми се чинат смешни. Ме мачи мислата за моето детство. Тогаш сè ми изгледаше веродостојно чисто, како дека тоа е единствениот вистински пат кој мора да се изоди колку и да е тежок. Сега гледам дека сигурно не е така. Склон сум да верувам дека и оние кои фатиле јабана сигурно и таму соработуваат со подземјето. Едноставно нема бегање од ова благословено зло. Всушност, навистина сум среќен. Сега знам дека знам како да дојдам до целта, за да бидам среќен, а тоа е да имам убаво семејство, секој викенд да одам на цртаните од Дизни со моите деца. По ѓаволите, да не имаат и некој апарат кој ни ги чита мислите? Тоа се непријателски, капиталистички продукции. Ако дознаат што сакам да

правам со парите што ги добивам од нив, би можел сè да изгубам. Сепак, ме мори мислата што ќе биде со моите деца, и они ли ќе треба да минуваат низ ова? Има ли некое место, кое не е Месечината, каде би можело да се побегне од ова?

Сигурно не! Добро го научив урокот. Знам дека откако ги поткажав сите оние кои добиваа помош од странство и кои исчезнаа во непознат правец, ќе добијам и нови работни задачи. Се разбира не ги уништија тие трансатлантските баш сите. Оставија некои од нив да живуркаат, за да не се сомневаат дека некој знае сè за нив, бидејќи ги обвинуваат за неверојатно мали работи, но од кои не може да се побегне. На пр. нивните родители имаат четирипати помала плата од мојата стипендија и најчесто не се во состојба да си ги платат сметките, доколку некој не ги навлече да работат нешто нечесно, од типот на дроги и оружје. Колку е тоа срцепарателно - они всушност навистина ѝ веруваат на државата, односно на нејзините медиуми, дека социјалистичката економија била во криза и дека морало многу да се штеди. Тоа им е неизбежната фаталност - дека не можат да се свртат против својата држава зашто тоа им е како да се свртат против својата мајка. Колку и да е очигледно дека околу нив постојано се коваат решетките на конспирациите, тие секогаш мислат дека така морало да биде, дека требало да се верува во Бог, во добродетелите и дека нештата би си дошле на правилниот пат. Дебело се заебаа!

Наредната задача за која ми е чест да работам е заокружувањето на непримерните универзитетски професори кои пројавуваат непријателски, западни економски модели. Треба постојано за нив ништо да не функционира, платата да им се намалува, они да гледаат дека колегите имаат повеќе, а за сето ова да се беспомошни и да не смеат никому да бекнат. За жал, не успеваме со ова. Сега ни е супер со нашите. Организацијата ни станува недисциплинирана. Не можеме постојано да им ги блокираме телефонските линии, ни се пијанчи и ни се безделничи со пички. Речиси сите они успеаја да добијат помош од своите богати роднини од странство. Затоа преминуваме во втората фаза на проектот, кој се засновува на влевање чувство на нарушување на телесниот интегритет кај целната група; значи со нефункционалност на системот да се влее страв во коски од постојано физичко и психичко насилство. Многумина беа подосакатени при мали лекарски интервенции, на пр. божем по грешка им беа извадени здрави заби или им беше засекогаш исчашена вилицата. Јас лично учествував во „санирањето“ на приодот кон универзитетот. Плочките ги направивме несврзани. Они се во години. Не дај боже да паднат, ќе куцаат до крај на живот. За жал, еден од нив имаше касмет да оди на работа кога врне, многу се лизна и е во кома со месеци. За негова среќа таму беа оние коишто постојано просат околу институциите. Тие ни се добри соработници на системот, ама ете, мораа да викнат брза помош. Сигурно одоколу имало и ненаши, затоа така постапиле.

Мислам и на жени, такви ми се годините. На една забава во мензата сретнувам една со костенлива коса со темни корени, која ми дава надежни знаци дека е заинтересирана. Дека има совршен задник сите станавме свесни кога играше кан-кан на маса, на француска вечер. И добро им го знае јазикот, оној српскиот, се гледа дека сите врати ѝ се отворени. Добро е да ја имам за себе- логично резонирам. Се наоѓаме во нејзиното мемливо поткровје со скап мебел. Сигурен сум дека е доволно пијана, ја притискам до себе. Таа се одушевува. Станувам свесен дека освен што има совршен

задник и квалитетно се бакнува. Онака целосно, со студен јазик. Ѝ мавам два шамара. Таа се ничкосува на земја и почнува да плаче. Ѝ ги слекувам фармерките и останатото. Потем напумпувам во неа извесна количина генетски материјал.

Утрината на масата ме пречекува луксузен порцелански сервис закитен со крофни, јајца на око и сокови. Добро е! - си велам. Ми беше страв да не ми се налутила за она вчера. Она напротив ми кажува, додека ждере како тигрица, дека се одушевила, дека се обвиткала околу мене како змијата околу дрвото на Адам и Ева, дека цело време мислела како дундата ѝ станува сѐ помесеста и помесеста. Во тоа видела добар знак дека ќе добивала обилни количини на месо во мензата, од она најквалитетното, какво само војската можела да си дозволи.

Сиот понесен од магијата на првата љубов трчам кон факултетот, да не задоцнам на предавањата. Дозволувам да ме врне пролетниот дожд. Косата ми е сосем мокра. Излегувам од автобусот. Брзам да не задоцнам. Се упатувам кон службениот влез, оттаму е пократко. Тукушто да стигнам до скалите полетувам кон горе. Ми се случува екстазата на среќата. Сиот сум во розови облаци облетуван од розови фламинга. Каков рај! Одненадеж многу ме заболува главата. Се будам во кревет. Не можам да си ги мрдам нозете. Се дерам очајно влечкајќи се со рацете по плочките кон излезот од болничката соба. Двајца во бело ме враќаат сосила в кревет давајќи ми морфиум. Подоцна ми кажуваат дека сум се лизнал на влезот. Ќе бидам навек парализиран од половината надолу. Во занесот заборавив дека тој ден плочките на професорскиот влез беа изместени, а оние царски халуцинации ми биле од морфиумот. Стариот ми липаше со часови на телефон: „Аман бе сине, што си направил! Како бе така!“ Мајка ми пак беше стресена, но со утешни зборови: „Ништо, ќе си продолжиш и така. Сѐ е исто!“

Нормално јас сум тој којшто нема да чека за количка. Ниту за работно место. Сега сум со оние питачите. Веднаш добив работна задача од прва категорија, во смисла како да им дофрлувам на шкртите клиенти кога просам кои се за некого непожелни граѓани, со што, како што ми беше објаснето, сум можел некому да му предизвикам и сериозни ментални нарушувања. Редовно си одам и на предавањата. Добив и награда за најуспешен хендикепиран студент на сиот универзитет. Но, предавањата не ми се интересни како порано. Животот ова ми го направи. Сега сакам да побегнам оттука, во некои сигурни, совршени пространства. Главата ми паѓа дури професорот зборува. Ми е страв да не заспијам. Затоа мислам на она што ме прави среќен. Дали би можело Бог да ме награди со бебе? Дали сум ја искористил доволно последната шанса? Да не ми ги прислушкуваат мислите? Бог е забранет. Најдобро е да мислам на друго. Лекцијата е во тек. Еве, некој ни кажува дека дури и на почетокот на 20-тиот век со закон било дозволено родителите да си ги сакатат децата за да можат да имаат кариера како чудовишта.

Трајче КАЦАРОВ

НЕМОЈ ДА КАЖЕШ, НАВИСТИНА НЕМОЈ ДА КАЖЕШ

КАЕЊЕ ЗА ЏАБЕ

Збирката раскази на А. Доде „Малиот шпион“ започнува со расказот „Последниот час“. Во поднасловот стои: „Приказна на еден мал Елзашанин“. Малиот Франца не бил благонаклонет кон училиштето, особено не кога на час по француски јазик ќе треба да одговара на прашања за кои е труба. Како и секогаш и тој ден се двоумел - дали да оди на училиште, или да се впушти како пеперутка по цветните полињата на Елзас. Иако не знаел ништо за глаголските прилози, собрал храброст и тргнал кон училиштето на час по француски јазик. Кога учителот го забележал на вратата, невообичаено за него, љубезно го поканил да седне на своето место. Со очаен глас учителот им се обратил на присутните во училницата: „Драги деца, денес ви предавам за последен пат. Од Берлин дојде наредба во училиштата во Елзас, од утре да се учи само на германски. Утре ќе ви дојде нов учител...“ На Малиот Франца не му требало ништо повеќе за да сфати зошто утринава кога доаѓал кон училиштето имало толпа народ пред општинската зграда и зошто во дното на училницата возрасните луѓе седеле на клупите со отворени учебници по француски јазик во рацете. Гневен Франца поради загубената слобода почнал да се кае. Се каел оти отсуствувал од часовите по француски јазик, оти прочитал многу малку книги напишани на француски, оти ја мразел француската граматика. Не помалку се каеле возрасните граѓани собрани во дното на училницата. Гласот на учителот се гасел во дното на грлото потпено од проголтаните солзи. Не сакал да пелтачи, па, се свртел кон таблата и со кредата напишал „Да живее Франција!“ „Толку“ – рекол не свртувајќи се кон учениците и возрасните граѓани додека ја напуштале училницата. Тишината во училиштето ја разбивале само гукањата на дивите гулаби. Малиот Франца во редот на оние кои си заминувале од последниот час по француски јазик, тивко за себе си рекол: „Сигурно не ќе ги приморат и нив да пеат на германски.“

По прочитот на расказот на Доде, помислив на нашиот мајчин јазик, на книгите напишани на македонски, на учителите по македонски јазик, на читателите, кои сè помалку ги има, на книгите на македонските писатели, на стравот да не дојде времето во кое ќе немаме друго освен да се каеме за џабе.

Нина НАСЕСКА

КОМШИСКО ОКО

Предниот ѕид од дневната соба ѝ беше целиот од стакло, прозорец од едниот – до другиот крај. Таква беше замислата на градителот на зградата која средовечните жени најчесто ја покриваа со ролетни и завеси. Некои поставуваа и тријслојна заштита: две рала ролетни, едни надворешни, од оние непробојните кои можеа да го направат и денот да изгледа како ноќ, втори внатрешни со подесување за косина и нормално завеса.

На нејзиниот прозорец имаше само едни внатрешни ролетни и завеса. Гледаше очи в очи со куќата отспротива со чијшто сопственик веднаш по вселувањето успеа да се скара. Таа сакаше да ги тресе своите прекривки од троседот и двоседот токму од таа тераса, веднаш над неговиот двор кој не смееше да биде туку-така испрашен. Еднаш или двапати си кажаа сѐ што им лежеше на душата и кавгата пукна, останаа скарани за навек. Маалото си доби уште двајца скарани соседи. Таа почна да ги тресе прекривките на друга тераса, а тој реши веќе да не погледнува во нејзиниот прозорец. Но, таа не престана да го наѕира меѓу ролетната, скриена помеѓу завесата и двоседот подавајќи само прст или око. Дење беше поретко активна оти светлината бараше попретпазливи очи и дискретен поглед, а ноќе само ќе ја изгасеше светилката и во темница можеше послободно да отскрие и две очи. Беше во тек со неговиот секојдневен ред на метење, наводнување сардели или спростирање на своите црни вдовечки алишта.

Но, одеднаш црните блузи и панталони станаа прошарани со по некоја бела женска маица, па дури и летен фустан со крупни цветови, младешки фустан. „Од каде сега женски маици? Онаа тантела мора да е женска, не може поинаку. Та и фустани има, види, види! Сопругата покојна, Бог да ја прости, не носеше такви фустани. Колку што паметам, сите алишта на жена му ги однесе во Црвен крст, зошто би перел нешто такво, женско, па и да го суши. Да не има гости?“, си мрмореше од зад ролетната замаглувајќи го стаклото со својот проникliв здив. Како да дознае во што е работата сега? Кого да го праша, а да не изгледа како да се интересира премногу за него.

На следната кафе-средба со сосетката од катот над неа, ја потпраша суптилно за зградата, за маалото, дали има нешто ново кај некого, добро или лошо.

– Не знаеш? Стеван отспротива не бил арен, сега дошла ќерка му од Америка, а по некое време треба и другата да дојде.

„Ете ги фустаните и тантелите, значи тука лежел зајакот“, си помисли и само кимна со главата рамнодушно. Уште да можеше да дознае од што е неарен или колку е неарен, но за такви детали немаше смелост. Вечерта повторно ѕирна низ ролетните и горделиво го извлече крајчето од устата гледајќи ја низата алишта која толку долго ја скокоткаше тука меѓу очите и прстите со кои ја рашируваше ролетната.

Со доаѓањето на втората сестра, дворската ламба свртена кон зградата беше оставена да свети цела вечер. Таа ноќна трепникава и болешлива светлина ѝ блештеше

низ големиот прозорец и не ги оставаше ни ноќта ни сонот, а ни неа спокојни. „Зошто ли свети? Зошто цела вечер?“, си мислеше вртејќи го вратот во непријатни положби само за да види нешто невидено. Сега беше спречена од ноќното назирање оти жолтата светлина правеше сенка од сè што ќе се појави на големиот прозорец. Гледаше дење, а понекогаш гледаше и ноќе со искривен врат, оддалеку. Назираше и со мисли, и со срце, и со душа.

„Ова не е на арно. Ми мириса на смрт.“ Такви мисли ѝ доаѓаа секоја вечер кога светилката ќе се запалеше во нивниот двор. Нешто неприродно имаше во таа светлина што ѝ ги земаше погледот и мислите. Тоа беше мрачна светлина, светлина што носи повеќе темнина од светлина. Немирната жолтеникава ламба ги оживуваше сарделите ненаводнети и ја правеше ноќта помртва отколку што беше без неа. Таму смртта пристигна блескајќи низ светлината на една обична дворска ламба, ноќна, запурничава и закашлана. Некогаш продираше нишкајќи се на ветрот во вид на сенки низ пердето и ролетнинте, како да бара помош, бркајќи се со ноќта и стравот на сестрите да останат сами во домот, одамна заборавен и туѓ.

Утрото виде меѓу ролетните неколкумина зацрнети луѓе со пробесени усти и очи, тргнати „со свеќа“ кај покојниот. Се прекрсти и промрморе „Бог да го прости!“ Господ да го прости, ама таа никако! Не ни почувствува потреба да му ја прости некогашната кавга, ни да им се приклучи на сите маалски пријатели кои ја оддадоа последната почит запалувајќи свеќа и молитва во неговиот дом. „Кој знае кој ќе му направи пченица сега? Јас бев месарија на цела зграда, јас правам најубава пченица, со шеќер, а не со ореви. Туку има помлади, нека прават како знаат“. Ги тргна ролетните, ја затресе завесата и си ги прибра мислите на посветло место, но вревата не престана цел ден и следните три дена. Одвреме-навреме ќе слушнеше џагорење и ќе покажеше едно окце на стаклото. „Како ли им доаѓа да се смеат. Ајде гостиве се гости, тие не може да жалат толку, ама ќерките? Па вчера го закопаа татко си што се вели, ѓоамити во црно се облечени, а си кажуваат приказни, се смеат. Ц, ц, ц, ни ќерките не го жалаат доволно.“

По нивното заминување дворската светлина престана да свети. Дворот го запечатија да се праши и валка, сарделите да се сушат, а жиците никогаш да не видат спрострени алишта, макар и црни. Таа знаеше дека ништо ново нема да види низ ролетните, но не ја прекина својата навика. Исто како што никогаш повторно не истресе ниедна прекривка од бескорисната тераса што остана да стои слепа и темна гледајќи кон куќата отспротива.

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

УЗНАВАЊЕ

Не знам како излегувам низ вратата, со сиот товар што се урна врз мене со тој изговорен збор. Сосем мал збор. Една безмилосна именка од машки род, составена од само еден слог.

Чекорам како замаена низ ходникот. Долг е и тесен, полн со безвоздушје што ми ги стега градите. Одвај ги поместувам нозете. Не ме слушаат, како да имаат своја волја издвоена од мојата. Се потчукнувам од луѓето кои се врвчат нагоре-надолу или стојат во купчиња пред некоја врата. Чудно ме погледнуваат. Некои ме загледуваат. Се поттргнуваат од мене небаре сум заразна, се плашат да ме допрат.

Некој ми ја фаќа раката и мигум ме застанува. Не успевам докрај да си го избистрам погледот и како низ бел превез го здогледувам лицето што стои пред мене. Широко лице на жена забрадена со шамија чијашто темна боја ѝ ги истакнува розовите образи.

– Добра ли си?

Гласот стигнува до мене чудно здебелен, како да ѝ се задавил во грлото пред да излезе. И како да поминува низ вода на својот долг пат до мене. Ушите ми се затнати. Главата ми татни од поројот што се заканува да ме поплави.

– Добро ли ти е, ќерко?

Ја гледам низ магла. Усните ми се толку суви што не можам да ги одлепам, да ѝ кажам едно „добра сум“, да ѝ кажам „благодарам“. Само одмавнувам со главата, или барем мислам дека го правам тоа.

Таа неволно ме пушта и раката ми паѓа како скршено крило крај телото.

Целата сум скршена. Чекорам како раштрафена. Како да ми е изваден главниот лост што ги држи составени деловите на телото.

Конечно го поминувам бескрајниот ходник и изнурнувам низ широкиот излез на зградата. Ме заслепува пладнето згуснато со жолта, блескава светлина. Многу полека, како да се плашат да не ме повредат, да не се повредат и самите – во очите и во ушите, во целото мое тело почнуваат да навлегуваат парчиња од денот, од светот што живее околу мене. Уште сум замаена, но лека-полека станувам свесна за околината. До мене допира црцорот на птиците од крошните на блиските дрвја. Ме галнува леко ветре. Ми надоаѓа малку воздух, лакомо го вдишувам потпрена на оградата. Се стискам за градите колнејќи го срцето да се смири. Полека, сè ќе биде во ред, полека... Вдиши – издиши, вдиши – издиши...

Татнежот во главата потстивнува, ушите ми се одзатнуваат. Маглата полека се расчистува и видот ми се разбиструва. Но, сите глетки од распеаниот зелен свет ми ја ранувааат душата. Сите тие ќе продолжат да радуваат туѓи очи и уши, мирисите ќе

влегуваат низ други ноздри, ветрето ќе гали туѓа кожа... Наскоро, многу скоро, сиот овој радосен, расцрцорен, раззеленет, мирисен и збуен свет – нема веќе да постои за мене.

Ги затворам очите и ѝ се препуштам на празнината. Тонам во длабокиот океан на тагата.

* * *

Се гледам седната на полускршената клупа пред болничката зграда. Се пофаќам по лицето и допирам мокреж. А не ни сеќавам дека плачам. Солзите сами капат, се растекуваат по образите и се собираат под брадата. Јаката на кошулата ми е мокра.

Течете, им велам немо, течете. Можеби ќе го удавите.

А потоа горко си се поднасмевнувам. Та, тој е водно животно, жено будалеста! Како можат солзите да го удават?

КОШМАРИ

1

Лежам на нешто тврдо. Снагата ми е здрвена, како цел век да сум спиела на неудобно легло. Нешто ме боде во грбот. Ја подмрднувам десната рака. Нема никој до мене. Сама сум. Навалувам понатаму. Допирам студен метал, нешто како старовремска рамка.

Од каде сега ваков кревет? - се чудам. Нели ги сменивме старите кревети со пружини кога ја доправивме куќата? Нели купивме голем кревет со убав душек за нас двајцата и еден помал за Бела?

Не можам да ги одлепам очите за да видам на што лежам. Горните и долните клепки ми се залепени, како составени со лепило. Се обидувам да ги протријам и фаќам топченца гурелки, и тие лепливи.

Сакам да се истегнам, да се свртам, да станам... Да направам нешто, што било, само да ја сменам положбата што ми причинува болка во грбот, во ’рбетот, во крстот, во целата снага. Ја стискам десната рака околу металот и се обидувам да се свртам барем малку, но телото ми е тешко, многу стежнато, како да сум слон стар сто години. А не можам да ја поместам левата рака, да си помогнам со неа. Како да ми е врзана со некакво јаже. Да не се шегува дедо со мене правејќи ми ѓурѓовденска лулашка со јаката ортома? Ах, еве го, ја префрла врз извитканата, дебела гранка на јаболкницата.

Ајде на биље, бела Билјано,
биље да бериш, стадо да крмиш...

Ми ја прави лулашката и ми пее. Прво почнува со Билјано, потоа се досетува да го замени тоа име со моето, па продолжува:

Стадо да крмиш, Лене, стадо братово,
стадо братово од брат Јанкула...

Ми ја постила направената лулашка со старото црвено килимче украсено со зелени шари, ткаено од вредните раце на баба на стариот разбој што стои заборавен во задниот дел на самалакот. И сè така ми пее, ја подзема песната што накратко ја оставил додека да ја префрли ортомата, додека да го заврзе јазолот, додека да го намести килимчето... А потоа ми помага да си седнам удобно на неа, како пролетно пиле во шарено гнездо. Стои зад мене, ја затегнува лулашката и ме отпушта.

А мене градите ќе ми препукнат од радост! Се нишам заедно со таа радост клокотлива во мене и со зелената крошна над мене, а заедно со нас се ниша целиот свет. Се ниша и пее:

Од гранка в гранка, ај Ѓурѓе ле, јунаку в рака.
Викум викаше фидан Јован, Ѓурѓе ле:
– Кротко фрлајте, ај Ѓурѓе ле, моето моме!
Да не ми падни, ај Ѓурѓе ле, да се отепа...

Ја паметам песната од ланскиот Ѓурѓовден, зашто таа е првата што дедо секогаш ми ја пее кога првпат ме занишува на направената лулашка. Прво си потпевнувам во себе, а потоа мојот глас се придружува на неговиот:

Јаже јазливо, ај Ѓурѓе ле,
дрво црвливо
дрво шупливо, ај Ѓурѓе ле,
место камливо.

Чекај ја чекај, фидан Јован,
у десна рака,
у десна рака, фидан Јован
у лева пола.

Летам над земјата посипана со чакал од блиската, пресушена река. И само што во новиот наплив на радост мигум ги отпуштам рацете од ортомата, се занесувам влево и целото тело ми полетува во празнината што алчно ме проголтува. Ничија десна рака не ме пречекува, ничија лева пола.

2

Нешто стропува на другиот крај од собата и ме штрекнува од дремката. Се накрева метален звук и ме преплавува, долго ми suни во ушите и ми трепери во утробата. Остар е како нож штотуку наостren за колење на јагнето пред Велигден. Како да сака да ме разнебити, да ме преполови.

Длабоко вдишувам за да го избркам стравот, да се смирам. Тоа е само сон, си повторувам, само кошмарен сон... Но никако не можам да ги присоберам сликите што ми треперат зад клепките, искршени од ненадејниот звук. Ми бегаат како потплашени пилиња што прснуваат низ дворот и се сокриваат во првите грмушки.

Како може да не се сеќавам што сонувавав штом толку силно го чувствувам тој студен, метален звук во воздухот околу себе?

3

Низ залепените трепки ми се пробива остар зрачец. Синоќа сум заборавила да го повлечам темното перде. Сигурно веќе одамна е разденето. Зошто мама досега не ме разбудила? Никако не успевам да се свртам настрана, да се истегнам пред да ги пуштам нозете на душемето. Стежната ми е снагата, секое ковче на грбот ме боли.

Однадвор веќе го слушам драгаскањето на коњските коли тргнати кон полето. Се обидувам да се сетам кој ден сме. Не, не е недела штом толку коли тргнале кон нивите. Понеделник е, почнува нова седмица. Одеднаш ме штрекнува нова мисла: ќе задоцнам за на училиште!

Но, телото ми е толку малаксано што не можам да го помрднам. Сигурно уште сонувам, не можам да се отплеткам од мрежите на кошмарот.

Во следниот миг крцнува вратата, слушам меки чекори.

– Мамо? – ги одлепувам сувите усни. – Ти ли си?

– Јас сум, чедо – ми вели тивко.

Поткашлува. Внимателно ме допира по челото.

– Ах, бре дете – протепкува загрижено. – И ти ли? Сите се изредивте.

– Зошто не можам да си ги одлепам очите, мамо?

– И ти си фатила очобол. Денес училиштето изгледа ќе ви остане празно.

Не знам зошто, но празната училница ми изгледа пострашно од мојот очобол.

– Што ќе правиме сега, мамо? – ја прашувам со плачен глас.

– Што ќе дојде, ќе се трга – вели мама. Исто како баба ми некогаш.

Носот ми се полни со солзи. Од жал за себеси што сум таква беспомошна. Од жал за празното училиште и за сите други кои се вака чудно ослепени.

– Ќе ослепам ли? – ја прашувам со стегнато грло.

– Ајде и ти сега! Кај се видело од очобол да се ослепи?

– Ама мамо, ништо не гледаааам! – почнувам горко и тивко да плачам.

Мислам дека ќе ме скара, но таа само благо ми вели:

– Ако, мајче, плачи! Исплачи се, ќе ги омекнеш и гурелките!

И толку ми треба – ги пуштам солзите собрани во носот, собрани во душата. Лежам на грб, со затворени очи, како мртовец, и плачам.

– Сварив чај – ми вели по некое време лесно допирајќи ме по раката. – Сега ќе ги избришеме очите и ќе ги тргнеме.

– Ќе можам ли после да ги одлепам?

– Ќе ги одлепиш, Ленче – ми вели кротко и почнува да ми ги брише очите со меко марамче. – И докторот ќе даде некои лекарства и за два-три дена ќе ти помине како на кутре.

– Камилица, мамо? – ја прашувам.

– Да, чедо – ми вели. – Камилицата е најдобра за очите.

– Од таа што ја беревме пролетоска на ливадата?

– Ах! – одеднаш се природава нечиј туѓ, непознат глас. – Кај смееш во ова време да береш тревки за чај од ливада? Денес сè е полно со отрови.

– За жал, така е – му потврдува друг глас. – Најдобро е да се купи од продавница. Барем знаеш дека поминале низ некаков процес.

Залудно се трудам да ги отворам очите за да видам чии се тие два нови гласа.

– Мамо? – прошепотувам. Но, мама ја нема да ми проговори.

Слушам тропкање на метални садови, sвечкање на лажици, како некој да меша со лажиче во филџан чај за да се истопи шеќерот.

Потоа некакво титкање. Прво тивко, одвај чујно, потоа сè погласно и попродолжено.

– Мамо? – велам исплашено и се обидувам да станам.

Некој благо ме налегнува назад на тврдата перница. По голите надлактици ме допира некаква мека жица, или некакво тенко црево.

Сакам да ги кренам рацете и да ја пофатам мајка ми за раменатa, за лицето, да се уверам дека е уште тука, застаната над мене. Дека само се свртела да го намокри повторно марамчето во канчето со камилица. Но, не можам да ги кренам. Приковани ми се. Во левата дланка го чувствувам бодежот на остриот клинец. Кожата под него болно ми пулсира.

Распната сум!

4

Како низ сон слушам подмолно татнење на некоја нејасна стихија. Се напрегам, го тегнам вратот и се обидувам да слушнам подобро, но не можам да насетам од каде доаѓа – од воздухот ли, од подземјето ли, или паѓа од небото.

По кусо време звукот станува појасен, како да се накрева од воздухот здивено бучење. Но сè уште не можам да одлачам дали се дига бесна бура над полето со лут ветер... или е лепет на илјадници крилја од збудалени птици што го изгубиле патот кон југ.

Наскоро доловувам болно прекршување на бранови. Удирање на голема вода во некоја студена карпа што неумоливо им го попречува патот. Звукот доаѓа оддалеку, како да се мачи да се пробие во појавниот свет. И како да ми се заканува.

Ги начулувам ушите, го вабам со сите сетила. Конечно, го слушам како полека ми се приближува. Како да доаѓа за мене, јас да го слушнам и да го пројавам.

5

Се гледам исправена. Седам на висок бел кревет којзнае зошто ставен на самиот раб на студената карпа. Местото е високо и од сите страни дува остар ветар. За чудо, не ми студи. Како да уживам во него. Ги раскрилувам рацете и го оставам да ми ја раствори широката бела наметка со која сум нагрната. Да продува низ мене. Да ме прочисти. Да ме излекува.

Длабоко долу, многу длабоко под мене, клококат распенавени води. Едноподруго надоаѓаат диви бранови и бесно удираат во карпестиот брег. Не се жалат што ќе се скршат на неговите остри рабови. Небаре самите си се принесуваат како жртва на природата. Ги гледам како замаена, не можам очите да ги одвојам од нив.

Каков краток, а див и збуен живот, си мислам. Знаат дека ќе умрат на брегот, но пак со радост трчаат кон него, палаво се тркалаат по песокот. И си играат, се бркаат еден со друг, им клокотат грлата од смеа.

Бисерна смеа полна со светлина.

* * *

Ненадејно, над мене остро крикнува птица. Се стресувам. Остар, продорен крик, како кобеж. Како да сака нешто да ми каже, да ми пренесе некаква порака што не можам да ја разберам. Во следниот миг на тој крик што полека се губи како ехо во празнината му се придружуваат илјадници крескања, писоци, продолжени и високи пиштења. Потоа им се придодаваат неразбирливи шепотења, титкања и крцкања...

Сигурно се морски галеби, си велам за да се смирам.

Кога си го повраќам нормалното дишење, во ноздрите ми навлегува чуден мирис. Јод? Зошто јод? се чудам. Нели е понормално да сетам мирис на сол, морски мирис?

Ме поклопува нов бран на страв. Темно е во мене. Не назирам светлина зад клепките, иако знам дека е жежок летен ден. И студено е. Особено долу, на стомакот и меѓу нозете ми е студено. Како некој да ме допира со некаков студен, железен предмет. И потоа од тој предмет се креваат нејасни гласови што се стопуваат во еден висок, продолжен шепот. Иииииии!.... Како исчудување. Небаре виделе нешто невидено, чуле нешто нечуено. А потоа и-то се заоблува и се затвора. Ооооооо.... Долго ми татни тоа продолжено о во ушите, ми продира дури до утробата. Таму како да добива и едно х на крајот и станува Оооооох...

Кога ми се чини дека не можам веќе да ги поднесам вибрациите на о-то во мене, тоа ненадејно и остро се спојува со едно кратко, отсечно ф. Оф!

– Се буди – кажува нечиј глас оддалеку, од многу далеку.

– Оф! – го исфрлам тешкото оф од мене.

Ги подотворам тешките капаци. Ме заслепува студена белина.

Извадок од романот во ракопис „Бела С.“

Трајче КАЦАРОВ

ПОШТАРОТ

ЛИКОВИ:

Поштарот, маж на Даница
Даница, жена на Поштарот
Дојденецот

ПРВ ЧИН

Сцена I

Поштарот и Даница

Во униформа на поштар со огромна поштенска торба преку рамото, поштарот, влегува дома. Ја симнува поштенската капа и ја става на масата пред себе. Ја спушта торбата од рамото. Седнува на масата .

Поштарот

Помина.

Даница

(*Влегува откај кујната и седнува на масата наспроти поштарот)*

Поминаа.

Поштарот

Четириесет години работа како поштар, Данице.

Даница

Ниту ден помалку, ниту ден повеќе, мој поштару.

Пошатрот

Кога бев во војска, во месецот и на датумот на кој влегов, во истиот месец и на истиот датум, излегов од касарната.

Даница

После 24 месеци.*(Оди во кујната)*

Поштарот

(*Говори гласно да го слушне Даница во кујната)* Точно 26 месеци. Само што почнавме да се подготвуваме за пеење песни за разделба, дојде наредба-воениот рок ќе ни заврши

откако ќе се реши спорот со Суецкиот Канал. „Мајка-шајка“, што пцуења изеде кутриот канал. Им беше страв –Третата светска војна да не наиде на празни касарни. „Мајката-шајката“ и на тие што ја измислиле војната, ама џабе. И уште два месеци со трубата на усните, а неретко и под мишките.

Даница

(Влегува со чаршаф во рацете. Ја раскрева масата. Мести за ручек) Го направив твоето најомилено јадење.

Поштарот

Жените не ги обожаваат пензионерите.

Даница

(*Поставувајќи за ручек*) Туѓите пензионери.

Поштарот

Општата именка повлекува општа проценка.

Даница

Прво му се јавив на малиот, а потоа и на големиот син.

Поштарот

И излезе дека и двајцата се зафатени

Даница

Честитаа.

Поштарот

Прво големиот?

Даница

И двајцата во исто време.

Поштарот

Да не помислија дека ми е роденден

Даница

Комшиката ти честиташе роденден.

Поштарот

Од каде знае кога сум роден?

Даница

Ако знаеше немаше да ти честита. Ме виде со полни корпи во рацете и со букет под мишката. „Нека му е честит роденденот!“ – рече и се спушти надолу по скалите.

Поштарот

Да знаеш, не е далеку од вистината. Пензионирањето е како второ раѓање

Даница

Жената во последно време не си е токму. Пред некој ден на Мите комшијата, железничарот, му честита новороденче, а тој кутриот ниту жена, ниту дете, ниту коте. Сам самува уште од раѓање.

Поштарот

И тие не ќе згрешеа ако наместо пензионирање ми честитаа роденден. Дури и ако ми ја испееја роденденската, на нашки – Happy birthday to you! *(nee)*

Даница

Јас кога отидов во пензија, зурли и тапани донесоа дома, чиниш ќе ме мажат по вторпат. Ама си беа дома и имаа информации од прва рака, и твоето ќе минеше со зурли и таламбаси, ако си беа дома.

Поштарот

(*Замислен)* Кога нешто ќе ти влезе во крвта, тешко да излезе.

Даница

Некои, влезеното го викаат брашно.

Поштарот

Многу брашно во крвта.

Даница

Секогаш твој тип.

Поштарот

Грд тип.

Даница

Немој така, децата ни се како колачиња.

Поштарот

Се голтаат само на добро подмачкано грло

Даница

Кога сме кај подмачкувањето, да мавнеме по една колку да наздравиме!

Пошатрот

Да наздравиме!

Даница

(*Налева ракија во чашите. Наздравуваат)* Да си жив и здрав уште толку години!

Поштарот

Биди попрецизна.Уште колку?

Даница

Да речеме колку што ти траеше службата.

Поштарот

Малку е.

Даница

(Се смее) За некого малку, за некого многу. Мислам дека не ќе можам да живеам без тебе.

Поштарот

Што мислиш, може ли така наеднаш да се исчисти крвта?

Даница

Нема чиста крв.

Поштарот

Она од што не може да се исчисти се: човековите страсти, желбите и соништата.

Даница

Откако се вработив во фабриката, останав само со една желба. Сонував сè еден ист сон...

Поштарот

Толку многу сонови ѝ раскажа на мајка ти, а сега велиш дека си имала само еден.

Даница

Го чекав денот кога ќе ја напуштам предарата, кога ќе се пензионирам. Од многу мала, тргнав на работа. Сега сфаќам дека како малечка сум носела црпка, наместо глава на раменатa. Мама не се противеше да одам во предарата. Велеше дека тоа е божја работа. Тате не веруваше во Бога. Не гледаше на влегувањето во предарата како на божја работа. „Штом сакаш да заработуваш со пот, со многу пот, заработувај!“ Така ме благослови.

Поштарот

Таму се сретнавме. Ги чистевме фабричките хали со Ѓурчин. Кога те видовме покрај машината, Ѓурчин рече: „Оваа е нова! Не изгледа лошо.“ Те чекав после работата да ти предложам да одиме на кино.

Даница

Ме пречека и бараше да те запознам со пријателката од моето маало. И таа работеше во предарата. Не ми предложи да одиме на кино.

Поштарот

Знаев дека ќе ме одбиеш, па си избрав нешто што помалку ќе ме заболи.

Даница

Тебе помалку да те заболи, а мене? Мислеше ли како ќе го примам тоа - да те запознаам со пријателката, а јас и ти не се познававме. Господиии!

Поштарот

Имаш право! Требаше прво јас и ти да се запознаеме, а потоа да побарам...

Даница

Ајде, и да се сложев да те запознаам - што ќе и кажев? Како ќе те претставев?

Поштарот

Ќе ѝ речеше дека едно лично поштарче, ти фрлило око, сака да се запознае со тебе.

Даница

Поштарче?

Пошатарот

Пошатарче, де!

Даница

Како, па ти, тогаш не беше поштарче?

Поштарот

Бев.

Даница

Како бе, си бил?

Поштарот

Поштарче сум од дете. Што би се рекло од пелени.

Даница

Прв пат слушам за тоа.

Поштарот

Како дете носев писма низ маалата. Кога некому од поголемите ќе му се бендисаше некоја од маалските девојки, ми даваше писменце да ѝ однесам?

Даница

Зошто токму тебе?

Поштарот

Затоа што веруваа во мене. Веруваа дека ќе го однесам на точната адреса. Веруваа дека нема да го фрлам во реката. А можеби зашто единствено јас, од малчуганите во маалото, пушев. За завршената работа наградата беше една цигара.

Даница

Поштарче?!

Поштарот

Се изродија многу љубовни врски. Булук свадби се направија. Некои, пак останаа само на писмата.

Даница

Мајка велеше: „Од пишаното не се бега!“ Никој не избегал, па ниту ти. Никогаш повеќе не ме праша за пријателката со која сакаше да те запознаам.

Поштарот

Затоа што не знам дали си имала пријателка со која сум сакал да ме запознаеш.

Даница

Немав доверба во тебе. Никогаш не стекнав доверба во тебе. Постојано мислев дека ме лажеш и дека ме изневеруваш.

Поштарот

Дали се сеќаваш дека некогаш си ме погледнала во очи? Дали сме се гледале во очи додека сме разговарале?

Даница

Така сум воспитана. Жената треба да му служи на мажот. Мажот е нејзиниот господар. Кога се жалев на мама и на нана Александра, дека ме лажеш, дека ме изневеруваш, знаеш ли што ме советуваа?

Поштарот

Да ме напуштиш. Да ме пуштиш по матните.

Даница

Не, ме учеа да живеам со недостатокот. Ако немам рака, да се навикнам на живот без рака, ако немам око да се навикнам на живот без око, ако имам неверен маж, да се навикнам на живот со неверен маж.

Поштарот

Алтернатива. Ако ја изгубиш раката можеш да добиеш вештачка, така е и со ногата и со окото. Можат и некои од органите во телото да бидат вештачки. Но, не знам ако го изгубиш интересот за некого, ако не те привлекува, како тогаш... Не можеш емоциите да ги замениш со вештачки. Оддалеку се познава човек што ја загубил љубовта. Ако за нешто во животот не сум подготвен, тоа е да изневерувам. Се чувствувам неталентиран за изневера.

Даница

Никој за тебе не би го рекол тоа. Додека бевме сè уште млади и кога ќе останев до доцна навечер да те чекам да се вратиш од кафеана, се обидував да ја утешам болката везејќи чаршафи и плетејќи чорапи. Еднаш ми дојде да напишам песна. И ја напишав:

Кога не би го имал тој лажлив поглед

Би била покрај него и кога не ме гледаш

Би се моткала со него како со топол зимски шал

Би го носела на себе како будна од мечкино крзно

Би била вечна робинка

Ах, кога барем еднаш ќе ти поверувам

Би ги дала сите соништа

За да те откупам само за мене!

Поштарот

Си можела да ми кажеш за песната. Не е лоша. Да сум знаел за песната, сигурно би те пофалил како талентирана поетеса.

Даница

Поетеса! Кому му требаат песните на работничка. Кога ќе те видат како трчаш од едниот кон другиот крај на предачката, кој би поверувал дека имаш срце, дека имаш емоции. Емоции што можат да создадат тело што ќе биде ранливо...

Поштарот

Не е воопшто чудно што си напишала песна. Го носиш генот на татко ти. Беше голем љубител на книгите, на весниците и на филмовите. Беше уште поголем фотограф.

Даница

Ете, не изучив. Кога тргнав на работа во предарата, малечка, не полнолетна, ми рече: „Твој избор, твоја последица!“

Поштарот

Песната што ја пуштаа со години во киното пред да започне филмот , јас ја напишав: „Ако ме сакаш

Сакај ме како што сум

Не сум роден да бидам цвет, ниту птица

По облаци не можам да скитам

На месечина воздишки да ловам

По соништа да пловам

Морнар сум на бродот

Што ниту плови, ниту тоне

Ако ме сакаш

Сакај ме каков што сум

Рака само подај ми

Да бидеме двајца по сонуваниот друм!“

Даница

Татко ќе беше многу среќен, ако знаеше дека песната е твоја. И тој немаше доверба во тебе. Тој пиеше, а тебе те сметаше за пијаница. Сега веќе ми станува жал што многу порано не замина во пензија.

Поштарот

Гледаш, на тоа заборавивме! Имав впечатливо испраќање. (*Ја зема поштенската торба)* Беа дарежливи. (*На Даница)* Не би можела да погодиш што сè добив како подарок од колективот.

Даница

Сигурна сум дека не си добил цвеќе. А и да си добил, на првата кривина на патот до дома, би го исфрлил. Доволно е човек да те погледне и да сфати дека не си за букет рози.

Поштарот

(*Вади кормило од велосипед. Го држи во рацете и имитира возење на велосипед.)* Бев селски поштар. До селата одев со велосипед. Кон селата го јавав. Назад, тој ме јаваше мене.

Даница

Се сеќавам. Саатот одеше кон полноќ. Не можев да заспијам. Децата, неколку пати прашаа: „Каде е тато? Зошто доцни?“ Само што заспаа, излегов на улицата. Не знаев на која страна да тргнам да те барам. Кога помслив да се вратам, да оставам се на Бога, те видов како се трудиш да го погодиш мостот. На грбот го носеше велосипедот.

Поштарот

Марка „Партизан“.

Даница

Велосипедот можеби и бил партизан, ама ти личеше на изгубен Германец.

Поштарот

Луѓе сме. Често забораваме на тоа. Треба да сме едни со други. Во селската крчма се обложив со група селани дека можам да испијам литро мастика на екс.

Даница

И испи ли?

Поштарот

Со велосипедот на рамото, стоев пред два пата и два моста. Ај, си реков, кога изградиле на Брегалница уште еден мост и пат што води преку него? Мастиката вриеше во мене. Тоа ме окуражи и тргнав. Изгледа дека сум го погодил вистинскиот мост.

Даница

Се сомневам дека си го избрал вистинскиот мост.

Поштарот

(Ѝ го покажува кормилото од велосипедот) Сѐ додека не ми го дадоа кормилото по повод пензионирањето и јас се сомневав.

Даница

Сомнежи! Сомнежи! Како да не знаеме за друго во животот освен да се сомневаме.

Поштарот

(*Со кормилото во раката имитира возење на велосипед и потпевнува)*

Даница

Тажна песна.

Поштарот

Секогаш кога ќе се напиев, зборував, се смеев, ама не пеев. Сега ќе ги испејам сите песни што сум требал да ги испејам додека сум бил пијан

Даница

Ќе имаш ли толку живот.

Поштарот

Мислиш дека ќе умрам пред да ги испејам?

Даница

Многупати бе, драг мој поштару, си бил пијан.

Поштарот

Ама секогаш сум бил вљубен во тебе. Можеби пијанството било љубовно.

Даница

А јас никако да ти поверувам.

Поштарот

Можеби не ти ни требало. (*Го остава кормилото од велосишедот на масата. Брка во поштенската торба и вади седло од мотор. Ѝ го покажува на Даница*) Ми го подарија да се сеќавам кога разнесував пошта со моторче. Велосипедот беше „Партизан“, а моторчето италијанска веспа. Кога го возев големиот син, постојано ми велеше: „Тато гледај, дрвјата и бандерите трчаат по нас!“

Даница

Кога ќе си дојдеше од достава и ќе го паркираше во дворот, тој ќе го јавнеше и така качен на него ручаше. Така вечераше и така заспиваше...

Поштарот

(*Го мести седиштето од моторот на работ од столот така што може да се опчекори. Седнува на седиштето и имитира возење на мотор.)* Ајде Данице, качувај се!

Даница

(Ја прифаќа играта. Седнува на седиштето. Ги става рацете околу половината на поштарот.) Бргу возиш! Намали малку! Страв ме фаќа!

Поштарот

Немаме време, забавата само што не почнала.

Даница

За нас, никогаш не ќе почне, ако се испотепаме.

Поштарот

Сум возел и покрупен и повреден багаж и пак сум стигнувал.

Даница

Гледај напред и не зборувај додека возиш, оти може да ми се примоча, па ќе изгубиме драгоцено време додека завршам со мочањето!

Поштарот

Држи се цврсто! Слетуваме точно пред кафеаната.

Даница

(Слегува од имагинарниот мотор. Си го исправа здолнишето.) Кафеаната –„Љубов на селски начин"

Поштарот

(И тој слегува од седиштето на имагинарниот мотор. Го остава седиштето на масата) Пејачката плукната Силвана Арменулиќ (пее) Шта ће ми живот без тебе драга/ Кад другу љубав не желим да имам/ Сањам те сањам, скоро сваке ноћи/ Само си ти у срцу мом!"

Даница

(Седнува на масата) Назад, сакав да се вратам сама. Не беше во прашање возењето , ниту моторчето *(Потсмешливо*) „Италијанската веспа"

Поштарот

Сепак се врати. Многу им се израдува на децата. Со насмевка на лицето, долго ги гледаше како спијат.

Даница

Ја повика пејачката и ја стави на колената? Кога си пијан не пееш, ама сакаш да пофаќаш. Многу ме разочара. Вечерата ми влезе во грбот. Никогаш не те прашав, ама еве, сега те прашувам: „Зошто...?"

Поштарот

Ја држев неа на колената, ама тебе те гледав. Ја држев неа за да ти кажам колку тебе те сакам.

Даница

Ау, каква изјава на љубов, дури е поспектакуларна од онаа на Ричард III кога ѝ изјавувал љубов на лејди Ана, на гробот на нејзиниот маж

Поштарот

(*Ја гледа зачудено*) Оваа споредба е премногу за една текстилна работничка. Како успеа да отидеш толку далеку.

Даница

Не заборавај, татко ми имаше голема библиотека.

Поштарот

Да направеше споредба со настан од животот на нашите: Гоце, Јане, Ѓорче, ќе ми беше подраго. Кај ги најде тие англиски идиоти?!

Даница

А, можеби и не треба да ми одговориш.

Поштарот

(*Вади труба – поточно, поштенски рог, од поштенската чанта. Се качува на столот. Труби и извикува*) Ајде, селаниии, поштата пристигна! Ајде, наредете се пред мене! Има за секого по нешто! Прво ќе ви ја поделам поштата, а потоа ќе почнам од куќа на куќа да ви ги читам писмата! Се разбравме ли?

Даница

(Ја прифаќа играта. Во улога е на жена од селото којашто чека писмо) Поштару, ќе кажете ли како ве викаат?

Поштарот

Што ќе ви е тоа жено, поарно, ти кажи ми како се викаш, за да видиме дали има писмо за тебе!

Даница

Има, има!

Поштарот

Од каде знаеш дека има? Никој не може да знае дека има писмо додека јас не му кажам.

Даница

Јас знам!

Поштарот

Е, што знаеш?

Даница

Море, прво кажи како те викаат?

Поштарот

Зарем не ти е доволно тоа што знаеш дека сум поштар.

Даница

Не!

Поштарот

Е, зошто не?

Даница

Оти разбрав дека ќе ми прати писмо по Мирко армоникашот

Поштарот

Е, ако чекаш писмо по Мирко армоникашот, ќе се изначекаш.

Даница

Оти?

Поштарот

Оти Мирко армоникашот, отиде да му свири на Господ.

Даница

Ајде, а работата?

Поштарот

Си зеде неплатено отсуство. А и Господ е дарежлив, може да му капне масло на јазикот.

Даница

Дај Боже, да види арно човекот. (*Си заминува*)

Поштарот

Ајде сега, пред да си појдете, нека се пријават тие на кој треба да им ги читам писмата!

Даница

(*Во друга улога*) Еве, јас, ќе Ве чекам, другар поштар. Дојдете што побргу! Нешто како саклет да ми е на душата. Некаква јansa ме јаде. Со месеци само кукавици ми ја надлетуваат куќата. Кучето во дворот вие како волк. Петелот престана да пее, а кокошките не несат јајца...

Поштарот

Тебе другарке, не треба да ти се чита писмо. Вака како што велиш, прочитано ти е.

Даница

(*Во улогата на друга селанка*) Ако нејзе ѝ е прочитано, моето другар, сигурно не е. Не можеш да го прочиташ, па, колку да си далековид. Не ќе е лошо да ги заобиколиш сите селски куќи, а на крајот, да ми влезеш дома. На раат да ми го исчиташ. Ми се чини ќе има многу за читање.

Поштарот

(Збунет) Овај... види, сега не сум за долги читања...

Даница

(Сега веќе како Даница, го гледа со подозирање, како да очекува да каже нешто што ќе ја разлути) Ајде сега да те видам, другар поштар!

Поштарот

(Сè уште во претходната ролја) Денес многу села појдов, душата веќе си ја чувствувам во носот. Не сум денес, другарке, за читање долги писма. Се плашам, штом ќе го фатам во раце, штом ќе го отворам, да не ми се смрачи пред очите. А мрак, не сакам да имам на тилот, а не, пак, пред очите. Најдобро е другарке, да најдеш друг да ти го прочита. Да беше жив поп Стојан, тој ќе ти го прочиташе, па колку и да беше долго. Ама и него долгите го убија. Читај, читај, читај, абе мерка да се немало, крај да се немало. И си отиде попот на свои шеесетина години, што би се рекло и млад и зелен, сè уште не стасан за кај Господа. Ве молам, да се јави некоја со пократко писмо!

Даница

(*Веќе како Даница*) Не лажи, си ѝ го прочитал. Колку што те знам, можеби и двапати.

Поштарот

Данице, не греши душа! Ниту со рака сум го пипнал, ниту, пак, око сум фрлил на него.

Даница

А писмото?

Поштарот

Кое писмо?

Даница

Долгото.

Поштарот

А и не беше некое писмо за да се губи време на читање.

Даница

Што стана со писмото?

Поштарот

Тоа мораш неа да ја прашаш. (*Вади црвена роза од поштенската чанна*) Ова оди...

Даница

После крајот на долгото писмо!

Поштарот

Оди со поштенската торба. Ја добив од колешките. „Во женските торби има сè и сешто, во твојата со која ќе одиш во пензија нека има само црвена роза, во знак за нашата долгогодишна соработка“- ми рекоа. Пензионер... Која жена почитува пензионер? Тие се покажаа со сфаќања што ги надминуваат нивните типично женски погледи и потреби.

Даница

Тие драг мој, почитуваат минат труд.

Поштарот

(*Ѝ ја подава ружата*) И во некогашното и во сегашното време, те сакаав и те сакам само тебе!

(Ја кани на танц. Ја пее песната „Црвени рози за вас, мадам“. Танцуваат насекаде по собата. Танцуваат со младешки занос. Танцуваат со споени тела, како за првпат да се толку блиски, како да сакаат да се претопат еден во друг. Танцуваат занесено до крајот на песната. Уморни седнуваат на столовите покрај масата на која веќе стојат претходно изнесените предмети од поштенската торба)

Поштарот

Вие другарке, танцувате толку занесно што можете да го соблазните и претседателот на Основната организација на млади во нашиот град.

Даница

Тоа не можеш да го заборавиш. А беше само еден обичен курс по танцување на кое ние работничките од предарата, организирано го посетувавме. Не беше по налог на младинската организација, туку по свое видување… Кога ти се појави, точно играв со него – со претседателот на Основната организација на социјалистичката младина.

Поштарот

Никогаш не помислив дека токму ти ќе ми бидеш жена. Бевте многу блиски со телата. Премногу блиски за да посакам да се запознаам со тебе.

Даница

Му даде писмо на претседателот. Тој го прими и посака да те запознае со мене и со девојките што беа околу него, но ти се сврте и си замина.

Поштарот

Се ближеше Денот на младоста. Му го предадов списокот на кандидатите за учество на слетот на Градскиот стадион.

Даница

Можеше да му го дадеш откако ќе се запознаевме.

Поштарот

Ти реков дека телата ви беа премногу блиски. Мислев дека си му љубовница.

Даница

Потоа побара да те запознаам со мојата другарка и колешка.

Поштарот

Дојдов и останав. И воопшто не се каам што дојдов. Можеби немаше да дочекам пензионирање, ако не беше ти.

Даница

И јас би го рекла истото - Можеби немаше да дочекам пензионирање, ако не беше ти.

Поштарот

И ако не беа нашите двајца синови

Даница

Кога ќе ги видам израснати, јадри како тополи, се прашувам, дури се чудам, како сум можела токму јас да ги родам.

Поштарот

Ти се чудиш, а јас не, зашто знам што мајстор сум. Да сакаше ќе ти направев уште два...

(Се смеат, се прегрнуваат. Се огласува звончето од влезната врата)

Сцена 2

Истите и дојденецот

Даница

(*Оди кон вратата*) Да видам, да не верувам дека се тие.

Поштарот

Е, сега може срчка да ме удри и тоа од среќа.

(Даница оди и ја отвора вратата. Се појавува машка фигура во свечено одело со букет рози што ги држи на висина на главата. Дојденецот влегува и оди кон поштарот. Даница зачудено чекори по него.)

Дојденецот

(Застанува пред поштарот. Со остро движење го трга букетот од пред лицето) Изненеадувањеее!

(Даница и поштарот гледаат во дојденецот, се чудат и по малку се плашат.)

Дојденецот

Изненадувањеее!

(Даница и поштарот гледаат еден во друг . Немо се прашуваат- кој е човекот и кој го повикал?)

Дојденецот

Зарем не е изненадување?

Даница

А бе, едно изненадување, нозете да ти се пресечат.

Поштарот

Ќе беше изненадување ако дојдоа децата.

Даница

Само на такво изненадување реагираме...

Поштарот

Не ќе е лошо изненадувањето, ако ни носиш абер од нив.

Даница

Ако не, ќе треба да ни кажеш кој си и какво е изненадувањето?

Поштарот

Има изненадувања од кои косата ти се крева.

Даница

Или ќе ти се примоча

Дојденецот

Воопшто не е лошо, ако се земат предвид вашите години, а и славењето.

Поштарот

За кое славење зборувате?

Даница

Да не сте ја згрешиле адресата?

Поштарот

Нема ништо лошо во тоа, секому може да му се случи.

Даница

Да затропа на погрешна врата

Дојденецот

Изненадување!

Поштарот

Зарем не мислиш дека ја претеруваш со тоа: Изненадувањее! Изненадувањее!

Даница

Мислам дека извика четири пати –Изненадување!

Дојденецот

Изненадувањето не е случајност. Случајноста не е изненадување. Има еден италијански кино режисер кој рекол дека случајноста може да се протолкува како второто име на Господ. За изненадувањето не сум размислувал. Не знам како би можеле да го појасниме.

Даница

Морам да ве прашам- до кога мислите, вака, со изнеандувањето?

Поштарот

Денес баш и не сме подготвени за изненадување.

Дојденецот

Она што се очекува не може да биде изненадување. *(Се вртка по собата. Станува сведок на мирисот што доаѓа откај кујната*) Вие ги очекувавте вашите деца. Сте зготвиле и свечен ручек. Свеченоста не е малечка. Ама, тие не дојдоа. Можеби за нив тоа е мала работа. Работа за која не треба да се деранжираат.

Даница

Тоа се наши деца и тие имаат право на свое мислење

Поштарот

Право да си кажам, не ги ни очекував.

Дојденецот

Во право сте! Денес е друго време. Еден книжевник – нобеловец, рекол дека има народи кои живеат во долга хоризонтална поврзаност – сват, па негов сват, па на сватот сват, па кум, кумашин, кумашинка, па први братучеди, па втори, па трети.... Живеат во племенски заедници. Но, гледате, младите не се тоа.

Даница

Немате право да зборувате за луѓето што не ги познавате. Имаат причина што не се овде.

Поштарот

Моето славење не е за еден ден. Кога би знаел дека ќе биде за кратко, јас веќе би висел на лустерот обесен.

Дојденецот

Тоа нема да е така лесно.

Поштарот

Кое?

Дојденецот

Па тоа, да висите на лустерот, обесен.

Поштарот

А, зошто, пак, Вие се грижите за тоа каде јас ќе висам?

Дојденецот

Има повеќе причини за тоа

Даница

(*На себе самата*) Сè ми се чини дека изненадувањето нема така лесно да заврши

Дојденецот

(*На Даница*) Кога ова би било квиз, вие би ја добиле премијата

Поштарот

Ќе кажете ли кој сте и зошто сте овде?

Даница

Можам да забележам дека не се чувствувате ниту како натрпник, ниту како гост. Навистина кој сте?

Дојденецот

Имам идеја!

Поштарот

Ново изненадување?

Даница

Почнувам да свикнувам

Дојденецот

Како би било најпрво да каснеме од она што е подготвено за овој посебен ден (*Кон Даница)* Морам да ви кажам дека доста добро се држите за вашите години. Се надевам дека такво ви е и зготвеното...

Даница

Од каде знаете колку години имам?

Дојденецот

Веќе десет години како сте во пензија. Влеговте млада, со не полни осумнаесет години, на работа. Бргу минува времето, особено во предарата. За вас како работничка со години ќе се зборува. Секогаш сте биле над нормата и прва на платниот список.

Поштарот

Почнуваш не само да нè изненадуваш, туку и да не збунуваш.

Даница

Не ви беше лоша проценката околу изгледот.

Дојденецот

(*Додворувачки*) Мама, јас имам поглед што сече. Убавината нема старост, вкусот рок на траење.

Поштарот

Да не почна да претеруваш во изненадувањето.

Даница

Мислам дека не претерува.

Поштарот

Тебе не те прашувам, Данице.

Дојденецот

(*Занесено рецитира дел од поемата "Хана" на Оскар Давичо)*

Штом градите ѝ ги видов над вагата крај излогот

помеѓу портокалот пресечен и сапунот

ја засакав оти е најубава. Ја засакав вкусна

како храна што устата ја полни цела

Хана со зеницата од бибер, со прамен од ванила

со прсти како цвеќе во свеќникот што гори

Кој не би ги сакал тие зачини, тие лиснати форми

Тој нос - оџак, тие гради: бибаво море

Ти, не ги знаеш нејзините усни што се разголуваат;

забите што шкрипат, снагата што се извиткува

Таа армоника со два реда копчиња од порцелан

Нејзината насмевка што целиот ме распорува

и со истата ме зашива.

тој радосен бунар, таа Хана полна живот.

Поштарот

(Застанува помеѓу дојденецот и Даница. Му се заканува) Ова е премногу и за едно изненадување.

Даница

Ништо лошо нема во тоа, ако понекогаш останеш изненаден.

Поштарот

Ти да молчиш, Данице! Да беше барем некој што го познававме, ќе знаевме до каде ќе оди. Вака изненадувањето може некого смртно да го погоди

Даница

Ајде, не биди толку патетичен! Ти знаеш дека ја обожавам поезијата.

Поштарот

За една бивша предачка ова е многу поезија. Да беше барем една строфа, ќе разберев, ама овој како ја затера, до кревет ќе те дотера.

Даница

Уште една лоша особина, поштару. Зарем на мои години?

Дојденецот

(Како да се враќа назад во реалниот свет) Изненадувањеее!

Поштарот

Слушна? Нели ти реков? Не знам што доаѓа после поезијата.

Даница

Се надевам дека нема да го расипе впечатокот. Од каде само најде толку нежни, толку звучни стихови? Го слушаш и морници те лазат по телото.

Поштарот

(*Заканувачки)* Даницеее!

Дојденецот

Изненадувањеее! (*И со забрзан чекор се упатува кон кујната)*

Поштарот

Нели рече дека имаш зеници од црн пипер и прамен од ванила?...

Даница

Вкусна како храна на која не можеш ниту да ѝ се нагледаш, ниту да ѝ се наситиш

Поштарот

И нос-оџак!

Даница

И омајни лиснати форми.

Поштарот

И заби што штракаат.

Даница

И насмевка што ранува и лекува.

Дојденецот

(*Влегува со престилка врз себе*) На ваша услуга, драги мои! (*На поштарот*) Денес е ваш ден! Јас сум овде да Ве служам. (*На Даница ѝ го покажува столот покрај масата*) Ве молам мадам, седнете и чувствувајте се удобно! (*На поштарот*) Господине, ако сакате придружете ѝ се на дамава! Всушност, таа е овде поради вас. Ако се земе предвид дека никој друг не ве удостои да ви дојде на прославата, кон дамата покрај вас, треба да се одснесувате со големо уважение.

(Даница и Поштарот, збунети седнуваат на посочените места. Дојденецот повторно се враќа во кујната)

Поштарот

Сум бил опколуван од стадо селски кучиња и жив сум се враќал дома. Сега сум наполно парализиран. Мислата ми е парализирана. Не знам што да мислам, што да правам. Не знам кој е овој, до каде со него? Не знам, ќе пукнам ли од бес?

Даница

Има кај него и светли моменти.

Дојденецот

(*Влегува. Во рацете го држи она што Даница го подготвила за свеченият ручек. Печено пиле.)* Имате право, драга госпоѓо, има светли моменти во карактерот на секоја личност. Јас не сум исклучок. (*Ја мириса кокошката и ја поставува на масата*) Сервирањето не завршува овде. Почекајте прво да го послужам аперитивот! *(На поштарот*) Вие сакате мастика. Тоа ќе го добиете. *(На Даница*) За вас вишновка. Јас ќе ве придружувам во пијалакот, драга гопоѓо.

Поштарот

Не сакам да се мешам, ама на маж не му личи да пие „Вишновка“. Подобро е да ме придружувате мене.

Даница

И во пијалакот ли ќе му се мешаш?

Дојденецот

Не вознемирувајте се, драга госпоѓо! *(Оди во кујната. Се враќа со поднос на кој има две шишиња и три чашки за ракија. Ги поставува на масата. Ги полни чашите. Седнува на своето место на масата)* Да наздравиме, драги мои! (*Се крева на нозе. На поштарот*) Да си ми жив и здрав и долго да си ја користиш пензијата!

Даница

Чул те Господ!

Поштарот

Со вакви изненадувања не знам дали долго ќе си ја користам.

Дојденецот

Повелете, послужете се! Ќе заборавев. Ваков ручек без музика, тоа е рамно на катастрофа. *(Оди кон радиото и бара станица со добра музика. Ја наоѓа и го појачува гласот на радиото. Се враќа на масата.)* А сега ви посакувам пријатен ручек!

(*Јадат молчејќи. Молкот го прекинува Дојденецот)*

Дојденецот

Кога би можела и таа да биде овде. Да биде дел од свеченият ручек.

(Поштарот и Даница ги креваат главите од чиниите и се гледаат зачудено)

Поштарот

Таа?

Дојденецот

Да!

Даница

Не ве разбирам.

Поштарот

И таа ли е од арсеналот изненадувањаж

Дојденецот

И да и не.

Даница

Појаснете ве молам

Дојденецот

(Се крева на нозе) Ако сте завршиле со јадењето, би можеле да ми дозволите да ја раскренам масата. Следува десертот. Торта на два ката со јаготка на врвот. (*На Даница*) Црвена јаготка како вашите усни, госпоѓо.

Поштарот

(*Скока на нозе*) Овде сѐ завршува, не сакаме торта! Јаготката ставете си ја...

Даница

(*На поштарот иронично гледајќи го право во очите*) Сакаме торта и тоа со јаготка на врвот.

Дојденецот

(*На Даница)* Токму така, драга госпоѓо, торта со јаготка на врвот. Црвена јаготка како вашите усни.... (*Оди во кујната)*

Поштарот

Данице, од каде таа торта? Знаеш дека не јадам благо, посебно торта со јаготка на врвот.

Даница

Ја подготвив за децата, мислев дека и тие ќе бидат со нас на ручек. Не мораш да ја јадеш јаготката.

Поштарот

Овојпат ќе ја изедам и тоа само јаготката од врвот.

Даница

Пензионеру, не ти доаѓа умот. Јади, ама сети се дека пред триесет години во дворот на мама и тате, кога касна јагоди, доби осип по лицето, а потоа и по целото тело! Сети се дека си алергичен на јаготки!

Поштарот

Да, ама не и на такви какви што се на врвот на твојата торта и што личат на твоите усни, пензионерко!

Даница

Секој сам си одговара за своето здравје.

Поштарот

Токму така, секој сам си одговара за своето здравје. Овојпат ќе одговарам и за неговото здравје. Ако преживеам, ќе го отепам.

Даница

Не се заканувај напразно! Ти, кој и кога ќе згазиш мравка ставаш црн флор околу раката и читериесет дена ја жалиш, не можеш да убиеш човек. Џабе ќе лежиш во затвор за закана за убиство.

(*Дојденецот, влегува со тортата во рацете. Ја става на масата. Ја сече со ножот. Им подава парчиња од тортата. Јадат молчејќи. Јаготката останува на врвот од тортата. Поштарот гледа во неа. Подава рака да ја грабне. Дојденецот го удира по раката. Јадат молчејќи. Даница јаде и гледа во јаготката. Јадат молчејќи)*

Дојденецот

Ех, да можеше и таа да биде овде! Таа обожава бисквит торти.

Даница

Ова не е бисквит торта

Дојденецот

Како и да е, ќе беше многу среќна да можеше да биде овде. Можам да си ја замислам. Сака веселби и слави. Не сака погреби. Во години е, а сè уште се плаши од бабароги.

Поштарот

Многумина се плашат од себе кога ќе се видат во огледало. Ова кажува дека и госпоѓата за која говорите не е исклучок.

Дојденецот

(Кон поштарот. Га крева ножот од есцајгот, високо) Мислите ли вие дека таа е бабарога?

(Поштарот, преплашен, гледа во Даница. Таа исто така преплашена гледа во поштарот)

Поштарот

Во ниту еден случај не би го рекол тоа.

Дојденецот

(*Сè уште со ножот во раката*) Нема да го речете, ама го мислите.

Даница

(*Уплашена)* Верувајте му, тој е толку добар! На мравка не гази.

Дојденецот

Сите оние што газат врз луѓе не згазнуваат на мравки, затоа што не можат да ги видат.

Поштарот

Мислам дека треба да ѝ поверувате на мојата жена, нели ја нарековте јаготка, шеќерно лижавче, прамен од ванила, нос-оџак. Кога таа вели дека сум добар, значи добар сум.

Дојденецот

Простете госпоѓо, ама јас не мислам така. Јас мислам дека вашиот маж е циник, егоцентрик, човек со прекриени манијакални особености.

Даница

Ви се молам! Зарем можете да кажете дека толку многу го познавате, а го видовте пред само час-два?

Поштарот

Кога би бил помлад, за ваква навреда, Вие би добиле соодветна награда. Колку што можам да се сетам никој , никогаш на моја адреса, нема изречено такви гадости.

Даница

Не вознемирувај се! Ако рекол не пресекол. Ветерот носи сè што устата ќе каже.

Дојденецот

Ветришта и бури! Што и да кажете јас останувам на моето. Вашиот маж за мене драга госпоѓо...

Даница

Кога јас би имала таков талент за рецитирање, никогаш не би употребувала грди зборови.

Поштарот

А кога јас би ја имал онаа челична тупаница што ја имав на ваши години, момче, навистина, што вели Даница, грдите зборви би ви ги пикнал во задникот.

Дојденецот

Таа ве чека. На умирање е. Не може душа да испушти додека не ве види. Го дознав тоа од писмата што ѝ ги пишувате. Сега сте пензионер, повеќе нема да разнесувате писма. Но, вашата задача не е завршена, вашата обврска штотуку почнува. Зарем вие не мислите така?

Поштарот

(*Пребледен*) Читањата на писмата беа во моите почетни години на поштарската кариера. Беше тоа во времето кога во селата беа писмени само поштарите и поповите, а после ослободувањето се описменија и претседателите на партиските организации, дојде ново време.

Дојденецот

Таа сама си ги читала писмата што вие сте ѝ ги пишувале.

Даница

Господи, зарем може ова да е вистина?

Поштарот

Данице, ти се колнам, не знам кој е човекот!

Дојденецот

(Вади писмо од џебот на палтото. Го отвора. Чита) Се надевам, драга моја, единствена моја, дека за разлика од мене, тебе те наоѓам во добро здравје и добра расположба. Овде во постелата, во овој бел чун што катаден плови по улави води, мислата на тебе ми е единственото моќно сидро што може да го одложи моето потопување во пеколните огнови. Помислата дека ти си Пенелопа, која чувајќи ја штедро својата чесност го чекаш твојот Одисеј, да се врати, не од јуначки битки, од херојски подвизи, туку од болничко легло, обвиткан со крвави завои, ми дава надеж дека ќе можам уште малку да го разликувам сонцето од месечината и да се радувам на ветрот што носи мирис на убаво време. Сакај ме мила, зашто твоја љубов е најдлбриот мелем за моите телесни и душевни рани! Мисли на мене со страст на девица што сè би дала само да го види својот сакан во прегратки! Во моето болно срце има место само за љубовта кон тебе. Тоа место ќе остане полно и откако ќе престане да чука. (*Престанува да чита. Гледа во Даница*).

Даница

Треба да е среќна таа што има некој така да ѝ пишува.

Поштарот

Данице...

Дојденецот

Но, тоа е само писмо и тоа пишувано од измамник

Даница

Сигурно не му е прво. Изгледа доста извежбан стил

Поштарот

Данице!

Дојденецот

Бев на пет-шест години, кога татко нѐ напушти. Со години не знаевме каде е и дали е жив. Што би се рекло, јас израснав без татко. Мама остаре без маж. Животот е навика. Свикнуваш на она што го имаш, но и на она што го немаш. Така, она што го немаш станува она што го имаш, или она што го имаш станува она што го немаш. И сѐ благодарејќи ѝ на навиката. Ја имав и ја немав мама. Таа, исто така, ме имаше и ме немаше. Чувството дека ја немам почна да ме нагризува когаа почна заедно со останатите селанки да го чека поштарот пред „Задружниот дом“. Знаев дека нејзе нема кој да ѝ пишува, па кога ќе се вратеше дома, барав да најдам тага во нејзините очи. Долго време таа трчаше по поштарот. Јас за целото тоа време свикнував, или мислев дека свикнувам на нејзината заблуда. Тагата што ја барав во нејзините очи, почнав да ја наоѓам. Ја остаре побргу од годините. Дури ја легна в кревет. Еден ден додека седев покрај неа и гледав како тоне сѐ подлабоко во очајот што ѝ ја надвиснуваше болката во градите, во рацете ми тутка купче писма. Сите беа адресирани до неа. Потпишани од нејзиниот маж-Боне од Криви Дол. Така татко го знаеја во селото. Така ние го знаевме. Писмата беа со дати од скорешни години. Бев известен дека татко починал пред десетина години, а може и повеќе. Ако нешто не сакам, тоа е да свикнувам на нејзината тага. Затоа не ѝ кажав за смртта на човекот кој нѐ напушти без да каже збогум. Кога ме замоли да го побарам поштарот што ѝ ги носеше писмата потпишани од нејзиниот маж, од татко Боне, ја сфатив измамата. И еве ме (*извикуива на сет глас*) Изненадувањеее!

Даница

Господи Боже, зарем постојат вакви злосторници, изроди? Вие господине, зарем не мислите дека ова е премногу сложено, умно направено за еден обичен селски поштар?

Дојденецот

Не заборавајте, драга госпоѓо, вашиот маж напишал песна што се емитувала пред секоја кино проекција во градското кино.

Даница

Цел живот се сомневав дека тоа е вистина. Ова, сега, ми зборува дека тој имал романтична душа. Колку убаво составено писмо.

Дојденецот

Од обичен измамник

Даница

Ах, чувствувам дека губам свест! *(Се спушта на столот покрај масата. Дојденецот трча кон неа. Поштарот го граба ножот од масата и трча кон дојденецот)*

Поштарот

За ова ќе те убијам!

(*Се бркаат. Дојденецот бега околу масата. Поштарот гонејќи го, застанува над онесвестената Даница. Го лепи увото на нејзините гради да види дали дише. Откако ќе се увери дека дише повторно трча по Дојденецот, со ножот во рацете.)*

Дојденецот

(Бегајќи) Оставете го ножот! Подобро би било ако ѝ помогнете на жената!

Поштарот

Откако ќе завршам со тебе, ќе дојде и таа на ред.

Дојденецот

Додека ме фатите, таа може и да умре

Поштарот

(Го лепи увото на градите на Даница. Откако ќе се увери дека дише, пак се спушта по Дојденецот. Едвај дишејќи) Во случајов, ти имаш предност. Ќе умреш пред неа.

(Дојденецот, бегајќи се спрепнува од столот, паѓа на подот, врз него со ножот во раката паѓа и поштарот. По некоја минута, гробна тишина. Дојденецот се извлекува од под телото на поштарот. Го крева телото на поштарот од подот. Го положува на креветот. Се гледа убодна рана на стомакот на Поштарот. Дојденецот трча во кујната и носи бокал вода. Ѝ го истура на Даница врз главата. Таа се буди, но кога ќе го види поштарот со крв на стомакот, повторно се онесвестува. Поштарот положен на креветот офка од болка.)

Дојденецот

(*Со солзи во очите)* Не требаше вака да зврши. Ја претеравме. (*Врти на мобилниот*) Ало , Брза помош, ве молам! ....

Крај на првиот чин

Што ли не исчитав, што ли не помислив и обмислив, што ли не испеав за да успеам да се допрам до тајната на уметноста. Напротив, таа мене ме допре, таа мене... и ете, ме остави бесконечно и вечно без збор, а исполнет.

Уметноста - место во кое просторот станува време, а времето безвремие.
Уметноста - акт во кој Бог станува човек, а човек станува Бог.

Уметноста, таа тивка свидетелка на мигот, на најмалиот подвиг на душата, на гестот и погледот. Уметноста, учителка на здивот и дишењето, на автентичноста и заедничарењето...

Мики Делев

ПРУГА

Руди АЛФОНСО ГОМЕЗ РИВАС

(Гватемала)

Тивки месечини

Птиците го разграбуваат времето
црвците ги облекуваат нашите стравови
морето сè уште не најде партнер за својот вечен танц.
Кои тивки месечини ќе ја запаметат мојата прошетка?

Време

Времето е рана на телото
солза помодрена од круговите на заборавот
времето е скриен смев
на тие, кои мртви лежат во бетонски часовник.
Тоа чукањето на срцето
кое се стори тупаница
ме тера да ткаам сегашни патишта
со алгебарска прецизност.

Недофатни траги од чад, којшто нè гледа

Во очите
оази георгини и ларви.

Во срцето бескрајни реки
бидувајќи реплика на дантејските лавиринти.

Во рацете чувства на ситост од
корења,
ракови,
димни гребени.

Во движењето недофатни траги
од ножеви и одблесоци.

Во прстите моријa од вековни тежини.

Во морето огледални бранови
кои ја уништуваат песната на боговите.

Морето и темнината на часовите

Галебите талкаат по плажата
во потрага на детска светлина во песокот.

Песокот ги чува во паметта песните на сирените.

Сирените, своеглави невести
патуваат во својата суштина како крилести риби во други мориња.

Морињата ги вардат светлото, песните, паметта
со кои секојдневно копнеам да се враќам во темнината на часовите.

Маски

Создаваме маски, имаме намера да стигнеме до центарот на коренот и неговите тајни.
Создаваме маски, ја заведуваме смртта и нејзините пирати.
Создаваме маски, ехото на китовите е самоубиство на усните.
Создаваме маски, жадовиот бунт насликува распетија на нашите слепоочници.
Создаваме маски, бодликави камења насликуваат сомнежи на нашите раце.
Создаваме маски, бели магии ги уништуваат соништата и го заплеткуваат утрешниот ден.
корен
смрт
китови
жад
камења
магии се тоа, што на крајот сме.

Маршрута

Морето го носи на своите води ехото на вековите.
Џиновски маршрути, каде што клетките се првиот плод.
Бродови гробови
од кои се разбиваат хиероглифи и коралнигребени.
'Рѓосани бродови
во кои експлодираат бомби, отуѓувајќи ја надежта.
Делфините го дешифрираат човечкиот јазик

градат докови
за да можеме да излезе по мачниот пат.
Замоци
од злато,
чие петно
пламти
ослепувајќи ги
очите
и нивните плодови.

Киклоп

Окото на морето ме набљудува неуловливо
под неговиот поглед на уличните светла им истече важноста
смеата клонира детство
дрвјата бараат златни сништа
и жар од шалитра за мршојадците на несреќата.

Под неговиот поглед
кардиналот Лоу[8] се спушти во пеколот
децата веќе не се плашат од морето.

Под неговиот поглед
дедо живее вечно
детството не е изгубено време.

Огледала

Ирма Грезеи Јохана Борман[9]
стигнуваат до плажите на Балтичкото Море
држејќи се за раце,
меѓу нивните прсти може да чуе страв

3 часа 40 минути
а часовите прокрвараат,
сонцето извлекува сол од нивните солзи

[8]Американски кардинал. Поднел оставка како надбискуп на 13 декември 2002 година во врска со „педофилски скандал“ во Римокатоличката црква во Северна Америка.

[9]Чуварки во фашистички концентрациони кампови.

брановите се разбиваат од карпите
променувајќи се во девојчинска смеа

3 часа 39 минути
се гледам себеси пред огледало
се насмевнувам.

На брегот од морето

Пристигнав од далечни земји
носејќи на рамењата
небули кои го вознемируваат
несакањето и заборавот за трњето и гнојот.

Чекорам по звукот на хоризонтот
кој ги пригушува бајките
кои подготвуваат голи мугри.

Огледалата во мене мрзнат
уништувајќи ја прошетката
која обесена е
на жолти прозорци.

Темјанот е далечен мирис
во којшто се вгнездил детски глас
смокви и скршени птици.

На морскиот брег:
сон
насмевка
трудољубиви раце
усни, кои повикуваат на лудило
песна од Серат[10]
девојка во страв раширува крилја
нечии очи измислуваат друга земја.

[10]Шпански музичар, пејач и композитор. Се смета за една од највидните фигури на современата музика, исполнувана на шпански и каталонски јазик.

Портокалова гора и напивка против духови

Дете,
во гранките на портокаловата гора од стариот дом
сè уште се населуваат птиците од детството.

Портокаловата гора ги исплашила лилјаците со досада,
духовите исто така бегаат пред напивката од нејзините лисја.

Под нејзината сенка играм џамлии со идните деца,
нивните портокалови цвеќиња го изненадуваат ветрот со смеа.

I

Страдивари го претворил пајакот во виолина.
Гидон Кремер ги изразува своите стравови
интонирајќи мелодија.

II

Некои пајаци се фалат
со своето радиоастрономско знаење
градат антени
за да започнат меѓусвездена комуникација
други пак не ја поимаат сопствената цел
и на крајот сепак стануваат плен.

III

Какви невидливи мрежи нè спасиле со смрт?

V

Преместувам работи во својата соба
единствени жители – пајаци.

VI

Пајак се спушта
до нивото на моите чекори
ги следи моите траги
го ткае моето минато.

VII

Од љубов
стравот бара засолниште во убавината
на илузиите
есенските лисја опаѓаат.

VIII

Бестрашно се протнувам низ грмушките на животот
стравот ја распостила пред мене својата бездна.

XVII

Лицата на мојата земја
кревки
неприсутни
далечни
понекогаш
- нема да речам секогаш -
невидливи.
Но, дури и такви по ноќите
повикуваат на љубов.

XXVIII

Јас не се стремам да бидам минлива суштина на досадните денови
не се стремам да се ограничувам на четирите букви од моето име
кои повеќе не ме довикуваат
не се стремам да станам матна сенка
среде матните веќе дни
не сестремам да бидам птица преселница
која засолниште наоѓа во митската агностичка побожност
не се стремам да бидам стихијна река
која во ноќен лавиринт без одплив тече
јас само сакам да бидам прашинка во правот
ефемерен меѓу ефемерните
ништо меѓу ништото.

Препев на македонски јазик: Звонко Димоски



Руди Алфонсо Гомез Ривас (2 јули 1977 год., Агуакатан, Хуехутенаго, Гватемала) е едукатор, писател, уредник, културен менаџер и добитник на многу книжевни награди. Неговите песни се препеани на полски, руски, украински и бугарски јазик и се објавени во странски списанија за литература и уметност.

Објавени збирки поезија: „Море во срцето на куче“, „Копнеж“, „Арена на смртта“, „Минута нула“, „Бесмртна смрт“, „Тишината како изум“, „Птици од хартија“, „Ладно огниште на зборови“ и прозната збирка „Ненаследни станари“. Учествувал на национални и меѓународни конгреси, состаноци, саеми на книга и фестивали. Директор е на литературното списание *Voces Convergentes* и на Издавачката куќа *CAFEÍNA EDITORES*. Основач и организатор е на Меѓународниот поетски фестивал Aguacatana FIPA.

Руди Алфонзо Гомез Ривас многупати е објавуван во литературни списанија во Полска, каде што во 2022 година ја добива книжевната награда *Клеменс Јаницки IANICIUS* за неговата извонредна поезија и за меѓународната културна активност.

Кристофер ЛОРД

(Финска)

ПЕСНА НА ИСКУШУВАЧКАТА

Го знам само кажаното со зборови.
Прозорците дошле од златни дворови.
Опкопот исполнет со паунски опаш.
Патеката груба по којашто паѓаш.

ПЕСНА НА БЕЗОБЅИРНАТА

Кога Клеопатрината баржа беше навиена долж Нил
Знај, цела е изработена во великолепен стил;
Со на клунот поставена статуа, излеана во злато:
Симбол што треба секој жител да го уважува како што е ред –
И за секој случај, таа проста конвенција
Не дозволи ниту исклучок, или контравенција.
Статуата, глеј, беше исправен човек
Со мечот на правдата во својата рака:
Та ние смееме да правиме сè што можеме,
Но, Кралицата е Кралица, а нејзините наредби се исполнуваат.
И Клеопатра, иако имаше свои грижи,
Би повеќе или помалку среќна со оваа состојба на работите;
Сите што го видоа нејзиното отпловување
Знаеја дека не треба да прашуваат зошто,
Оти во тој наострен статуен меч
Лежи силата на некој што, ете, се впалубува
Тромооко обѕрнувајќи се наоколу.

ПЕСНА НА БЕССИЛНАТА

Додека некои би се помолиле за такви едноставности
Како мирот или разбирањето,
Нема никој што ќе може
Да разгатнува
Која тајна песна ја пее сирената,

Во колку часот пристанува бродот на будалите.
И така, о, Пресвета Богородице, дозволи ми
Да ја побарам оваа малечка милост –
А Ти би требало да ги услишаш моите молитви,
Оти јас овде сум клекната на колена –
Те молам избриши ја таа насмевка од студеното лице на часовникот:
Не давај утрешниот ден да ме стигне!

Препев од англиски на македонски: Софија Тренчовска

Кристофер ЛОРД (1958) е писател и преведувач, роден во Финска, кој дипломирал на Оксфордскиот универзитет, живеел во Прага, а сега живее во Франција. Автор е на повеќе прозни и поетски збирки, како и на романи, драми и музичко-сценски дела. Едно од најпознатите негови дела е „Книга за Амувапи“. Преведените песни се фрагменти од драмскиот текст „Танц на смртта“.

Назим ХИКМЕТ

(Турција)

НЕ СЕ ЧУДИ

Можам да сакам

И тоа како,

Посакај од мене што сакаш

Мојата душа, моите очи.

Можам да се налутам,

Устата нема да ми запени

Но, жестокиот бес е ништо во споредба со мојот

Жестокиот бес, не жестоката омраза.

Можам да разберам

Честопати со мојот нос,

Чувствувајќи го мирисот на најтемниот и најдалечниот

И можам да се борам

За сè што е праведно, точно, убаво, за секого,

Возраста не е препрека за ова,

Но, за чудо одамна сум заборавил да се вчудоневидувам.

Вчудоневидувањето со отворено тркалезни и млади очи

ме напушти мене.

Штета.

ДА НАПИШАМ НЕШТО ТРЕБА

Да напишам нешто треба
да напишам нешто наполно вистинито
да напишам нешто треба
претходно без да смислам нешто
цигарата ми гори
љубената болка ми створи
да напишам нешто треба
не тоа што на маса го гледам
не за прстите мои
да напишам нешто треба
уловувајќи нешто во мене
пуштајќи кофа во бунарот во себе
вода да извадам треба.

ПАТУВАЊЕ

Еден поет патува
Во морето на нашиот свет
Гледајќи во една ѕвезда.

Патува еден од поетите
Од една ѕвезда во едно море
Гледајќи го нашиот свет.

Патуваат поетите

Во мориња та на универзумот

Гледајќи се меѓусебно.

ПЕСНИ ПОМЕЃУ 21:00-22:00 ЧАСОТ

21 СЕПТЕМВРИ 1945 ГОДИНА

Нашиот син е болен,

Татко му е во затвор

Главата твоја полна со грижи е во твоите раце

На светската состојба личи нашата...

Луѓето во поубави дни другите ги носат,

Нашиот син ќе оздрави,

Татко му од затвор ќе излезе,

Зениците на твоите златни очи ќе се смеат

На светската состојба личи нашата...

22 СЕПТЕМВРИ 1945

Читам книга

во неа си ти.

Слушам песна

во неа си ти.

Седнав леб да јадам

наспроти мене седиш ти.

Работам

наспроти мене ти.

Ти што секаде и секогаш си присутна

не можеме да зборуваме
гласовите да си ги слушнеме.
Ти, осум години вдовица моја си.

24 СЕПТЕМВРИ 1945

Најубавото море
сè уште непосетено е.
Најубавото дете
сè уште непораснато е.
Најубавите наши дни
сè уште недоживеани се.
И најубавиот збор кој сакам да ти го кажам
е зборот кој сè уште го немам кажано.

30 СЕПТЕМВРИ 1945

Да мислам на тебе е убава
надежна работа
како слушањето на најубавата песна
од најубавиот глас на овој свет.

Но, надежта веќе не е доволно за мене,
јас веќе не сакам да слушам песна,
јас песна да пејам сакам...

4 ДЕКЕМВРИ 1945

Извади го од ковчег фустанот во кој за првпат

се сретнаа очите наши

облечи се, дотерај се,

заличи на пролетно дрво...

Од затвор

каранфилот во писмо што го пратив стави го на коса

крени го набразденото бело високо чело достојно за љубење

во еден ваков ден уплашена и тажна, никако,

во еден ваков ден како бунтовничко знаме

треба да е жената на Назим Хикмет.



НАЗИМ ХИКМЕТ

РЕВОЛУЦИОНЕР ВО СОВРЕМЕНАТА ТУРСКА ПОЕЗИЈА

Оваа година се навршуваат 60 години од смртта на НАЗИМ ХИКМЕТ кој е роден на 15 јануари 1902 год. во Солун, а починал на 3 јуни 1963 год. во Москва. Назим Хикмет има деветнаесет поетски книги, десет драмски дела, два романа и една книга составена од 104 раскази што ги објави во различни списанија од 1920 година. Во 1922 година го

внесе слободниот стих во турската поезија и темите од секојдневниот живот. Оваа промена што ја направи во турската поезија вака ја објасни: „Несомнено кога требаше да обработувам нови содржини кои дотогаш не се видени во турската поезија, морав да барам и нова форма...“ (Али Ихсан Колџу, Поетиката на Назим Хикмет, 2010:163). На времето слободниот стих и темите од секојдневниот живот во турската поезија беа револуција, но денес слободниот стих и овие теми во современата турска поезија се секојдневие. Хикмет во поглед на формата и на содржината на новите генерации поети им отвори нов пат и им овозможи голема слобода во изразот. На многу поети им стана учител во областа на поезијата. Назим Хикмет помина вкупно петнаесет години во затвор. Дење во затворот работеше, навечер преведуваше странски автори на турски јазик за да го издржува своето семејство и тајно пишуваше нови дела. Помеѓу 21:00 и 22:00 часот пишуваше песни на својата прва сопруга Пираје чиишто писма често ги преточуваше во песна. Во овој период се творени еден циклус од најлирски песни на современата турска поезија под наслов „Песни помеѓу 21:00-22:00 часот“. Преводите и новонапишаните дела Назим Хикмет ги изнесуваше надвор од затворот со посредство на најблиските. Еден дел од овие дела се изгуби, а еден дел се запали од страна на најблиските, поради страв од апсење. Ова беше голема загуба за турската книжевност. Но, Назим Хикмет веруваше дека ќе биде сјајна иднината на неговите дела. Како резултат на овој напор, денес во библиотеките на Турција и во светот се наоѓаат бројни негови книги.

Лали МИХАЕЛИ

(Израел)

Ти доаѓаш дома како татко кој се враќа дома од војна

Влегуваш во куќата без да ѕвониш.
Ја отвораш вратата со својот клуч
ме држиш меѓу дланките како да сум подарок.
Ништо не се менува во календарот.
Ти се враќаш
откако беше отсечен од моето тело цели три недели.
Ти го исфрлаш своето тело врз мене како да си фрлач на диск.

Ти го тркалаш куферот по шините на моите дланки
и запираш кај мојата уста
ја бакнуваш мојата уста
мемолиш во мојата уста
ја лизгаш врз моите заби старата рана
за да го протресеш внатрешниот барабан.

Запираш на работ од моето меѓуножје и вадиш електрична машина за бричење
и ги исцртуваш моите кадрици на копнежот
кои полудеа со стрелките на часовникот
и кога моментот стивнува, се слекуваш
вадиш нога по нога од долната облека
го вадиш опуштениот кур јас
го допирам и го следам секое место на твојата кожа за да откријам
колку долго време ти требало за да ми се вратиш.

Песна на загубата

Сите загуби се букет од минатото што венее пред време.

Морам да најдам нова загуба за себе. Свежа. Генетски изменета.

Загуба што нема да го скрши моето срце кога неочекувано ќе исчезне заради болка. Боли.

Ја сакам жива. Така, онаа празнина што во мене остана

нема да биде препознатлива.

Така, нема веќе да гледаат во мене додека поминувам по пероните како некој што мора да биде надгледуван. Шините се тенки.

Војникот мора да ја држи пушката дијагонално. Весникот

на клупата известува за многу загуби

во идно време. Истите именки. Истите глаголи.

Непрегледно создавање. Како климатските промени.

И тука се очите што ме запираат во четвртото време.

Различно време.

Како реклама за вода.

Годината ја скуси годината

Ја кријам својата голотија од себеси

прскам врз себеси предзнак.

Сегашноста бледнее,

а иднината ќе изгради драма со сценографија

и со музика и со сета таа врева.

Само поезијата ќе се врти во место. Ќе замолчи

и ќе се заклучи. За сè да отвори.

Со

Чекор

Излегувам

Надвор

Го отпочнувам универзумот.

Лали МИХАЕЛИ е родена во странска земја. Во „Како ќе го осветлам светот“, нејзината осма книга, таа ги разгледува животите на луѓето низ призмата на едно мошне различно место и на секаков можен начин. Лали Михаели е доминантен неконформистички глас во современата израелска поезија. Таа се осмелува да зборува гласно за она што другите се веројатно исплашени или срамежливи да го искажат. Така, таа стана симбол на бунтовност и на анти-естаблишмент мисла. Дури и сега, кога нејзината поезија е преведена на многу јазици и кога таа е меѓународно наградена поетеса и барана гостинка на светските поетски фестивали, Лали Михаели одбива да се вклопи во израелската водечка култура. Нејзините политички израелски песни, „Да, премиере“ (2009) и „Демократија“ (2016), како и нејзините универзални песни, на пр. „Насликај ме додека горам“ и „Секој пат кога водиме љубов“, манифестираат значително повеќеслојна поезија. Внатрешнопоетскиот, личниот, меѓучовечки, хуман дијалог е суштината и целта на нејзиното писмо. Поезијата на Лали Михаели се обидува да создаде мостови меѓу неверојатно различни локации и места.

Поезијата на Лали Михаели повторно докажува дека одличната поезија може да биде и секси и иновативна

Дори Манор

Препев и превод: Наташа Сарџоска

П(Р)ОГЛЕДИ

Венко АНДОНОВСКИ

ЗАПОМНЕТЕ ГО ОВА ПОЕТСКО ИМЕ

Четириесетина одлични песни во оваа одлична дебитантска песнарка, во кои со малку зборови е кажано многу. Или, поточно речено, со малку зборови е прашано многу. Затоа што, задача на поезијата не е да дава одговори, туку да поставува прашања и дилеми. А Катерина Панов Кожаров, со љубопитство карактеристично за детството на човештвото, кога првиот човек, дете Божјо, стоел пред светот и не можел да се изначуди какво е тоа чудесно место во кое е фрлен, го прави токму тоа – таа се прашува. И тоа, се прашува вчудовидена. Таа го доживува светот како вистинско чудо, како мистерија и загатка, воодушевена од неговата магија. Се прашува со малку зборови, и со тоа ни открива дека е двоен мајстор на поетската реч, зашто таа ги знае двете основни тајни на поезијата: а) во поезијата, покрај она што е кажано, подеднакво важно е и она што е премолчено и б) во поезијата, многу зборови се малку, а малку зборови се сосема доволно (затоа еден збор може да значи повеќе нешта и да стане огнена метафора).

Кожаров е одлична и зрела поетеса. Таа е и poeta natus, но и poeta doctus. И родена за поетеса, и образована за поетеса, и тоа, богами, на одлична поетска лектира. Како poeta natus, неа ја карактеризира една речиси лирска решителност (на работ од тврдоглавост), еден поетски јазик остар и немирен во љубопитството како сврдел, кој треба да отвори шише силно поетско вино, старо вино, со вечните стари прашања на големата поезија, онаа што опива. Уште во првата, дебитантска стихозбирка е поставено суштинското и секогаш прво прашање за секој поет: што е поезијата? На тоа прашање, големиот Бранко Миљковиќ, кој се гласи од позадината на оваа песна како истомисленик на Кожаров, даде едноставен одговор: исто е да се умира и да се пее, како што запиша, во форма на рефрен, во песната „Балада (на "Охридските трубадури")":Kad mastilo sazre u krv, svi će znati / Da isto je pevati i umirati. За Кожаров поезијата е пред сè љубов, а љубовта е умирање, како и кај големиот Миљковиќ. Во песната „Совршена прецизност", читаме:„Љубовта и умирачката да ги соединувам совршено прецизно." А пред тоа: „Понекогаш се прашувам /Кој бил богот кој ја има казнето зората / Оти се вљубила во денот / Та ја проколнал / вечно да го чека / вечно да му се радува здогледувајќи го / и вечно да умира не стасувајќи го".

Првото суштинско прашање на секоја голема поезија е поставено кај Кожаров во стилот на романтичарите и симболистите („проколнатите" поети): да се пее, значи да се љуби, а да се љуби – да се умира. Тоа е максималистичкиот и најбескомпромисниот став кон поезијата низ целата историја на книжевноста: ако поезијата е умирање, таа е и живот. Поезија, всушност, не се пишува, туку се живее, вели оваа поетска филозофија која Кожаров ја усвојува. И чинот на дефинитивното умирање не е сврзан со слики на исчезнување, туку е повторно сврзан со љубов, а љубовта е вечна, не умира. Во „Последниот прв ден" читаме: „Кога ќе умрам / Знам дека ќе дознаеш прв / Последниот

здив ќе го пратам кај врбите, / Тие ќе им шепнат на облаците...“ Така, дури и смртта е само вечност, нешто што е затворено на најсигурно место „до крајот на времето и ѕвездите“. Во песната „Скапоцен камен“ читаме: „Но, многу добро знаевме / дека бисерот во школката засекогаш ќе спие / Од вековите во вековите / До крајот на времето и ѕвездите.“ Малку потаму, поетесата, за да ни нацрта што сака да каже (Кожаров е во таа смисла многу упорна), се служи со сигнализам и визуелна поезија, па со зборови ни црта калиграм (како Аполинер), во форма на крст, чијашто порака до љубениот е: „Ти си мојот крст“. Поезијата преминува во цртеж, во идеограм, темпоралната синтакса на читањето е заменета со просторна синтакса.

Но, реков: ако Кожаров верува дека поезијата не се пишува, туку се живее (зашто исто е да се умира и пее, а умирањето е незамисливо без живеење), тогаш е тоа мошне тешка задача. Како да живееш поезија во еден суров, брутален, не-лирски, суетен и немилосрден свет изграден врз целосно лажни вредности, свет кој, според поетесата на крст ја распнал и Вистината? Тоа прашање се поставува во песната „Распната вистина“: „И така ќе си глаголиме за / нашите подвизи и врвови / Ќе ги употребуваме наместо лепези / нашите пишани и непишани дипломи / Ќе бидеме актери и публика / на нашите сопствени драми / Заборавајќи... / Заборавајќи / оти не можеме да избегаме од себеси.“

Во тој судир на еден морално чист свет на поетска космогонија (божја работа, создавање поетски свет, во кој поетот е само моливче во раката на Бога) и суровиот, расипан свет во кој поетесата живее, се отвора еден тесен процеп за сомнежот, втората конститутивна особина на поетскиот персоналитет на оваа посебна поетеса. Низ тој тесен процеп, како низ ѕирка и прозирка на скршеното јајце на вербата, влегуваат час сомнеж, час вера. Според таа особина, Кожаров многу наликува на она семејство писатели кои ѝ припаѓаат на „галаксијата Достоевски“: тој создаде галерија ликови во лепеза од крајна вера во Бога до краен сомнеж во Него. Во песната „C’est la vie“, читаме чист библиски формален напев (имитација на тонот и формата) од Книгата Проповедник (Еклезијаст): „Има денови за сè: / Денови за аргатување и / денови за починување. / Денови за сеење и / денови за жнеење. / Денови за веселење и / денови за кукање.“ Со овој „цитиран“ напев, оваа поезија станува и постмодерна поезија на интертекстот, затоа што се повикува на Библијата. И во следните песни Кожаров е во духот на Христовата љубов и вера. На пример, во една песна вели: „Кога срце води, а разум решава / За душа на љубов се раздава“. Што ни кажува поетесата? Кажува дека не е љубов она каде знаењето се меша. Знаењето, освен тоа, е прв непријател на вечноста, не само затоа што е кршливо како стакло, туку затоа што нè учи дека со смртта завршува сè; поезијата на Кожаров, напротив е длабоко мистична (да не речам религиозна, таа етикета денес е многу злоупотребувана), зашто верува во љубов и „живот продолжен“: „Не заборавај да ме запамтиш / Бар во животот продолжен потоа / Таму бар да заслужам љубов / Пред олтар благословена.“

Христос бдее над овие стихови. Христос расеал вистински лирски медаљончиња меѓу овие песни. Врв на таа Христова агапи (нетелесна, општочовечка, литургиска љубов) е песната „Загубено“, во која читаме човеково милосрдие, а објектот (кому му даваме милосрдие, кого сожалуваме?!) воопшто и не е именуван! Голема е таа поетска

мајсторија, за темата на песната да не се употреби семантичка детерминација, туку тоа нешто кутро да се именува само како „загубено“: „Одејќи по пат си го сретнав. / Плаче тоа кутрото... / Се стуткало в ќош и солзи рони. / ‚Не плачи’, му велам / ‚Како да не плачам’, вели/ ‚кога нема кој в гради да ме носи...’“

Но, секоја вистинска голема поезија не е поезија доколку не се престори во драма. Без драмски конфликт во поетското „јас“ кое пишува, нема голема песна. Ако нема конфликт, поезијата се претвора во фалбоспев и ода, а тоа е карактеристично за црковните и религиозни жанрови: житија, хагиографии, оди, молитви, свети песни (кои се разбира, си имаат своја уметничка вредност, но ние овде говориме за световна, мирјанска уметност). Нема голема човечка поезија без оној прашалник на Кожаров, без онаа нејзина чуденка (второ име за интерпункцискиот знак „?“), за која говорев на почетокот. Достоевски е голем затоа што верата ја спои со сомнеж, на извичникот му додаде прашалник, иако во целото негово творештво сепак вагата претежнува на страната на Христос (онаа негова прочуена реченица: и да ми докажат дека вистината е надвор од Христос, јас сепак ќе останам со него!). Кај Кожаров е слично, и затоа оваа поезија е исклучително вредна. Кај неа, кажано со речникот на модерната филозофија на љубовта, ЕРОС (телесното) се соочува со АГАПИ (ателесна љубов), па дури и со КАРИТАС (љубов од грижа, како во песната „Загубеното“). Но, жесток е, кажано со вокабуларот на модерната длабинска психологија од Фројдов тип, судирот меѓу ИД (нагоните, анималното, Дарвиновото) и АГАПИ (Христовата љубов). Како човекот да го надмине тој дуализам? Како кога Ид бара задоволување на копнежот и нагонот, а Агапи учи на очистување од сите посакувања, зашто посакувањата сами по себе носат тага и разочараност, откако Ид (несвесното) ќе биде задоволено? Еве го тој човечки крик на поетесата свесна за страшниот антагонизам меѓу копнежот и оној просветлен ум што слегол во човековото срце за да го очисти од посакувања. Го наведувам речиси целиот почеток на песната, затоа што ја сметам за антологиска:

КОПНЕЖ

Кое безобразие е неговото доаѓање:

неканет пристига и без да ѕвони или тропне на врата, влегува:

исправен, строен, арогантно самонадеан со став на вулгарна седуктивност, винтиџ стокмен,

чиниш тукушто доаѓа од церемонијата на создавањето на родот човечки.

Кој налет на самобендисаност е тоа што го тера неговото величество, мојот господар Разумот, да трепери пред него како животинче пред своето погубување.

И, оттука веќе почнува благородната скепса на Достоевски. Почнуваат и богомилски импулси, оние кои веруваат дека дуализмот (коегзистенција на доброто и злото) е повистинита слика за животот, стварноста и човекот, одошто монизмот. Во песната „Кој кого создаде“ се гледа таа „клацкалка“ на поетското јас, кое верува и се сомнева, зашто нема одговор на прашањето: од каде по еден ѕвер во секој човек, ако веќе нѐсоздал совршениот Бог? „А што ако ние го создадовме Бога, а не тој нас? / Како инаку човекот ќе го преживееше / својот неуспех да го надмине анимализмот всаден во себе?“ Но, внимавајте: скепсата не победува! Дури и да сме го измислиле ние Бога (скокотлива теза не само кај Достоевски, туку и кај многумина други големи светски писатели), тоа не значи дека не постои. Ако сме го измислиле, како што сме измислиле авион, тој сепак постои. А зошто сме го измислиле? Затоа што ни ТРЕБА, како леб насушен! За да го „победиме анимализмот“, вели поетесата! И, како да допишува една иста песна, еден ист богомилски апокрифен текст, на друго место поетесата додава дека верува во безусловна љубов (каква што е Христовата): “Да, убедена сум оти ние си го раскажуваме Христа, / за да си ја исчистиме љубовта / од својот безобразно егоистичен реципроцитет, / оти при паѓањето заборавивме како е да дадеме / без да побараме.“

Што да се каже? Човекот е трагично суштество, затоа што е двојно: всадено му е Божјо зрно, ама анималното (Ид) не е поништено! Животот е драма, борба, агон. И поезијата е драма, агон, борба. Животот е барање: во песната „Што тоа ние вечно бараме?“, поетесата се прашува: „Која е таа исконска сила да сме во / вечна потрага по другото? / Дали имаме право на избор воопшто / или сме само интуитивни трагачи на патот кон ништото?“

Тука ќе сопрам. Читајте ја оваа поезија, повеќе пати, иако изгледа како „проста и строга македонска песна“ (Конески). Сепак, имам потреба, во стилот на Ролан Барт, кој тврдеше дека идеалната книжевна интерпретација на едно дело е да се прочита самото дело, за крај да цитирам цела песна, која е метафора за постојаната опасност светилникот на верата да биде уништен од „животот однадвор“:

КОГА ГО РУШЕА МОЈОТ СВЕТИЛНИК

На денот на рушењето на мојот светилник

Малата Водна Змија уште се влечеше на небото

кога јас пливав кон полната месечина во морето

На денот на рушењето на мојот светилник

Ирисот беше веќе уморен од бројните привиди

и ужасен беше неговиот копнеж по удавената солза

Здивот беше прекраток за тажалка

И се слушаше само немирот на водата

Денот кога го сруши мојот светилник

Тој беше веќе лит од постојаните удари на здивеното море

А мојата вистина беше премногу кревка за носечките столбови

До темелите сепак не стаса

Земјата не ги даде на водата

Во самото финале, во поентата „До темелите сепак не стаса / Земјата не ги даде на водата“ лежи нескриен оптимизам. И секогаш кога ни се чини дека нашиот светилник на верата е урнат, треба да се има на ум дека темелите остануваат. А темелот се сеќава вечно на урнатата градба: тој е зрно пченица кое секогаш ќе помни дека е пченица и од него само пченица може да израсне.

Запоменете го ова поетско име. Убеден сум дека зрното од оваа стихозбирка допрва ќе ги полни со богат род македонските поетски амбари.

Ирена ПАВЛОВА ДЕ ОДОРИКО

КОН
„УТРОТО ПО КРАЈОТ НА СВЕТОТ“

И ете, ете го Човекот, кој сака да го убие поетот во себе. Така барем пишува Дејан Крстески, во својата песна: „Убиј го поетот“. Среде една ваква фрапантна самоисповед, испишувајќи ги овие редови, сведок сум на песни што се контрапункт на ултрамирисливи, лесни метафори, украсени со розови машнички.

Поезијата од оваа книга под наслов: „Утрото по крајот на светот“ не е воопшто таква. Ниту е додворувачка, за да му се допадне на читателскиот аудиториум, ниту сака да заведе, да искокетира со општи мисли сред тавтологијата од „универзални вредности".

Зошто?

Затоа што имаме автор кој поезијата ја промовира како персона, со сите нејзини исповедни тонови, бои, созвучја, кои вибрираат свои вистини и жестоки опсервации за стварноста што нè опкружува и реалноста на битието, заглавено во сопственото тело и тишина.

Исповедната поезија има свој зародиш, своја историја. Силвија Плат, како жена авторка, беше една од неприкосновените. Во поезијата на Крстески, постои една константа на исповед, на еден пригушен крик среде егзистенцијалниот вакуум. Тој е како воскреснатиот Лазар, кој ги лечи раните со бескомпромисното именување на падот на векот и светот. Но, на терезијата како противтежа ја додава љубовта. Лирското меѓу две острења на ножот во неговите песни. Во амблематската песна „Убиј го поетот", ќе напише дека „нема место за стихови во овој свет“. Би рекле дека контроверзниот став по суштински прашања на поетското битисување, секогаш бил „добитна комбинација“. Како кога некој тибетски лама ја прави најубавата мандала на светот, за потоа да ја уништи, укажувајќи дека сè е минливо и дека тоа треба да го прифатиме со радост.

„Убиј го поетот“ вели Крстески. Но, не и поезијата. Поетот е само посредник. Но, во овој случај, чинам, посредник кој би сакал да воскресне, бидејќи после секој стих, умира тивко, се дава, се раздава. Точно знае кои се „косачите“, дека со секој акт на пишување, ја ризикува својата глава, умот, мислата, во нивните раце („Косачите“).
Песните од оваа книга, исцртуваат маркантен профил на меланхолијата, потцртана со флуоросцентни бои.

Воочливо немирен дух со непогрешлива опсервација на факти што не можат да се побијат: Во песната „Среќа“ лапидарно и бритко ќе констатира: „Ако среќата е чек-листа, да штиклирам сè. Па тогаш зошто, сè уште се чувствувам погрешно“. Секој праведен, интроспективен, даровит човек, се чувствува погрешно во еден неправеден

свет. Соопштувајќи ги без флертување сопствените состојби, Дејан Крстески е на поетски двобој со прелагите. Со колективните лаги и со самозалажувањата. Самиот го предизвикал овој двобој. Да, поезијата е двобој. Најмногу, меѓу внатрешниот двојник и оној надворешниот. Во поезијата Крстески пишува како што себеси се гледа. За тоа е неопходна огромна храброст. Песните му се како соголени гранки. Сталожени, но откриени.

Тоа е доведување кон некаков крај на дискурс, уште пред дискурсот да биде завршен. Глорификација на тишината, но во неа има една роза. Во песната: „Диско дадаизам“ тој ќе напише: „Сите ружи мирисаат исто, само пресечените поинаку“. Токму оваа песна која може да доживее травестија на крилатица на ова творештво, и на севкупниот негов творечки сензибилитет, говори за мирисот на различието, среде мирните, веќе испливани мориња и реквизити на македонската лирика.

„Како гомца од коза се тркаламе, сакаме трага зад себе да оставиме“. Ете го новиот поетски ураган кој се вика Дејан, и кој сè уште ја има храброста преку мислите - риби да плива во спомените, среде „изглоданите симболи на верата“ да пишува за чувствата не само на меките лиричари, туку и за чувствата на „Sверот“. Можеме да го сфатиме како оној што е во секој од нас, со кого се бориме. Добиваме или губиме.

Конечно, во оваа книга се воспоставува чудесна рамнотежа. Значи ли дека тоа е мистеријата на „Љубовниците кои умираат сами зашто сами се родиле“. Да, сами се родиле во домот на Големата Мајка на особената дарба.

Поради сево ова, песните од оваа книга, ќе заведат токму со чистото срце на поетот. Неговата исповед одново и одново ќе ја воскреснува душата на секој оној, што ќе ги „допре" овие песни. Зашто, сигурно знам, дека и тие ќе го допрат, среде размена на сетилата, секој буден читател со суптилен увид и респект во автентичното и успешно сликање на емотивните тунели, како што тоа го прави нашиот поет Дејан Крстески...

Владо ЕФТИМОВ

КОГА ПУСТЕЛИЈАТА ЈА ПОНИШТУВА ЛИЧНОСТА, преку анализа на ликот Никос Авра(а)м од романот „Единствен матичен број“ на Лидија Димковска

Дали секој човек си има своја пустелија?[11]

Да се нема свој *единствен матичен број* означува дека си таканаречен *граѓанин-дух*: постоиш физички, но не и системски! Само живуркаш, лебдиш по сенишните граници на системот што треба да те ораби, признае, обработи и вклучи; дишеш по инерција или кашлаш, ако така е порепрезентативно, барем што се однесува до ликот Никос Авраам, Кипранецот што раскрсти со Кипар вон себе и во себе, и тоа во мигот кога нерешително, колебливо, повторно по инерција зеде неколку дребулии насушни за заминување и засекогаш се збогува со својата татковина. Во наративни низи виден и анализиран е низ очите на својата ќерка Катерина Аврам (Кате или Ката, во зависност од тоа кој ја именува), иако ниту таа самата не е сигурна дали татко ѝ смета дека нешто му припаѓа, вклучително и семејството што го создал на ова ново, *туѓо* тло: „Татко ми изгледа мислеше дека ништо и никој не му припаѓа затоа што е странец со засекогаш загубена татковина и родно семејство, па новото, стекнатото семејство како да не беше сосема негово, како да немаше право да има само свое семејство. Бевме негови деца, а тој како да немаше право да нè сака...“ (2023: 40).

Никос ќе се претвори во главниот *објект* на супер-анализата на неговата проникliва ќерка, којашто еднаш зафатена со мисловно раслојување на комплексноста на душевната појавност (или скриеност) на татка си, не го пушта (условно кажано) дури и по неговата смрт. *Објект,* велам, целосно одзумиран и лишен од субјективноста на доживувањето кај Кате како опсерватор; субјектност што по правило би требало да ја донесе, прво, постоењето како човек, а потоа и претпоставената поврзаност со личноста како родител, како најблизок. Само што, во оваа ситуација за таква (посакувана, барана, нужна) поврзаност никогаш не ќе може да стане збор. Дури и минималната доза на можности за поврзување испарува поради некадарноста да се потегне вистинскиот потег, да се каже вистинскиот збор, да се подаде рака за измолкнување од амбисот на фаталистички доживеаната реалност, претворена во крајна отуѓеност – како од себеси, така и од оние што би требало да се доживуваат како најсвои: „Тој миг нема никогаш да

[11] Димковска, Лидија. *Единствен матичен број*. Три, Скопје, 2023: 22

си го простам, единствениот во кој можеше да се отвори, да ми ја раскаже својата приказна...“ (2023: 41).

Сосема соодветни релации кога се има *пустелија* за код на живеење. Кога пустошот ќе се насели во душите на луѓето и ќе се претвори во modus vivendi на главните актанти, тогаш чуму потребата да се развива близина? Има ли нужност да се посегнува по градење семејни и блиски односи, кога пустелијата е и проклетија и спас, истовремено? За една таква граничност, прво само лингвистичка, фразеолошка, а потоа фатилистички-реална, зборува Никос секогаш кога посегнува по нему својствената и омилена фраза: „Човек да фати пустелија!“. И, се осамува! Во празнината што ја остава немањето единствен матичен број од родната земја, а има таков од земјата каде што побегнал, како да се отвора непремостлив амбис што го повлекува кон себе и не му остава можност да се прилагоди на новонастанатата ситуација, да се измолкне, да се спаси. По сè изгледа, молкот е единствениот придружник и ко-актант во такви околности.

Никос е барикадиран *топос.* Како да е лишен од човечки определби. Како да е само место, определено од отсуство на место и присуството на некое друго. Само парче месо со безброј штитници и бетонирани непропустливи ѕидишта што треба да осигураат изолација и спречување на секоја надворешна инвазивност. Парче географија. Без историја, цивилизација, автентична култура. Без хемија. Без реакции на припаѓање. Откорнетеност до обезличување коешто се претвора во метастаза на сопственото постоење, а не помалку и во метастаза на фамилијарните односи што изостануваат, па никогаш целосно не се развиваат. Неговиот молк е парадигма на неговото постоење. Свртен *навнатре* кон своите душевни трауми и рани, како свесно да се лишува од можноста да биде само ранет човек со тешка животна приказна, со травматска биографија, па со признаена траума да се обиде да се извлече од горливата зона и да се препушти на исцелувачката моќ на ближниот допир. Или на детската прегратка. На емоционална близина со „новото семејство“.

Можеби и би се создала некоја таква можност доколку судбината не му ја доделила Милка за животен партнер и „спас“ од виорните кипарски времиња: сурова, безмилосна, намќореста, себична, налик на змија што саска околу метата, постојано труејќи ја неговата, и онака повредена, душа со нови дози отрови, во форма на зборовни стрели – секогаш, секаде, во секоја пригода. Тоа како да донесува финална детерминанта на затвореноста на Никос и поништување дури на најмалата трошка надеж дека може да изгради близина или „нова нормалност“ со своето новоформирано семејство: „Иста сорта се! Море што си направив, будала јас! И деца и маж ми спотребале!“ (2023: 41). (...) „Е сега да беше таму, ќе го видеше Господ, ама имаше среќа што го донесов! Ќе се сликаше да беше таму!“ (2023: 55).

И, додека Стефан, постариот син и брат во семејството Аврам, во немоќ довикува кон мајка си: „Ти си за во затвор“ (2023:47); на тој начин барем малку ослободувајќи се од натрупаниот гнев од нарушените внатре-фамилијарни односи, барем делумно празнејќи се и канализирајќи го јадот од изместените фамилијарни релации; Кате постепено го гради ѕидот околу својот однос со мајка си, очајно и безидејно чмаејќи пред немоќта да му се доближи на татка си. Се затвора сè повеќе, несигурна е, очајна,

неразбрана и оставена да се снаоѓа самата, додека ја извршува мисијата да направи обид за разбирање, преку своевидна психоанализа на комплицираните личности од своето најнепосредно опкружување, односно од својата најтесна фамилија. Таа чита, се едуцира континуирано, трупа сознанија за „кипарското прашање“, преку чиешто „решавање“ се надева дека ќе успее да направи чекор кон разбирањето на својот емоционално недостапен татко. „Не знаев дека може и поинаку да се живее, не само како кај нас дома... Некаква празнина ме навјасуваше, неприпадност, нелагодност. Можеби таква беше и пустелијата на татко ми? Пустелијата од која сакаше да фати пустелија?...“ (2023: 48-49). „Љубовта што не постоеше повеќе во реалноста се обидов да ја надминам со учење, читање и, пред сè, со кипарското прашање на татко ми. А друго прашање е колку политиката може да ја надомести љубовта. Изгледа љубовта нема симулакруми. Или само љубовта е симулакрум на самата себе?...“ (2023: 58).

Затоа Кате помирливо резонира дека „расте наназад“. Затоа смета дека предметите се подобри пријатели од луѓето. И, токму поради тоа смета дека ќе може со парите од евентуалната лото добивка да ја купи љубовта на сите што сака да ја сакаат... Нанакрај, затоа толку неосетно, ама сигурно, „слетува“ во топосот омеѓан со отуѓеност, оддалечееност од луѓето, со молк, апатичност и резигнирана самодоволност. Топосот за каде што доби чекиран билет од својот татко. Неговата, нејзината, нивната (нашата?) *пустелија*.

Оваа „пустелија“ е *симболот* што се провева низ сите пори на романот „Единствен матичен број“ од Лидија Димковска. Наликува и звучи како зборот „пустина“, како што наивно детски резонира тинејџерката Катерина, ама кај пустелијата нема оази, ниту пак се родила потреба да биде одбележана на, за неа, толку саканиот географски атлас. Пустелијата полека се претвора во антиутописка слика на постоењето, налик на безвременските романи со коишто расте и го формира својот светоглед младата Кате. Овој концепт одеднаш се претвора во *приказна-во-приказна* нарација, стилски и графички изделена од целината на првобитната наративната рамка, небаре засебност, иако едност со секое битие на пост-модернистичките *-шизми* што нè зафатија нас, современиците на Катерина. Растени во времиња на транзиции без престан, постојано изложени на разни политички обланди во форма на утопии за едни ветени пространства и системи; сведоци сме на сопствените, лични поразителни антиутопии во коишто сме ги заглавиле, застоиле и умртвиле сопствените копнежи, мечти, визии, *повтежи* за повеќе, за посуштински нешта... Одеднаш, сосема неочекувано, самите ние како читатели стануваме жители на „ветениот“ топос на отуѓениот и отчовечен Никос: неговото лингвистичко откровение „пустелија“ станува наше поразително реално прибежиште, затоа што многу очигледно и со ужаснувачки-поразителна леснотија можеме да ги согледаме нејзините описи и да ги признаеме како *својски,* како определуваачи на *нашето време*: дехуманизирани односи, отуѓени битија кои не покажуваат ни трошка близина, сочувственост, сомилост, емпатичност, љубезност, пријателство, човечност... Наеднаш „урнатината Никос“, како и „урнатината Елефтерија“ и градот-дух Вароша стануваат сликата за нашите душевни урнатини: испразнети од себеси, омеѓани со бодликави жици, чувани од невидливи стражари со разорни оружја, свесно го уништуваме сечиј обид за доближување, за градење близина. Да не е да би нè

зафатила веќе таа пустелија, та да не можеме, да не сме кадарни да градиме нови ѕидини на пеплосани трошни остатоци? Точно како баба Елефтерија од Кипар: дури не успеа да покаже емоција на веста дека *таму некаде* постои и сè уште живее (кашла!) нејзиниот син! „Баба ми ја беше веќе прежалила куќата, а и сè останато“ (2023: 194).

Дотаму ли се рашири пустелијата во нас?

Возрасната Катерина, дипломираниот невработен социолог, со искуство од разни скопски кафулиња, кафеани и сомнителни места што раскрстуваат со вербата во нашите мечти за професионална реализација; сосема неочекувано ќе ја продолжи мисијата да го раскопа секој слој од психичката слоевитост на својот татко. Иако не мал број пати посакува да била како Стефан и да не ја засега состојбата во нивното семејство (или очајот накитен со молк во којшто живурка татко им); таа сепак непомирливо трага по сето она што ќе ѝ заличи на одговор на загатката. Одлучно заминува во Бристол, на собир на раселени лица од Кипар и нивни потомци, иако ретко кога претходно размислувала за „кипарскиот дел“ од својата идентитетска детерминанта. По игра на случајноста запознава интересни личности, меѓу кои и Турчинот Хасан од Кипар, којшто чувствува бреме и долг поради узурпирањето туѓ имот, па се обидува да воспостави личен и универзален баланс донесувајќи стари фотографии на тој собир на Кипарци во Англија, со цел да ги врати на сопствениците или на нивните потомци. Барем тоа, кога веќе не му успева да издејствува враќање на имотите на старите сопственици, за што се бори со помош на неговите истомисленици – припадници на новите анти-воени генерации млади луѓе: Грци, Турци и други. Кате ќе се запознае со него, ќе селектира три фотографии од татко ѝ и неговото кипарско семејство, што ќе биде доволно за импулсивно да одлучи да замине таму и да се соочи со траумата наследена посредно, од нејзиниот молчалив татко.

И како што ќе заклучи Лила Серафимска, книжевниот јунак на Лидија Димковска од романот „Скриена камера“, дека „животот во странство е растројство на сите нерви...“, така и Катерина ќе се обиде да го одгатне растроениот дел од личноста на татко си, а со тоа и не мал дел од растроеноста на своето битие. Растењето во пост-југословенска и новоформирана Македонија, чиешто име не смее ниту да го спомне на собирот во Бристол, а уште помалку на квази-границата во Никозија, ќе ја натераат Катерина да размислува за низа политички прашања, што донесува во прозата на Димковска една нота на социјален активизам и бунт кон обесправеноста, преку гласно изговарање на отворените горливи прашања: уште еден показател на силината на нејзиниот прозен збор. Токму затоа меѓу редовите на „Единствен матичен број“ се зборува отворно за правата на жената, за македонското и за кипарското прашање, за турско-грчките односи, за сонуваниот европски рај, за феминистички начела...

Така, конечно ќе дојде мигот за финално соочување со изворот на траумите што целото свое постоење ќе ги живее нејзиниот татко, а и таа самата. Кате конечно ја добива можноста да види сè на самото „место на злосторот“ и со тоа да се обиде да го затвори личниот контекст на нејзиното „кипарско прашање“. Но, соочена со траорот што го донесуваат дамките на воените виори, бодликавите жици, стражарите што непријателски гледаат од зад оградата дури и триесетина години по воените дејства, распаднатата куќа на татко си, но и запрепастеноста од соочувањето со урнатината што останала од баба

Елефтерија – единствениот жив роднина на татко ѝ (а и нејзин) на Кипар; Кате премолчано ќе раскрсти со дилемите околу Кипар, па дури нема да ја искористи можноста да ја праша што било својата стара изнемоштена баба. Дали тоа значи дека реалноста е посилна од утопијата? Дека привидот на претпоставката отстапува пред разорната светлина на фактичкото? И дали тоа уште повеќе значи дека антиутопијата е уште посилна? Којзнае... Ама, ако утопијата е мечта за бегање во идеализиран свет, антиутопијата е личен избор да се побегне од чудовишната реалност и да се триумфира над сивилото на обичноста, со вгнездување во самото сивило! Пустелијата завладува – бегство нема!

Бегството, а и расплетот на овој слоевит роман ја донесува „дијагнозата“: потврда дека не само Никос, туку и сите ние сме „метастазирани“! Трошните остатоци што нѐ претставуваат нас во ова шизоидно време на отуѓености и отчовечености, само сведочат за пропуштените можности: за нереализираните планови, за пропаднатите визии, налик утопии за нас самите. Во реалноста – сивило! И, истрошеност. И, безизлезност. Токму како дијагнозата на Никос: четврт стадиум рак на белите дробови! Битката за кислород што трае цел негов живот и се отсликува во прашањето на баба Елефтерија дали Никос уште кашла (како „кашла“ да е еквивалент на „живее“); одеднаш добива име: рак на белите дробови! Како иронијата на постоењето да била мала и досега, на залезот од животот следува последното раселување на раселеното лице Никос: речиси присилното заминување во дом за стари и изнемоштени лица, наметнато од неговиот брачен другар – неумоливата намќореста Милка! Себично стравувајќи за своето здравје, затоа што „се расправа со болен човек“, таа буквално ќе го избрка својот сопруг, со што ќе му ги умножи траумите и ќе го направи одново лице без топос! Како да не смее да одмори и да здивне дури и во смртниот час!

Одеднаш и дисфункционалноста на ова транзициско семејство добива своја дијагноза: молкот е рак и се заканува да ги дотолчи сите! Молчи Никос, молчи Софче, молчи Кате, иако толку силно сакаше да вреска! Да ѝ се изнавика на монструозната и себична Милка и барем еднаш да ја замолчи! Ама, не ѝ успеа! Единката на пустелијата нема сила да се опира на системот. Нема енергија да се справува со туѓата трагедија, кога толку самодоволно е запрепелкана во сопствената бедотија! Нема ниту волја, ниту потреба да се јави во службите на редот за да изреагираат кога некој ќе исчезне: ќе се осами или ќе умре – сосема сеедно!

И онака реата што ќе се рашири по извесно време ќе биде само нем сведок дека се раширала ништовноста и дека настапил молк. Исто како во пустелијата на Никос. Нашата модерна пустелија.

Елизабета БАКОВСКА

ЗАСОЛНИШТЕ ОД БУРИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ

(Осврт за „Раскази од минатиот век“ на Виолета Танчева-Златева)

Збирката „Раскази од минатиот век“ (издание на Три, 2022) на Виолета Танчева-Златева, како што напиша и самата авторка во најавата на социјалните мрежи, доаѓа 14 години по нејзината последна прозна книга (роман за деца) и по 8 поетски книги. Таа содржи 30 раскази, уредно и систематизирано, речиси симетрично, подредени и поделени на еден пролог, четири групи по седум раскази и еден епилог. Секоја од четирите групи, пак, има свој наслов: првата е „Меѓу сонот и јавето“, втората „Лица и наличја“, третата „По нишките на детството“, а четвртата „Егзистенцијалистички“. Ваквата среденост на формата, но и содржинска стегнатост на оваа книга ѝ дава редок и речиси старомоден изглед (со забелешка дека придавката „старомоден“ овде ја користам со амбиција да ја ослободам од нејзиниот толку доминантен негативен полнеж за повторно да ѝ се навратам малку подолу) наспроти поплавата од современи, често лежерно скицирани и недопеглани наслови на македонски јазик. Една од поважните причини за овој мој впечаток е секако тоа што книгава е напишана од една ретко писмена авторка (и уште поретко: исклучително внимателна читателка), која во голем дел и професионално (како лектор) се посветила на темелно средување на писмото, онака како што мајсторите-скулптори посветено го тријат и го шмирглаат изделканиот мермер додека тој не стане совршено мазен под дланката. Таквата „старомодна“ (еве, и со наводници уште еднаш да го очудам овој збор) посветеност на авторката на своето писмо, заедно со насловот што му го дала, како веднаш да го повикува (да го мами, да го заведува) критичарот да му пристапи со „старомодни“ аналитички алатки што потекнуваат токму од тој (во насловот присутен) дваесетти век, та оваа книга да се анализира како структура, како форма, како начин на кој темите и приказните се врамиле во текстот, во нејзината целина. Или онака, како што на текстот му пристапувале руските формалисти – кога перото на критичарот станува линијар, а хартијата аптекарска вага. Или, на текстот да му се пристапи со онаа речиси романтичарска верба дека критиката може да ја одгатне неговата внатрешна логика и да ја сведе на една генерална формула.

Меѓутоа, од оваа перспектива, од овој момент, од крајот на дваесет и втората година на дваесет и првиот век, опирајќи се на привлечната сила на таа традиционална, школска критика, сакам да почнам не со главниот текст на оваа книга, туку со она што навидум се наоѓа на нејзините маргини. На тие маргини, пред самите раскази, авторката почувствувала дека е потребно да даде и една малечка воведна забелешка, па напишала: „Собрани под еден наслов, овие записи не можеа да бидат наречени поинаку освен ‘Раскази од минатиот век’. Зашто токму тоа ги обединува – времето кога се случени, изживеани и напишани, од една жителка на минатиот век.“ Не секој човек ја доживува и не секој човечки живот ја преминува онаа симболична граница која одделува еден од

друг век. Нашите генерации (бидејќи со Виолета сме врснички) ја имаа таа можност да го доживеат преминот од дваесеттиот кон дваесет и првиот век. Искусувајќи го директно овој*turn of the century*, овој нов *fin de siècle,* не посведочивме ниту суден ден (како апокалиптичен крај на човештвото), ниту глобалистичка утопија на среќен, мирен и обединет свет. Во првите секунди на новиот век, компјутерите продолжија да работат и покрај сето брборење за можното поништување на нашите виртуелни мрежи од страна на милениумската бубачка. Без големи потреси, се разбудивме не само во новиот век, туку и во новиот милениум. Новото време ни се вовлече во животите не со тресок, ами подмолно, со прикрадување, та дури сега, по дваесетина година, сфаќаме дека во тоа прикрадување некако ни го нарамило севкупниот терет на „минатиот век“: ние сме оние што родените во овој век ги гледаат како старомодни и носталгични. За нив, ние сме често оние што паметат премногу, оние што му се опираат на новото време. Иако сме останале на истото место и овој наш дом (како животен простор, град, држава, па дури и јазик) го делиме со ововековните генерации, од нив нè отуѓува токму таа пресвртница на векот што стои меѓу нас.

Во таа смисла, интересно е (но не и неочекувано, барем не за мене) тоа што авторката себеси се нарекла „жителка на минатиот век“, претпочитувајќи своето домување да го поврзе не (само) со просторот, ами (и) со времето. Или, можеби поточно кажано, со времепросторот, она што Бахтин (уште во тридесетите години на тој наш минат век) го нарекол хронотоп. Со оваа синтагма, таа навестува дека во расказите што следат, времето (т.е. тој наш дваесетти век), како што опишал Бахтин, книжевно „се згуснува, се стега, станува уметнички видливо; просторот се напнува, се вовлекува со движењето на времето, на сижето, на историјата. Обележјата на времето се разоткриваат во просторот, а просторот се осмислува и се мери со времето“ (Bahtin 194). Како што се гледа понатаму во расказите на оваа збирка, хронотопот на дваесеттиот век дополнително се разглобува и во неколку помали хронотопи, како што се „селото на нејзиното детство“ или „градот на нејзиното зрело доба“. Учествувајќи во овие свои книжевни хронотопи, некогаш како лик (објект на нарацијата), некогаш како наративен субјект, таа (повторно во духот на Бахтиновите тези) некако неминовно анализира и одделни прашања (дилеми) поврзани со сопствениот идентитет: „Се самозаборавив трудејќи се да станам некоја... Во себе не најдов ни ронка место за барем една мисла за вечноста“ (*Коренот* 158). Или: „Веќе не сум сигурна во својата способност за летање. Можеби сум само прашинка заталкана во вселената и се реам изгубено во просторот додека реткиот воздух ме крепи да не паднам? Се надевам дека ќе се разбудам пред да се урнисам како камен од височините. За да не завршам како дамка врз карпата на животот“ (*Со Леонардо меѓу облаците* 115).

Ваквите прашања се илустративни за една од основните карактеристики на оваа проза – нејзината рефлексивност, а особено за авторефлексивноста на наративниот субјект. Тој (или, многу често, таа), иако одреден и опишан и физички, возрасно, полово и општествено, пред сè (и над сè) е збир од мисли, анализи, дилеми и преиспитувања. Така, приказните се одвиваат не толку во светот околу субјектот, ами повеќе внатре во него, во неговиот микросвет, во неговиот внатрешен простор. Затоа, субјектот во оваа проза функционира и како субјект, но и како свој сопствен (вистински, суштински)

хронотоп. Или, според зборовите на Јулија Кристева, „субјектот не е едноставно внатрешност соочена со референцијалната надворешност. Субјективната структура... ја детерминира самата ситуација на реалноста, нејзиното постоење или непостоење, нејзиното отфрлање или хипостаза“ (*Токати и фуги* 114). Субјектот во овие раскази е мало, но тешко и згуснато атомско јадро околу кое, како електрони, кружат настаните во кои тој може, но не мора да се вклучи, во зависност од својата моментална заситеност или реактивност. Неговите дилеми се често дилемите на малиот, секојдневен човек (дури и кога таквиот човек станува министер): „Дали сум среќен? Не знам. Збунет сум. Празен... Дали е страшно ова што ми се случува? Ќе дозволам ли друг да ги влече конците на кои сум закачен како марионетка?... “ (*Министерот* 82). Но, понекогаш наративниот субјект се претставува и како самата авторка, која авторефернцијално го анализира сопственото писмо и (дилемите во) својот пристап кон него: „Колку треба да се премолчи, а сепак да се каже потребното? Колку треба да се открие, а да не биде премногу? Треба ли сè да се каже, и по цена на недопаѓање, па дури и отфрлање? Дали раскажувањето во трето лице те заштитува од себеразобличување? Ти нуди ли азил од прогонство – повеќе од сопственото отколку од туѓото? *Зар ти пишуваш за да им се допаднеш на другите?*“(*Гостинка* 19).

Овие идентитетски преиспитувања на субјектите во овие раскази и насочувањето на фокусот од надвор кон внатре можат да се читаат и како своевидна реакција на една сеопшта (општествена) криза што постојано се навестува во ова писмо. Таквата криза, како што рекла Кристева, „силно влијае врз идентитетите на луѓето, како и врз моралот, религијата и политиката“ (*Токати и фуги* 158). Уште од прологот, метежот на урбаното Скопје и неговата бесмисла, „годините што одлетале во неврат“, „новата играчка – интернетот“, „дипломата, тоа обично парче хартија што му е толку неопходно на општеството“ е поголемата слика што го притиска и мачи субјектот. Обезначеноста на овој надворешен времепростор е толкава и таква што авторката на моралните дилеми често им пристапува и преку своевидна мимикрија на алегорија или парабола, па во расказите среќаваме ликови што носат генерички имиња: Девојката, Дечкото, Господинот Г., Човечето, Бабичката, Писателот, па дури и Луцифер) и влегуваат во меѓусебни интеракции од кои се дестилираат морални и филозофски прашања (за неповратното минување на времето, за плитката автоматизираност на современото живеење, за минливоста на животот и релативноста на среќата), од кои може, но и не мора да се изведе заклучок или поука. Меланхолијата, пак, е неминовната мелодиска позадина на расказите во кои стеснетоста на градот и на зрелото доба се сопоставува на отворените пространства на детството. „Изгубениот рај е фатаморгана на минатото“, вели Кристева, тоа е нешто што меланхоличарот „никогаш нема да може да го поврати“ (*Токати и фуги* 245). Авторката, како што вели самата, е „накалемена“ во сегашноста, па таа своето чувство на неприпаѓање го собрала во расказите под насловот „По нишките на детството“ во кој ги подредила своите пасторални, идеализирани претстави за „благите квечерини“, или за „стежната убавина“ на меката земја на своето родно село во кое се „спомените на дамнешниот свет“. Ветерот што дува од среќното детство на сеќавањата го освежува тешкиот застојан воздух на сегашноста, а минатото така станува

појдовната точка, зашто „кога ќе заскиташ низ лавиринтот на хаосот, секогаш ќе ја имаш неа“ (*На распаќе* 155-156).

Во епилогот на книгата, авторката, повторно автореференцијално, се осврнува на своето писмо, но и на предусловите што животот на еден автор мора да ги има за да го создава. Со алузија на Вирџинија Вулф, иконата на феминистичкото писмо од дваесеттиот век, таа нејзиниот простор (сопствена соба) го преведува во време: „Само пет минути на ден, прошепнувам. И не мора да имаш сопствена соба. Само пет минути време, Одвоено време, За себе“ (*Пет минути* 171). Петте минути во животот на еден созреан писател се оној хронотоп што може бескрајно да се растегне од баналноста на секојдневието (како што е готвењето на утрешниот ручек) до целосното филтрирање на сржта на создавањето уметност, или, како што вели големиот поет: „Важно е секогаш да бидеш свој меѓу луѓето, сеприсутен во вселената, да успееш себеси и своите зборови да ги зачуваш чисти“ (*Моите средби со поетот* 149).

Пред две недели, во Скопје гостуваше Георги Господинов, наш врсник што исто така ги опчекорил дваесеттиот и дваесет и првиот век. Среде сета врева што се крена околу него и неговата последна книга „Засолниште во времето“ (ете, како да е неизбежно да се занимаваме со времето), најголем впечаток ми остави една негова реченица. Имено, прашан за книжевноста наспроти новите медиуми, во едно интервју што од него бараше одговори на клучни политички и книжевни проблеми, тој рече: „Литературата нè тера да мислиме бавно и да го осознаваме она што ни се случило бавно, за разлика од сите брзи медиуми што доаѓаат и си одат“ (*Господинов: Балканот е преоптоварен со минатото, а национализмот се храни со минатото*). Со оваа вистина на ум, да се засолниме во добрите старомодни книги како оваа, книги што нè тераат да запреме, книги што нè прибираат во себе, што ни даваат засолниште од безобразно гласните и модерни, а сепак минливи бури на нововo време.

На авторката и на овие нејзини раскази им посакувам многу внимателни читатели и живот доволно долг да премостат барем уште еден век. [12]

Галерија Ко-ра, Скопје
12.12.2022

[12] Забелешка:
До цитатите од збирката „Раскази од минатиот век“ стојат насловите на расказите и страницата на која тие цитати се наоѓаат во збирката. Освен збирката, користени се и следниве наслови:
Bahtin, Mihail. *Oromanu*. prev. Aleksandar Badnjarević. Beograd: Nolit, 1989.
Кристева, Јулиа. *Токати и фуги за другоста.* Скопје: Темплум, 2006.
Господинов: Балканот е преоптоварен со минатото, а национализмот се храни со минатото. Интервју. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=LnwpIikQdhs [пристапено на 24.1.2023]

Васил ДРВОШАНОВ

ФОНЕТСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИЗМИ ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ *ВРАЌАЈЌИ СЕ ВО БОРИЕВО* ОД ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

На македонската книжевна сцена писателката Виолета Танчева-Златева (25.IV 1968, Бориево, Струмичко) уште со првата книга ја најави својата дарба. Денес таа е потврдена авторка на збирките раскази – *Книга за сонот*, 1991; *Враќајќи се во Бориево*, 1999, на романите – за возрасни (*Враќања*, 1993), за деца (*Шарени писма*, 2008) и на стихозбирките (*Мојот Пикасо*, 2007; *Заробеници на молкот*, 2010; *Огнена*, 2011; *Нашата приказна*, 2013 и *Година без лето*, 2015) (Димовски, Јаневски 2017: 231). На споменатите дела се надоврзуваат – збирката проза (*Раскази од минатиот век*, 2022) и збирките поезија (*Патот*, 2018; *На работ на светот*, 2021; *Капе времето*, 2021; *Глуво време*, 2023).

Нашето внимание го привлече збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*, којашто уште во насловот со ојконимот[13] ја посочува роднокрајната маркираност на авторката[14].

---

[13]Име на населено место.

[14] „...Населеното место *Бориево* е оддалечено околу 15 километри источно од градот Струмица. Во прилогот 'Опис на општината', објавен на веб-страницата на Општината Босилово, се наведува дека со новата територијална организација од 2014 година, во составот на Општината Босилово влегуваат 16 населени места, и тоа: Босилово, Турново, Радово, Иловица, Штука, Секирник, Бориево (подвлекол – В. Д.), Моноспитово, Робово, Еднокуќево, Петралинци, Сарај, Гечерлија, Дрвош, Хамзали и Старо Балдовци <www.opstinabosilovo.gov.mk>пристапено на: 20.1.2018.

Предизвик за разгледување на ова прашање е разликата во именувањето на споменатото населено место во најстарите историски извори и неговата актуелна административна форма.

Најстарите писмени потврди за споменатото населено место датираат од првата половина на XIV век, во кои името на селото е наведено како *Боруево*, сп. Sμlo Borΐμvo од 1343 година (Новаковиħ 1912: 410) и Sμlo Borΐμvo од 1345 година (Соловјев, Мошин 1936: 482), цитирано според Иванова (2014: 65). Името на населеното место *Боруево* потекнува од личното име *Боруј* (Станковска 1984: 143), цитирано според Иванова (2014: 66). Поновите историски извори споменатото населено место го наведуваат со ликот *Бориево*.

Се прашуваме: Зошто се пренебрегнале најстарите историски потврди на населеното место со ликот *Боруево*? Овој лик и денес го употребуваат жителите на односното село и сите жители на околните населени места со извесна редукција на неакцентираните вокали, дијалектна специфичност карактеристична за струмичкиот говор. И покрај преименувањето на односното село, месното население и понатаму продолжува селото да го именува со своето изворно име *Боруево*, неприфаќајќи го официјалното име, освен во документите. Традиционалното именување на селото *Боруево* е влезено во колективното паметење и претставува потврда за континуитетот на народот од Струмичкиот Регион, независно од општествено-историските услови во кои се наоѓал. На мислење сме дека актуелната административна форма на името на разгледуваното село не соодветствува на личното име *Боруј*, кој бил основач на споменатото населено место. Напротив, се согласуваме со предлогот на Иванова, специјалистка по топономастика, официјалното име на разгледуваното населено место да биде *Боруево* (Иванова 2004: 66). На тој начин сметаме дека ќе се исправи направениот превид, кој, веројатно, настанал

Наведената книга содржи единаесет раскази, групирани во три целости. Првата целост ја претставува истоимениот расказ „Уништеното утро му носи значајно сознание на Писателот“. Втората целост („Коренот длаби во мене“) ја сочинуваат расказите: „Заклучена во своето досие“, „Повторно нерешено или во потрага по вистинскиот правец“, „Враќајќи се во Бориево“, „Коренот длаби во мене“ и „Собирач на спомени“. Третата целост („Доцна есен во Бориево“) ги содржи расказите: „Одмаздата на Геро“, „Судбина“, „Попот и кучето“, „Доцна есен во Бориево“ и „Во зафатка со себеси“.Трите целости и некој од расказите почнуваат со кус извадок од делото употребен повеќе како мото отколку како апстракт.

Дејствијата во збирката раскази се одвиваат на една временска оска: минато, длабоко отпечатено во меморијата на авторката од времето кога таа живеела во родителскиот дом во едно мирно мало место, борејќи се заедно со семејството единствено со временските непогоди од егзистенцијални причини за опстанок, наспрема сегашноста кога писателката живее сама во голем град, а со мислите е во родното место.

Треба да нагласиме дека писателката ѝ дава полет на мислата, чии асоцијативни патишта ја водат во родниот крај, така што употребата на дијалектизмите соодветствува на амбиентот во кој, главно, се случуваат дејствата во расказите. Некои партии од расказите, па дури и цели раскази, како што, впрочем, се носечкиот расказ на збирката „Враќајќи се во Бориево“ и третата целост „Доцна есен во Бориево“, се вистинска натуралистичка слика за животот на село во Струмичкиот Регион во последните две децении од XX век. Одделни пасажи од збирката со деталните описи наликуваат на етнолошки записи. Притоа, Танчева-Златева, опишувајќи го начинот на животот во родниот крај, без да сака, а сакала, користела јазични елементи од својата дијалектна база, така што при изговорот на дијалектизмите се создава акустична слика со изворна сочност што му дава извонредна колоритност на исказот.

Треба да нагласиме дека книжевната критика високо ги вреднува уметничките квалитети на севкупното творештво на Виолета Танчева-Златева, следствено и на збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*. Но, ние нема да зборуваме за книжевните вредности на споменатото дело, туку ќе ги разгледуваме дијалектните јазични карактеристики застапени во авторкиниот говор и во говорот на нејзините ликови во збирката раскази.

Со оглед на фактот што во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* се јавуваат дијалектизми на сите јазични рамништа: на фонетско, на морфолошко, на зборообразувачко и на лексичко-семантичко рамниште, поради обемноста на корпусот, овој пат предмет на нашата анализа ќе бидат само дијалектизмите на фонетски план, иако не постои реска граница, според рамништето, на кое тие се јавуваат[15]. Неоспорно е

поради непознавањето на најстарите историски извори, во кои споменатото село е наведено со правилниот лик *Боруево*“ (Дрвошанов 2018: 13–14).

[15]Предмет на дијалектизмите од лексичко-семантички аспект е рефератот, под наслов „Лексичко-семантичките дијалектизми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* од Виолета Танчева-Златева“, презентиран на VIIIмеѓународна научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, што се одржа во Скопје, на 28–29.VI 2023 година.

дека тие со својата изворност му даваат исклучителна колоритност на раскажувањето во делото на Танчева-Златева.

Поради тоа што збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* е објавена пред појавата на *Толковниот речник на македонскиот јазик* (Конески 2003–2014) во написот наведуваните дијалектизми во контексти ќе бидат сопоставувани со соодветниот евидентиран заглавен збор во македонскиот лексикографски труд *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* (Конески 1961–1966) од аспект на нивната отстапка од македонскиот стандарден јазик.

Од извршената ексцерпција на дијалектизмите во збирката раскази може да се констатира дека писателката користи голем број фонетски дијалектизми, сп.

1) појавата на темниот вокал /*ă*/ во следните случаи:

а) како замена на старото вокално **ȍ* во секвенците /*ă*/ – /*лă*/: *б'снала* (Танчева-Златева 1999: 147), *неб'снато* (Танчева-Златева 1999: 146) : **болсне***pf* 1. sevnuti. 2. blesnuti (Конески 1961: 42);*п'ни* (Танчева-Златева 1999: 63), *П'нееме* (Танчева-Златева 1999: 63) : **полни***impf* I (прави да биде полно, v. полн 1, 2, 3 и 5) puniti (Конески 1965: 306);*се ск'цани* (Танчева-Златева 1999: 44); *с'нце* (Танчева-Златева 1999: 65) : **сонце***n* sunce. 1. (небесно тело што испушта светлина и топлина). 2. (светлината и топлината на тоа тело). 3. (fig. нешто многу мило) (Конески 1966: 268); – односно: *дл'г* (Танчева-Златева 1999: 67), *дл'ги* (Танчева-Златева 1999: 70) : **долг***adj* dug, dugačak (Конески 1961: 147);

б) како замена на старото вокално **ó*во секвенцата /*ăр*/, каде што вокалниот елемент ортографски е претставен со графемата /*а*/: *Барлоците* (Танчева-Златева 1999: 40) : **брлог** -зи *m* brlog (Конески 1961: 47);*парнар* (Танчева-Златева 1999: 38) : **прнар***mbot*. 1. (Quecus coccifera) divlja omorika. 2.(Quecus ilex) česvina, česmina, zimzleni hrast. 3. (Quecus lanuginosa) hrast medunac. 4. uopšte: grmlje, šikara, šipražje (Конески 1965: 538);

в) наместо вокалот /*а*/: *прос'ска* (Танчева-Златева 1999: 116) : **просаска***pf* 1. prošištati. 2. (fig.) reći zlobno (Конески 1965: 567);

г) на местото на редуцираниот вокал /*а*/: *с'м*, *Не с'м* (Танчева-Златева 1999: 64) : **сум** (1 л. сегашно време од *сум*) sam (Конески 1966: 345);

д) на местото на редуцираниот вокал /*е*/, ортографски претставен со графемата /*а*/: топло *а* (Танчева-Златева 1999: 65),Така *а* (Танчева-Златева 1999: 69) : **е** 3. *l. sg* prezenta od sum je; kaj e? gde je? ne e nije (Конески 1961: 164);

ѓ) наместо турскиот вокал /*ı*/: *арл'к* (Танчева-Златева 1999: 46); *бакал'м* (Танчева-Златева 1999: 148, 149, 151) : **бакалам!** (arh.)bakalum! u izrazu aj бакалам! hajde, neka e sa srećom (Конески 1961: 20);*јаз'к* (Танчева-Златева 1999: 44, 46, 66, 106, 114) : **јазак***m* (razg.) žalosno, sramno; јазак да ти е sram te bilo (Конески 1961: 306);*јалд'зи* (Танчева-Златева 1999: 38,77) : **јалдаз***m* 3. *bot*. (Dahlia variabile) georgina, dalija (Конески 1961: 307);*ј'р* (Танчева-Златева 1999: 71, 129),*ј'рот* (Танчева-Златева 1999: 41, 48, 63, 114,121 две потврдувања, 130, 149) : **ар**[1] -ови *m* ahar, štala (Конески 1961: 13); *к'сметот* (Танчева-Златева 1999: 125) : **касмет***m*(razg.) kismet, sreća (Конески 1961: 323); *самал'к* (Танчева-Златева 1999: 71, 129), *самал'кот* (Танчева-Златева 1999: 38, 106, 108 две потврдувања,110 две потврдувања, 115), *самал'ко*(Танчева-Златева 1999: 63),

самал'ците (Танчева-Златева 1999: 146, 149) : **самалак** -ци *m* (dijal.) plevnja, v. плевна(Конески 1966: 135);

2) асимилацијата на вокалите:

а – е >аа: *Знаате* (<знаете) (Танчева-Златева 1999: 63) : **знае***impf* znati (Конески 1961: 264–265);

а – и >аа:*мааж'те* (<мажите) (Танчева-Златева 1999: 62) : **маж** -и *m* 1. muž, suprug (Конески 1961: 396); *ќе прааме* (<ќе правиме) (Танчева-Златева 1999: 65) : **прави***impf* I praviti; činiti (neka značenja); raditi (tek po koje značenje) (Конески 1965: 408–409);

е – а >аа: *саа* (< сега) (Танчева-Златева 1999: 67) : **сега***adv* sad, sada (Конески 1966: 166);

3) редукцијата на вокалот /*а*/ во /*ă*/:*с'м*, *Не с'м* (Танчева-Златева 1999: 64) : **сум** (1 л. сегашно време од *сум*) sam (Конески 1966: 345);

4а) редукцијата на вокалот /*е*/ во /*и*/: *Лиандрите* (Танчева-Златева 1999: 39) : **олеа́ндер** -дри *m bot*. (Herium oleander) oleandar, oleander, leander, zakum, zekum (Конески 1965: 56);

4б) редукцијата на вокалот /*е*/ во темен вокал /*ă*/, ортографски претставен со графемата /*а*/: топло *а* (Танчева-Златева 1999: 65),Така *а* (Танчева-Златева 1999: 69) : **е** 3. *l. sg* prezenta od sum je; kaj e? gde je? ne e nije (Конески 1961: 164);

5а) редукцијата на вокалот /*о*/ во /*у*/: *гу* (Танчева-Златева 1999: 71) : **го***pron* (кратка форма за директен објект од *тој*, *он*) ga; го видов vido sam ga (Конески 1961: 104);*гулема* (Танчева-Златева 1999: 65) : **голем***adj* I velik(i) (Конески 1961: 107); *дребулија* (Танчева-Златева 1999: 5), *дребулии* (Танчева-Златева 1999: 108, 152) : **дреболија**-ии *f* sitnurija (Конески 1961: 155); *дусега* (Танчева-Златева 1999: 71) : **досега***adv* dosad(a), do sada (Конески 1961: 151); *като >кату* 'како': Ка ќе се испушташе воата – ни кажуваше баба – кату (подвлекол – В. Д.) некој див sвер ни се залетуваше у дворовите (Танчева-Златева 1999: 62); *куприви*те (Танчева-Златева 1999: 60) : **коприва***f bot*. (Urtica) kopriva (Конески 1961: 354);*не мужеа* (Танчева-Златева 1999: 66) : **може***impf* I moći (Конески 1961: 419); *најлунче* (Танчева-Златева 1999: 60) : **најлон***m* najlon; најлон чорапи najlon čarape (Конески 1961: 448);*тугај* (Танчева-Златева 1999: 66) : **тога**(dijal.)i **тогај***adv* v. тогаш (Конески 1966: 381); во предлогот *во*: *у-дворовите* (Танчева-Златева 1999: 62), *у-самал'ко* (Танчева-Златева 1999: 63), *уф-ракавите* (Танчева-Златева 1999: 70) :**во***praep* u (Конески 1961: 72–73)и во предлогот *со*: *ус-високите чизми* (Танчева-Златева 1999: 62), *ус-лотки* (Танчева-Златева 1999: 62),*ус-фасуљ* (Танчева-Златева 1999: 63), *ус-риби* (Танчева-Златева 1999: 63, 65), *ус-дл'ги балтоне*, *ус-високи капи*, *Ус-'рѓосани сабји* (Танчева-Златева 1999: 70), *ус-'ргосан'те сабји* (Танчева-Златева 1999: 71),*ус-неговите бабини деветини* (Танчева-Златева 1999: 71) : **со***praep* I s, sa (Конески 1966: 249–250);

5б) редукцијата на вокалот /*о*/ во /*ă*/:*т'ва* (Танчева-Златева 1999: 64, 65, 66) : **тој**[2], таа, тоа, *pl*тие *pron*(показна заменка) taj (Конески 1966: 382);

6) елизијата на вокалите пред членска морфема:

а$_1$) кај именките во еднина: *кочин'та* (Танчева-Златева 1999: 109) : **кочина***f* (1. котар за свињи. 2. fig. нечиста и неуредна просторија.) svinjac, kočina (Конески 1961: 359);

а$_2$) кај именките во множина: *чувец'те* (Танчева-Златева 1999: 66, 71) : **човек***m, pl*луѓе čovek (Конески 1966: 542–543); – *кац'те* (Танчева-Златева 1999: 63, 64, 65) : **кац***a f* kaca, badanj (Конески 1961: 323);*рац'те* (Танчева-Златева 1999: 60) : **рака** -це *f* ruka (Конески 1966: 44–45); – *дец'та* (Танчева-Златева 1999: 66) : **дете***npl*деца I dete (Конески 1961: 135);

а$_3$) кај микротопонимите: *Кочин'та* (Танчева-Златева 1999: 109); *Осанто* (Танчева-Златева 1999: 122); *Фаш'те* (Танчева-Златева 1999: 65);

б) кај придавките: *'ргосан'те* (Танчева-Златева 1999: 71) : **'рѓосан***adj*(покриен со 'рга) rđav, zarđao (Конески 1966: 83);

7) елизијата на вокалите, на пр. на почетното *о-* кај именката *Лиандрите* (Танчева-Златева 1999: 39) : **олеа́ндер** -дри *m bot*. (Herium oleander) oleandar, oleander, leander, zakum, zekum (Конески 1965: 56),односно во средината на зборот: *сурварите* (Танчева-Златева 1999: 142) : **суровар***m* (obinčije *plсуровари*) v. бабар, василичар (Конески 1966: 348); на вокалот /*а*/ во извикот *марш*: – Мрш (подвлекол – В. Д.), бе, пилиштарец ме заболе мене за вашата пченка! – се озлоби Геро (Танчева-Златева 1999: 118) : **марш!**interj marš! (Конески 1961: 402)и на вокалот /*у*/ во средината на зборот: Другаде требаше готвите да се прекадат за мртвен, или пак за вадење полгодишен (подвлекол – В. Д.) или годишен помен (Танчева-Златева 1999: 138) : **полугодишен**-шна adj polugodišnji (Конески 1961: 309);

8) елизијата на вокалот кај глаголите пред наставката *-те*: *слуш'те* (Танчева-Златева 1999: 71) : **слуша***impf* I slušati (Конески 1966: 234);

9) испуштањето на крајниот вокал кај прилогот *таму*: – Там (подвлекол – В. Д.) – кажуваше полека, па повлекуваше неколкупати од зачурената цигара, погледнувајќи ѝ го врвот за да види дали е убаво распалена (Танчева-Златева 1999: 65); – Е шо там (подвлекол – В. Д.)? – не издржуваше и сестра ми (Танчева-Златева 1999: 66); – Там (подвлекол – В. Д.) – повторуваше дедо ми, небаре не нѐ чул – /.../ течеше широка река, не кату сегашната (Танчева-Златева 1999: 66); А ни стоа там (подвлекол – В. Д.), на пато за сеалто (Танчева-Златева 1999: 69) : **таму***adv* tamo (Конески 1966: 357);

10) метатезата на вокалите: *правиан'та* (< правината)(Танчева-Златева 1999: 70) : **правина***f* pravda (Конески 1965: 409);*сеалто*(<селото) (Танчева-Златева 1999: 66, 69): **село***n* selo (Конески 1966: 176);*мааж'те* (<мажите) (Танчева-Златева 1999: 62) : **маж** -и *m* 1. muž, suprug (Конески 1961: 396);

11) замената на носовката од заден ред *ǫ во вокалот /*а*/, сп. стсл. kÓÃa >*кашта*: – И заоде накај каштата (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 106) : **куќа***f* I kuća(Конески 1961: 375);

12) замената на темниот вокал од заден ред *§ во вокалот /*а*/, сп. стсл. dqska>*даска* 'штица, парче добро обработено дрво, плоскато и со определена правоаголна форма': Да ја закачи ли за плугот уште сега даската (подвлекол – В. Д.) за ситнење на тупачите (Танчева-Златева 1999: 133)?; /.../ татко ми и тетин ми Кољо исковаа даски (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 37); Со едни широки и јаки даски (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 129); Ја исковаа внатре со даски (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 129); Со троа здрави и недогниени даски (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 144); /.../ со даски (подвлекол – В. Д.) наддадени на страничните капаци (Танчева-Златева 1999: 146); /.../ ги извадивме даските (подвлекол –

В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 38); Чкрипат осовините на тркалата, потпукнаат даските (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 148); *даскичка* ‘штичка’: Долниот дел ѝ е составен од ситни даскички (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 41); mqknÓti >*макне*: Тие тврдеа оти каменот бил измакнат (подвлекол – В. Д.) од потпирките на мостот (Танчева-Златева 1999: 69),Којзнае од кој креденец го измакнале (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 51) : **измолкне**pfI izvući, izvaditi (npr. mač). II – **се** 1. izvućise, povućise. 2. (fig.) izrasti, porasti (Конески 1961: 284);

13) преминот на коренот ~}t- во *чет*-, сп. Они ногу пишат и четат (подвлекол – В. Д.), ќе станат учени! (Танчева-Златева 1999: 64) : **чете***impf* (dijal.) čitati, v. чита (Конески 1966: 533);**чита***impf* čitati (Конески 1966: 539);

14) замената на старото вокално **ó*во секвенцата /*ăр*/, каде што вокалниот елемент ортографски е претставен со графемата /*а*/: Барлоците (подвлекол – В. Д.) околу заградените леи беа начичкани со попадиче (Танчева-Златева 1999: 40) : **брлог** -зи *m* brlog (Конески 1961: 47);Додека се зафатат и потераат, баба ми нафрлаше по некој парнар (подвлекол – В. Д.) од поткастрените трендафили и од боцкавата жива ограда крај патот (Танчева-Златева 1999: 38) : **прнар***mbot*. 1. (Quecus coccifera) divlja omorika. 2.(Quecus ilex) česvina, česmina, zimzleni hrast. 3. (Quecus lanuginosa) hrast medunac. 4. uopšte: grmlje, šikara, šipražje (Конески 1965: 538);

15) замената на старото вокално **ò* во секвенците /*ă*/ – /*лă*/: /.../ б’снала (подвлекол – В. Д.) и првата ѕвезда, северницата (Танчева-Златева 1999: 147), Уште асално неб’снато (подвлекол – В. Д.), рано-рано ќе опече сонцето (Танчева-Златева 1999: 146) : **болсне***pf* 1. sevnuti. 2. blesnuti (Конески 1961: 42);– Кои каци? – се чудевме. – Тие шо се п’ни (подвлекол – В. Д.) ус фасуљ? (Танчева-Златева 1999: 63), П’нееме (подвлекол – В. Д.) ги ус риби! (Танчева-Златева 1999: 63) : **полни***impf* I (прави да биде полно, v. полн 1, 2, 3 и 5) puniti (Конески 1965: 306);– Мајка ти и сестра ти се ск’цани (подвлекол – В. Д.) од работа, синче – рече едната тетка (Танчева-Златева 1999: 44); – Утре, до с’нце (подвлекол – В. Д.) заода, белки ќе стигнам до Поровата меѓа (Танчева-Златева 1999: 65) : **сонце***n* sunce. 1. (небесно тело што испушта светлина и топлина). 2. (светлината и топлината на тоа тело). 3. (fig. нешто многу мило) (Конески 1966: 268); – односно: Оти дл’г (подвлекол – В. Д.) е пато до рајо (Танчева-Златева 1999: 67), – Покриани ус дл’ги (подвлекол – В. Д.) балтоне, ус високи капи врз главите (Танчева-Златева 1999: 70) : **долг***adj* dug, dugačak (Конески 1961: 147);

16)појавата на алофонот /л’/ на консонантот /*л*/ пред предните вокали /*е, и*/, чиј изговор се пресретнува со полумекото /*л’*/, ортографски претставен со графемата /*љ*/: – Ќе го питаш ље (подвлекол – В. Д.)? – ме бутнуваше сестра ми со лактот (Танчева-Златева 1999: 64), Утре па ље (подвлекол – В. Д.) ќе одеш? (Танчева-Златева 1999: 65): **ли**I *part* 1. (прашално) слушаш ли? čuješ li? тука ли си? jesi li tu?(Конески 1961: 385); – Е шо – велеше – нељe (подвлекол – В. Д.) ви се верува? (Танчева-Златева 1999: 63), – Нељe (подвлекол – В. Д.) имате за учене (Танчева-Златева 1999: 73)? : **нели***part* 1. (прашално) така беше, нели? tako je bilo, jel’ da? (Конески 1961: 487); – Ти си помаљенка (подвлекол – В. Д.)! – кажуваше од високо. – Па шо оти с’м помаљенка (подвлекол – В. Д.)! (Танчева-Златева 1999: 64) : **мал***adj* mali, malen (Конески 1961: 398); – Ќе гу слуш’те Ристо ус неговите бабини деветини, шиљежина (подвлекол – В. Д.) недни! (Танчева-Златева 1999: 71) : **шилеже***n*1. (одбиено јагне од една година) šileže. 2. (доцна оjагнето

јагне)sugare, v. сугаре (Конески 1966: 563), односно: Не с'м побрљива (подвлекол – В. Д.)! (Танчева-Златева 1999: 64) : **брлив***adj* brljiv. 1. (болен од брл) брлива овца brljiva ovca. 2. (fig.) šašav, blesav (Конески 1961: 47); – Не сте го завалиље (подвлекол – В. Д.) малко шпоро, Гоно? – ќе ѝ речеше на баба (Танчева-Златева 1999: 65) : **завали***pf* naložiti (vatru); ја завали печката naložio je peć(Конески 1961: 189);

17) присуството на полумекото алвеоларно /*л'*/, ортографски претставено со графемата /*љ*/:

а) пред задниот вокал -*а*:Љути се купривите, ќе ти ги запаљат (подвлекол – В. Д.) рац'те (Танчева-Златева 1999: 60) : **запали***pf* I zapaliti (Конески 1961: 220);**запали**, запалат (Конески 1999: 123);

б) пред задниот вокал -*о*: – Ај бе, Шашљо (подвлекол – В. Д.), стига шлапаш! – му подвикнуваа мажите (Танчева-Златева 1999: 70), – Тај гроб е знак – се јавуваше Ристо Шашљото (подвлекол – В. Д.) со таинствен глас (Танчева-Златева 1999: 69), /.../ нас секогаш нѐ интересираше она што Ристо Шашљото (подвлекол – В. Д.) имаше да го рече (Танчева-Златева 1999: 70), Некакво пророштво што еднаш Ристо Шашљото (подвлекол – В. Д.) го загатна (Танчева-Златева 1999: 73), /.../ ми го отпрета ликот на Ристо Шашљото (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 80) :**шашлив***adj* (кривоглед) razrok, škiljav, šmigav; шашливо дете razroko dete; шашливи очи razroke oči (Конески 1966: 557);

в) пред задниот вокал -*у*: Љути (подвлекол – В. Д.) се купривите, ќе ти ги запаљат рац'те (Танчева-Златева 1999: 60) : **лут***adj* ljut (Конески 1961: 391–392);

г) пред консонант: – Ај бегајте бе, мрсољковци (подвлекол – В. Д.)! – ни се развикуваа (Танчева-Златева 1999: 71) : **мрсолко** -овци m slinavac, slinavko (Конески 1961: 426);

18)преминот на старото *n' со антиципација на мекоста во /*јн*/: /.../ денеска врве песокливио којнски (подвлекол – В. Д.) пат (Танчева-Златева 1999: 66) : **коњски***adj* konjski (Конески 1961: 352);

19)затврднувањето на /*њ*/ добиено од новото јотување во морфемата -n}Õ: /.../ чувец'те оште црпат песок за насип или за градене (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 66) : **градење**n građenje (Конески 1961: 112);– Егидии, дец'та се утепуваод лизгане (подвлекол – В. Д.) по неа! (Танчева-Златева 1999: 66) : **лизгање***n* klizanje (Конески 1961: 386);– Нељe имате за учене (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 73)? : **учење***n* učenje (Конески 1966: 450);

20) затврднувањето на /*њ*/ добиено од новото јотување кај именките од среден род во множинската наставка -n}Ý: – Иии, шо времина (подвлекол – В. Д.) беа! (Танчева-Златева 1999: 62) : **време***n* vreme (Конески 1961: 83); – Ќе гу слуш'те Ристо ус неговите бабини деветини, шиљежина (подвлекол – В. Д.) недни! (Танчева-Златева 1999: 71) : **шилеже***n*1. (одбиено јагне од една година) šileže. 2. (доцна ојагнето јагне)sugare, v. сугаре (Конески 1966: 563);

21) загубата на консонантот /*x*/ во почетокот на зборот пред согласка: /.../ моите предци ранеле (подвлекол – В. Д) свилена буба (Танчева-Златева 1999: 29),Надолго и нашироко умееше на внуците да им раскажува за црниците со кои ја ранеле (подвлекол – В. Д.) свилената буба (Танчева-Златева 1999: 112) : **рани**^{2} **(се)***impf* v. храни (се) (Конески 1966: 50); **храни***impf* I hraniti (Конески 1966: 495);

22) замената на консонантот /*x*/ со /*j*/ во средината на зборот пред согласка: Aj мајнете (подвлекол – В. Д.) ми се од китките, не ви е тука местото! (Танчева-Златева 1999: 38) : **мавне***pf* I 1. udariti... (Конески 1961: 394);

23) замената на прасловенската група (*tj, *kt'>)*t' во /*ш*т/: – И заоде накај каштата (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 106) : **куќа***f* I kuća(Конески 1961: 375);

24) елидирањето на меѓувокалното /*в*/: – Шо ќе прааме (подвлекол – В. Д.) ка ќе дојде зимата! (Танчева-Златева 1999: 65) : **прави***impf* I praviti; činiti (neka značenja); raditi (tek po koje značenje) (Конески 1965: 408–409);

25) востановувањето на /*в*/ во иницијална позиција пред рефлексот на *ǫ: Ќе застаневме пред него, наредени еден до друг во важеница (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 72);

26) упростувањето на почетната консонантска група *мн-* во *н-*: Они ногу (подвлекол – В. Д.) пишат и четат, ќе станат учени! (Танчева-Златева 1999: 64) : **ногу***adv* (dijal.) v. многу (Конески 1961: 508);**многу***adv* I mnogo (Конески 1961: 418);

27) развивањето на групата *тл-* од коренот *tȍk- во кȏк->*кȃц-*: – Мајка ти и сестра ти се ск'цани (подвлекол – В. Д.) од работа (Танчева-Златева 1999: 44);

28) преминот на почетната консонантска група *пс-* во *пц-*: Мајсторски ги одмотуваа, небаре вапцана (подвлекол – В. Д.) преѓа (Танчева-Златева 1999: 94) : **вапса***pf* I 1. obojiti, ofarbati (Конески 1961: 54);

29) упростувањето на почетната консонантска група *пч-* во *ч-*: Јаз'к, златна чиничка (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 106)!, Ќе ја навадиме ли цела чиничка (подвлекол – В. Д.) со него (Танчева-Златева 1999: 115)?, Рече, чиничката (подвлекол – В. Д.) пак му била за вадење (Танчева-Златева 1999: 105), – Синче, чиничката (подвлекол – В. Д.) на Фашите пак се исушила (Танчева-Златева 1999: 106); После и чиничката (подвлекол – В. Д.) ја обравме (Танчева-Златева 1999: 112–113); И денес, на старини, сите муабети му се вртеа околу житото, чиничките (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 112) : **пченка***fbot*. (Zea mays, растението и плодот) kukuruz (Конески 1961: 595), Им истураше попарено чиничково (подвлекол – В. Д.) тесто на бишките (Танчева-Златева 1999: 106) : **пченкан**i **пченкарен** -рна kukuruzan (Конески 1961: 595);

30) упростувањето на консонантската група /*ст*/ во /*с*/: Како по сладострасен (подвлекол – В. Д.) грч кога ќе секне жарот на љубовната битка (Танчева-Златева 1999: 76) : **сладострастен** -сна *adj* (за човек – кој се одликува со сладострастје, исполнет со сладострастје; кој собудува сладострастје) sladostrastan (Конески 1966: 222);

31) губењето на консонантот /*г*/ во меѓувокалска позиција: *сега >сеа >саа*: – Aj саа (подвлекол – В. Д.) да се одмореме (Танчева-Златева 1999: 67) : **сега***adv* sad, sada (Конески 1966: 166);

32) губењето на консонантот /*д*/ во меѓувокалска позиција: Ка ќе се испушташе воата (подвлекол – В. Д.) – ни кажуваше баба – кату некој див звер ни се залетуваше у дворовите (Танчева-Златева 1999: 62) : **вода***f* (1. прозрачна течност. 2. fig. водно пространство) voda (Конески 1961: 73);

33) губењето на консонантот /*ж*/ во меѓувокалска позиција: Не моаше (подвлекол – В. Д.) да се оде ни ус високите чизми (Танчева-Златева 1999: 62) : **може***impf* I moći (Конески 1961: 419);

34) губењето на консонантот /*j*/ во кратката акузативна форма за женски род: – Изора љи а (подвлекол – В. Д.) Фаш'те, деде? (Танчева-Златева 1999: 65), Они се маљенки, не а (подвлекол – В. Д.) памнат ни реката, не па за рибите да знаат! (Танчева-Златева 1999: 65), Мош ќе дојдат некој ден да си а (подвлекол – В. Д.) истерат правиан'та! – викаше (Танчева-Златева 1999: 70) : **ја**[2]*pron* (кратка форма за директен објект од *маа, она*) je, ju; ја видов video sam je (Конески 1961: 304);

35) испуштањето на цели слогови:

а) *оревови >ореови >орови*: Како низ магла извирнаа пред мене моите две тетки. /…/ Натнати со истите орови (подвлекол – В. Д.) елеци изработени на рака, со збита плетка, од домашна волна (Танчева-Златева 1999: 43) : **орево**в*adj* orahov (Конески 1965: 80);

б) *остави >остаи >ости*: – Ости, ости (подвлекол – В. Д.)! – одмавнуваше деде со раката (Танчева-Златева 1999: 66) : **остави***pf* ostaviti (Конески 1965: 93–94);

в) *кога >коа >ка*: Ка (подвлекол – В. Д.) ќе се испушташе воата – ни кажуваше баба – кату некој див sвер ни се залетуваше у дворовите (Танчева-Златева 1999: 62), Не моаше да се оде ни ус високите чизми мааж'те шо ги носеа ка (подвлекол – В. Д.) одеа на Ѓољо за трски и шамак (Танчева-Златева 1999: 62),– Питајте го дедо ви ка (подвлекол – В. Д.) ќе се врне вечер од нивата! – нѐ советуваше (Танчева-Златева 1999: 63), – Шо ќе прааме ка (подвлекол – В. Д.) ќе дојде зимата! (Танчева-Златева 1999: 65), Кажи им за реката ка (подвлекол – В. Д.) се изливаше! (Танчева-Златева 1999: 65), – А текнува ли ти ка (подвлекол – В. Д.) се скапа ледо и ка (подвлекол – В. Д.) пропадна т'ва Димитрушевото? – подземаше баба (Танчева-Златева 1999: 66) : **кога**I *adv* kad, kada (Конески 1961: 336);

г) *можеби >мош*: Мош (подвлекол – В. Д.) ќе дојдат некој ден да си а истерат правиан'та! – викаше (Танчева-Златева 1999: 70) : **можеби***adv* možda; можеби уште не дошле možda jošnisu došli (Конески 1961: 419);

36) други измени на вокалите:

а$_1$) /*а*/ > /*о*/: – Ти!? – ги оцагори (подвлекол – В. Д.) очите П. (Танчева-Златева 1999: 9), Со еден оцагорен (подвлекол – В. Д.) поглед опфатив сѐ (Танчева-Златева 1999: 21); – Што?! – викнав оцагорено (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 18) : **оцагари***pf* I razrogačiti; ги оцагари очите razrogačio je oči. II – **се**razrogačitise (Конески 1965: 119);Ќе си ги исчукаше гумените попуци (подвлекол – В. Д.) на скалата пред да ги собуе и ќе си влезеше дома (Танчева-Златева 1999: 71) : **папук**[1]-ци *m* (arh.) vrsta obuće (Конески 1965: 131;

а$_2$) /*а*/ > /*у*/: Воздухот стана запурен (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 135) : **запарен** -рна *adj*(dijal.) zaparan, v. запурничав (Конески 1961: 221); **запурничав***adj*1. zaparan, sparan. 2. (za voće) trpak, opor (Конески 1961: 227);

б$_1$) /*е*/ > /*а*/: /…/ поради моето допреѓашно (подвлекол – В. Д.) негово гонење (Танчева-Златева 1999: 32) : **преѓешен** -шна *adj* (поранешен, напрежен 1)pređašnji, raniji (Конески 1965: 442);/…/нечастивиот (подвлекол – В. Д.) му ги нудел земните блага, ако биде со него боготворен (Танчева-Златева 1999: 154)? : **нечестив***adj* (во именска служба)

nečastivi, đavo (Конески 1961: 503); Савезден (подвлекол – В. Д.) беше по нивите (Танчева-Златева 1999: 40) : **севезден***adv* v. везден (Конески 1966: 165); **везден***adv* vazdan (Конески 1961: 57); Криејќи ги рацете под скуталата (подвлекол – В. Д.), се подумаа што да сторат (Танчева-Златева 1999: 43) : **скутела***f* v. скутник, скутача (Конески 1966: 218);**скутача***f* skutača, kecelja, pregača, v. скутник (Конески 1966: 218); **скутник**-ци *m* pregača, kecelja, skutača (Конески 1966: 218);Над неа се перчат суви гранки од последните китки што мајка не смогнала да ги ожние по цветањето (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 41) : **цветење***n* od цвети cvetanje;време на цветење vreme cvetanja; цветење на праските cvetanje bresaka; v. цутење (Конески 1966: 502);**цутење***n* od цути cvetanje; цутење на јаболкниците cvetanje jabuka(Конески 1966: 523);

б$_2$) /*е*/ > /*и*/: Татко му со усмивка (подвлекол – В. Д.) го слушаше (Танчева-Златева 1999: 132) : **усмев***m* i **усмевка***f*osmeh, osmejak (Конески 1966: 442);

в$_1$) /*и*/ > /*о*/: /…/се премислувам: каде и зошто кинисав (дали и: кој или што ме бутуроса) (подвлекол – В. Д.)(Танчева-Златева 1999: 152)? : **бутурица***pf* jako i grubo gurnuti (odgurnuti) nekoga (Конески 1961: 51);

в$_2$) /*и*/ > /–/, каде што неслоговното /–/ ортографски е претставено со графемата /*ј*/: Сите тие работи за старчињата беа далечни и непојмливи (Танчева-Златева 1999: 142) : **поимлив***adj*(retko – што може да се појми, сфати, разбере) pojmljv, shvatljiv, razumljiv, v. разбирлив (Конески 1965: 283); **разбирлив***adj* razumljiv (Конески 1966: 10);

г) /*у*/ > /*о*/: – Не сте го заваљиље малко (подвлекол – В. Д.) шпоро, Гоно? (Танчева-Златева 1999: 65) : **малку***adv* malo (Конески 1961: 398–399); – Еми, топло а оште (подвлекол – В. Д.), бе човек! (Танчева-Златева 1999: 65), /…/чувец'те оште (подвлекол – В. Д.) црпат песок (Танчева-Златева 1999: 66) : **уште***adv* još (Конески 1966: 452–453);

37) други измени на консонантите:

а$_1$) /*в*/ > /*б*/: – Коле – му рече – соновите спроти недела не се обистинуваат (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 131) : **овистинува се***impf* obistinjavati se (Конески 1961: 19);

а$_2$) /*в*/ > /*ф*/: Зад него таа излегуваше црна, рофита и влажна (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 134), Порофита (подвлекол – В. Д.) да ја направат, породна (Танчева-Златева 1999: 129) : **ровит***adj* rovit, v. ровок (Конески 1966: 117);**ровок** -вка *adj* rovit (Конески 1966: 117);

б) /*ѓ*/ > /*г*/: До поставот на чешмата, во голем леген (подвлекол – В. Д.) од дебела пластика, испаруваше вода покриена со облаче бела пена (Танчева-Златева 1999: 54) : **леген***m* v. леќен (Конески 1961: 382);**леќен***m* legen (Конески 1961: 382);

в$_1$) /*ж*/ > /*г*/: /…/парченце тељ за застругување (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 109) : **застружување***n* od застружува (Конески 1961: 235);**застружува***impf* od заструже Конески 1961: 235);**заструже***pf*1. zastrugati, ostrugati. 2. početi strugati(Конески 1961: 235);Мразовитиот дожд /.../ почна да ни ги навлагнува (подвлекол – В. Д.) блузите (Танчева-Златева 1999: 46), /…/паѓаа капкички студ и ни ги навлагнуваа (подвлекол – В. Д.) блузичките (Танчева-Златева 1999: 72) : **навлажнува***impf* od навлажни (Конески 1961: 436);**навлажни***pf* navlažiti, nakvasiti (Конески 1961: 436);

в$_2$) /*ж*/ > /*џ*/: Никола плеткаше ноџиња (подвлекол – В. Д.) зад него (Танчева-Златева 1999: 134) : **ноже**[1]*n dem.* od нога nožica (Конески 1961: 508);

г) /*з*/ > /*ж*/: /…/рече Никола бојажливо (подвлекол – В. Д.)(Танчева-Златева 1999: 127) : **бојазливо***adv* bojažljivo (Конески 1961: 41);

д) /*s*/ > /*з*/: Длабоко се прозевна (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 131) : **прозевне се***pf* (v. прозева се) zevnuti (Конески 1965: 553);**прозева се***impf* (од потреба за сон, од умор, досада) zevati (Конески 1965: 553);

ѓ) /*j*/ > /*в*/: /…/миризливи водички и кутивчиња (подвлекол – В. Д.) со кремови (Танчева-Златева 1999: 55) : **кутијка**f v. кутиче (Конески 1961: 375);**кутиче***ndem.* od кутија kutijica (Конески 1961: 375);

е) /*к* / > /*г*/: /…/ќе изнајдеше /…/некоја свиткана џингова (подвлекол – В. Д.) кофа (Танчева-Златева 1999: 39), Ми покажуваше широка џингова (подвлекол – В. Д.) тепсија врз масата (Танчева-Златева 1999: 47), /…/ќе ја земеше старата џингова (подвлекол – В. Д.) кофа(Танчева-Златева 1999: 63–64); /…/стари џингови (подвлекол – В. Д.) кофи (Танчева-Златева 1999: 38), /…/се чудеше бришејќи ја џинговата (подвлекол – В. Д.) чинија со комад леб (Танчева-Златева 1999: 71),–Е! – издивна мајка удирајќи ја џинговата (подвлекол – В. Д.) кофа од дирекот на свињарникот (Танчева-Златева 1999: 106) : **цинков***adj*2. (кој е направен од цинк) cinkan; цинкова труба cinkana truba (Конески 1966: 513);

ж) /*н*/ > /*њ*/: Бодињаат (подвлекол – В. Д.) (коњите – н.з.) (Танчева-Златева 1999: 148) : **бодина***impf* 1. bosti, terati (konja). 2. juriti (za konja), galopirati; бодина коњ juri (kasom ili galopom) (Конески 1961: 40);

з) /*m*/ > /*p*/: Ги џорнав (подвлекол – В. Д.) во лопатката глувчовините и изронетиот весник од креденецот (Танчева-Златева 1999: 54) : **џотне***pf* (razg.) I staviti, metnuti, uvući, ugurati (Конески 1966: 552);

ѕ) /*џ*/ > /*џ*/: /…/ќе изнајдеше /…/некоја свиткана џингова (подвлекол – В. Д.) кофа (Танчева-Златева 1999: 39), Ми покажуваше широка џингова (подвлекол – В. Д.) тепсија врз масата (Танчева-Златева 1999: 47), /…/ќе ја земеше старата џингова (подвлекол – В. Д.) кофа(Танчева-Златева 1999: 63–64); /…/стари џингови (подвлекол – В. Д.) кофи (Танчева-Златева 1999: 38), /…/се чудеше бришејќи ја џинговата (подвлекол – В. Д.) чинија со комад леб (Танчева-Златева 1999: 71),–Е! – издивна мајка удирајќи ја џинговата (подвлекол – В. Д.) кофа од дирекот на свињарникот (Танчева-Златева 1999: 106) : **цинков***adj*2. (кој е направен од цинк) cinkan; цинкова труба cinkana truba (Конески 1966: 513);

ѕ) /*к*/ >/-*нч*-/: Потоа започнуваа да ги полнат ливчињата со дробен тутун, им ги наплунчуваа (подвлекол – В. Д.) рабовите и ги виткаа воцигари (Танчева-Златева 1999: 141) : **наплукува (се)***impf*od наплука (се) (Конески 1961: 458);**наплука***pf*I napljuvati (koga), popljuvati. II – **се** napljuvati se (Конески 1961: 458);

и) испуштањето на консонантот /*к*/: /.../ железната цева (подвлекол – В. Д.) почна да потпукнува (Танчева-Златева 1999: 48), /.../ го дозавинтуваше моторот на чешминската цева (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 116), /.../ спојот меѓу моторот и железната цева (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 116), Да не ги пресушува длабоките цеви (подвлекол – В. Д.) на чешмите (Танчева-Златева 1999: 110), /.../ ни дел барав за цеви (подвлекол – В. Д.) ни помош за вртење (Танчева-Златева 1999: 117) : **цевка***f* cev;водоводна цевка vodovodna cev (Конески 1966: 504);

ј)испуштањето на консонантот /*с*/: – Их, да му се невиди (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 147) : **сневиди се***pf* obično u izrazu da ti se sневиди! (blaga kletva) đavo te odneo! (Конески 1966: 247);

к) испуштањето на консонантот /*т*/: Не моаше да се оде ни ус високите чизми мааж'те шо (подвлекол – В. Д.) ги носеа ка одеа на Ѓољо за трски и шамак (Танчева-Златева 1999: 62),– Иии, шо (подвлекол – В. Д.) времина беа! (Танчева-Златева 1999: 62); – Шо (подвлекол – В. Д.) им правеете на толку риби, бабо? (Танчева-Златева 1999: 62), – Кои каци? – се чудевме. – Тие шо (подвлекол – В. Д.) се п'ни ус фасуљ? (Танчева-Златева 1999: 63), – Е шо (подвлекол – В. Д.) им правеете на тие каци? (Танчева-Златева 1999: 63), – Их, шо (подвлекол – В. Д.) сте несетени! (Танчева-Златева 1999: 63), – За шо (подвлекол – В. Д.)? – се правев недоветна (Танчева-Златева 1999: 64), – Шо (подвлекол – В. Д.) се правеш наулава (Танчева-Златева 1999: 64), – Па шо (подвлекол – В. Д.) оти с'м помаљенка! (Танчева-Златева 1999: 64), – Шо (подвлекол – В. Д.) ќе прааме ка ќе дојде зимата! (Танчева-Златева 1999: 65), /.../ кажи им на момичките за кац'те шо (подвлекол – В. Д.) ги п'нееме ус риби! (Танчева-Златева 1999: 65), – Шо (подвлекол – В. Д.) ти текна сега за т'ва? (Танчева-Златева 1999: 65), – Е, шо (подвлекол – В. Д.) да им кажам? (Танчева-Златева 1999: 65),– Еее, шо (подвлекол – В. Д.) риби беа! (Танчева-Златева 1999: 65),– Е шо (подвлекол – В. Д.) там? (Танчева-Златева 1999: 66), /.../ до почетоко на сеалто дека шо (подвлекол – В. Д.) денеска врве песокливио којнски пат (Танчева-Златева 1999: 66), Шо (подвлекол – В. Д.) стана? (Танчева-Златева 1999: 66) : **што***pron* što, šta (Конески 1966: 573–575);

л)испуштањето на консонантот /*ч*/: – Па зема прегpаб слама и им ја растенува (подвлекол – В. Д.) за постилак на добиците во ј'рот (Танчева-Златева 1999: 149), Го растенувавме (подвлекол – В. Д.) и го остававме да се суши на сенка (Танчева-Златева 1999: 40), Ја носеше од копата со навилници и веднаш ја распрчкуваше со рацете, растенувајќи (подвлекол – В. Д.) ја тука-таму со вилата (Танчева-Златева 1999: 122) : **растенчува (се)***impf* od растенчи (се) rastanjivati (se) (Конески 1966: 73);**растенчи***pf* I (направи потенок) rastanjiti; ја растенчи кожата rastanjio je kožu. II – **се** (стане потенок) rastanjiti se (Конески 1966: 73);

38) вметнувањето на вокал, на консонанти и на слог:

а) на вокалот /*и*/ во групата /*чк*-/: Тука ја подземаше балтијата и расцепуваше некој гмуцест црничков чикор (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 64) : **чкор** - ови *m*(парче суво, мртво, исушено дрво, што се подава обично од земјата) patrlj, patrljak (Конески 1966: 541);

б) на консонантот /*д*/: Во аглите на очите му се беа собрале гурделки (подвлекол – В. Д.) од ноќниот сон (Танчева-Златева 1999: 124) : **гурелка***f*(obično *pl*) гурелки krmelj (Конески 1961: 123);

в) на консонантот /*к*/: Образите ѝ се заруменуваат од големата бутканица (подвлекол – В. Д.) во малото црквиче (Танчева-Златева 1999: 140) : **бутаница***f* gurnjava, gužva, v. турканица (Конески 1961: 51);

г) на консонантот /*л*/: /.../ белината срамежливо ќе ги открие снежните главчиња на првите штрклови (подвлекол – В. Д.) цвеќенца (Танчева-Златева 1999: 150) : **штрков***adj* (што му припаѓа на штрк) rodin; штрково седело rodino gnezdo; штрково цвеќе (Narcissus) narcis, sunovrat (Конески 1966: 576);

д) на консонантот /*н*/: /.../ заџангореа (подвлекол – В. Д.) чаши и шишиња (Танчева-Златева 1999: 53),Некои покрупни камчиња туку ќе заџангореа (подвлекол – В. Д.) во моторот (Танчева-Златева 1999: 107), Разџангорени (подвлекол – В. Д.) со кофи и лончиња (Танчева-Златева 1999: 61) : **џагори***impf* žagoriti (Конески 1966: 550),Без многу џангорење (подвлекол – В. Д.) го процеди млекото (Танчева-Златева 1999: 130) : **џагорење***n* žagorenje; žagor (Конески 1966: 550);

ѓ) на консонантот /*т* /: /.../ по второто отчекорување (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 31) : **очекорување***n* od очекорува (Конески 1965: 118);**очекорува***impf* od очекори (Конески 1965: 118);**очекори***pf* (направи чекор) koraknuti (Конески 1965: 118);

д) на слогот /*ен*/: /.../ низ сокаците се креваа песните на лазаренките (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 142) : **лазарка***f*(девојка што пее на Лазарова сабота) lazarica (Конески 1961: 378);

39) други измени на слогови и на консонантски групи:

а) /*жа*/ > /*џи*/: Потоа ќе се бркнеше во џебот на џикетот (подвлекол – В. Д.)(Танчева-Златева 1999: 65), /…/цигарата што ја извадил од џебот на џикетот (подвлекол – В. Д.)(Танчева-Златева 1999: 151)!, /…/вадејќи од џебовите на џикетите (подвлекол – В. Д.) бели книвчиња(Танчева-Златева 1999: 141) : **жакет***m* žaket (Конески 1961: 174);

б) /*ја*/ > /*е*/: /…/го навлече својот лик на застоеност(подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 81), /…/излезе од застоеноста (подвлекол – В. Д.) (Танчева-Златева 1999: 74) : **застојаност***f* ustajalost (Конески 1961: 234);

в) /*кн*/ >/*нч*/:Чинеше: наплунчи (подвлекол – В. Д.) го палецот и показалецот (Танчева-Златева 1999: 141), Одвреме навреме ќе ги наплунчеше (подвлекол – В. Д.) рацете (Танчева-Златева 1999: 119) : **плукне***pf*(v. плука) pljunuti (Конески 1965: 188);

г) испуштањето на слогот *по*-: Ѓаволите меѓу нас се рашетани, не ни ги праќа Господ ради (подвлекол – В. Д.) искушенија (Танчева-Златева 1999: 153) : **поради***praep* (за означување на причината) zbog, poradi, usled... (Конески 1965: 349).

Врз основа на евидентираните фонетски дијалектизми во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево* и врз основа на нашите познавања на материјата од научната дисциплина дијалектологија на македонскиот јазик може да се констатира дека дел од дијалектизмите не само што се среќаваат во струмичкиот говор, роден говор на писателката Виолета Танчева-Златева, туку тие се јавуваат во поголеми или во помали ареали во југоисточните македонски говори. Ако во минатото, сè до средината на XX век, кога е извршена кодификацијата на современиот македонски јазик,македонските говори биле расцепкани, помеѓу другото, и поради географската конфигурација на македонската територија што ја усложнувала меѓусебната комуникација на македонските зборувачи, од една страна,односно поради фактот што низа векови сме немале свој административно-политички, стопански и културно-просветен центар за негување и за ширење на македонскиот јазик во јавната и во службената комуникација, денес поради бранот на глобализацијата што ја зафаќа и нашата јазична територија се менуваат народните говори.

Со оглед на фактот што наша задача, првенствено, е увид во збирката раскази на фонетско рамниште, може да се согледа умешното користење на дијалектизмите во функција на изворно претставување на ликовите и на настаните. Употребата на

фонетските дијалектизми, особено, доаѓа до израз во дијалошката форма меѓу локалните јунаци, чија уверливост во автентичноста на раскажувањето е потполна. Со користењето на дијалектизмите во збирката раскази Танчева-Златева засведочува јазични појави актуелни во струмичкиот говор на крајот од XX век, од кои некои исчезнуваат поради преселувањето на населението во градот или поради масовното иселување во западноевропските држави, од една страна, односно поради брзата урбанизација на руралните средини со што се напушта стариот начин на живот и стопанисување, од друга страна, така што низа дијалектизми паѓаат во заборав под напливот на јазичните влијанија од други култури.

Во врска со користењето на дијалектизмите во книжевното дело од страна на писателот, според наше мислење, постојат два вида дијалектизми. оправдани и неоправдани. За оправдани се сметаат оние дијалектизми коишто се употребени во говорот на ликовите во книжевното дело со кои се доловува колоритната слика на нивната дијалектна база, а за неоправдани се сметаат дијалектизмите во авторовиот говор со кои се нарушува македонскиот стандарден јазик, бидејќи тој потполно е оформен во фонетски поглед.

Писателката Виолета Танчева-Златева во збирката раскази *Враќајќи се во Бориево*, користејќи дијалектизми на фонетско рамниште сосема ненаметливо, ги спасува од заборав и ја потврдува својата струмичка роднокрајност.

Литература

Димовски, Јаневски 2017. Петре Димовски, Трајко Јаневски (составувачи). *Македонски писатели*. Скопје: Друштво на писателите на Македонија.

Дрвошанов 2018. Васил Дрвошанов. „Јазични нелогичности во практиката“. *Просветно дело* LXXI, 1, 2018, 5–16.

Конески 1961–1966. Блаже Конески (ред.). *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*. I–III. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Конески 1999. Кирил Конески. *Правописен речник на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Просветно дело.

Конески 2003–2014. Кирил Конески (гл. ред.). *Толковен речник на македонскиот јазик*. I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Извор

Танчева-Златева 1999. Виолета Танчева-Златева. *Враќајќи се во Бориево*. Скопје: Ѓурѓа.



Славица Милева „Заедно“
(туш во боја 10.5x14.8)

APTитектура



Славица Милева

СТАВ

Уметноста на минатото е уметност од минатото, па колку и да е прекрасна, колку и да е возвишена. Денес имаме потреба да одговараме - како за првпат - на прашањето: што е уметност, што е уметник, што е човек во неговата сетост...? Изразот што новата уметност треба да го создаде (да, да го создаде, а не да го преземе или употреби) е оној на целосната трансформација, не уметност за избран број на луѓе, не уметност за што поголем број на луѓе, а просто, чисто и јасно - уметност за сите, од првиот до последниот.

Или ќе дојдеме до Тоа, или вечно ќе паѓаме во крајности, противречности, патетики и илузии...

Мики Делев



Никола Пијанманов
„Раката на поетот“, Велестово, скулптура од железо, висина 140 см.

Никола ПИЈАНМАНОВ

НЕДОВРШЕНА СОВРШЕНОСТ

Во музејот на Огист Роден во Париз има голема градина. Наместо дрвја, целата градина е покриена со фигурите на големиот скулптор. Но, скулптурите на Роден се исти како дрвјата. Тие се скршени, исправени, свиткани, гребаат кон небото со сета сила, со дланки како гранки, некои искршени во грч и бол, некои со силен залет кон небото, како да сакаат што поскоро да се откорнат од земјата во која се насадени. А толку длабоки корени пуштиле во почвата, што мислиш таму стојат од почетокот на светот. Но, што запрепастува најмногу во скулптурите на овој неуморен генијј? Навидум, фигурација, нешто видено и доживеано (како што милуваат да се произнесат модерните куратори и историчари на уметноста), дела што се само дел од илјадниците кои се создавале низ вековите, а сега стојат по парковите, музеите и катедралите низ Европа. Тоа што возбудува и не те остава мирен и спокоен, е искрената и до сржразголеност на човечката природа, со сите гревови, искушенија, агонии и аскетика на постоењето... Уплашените Адам и Ева, доволно далеку едни од други, како вљубен пар кој наеднаш се разделил поради законите на осаменоста, далечина која се мери со просторот на целиот универзум. Но и неизмерна жед по целоста, по изгубената целина. Портата на пеколот која во себе собрала стотици сегменти и детали од целосниот животен опус на авторот. Во оваа градина стојат многу дела кои се, чиниш, само делови од нешто поголемо, од некоја катедрала или заборавен храм. Би рекле, незавршени дела...

Што е тоа незавршено уметничко дело? За да го одговориме ова прашање, мораме најпрвин да дознаеме што е она кое го сметаме за завршено дело.

Дали таа претстава која ние во умот ја создаваме за можниот изглед на совршеното може да биде реализирана во материјал? И што е тоа совршеност, завршеност и конечност на нештото? Реализирана во каков било материјал, и од него да прозре идејата што горела во нашата свест. Но, органската врзаност на творецот со материјалот (вајарот со мермерот и глината, сликарот со боите и пигментите, мозаичарот со каменчињата) е поголема од секаква можна идеја или замисла за тоа како ќе изгледа совршеното дело, изведено и завршено во тој материјал. Дури и во споредбата со најпрецизните скици и студии на големите стари мајстори има изместувања во крајното реализирање на замислата. Затоа, интуитивниот приод кон творештвото е незаменлив и уметничкото дело не може да биде добиено по пат на формула. Над процесот, како Дамоклов меч, тежи грешката и можноста делото да не биде успешно. Но, токму тоа е бисерот и главниот адут на уметникот. Низ сомнежот и грешките, делото дише, тоа е живо и не личи на препарирано животно чиишто органи се отстранети и чијашто крв се заледила во процесот на мумифицирањето. Напукнатите дела, макар и низ милимикронски процепи, дишат и вечно се довршуваат во погледот на тој што ќе ги прими и осети. Има нешто бесконечно во делото коешто не е сосем завршено...

Најубавите скулптури на Микеланџело се „незавршените“ мермери. Робовите, фигурите во гробницата Медичи, последните Пиети. Роден го следи духот на големиот ренесансен мајстор. Остава незавршени делови во своите дела, затоа што од големото искуство, авторот проценил дека не постои завршено дело, или не онака како како што логичкиот след на нашата перцепција сака да ги види. Големиот творец низ огромното искуство открил дека она кое впрочем довршува, е духот на човекот. Делото се завршува токму во срцето на гледачот, затоа што таму е забодено шилото на шестарот кој го исцртува кругот на искуството, на почетокот и крајот на еден творечки процес. Неуспехот на едно ликовно дело зависи само од неговата погрешна завршеност, заокруженост, конзервација на уметничките идеи насилно ставени и набиени во строгата облина на форматот. Делото во кое тече животот, е секогаш треперливо незавршено. Незавршените делови во уметноста се процепи низ кои идејата дише.

Импресионистичките сликари токму таа недовршеност на најдиректен начин му ја објавија на светот, во време кога европската ликовна сцена се гушеше од академизмот и постантичките идеали на формата. Затоа и не беа разбрани.

Реквиемот на Моцарт е незавршен. Целокупното сликарство на Ван Гог и Едвард Мунк. „Браќата Карамазови“. Ноктурната на Шопен. Треперливите икони и фрески на руската средновековна сликарска школа.

Патината знае многу често да ги ослободи делата од завршеноста, од кристализацијата и окрутеноста на занаетот. Таа е како есен, ги позлатува со топол филтер сликите и скулптурите, ги омекнува и сфуматира боите и сенките и ги разјадува формите. Суровиот современ свет во кој царува строгоста и перфекцијата на дизајнот, како да ја заборавил топлината на допирот од човечка рака, која знае да затрепери додека ги твори делата. Електронската уметност произведува празнотија, таа ја стерилизира самата природа на творењето. Падната е тешка и злокобна сенка над човечката рака што црта, слика и моделира според ритамот на срцето. Таа клонира безброј ситни совршености што не можат да ускладат една единствена перфекција. Доаѓаат времиња во кои можеби гледачот кој станал роб на дигиталната ера, нема да може да го препознае генијот на старите мајстори. Веќе се клонираат копии од сликите на Климт, Рембрант, Леонардо, во кои се „усовршува“ густината (пикселите) на нивните дела. Принтовите влегуваат масовно во домовите на луѓето, па дури и некои галерии целосно се реформираат во произведувачи и дилери на принт-артот. Се прават светлосно сценографски спектакли во кои восприемачот замислува дека влегува во светот на Климт, Рембрант. Репродукциите видени преку екраните, Интернетот и социјалните мрежи, се вештачки произведени виденија кои можат целосно да го разобличат осетот, односот и перцепцијата кон вистинските дела. Современите сликари создадоа брза уметност, инспирирана или поточно олеснета од можностите на дигиталните алатки. Методот веќе не игра голема улога во созревањето на едно дело. Техниката не е значајна. Делото може да биде скенирано и мултиплицирано на обична најлонска ќеса. Секогаш кога во храм, музеј или галерија ќе видам дело што претходно сум го сретнал во форма на електронска репродукција, совршено ја осеќам бездната во перцепцијата. Споредбата меѓу оригиналот и копијата е трагична. Во оригиналот се осеќа совршената

несовршеност и топлината на човечката рака што поминала време во бдеењето и будноста низ творечкиот процес.

Вистинските дела содржат недовршена совршеност. Тие се само миг од целосниот творечки пат на уметникот, од неговото искачување по стрмнините на спознанието, по чиишто скалила има страшни падови и издигнувања.

Совршената уметност се завршува во духот, отаде светот и видливото.

Никола Пијанманов, септември 2023 год.



„РАКАТА НА ПОЕТОТ“
(патинирано железо)
Автор: Никола Пијанманов

35. Поетска ноќ во Велестово, август 2023 г.

ПАЃААТ ЛИСЈАТА, ПАЃААТ КАКО ОД ДАЛЕЧИНА,
КАКО ДА ВЕНЕАТ ВО НЕБЕСНИТЕ ТЕМНИ ГРАДИНИ;
СЕ РОНАТ, БЕЗВОЛНО, ВО ПОСЛЕДНИОТ ШУМ.

А ВО НОЌИТЕ ТЕШКАТА ЗЕМЈА
ОД РОЈОТ SВЕЗДИ ПАЃА ВО САМОТИЈА.


СИТЕ ПАЃАМЕ. ПАЃА И ОВАА РАКА ТУКА.
А ПОГЛЕДНИ ЈА ДРУГАВА: САМА Е.

НО, СЕПАК, ПОСТОИ НЕКОЈ, ШТО ОВА ПАЃАЊЕ
БЕСКРАЈНО НЕЖНО ГО ДРЖИ ВО СВОИТЕ РАЦЕ.

Рајнер М. Рилке – „ЕСЕН“



Никола Пијанманов | Девојката што чека, метал, висина 50 см



Љупка Галазка Василев | Згаснати илузии, акрилик на платно 60x40 см



Ване Костуранов | Пукнатина, комб. тех. на платно 60x80 см



Вангел Срнаков | Поглед преку сенката, масло на панел 115x76,5 см



Марјан Стојаноски | Circle is not round, челик, железо, 60x50 см




Синиша Новески | Лузни, алуминиум, 39x12x12 см



Андреј Митевски | Форма која се раѓа, мермер, висина 50 см.



Ѓорги Динев | Дивергенција, комбинирана техника 70x50 см



Перо Георгиев | Пукнатина - интер хуманика, комб. тех. 29x21 см



Дамјан Ѓуров | Еклипса, метал и коска 54x57x17 см

Коста МИЛКОВ

НОКТУРНО: НОТИТЕ НА СЛИКАРОТ

Мистичната привлечност и заводливост на ноќта е постојан мотив за уметничкиот израз на човечкиот вид. Од светот на музиката оваа тема има и конкретно име, „Ноктурно“. Поимот „ноктурно“ е латински и е одомаќинет во раните векови по Христос означувајќи ја ноќната молитва и бдеење. Но, ноќта се разбира е присутна во колективното уметничко искуство уште од праисториските пеења и танцувања околу ноќниот оган. Како посебен жанр ноктурното се издвојува во романтизмот на доцниот осумнаесетти и раниот деветнаесетти век. Разните доживувања на ноќта се нагласуваат и се прелеваат низ мелодии и хармонии. Некои од најпознатите дела се Op. 9, No. 2 на Шопен. Во дваесеттиот век особено место има „Светлината на месечината“ на Клод Дебиси. И во двете нумери на овие музички великани слушаме прелевање на хармонии кои предизвикуваат чувство на севдах и поттик кон контемплација. Набргу терминот добива и свое интердисциплинарно значење со тоа што е воведен во сликарството. Музичкиот, а се разбира со тоа и поетскиот сензибилитет добиваат на интензитет изразен низ боите и контрастот меѓу светлината и темнината. Од залезот до изгревот, меѓу „гасењето“ и „искрењето“ на сончевите зраци оживува свет кој е „невидлив“ сред бел ден. Сетилото за вид само во вакви ситуации може да ја „види“ светлината зашто во полн ек таа е заслепувачка. Стануваме свесни за етерскиот квалитет на ноќта. Тоа се часови кога познатото и обичното се преобразуваат во херметичното и мистичното.

Она што се нотите, хармониите и мелодиите во музиката за композиторот, тоа се четките, боите и платното за сликарот. Панче Ѓоргиев во овој најнов опус слики црпи токму од светот на ноќта. Една од сликите, која е и водилка за овој осврт, е наречена „Ноктурно“. Но, уметникот не застанува на тоа. Фокусот изразен низ сликите, а и низ нивните наслови се проткајува низ сите дела од оваа изложба. Пред да се осврнам на неколку поединечни слики, да се задржиме на сите слики како авторска целина. Речиси без исклучок, амбиентот е ноќен или на дофат на ноќта. Се работело ли за пејзаж кој тоа го содржи во насловот (Ноќен пејзаж), за „Невреме“ или за мотив од урбаниот ноќен живот, боите на сите други слики се нијансирани ноќни амбиенти.

Архетипскиот конфликт меѓу ноќта и денот, меѓу темнината и светлината е дел од човечкото разбирање на постоењето уште од праисторијата. Но, Ѓоргиев за ноќта и денот во овој контекст не размислува како за противречни. Тој на нив гледа низ објавата на првата книга во Библијата во која се вели: „Бог создаде две големи светила: поголемо светило да управува со денот и помало светило да управува со ноќта; ги создаде и ѕвездите.“ Ноќта не е казна за паднатото човештво. Таа е вклучена од Божјата промисла со самото создавање за кое авторот на оваа библиска книга вели: „И Бог виде дека тоа е добро“.

Сончевата светлина преку ден е пресудна за нашиот и општо животот на Земјата. Денот е период во кој човечкиот вид првенствено е посветен на одржувањето на животот.

Светлината на месечината и на ѕвездите е онаа која нѐ наведува да размислуваме и да трагаме за смислата на тој живот. Уметноста е еден од клучните начини на тоа трагање.

Ноктурните контемплации на Ѓоргиев ги почнуваме со сликата која тој и ја именува „Ноктурно“. За да се долови специфичното светлење на некој објект во просторот, тоа не може да се случи сред бел ден. Тогаш сонцето со својата светлина ова „светлење“ го прави невидливо како што е на пример, случајот со заборавена улична светилка преку ден. Во централниот дел на сликата избива светлина. Како и со умот на човекот ноќниот амбиент ги крие неброените „елементи“ кои ни го одземаат вниманието. Така душевните и физичките сетила имаат можност да се фокусираат на оние нешта и прашања кои сами по себе доаѓаат до израз. Уметникот насликал конкретен пејзаж, но покрај оваа примарна инспирација, тој ја го „насликал“ и она што го согледал со неговото внатрешно око. „Ноктурно“ е безвременско вдахновение од светот кој нѐ опкружува. Но, со тоа сликата не е исцрпена од своето значење. Пред физичките очи се појавуваат ноти во боја. „Звукот“ на овие ноти се слуша само однатре, откако преку очите тоновите на четката на Ѓоргиев ќе одекнат во одаите на интелегибилниот свет. „Ноктурно“ нѐ воведува во оваа интелегибилна галаксија и нѐ води на прошетка меѓу ѕвездите – светлечките огнени тела кои сведочат за основните состојки на сѐ што постои.

Оваа тема се става во поширока перспектива во делото „Ноќен пејзаж“. Отсуството на директна сончева светлина има драматичен ефект врз пејзажот. Ѕвездите и небулите доминираат на темното небесно синило кое сведочи за последните зраци на сонцето што веќе зашло, но сѐ уште има агол под кој неговите зраци се прекршуваат во темносино. Ридовите и дрвјата зборуваат со свој јазик. Има таман толку светлина колку за да ја истакне зелената, виолетовата, тиркизната, црвената и неколку други нијанси. Ако ги замислиме со музички термини, отсечката на небесниот свод и на Земјината топка претставуваат космичка литургија на антифоно пеење. Земјата станала парадигма на небото. Ридовите и дрвјата со нивните крошни „држат“ звучна заднина на небесната мелодија. Тука одлично се вклопува цитат од првиот стих на Псалмот 19, „Небесата ја објавуваат Божјата слава, а за делата на рацете Негови известува сводот небесен“.

Овој небесен свод неретко „проговорува“ со јазикот на св. Илија громовникот. И ова е „антифон“, но пеењето е потсетување зошто ноќта, а особено ноќните екстремни временски услови побудуваат страхопочит кон природните закони. Во такви состојби повторно и повторно сфаќаме колку сме несогледливо мали и подложни на лулеењето на ветрот како лушпа од орев. На сликата „Невреме“ парадигмата се претворила во антагонизам. Небесните стихии удриле со сета сила врз земните. Дрвјата се навалуваат под навалата на бурата, а нивните лисја се безмилосно удирани од капките дожд кои во секој миг се закануваат да се претворат во топчиња мраз. Ова е миг во кој е пресудно кое дрво какви и колкави корени пуштило. Метафора која на човештвото од памтивек му служи како пример дека во конечна смисла на зборот без исклучок сите ѝ припаѓаме на категоријата на „прекаријатот“. Идеалните услови за живот на ова зрно прашинка насреде вселената не гарантираат идеален живот. Напротив, нашето постоење е континуиран тек на неизвесности. Ѓоргиев во бурната ноќ, претставена преку слика, размислува за човековата состојба. Ноќта по којзнае кој пат се покажува како податлива за длабоки мисли од кои се плашиме или за кои немаме време преку ден.

Музиката и песната ни доаѓаат напомош. Ноктурното како и серенадата се музички жанрови кои ја опеваат ноќта, а со тоа и сето она на што ноќните размисли нè поттикнуваат. Љубовта, вечната, минливата, среќната, тажната, невозвратената, верната е неисцрпен мотив. Младоста и староста, правдата и неправдата, здравјето и болеста, богатството и сиромаштијата, сите овие состојби на индивидуалното и на колективното човештво кога ќе падне ноќта добиваат магична димензија. Низ нив проговара свесното и несвесното во психата. Сликите „Музичарка“ и „Виолинистка“ се насликани со идентичен стил и во голема мера следат иста ликовна композиција. Синото, својствено на ноќта, е она што доминира. Самите фигури се насликани со контрастна бела во контури. Не е битно кој точно е насликан. Тоа би можело да биде секој од нас со својот „инструмент“ додека ја „опеваме“ или ја „оплакуваме“ сопствената судбина. И на едната и на другата слика, Ѓоргиев се претставува преку својот „заштитен“ уметнички израз, контрастот меѓу темните и светлите нијанси на боите, меѓу темнината и светлината да создаваат хармонија. И на двете слики темно и светлосината е во комплементарен дијалог со неколкуте нијанси на бела.

Ѓоргиев се „потпишува“ со овој заштитен знак и на сликата „Девојката и градот“. Покрај сината и белата, мала улога играат портокаловата и кафената, додека зелената е во преден план. Ова е исто така „ноќна“ сцена. Просторот не е дефиниран. Дали девојката чекори по калдрмата на градот или пак, е во чекалницата на некоја железничка или автобуска станица? Дали светлите правоаголници се висококатници осветлени во далечината или пак, стаклена врата која ги рефлектира околните светилки? За авторот тоа не е важно, па не би требало да биде ни за нас кои го набљудуваме неговото дело. Се работи за град кој со себе ги носи сите придобивки и опасности на урбаното живеење. Градовите се преполни со луѓе, а тука девојката е сама. Симбол за карактеристичното и болно отуѓување на поединецот во современиот свет? Да се биде сам насреде толпата е особено болно искуство. Исто така, да се биде „сам“ на некоја пуста улица во ноќта чиишто околни згради и куќи се преполни со луѓе е особено заканувачки. Појавата на нечија силуета од зад некое ќоше не побудува доверба. Напротив ги активира мозочните регии за страв. Примерот на приказната за „Девојчето со кибритчињата“ ни е сите нам трагично познат. Андерсен го искористил мотивот на ноќта за да раскаже приказна која до ден денес не нè остава рамнодушни. Ноќта е инспирација преку која писателите, музичарите и уметниците на секоја генерација ѝ го поставуваат прашањето каков свет ќе оставиме зад себе. Одговорот не можеме да се надеваме дека ќе го дадеме без да се сосредоточиме на разните контемплации на кои нè поттикнува ноќта.


Колку само од судбината на светот била кроена по ресторански маси? Познат пример е кафе „Централ“ во Виена. Последиците на муабетите на некои емигранти ја запечатиле судбината на царска Русија и драматично влијаеле врз историјата на дваесеттиот век. Но, не мора да се работи за последици од толкав размер. Секоја маса во секој ресторан ги сплотува небројените судбини на оние што седнале заедно околу нив. На сликата на Ѓоргиев „Во ресторан“ е доловен сеопштиот историски и општествен феномен, муабетот подобри да ни врви со кафе, со некој друг пијалак и со добра храна. Овие сцени се омилен мотив на бројни уметници. Вечерите и ноќите се примарниот период за разговори во кои размислуваме и разговараме за она што ни е важно за животот,

а не толку за самото катадневно живеење. Пред нас на сликата сме соочени со ликовен стил кој е минималистички и со апстрактни белези. Лаковидните облици го дефинираат просторот на ресторанот, а во преден план се две групи гости седнати околу две маси. Нема никој насликан со страната на грбот, а освен една личност во профил другите се насликани анфас. Како сликарот Ѓоргиев да сака да ја вклучи публиката во интеракција со насликаните ликови. Лицата и телата се дадени со по неколку потези на четката. На едната страна контурите се оцртани со црна, а на другата со сина боја. Верувам ова не е само случаен избор. Оваа одделна изедначеност неминовно буди различни свесни и потсвесни толкувања кај набљудувачите. Секој јавен простор на општење меѓу луѓето предвидува специфичен „бонтон“. Ликовите на уметникот се држат до него. Но, тука завршува униформноста. Историјата, сеќавањата, содржината на разговорот, плановите и заклучоците на секоја од групите гости во ресторанот се просто несогледливи. Уметничкиот израз и стил на Ѓоргиев успева да ни ја прикаже оваа разновидна динамика. Оставено е на мечтата на секој од нас како ќе си ги замислиме поединечните и заедничките судбини на протагонистите на сликата.

Кога сме кај личната судбина раскажана во ноќен амбиент со највпечатлив колорит е прикажана на сликата на една жена на сликата именувана на англиски како „French Lady“. Тематски, стилски и жанровски насликаното на ова платно е оптимален пример на уметникот Панче Ѓоргиев. Нема опус во кој меѓу капиталните дела Ѓоргиев не насликал портрет. На нив општо, а на овој конкретно, Ѓоргиев си дава оддишка на својот уметнички занес. Многуслојни и многубројни нанесувања на разни бои кои сведочат за темпераментноста на духот на Ѓоргиев. Фиксираниот поглед на француската дама и впечатливите црвени и полни усни се врамени во заднина која изгледа како да е на „поминување“. Шеширот е отмено накривен врз нејзината глава „впивајќи“ делчиња од сината палета на сликата така што торзото, вратот и лицето буквално и симболично го изразуваат фактот на „телесноста“ на дамата, поточно дека се работи за личност од „крв и месо“.

Сината, особено темносината се речиси секогаш присутни на сликите на Ѓоргиев. Неизбежно поврзана со небото и со морето, сината боја го симболизира идеалот на слободата. За Ѓоргиев „слободата“ е поим кој е применлив на тоталниот аспект на човечкиот живот, а сликарството е автентично само ако уметникот е слободен непречено да го искаже на платно она што му е во умот и во срцето. Сликата „French Lady“ го сублимира овој стремеж на Ѓоргиев. На него е потенцирана „човечноста“ на дамата, но и феноменот на човечката цивилизација кревкото постоење да го „врами“ во креативност и во уметност, нешта кои пред сè не служат за директна и конкретна поддршка на биолошкиот живот. Но, тие се додадена вредност што не престанува да воодушевува и да возвишува.

Во ноќните мигови месечината ни го преведува јазикот на сонцето така што можеме да погледнеме во неговата светлина без таа да нè заслепи. Сонцето е извор за опстанување на физичкиот живот. Месечината е извор за опстанувањето на осмислувањето на тој живот. Ѓоргиев ги собира лачите во ноќта и со нив создава сликовни ноти. Гледајќи ги, публиката е воведена во контемплација што ја буди ноќта. Затоа оваа изложба е соодветно насловена, „Ноктурно: Нотите на сликарот“.



Панче Ѓоргиев „*Музичарка“*
(акрил на платно 75см. х 105 см.)

ГАЛЕРИЈА ОД ДЕЛАТА НА УМЕТНИЦАТА СЛАВИЦА МИЛЕВА



Славица Милева „Вел“

(акрилик на хартија 21x29.7)



Славица Милева „Самотник“

(акрилик на хартија 21x29.7)



Славица Милева „Осамено во зима“

(акрилик на хартија 21x29.7)



Славица Милева „Испреплетени“

(акрилик на хартија 21x29.7)



Славица Милева



Славица Милева



Славица Милева

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 12. Материјалите се доставуваат по е-пошта. Ракописите не се хонорираат.

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Адреса:

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“

ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

Е-адреса:

zenitspisanie@gmail.com

Тел: 071/245-155

Трансакциска сметка:

Халкбанка: 270-0729532401-07

Компјутерска и графичка подготовка:

Печати:

Тираж:

500 примероци

ISSN 2671-3217